ТИПИК

СВЕТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД
НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
– ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

СКОПЈЕ, 2011

ТИПИК

(ЦАРИГРАДСКИ)

ИЛИ

ЦРКОВЕН УСТАВ

За правилно и еднообразно извршување
на јавното богослужение во
парохиските храмови
на Македонската православна црква –
Охридска архиепископија

Превод:
Протојереј **Миле Љ. Штрбевски** и
Протојереј-ставрофор **Ефтим Бетински**

Скопје, 2011

ВО СЛАВА НА СВЕТАТА ЕДИНОСУШТНА
ЖИВОТВОРНА И НЕРАЗДЕЛНА ТРОИЦА,
ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВЕТИОТ ДУХ

СО БЛАГОСЛОВ НА НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО
АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И
МАКЕДОНСКИ **Г.Г. СТЕФАН**

СЕ ОТПЕЧАТИ ОВАА КНИГА

ТИПИК

(ЦАРИГРАДСКИ)

ИЛИ

ЦРКОВЕН УСТАВ

ВО ЛЕТО ГОСПОДОВО ДВЕИЛЈАДИ И
ЕДИНАЕСЕТТО

СКОПЈЕ

Минатата 2010 година, Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква - Охридска архиепископија го издаде *Големиот ерусалимски*, а, еве, во 2011 и *Цариградскиот типик*.[1] Со тоа, веруваме, ќе се задоволат потребите на нашите свештенослужители и на сите што се интересираат за оваа проблематика, зашто ќе имаат прирачници и од двете богослужбени традиции, присутни во животот на нашата Светата Црква.

Нема податоци каде и кога се почетоците на правилата за редот на богослужбите, но, веројатно, уште од времето на светите апостоли постоеле упатства како да се извршуваат неделните и празничните богослужби, кои послужиле и како основа за составување на идните прирачници. Врз тоа се темелат мислењата дека *типикот треба да се смета дури и за боговдахновена книга, зашто истиот започнал да се составува во времето кога христијаните ги красел возвишен духовен живот.*[2] Инаку, *не само Црквата во времето, туку и Црквата во просторот имала влијание во создавањето на типикот, па затоа може да се рече дека богослужбениот устав го создала Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, како во времето - историјата, така и во просторот - вселената.*[3]

Ерусалимски типик или *Устав на свети Сава Освештен* (+532), го содржи богослужбениот живот и монашката традиција во палестинските манастири. Првобитниот текст бил проширен со богослужбените устави на свети Ефтимиј Велики (+473), на Теоктист, Теодосиј Киновијарх (+529), свети Герасим Јордански (+475), свети Харитон Исповедник (+350), Киријак Отшелник (+557) и на др. Подоцна, на неговото дооформување работеле ерусалимскиот патријарх Софрониј (+644), свети Јован Дамаскин (+750), свети Козма Мајумски (+776), свети Теодор Студит

---

[1] Покрај овие, *Ерусалимскиот* и *Цариградскиот*, во црковната литература се сретнуваат уште и: *Устав на свети Пахомиј Велики, Ерусалимски патријаршиски устав, Устав на акимитите, Устав на 24-те часови, Устав на манастирот „Сакудион", Светогорски студитски устав, Устав на манастирот „Христос Седржител", Устав на манастирот „Свети Мамант", Устав на цариградскиот патријарх Филотеј, Јужноиталијански богослужбени устави, Устав на Великата Христова Црква, Устав на манастирот „Света Богородица – Благодетелка", Устав на свети Симеон Солунски, Устав на Кареја* и др.;

[2] Михаил Скалабанович, *Тумачење типика*, Шибеник, 2004, стр. 3;

[3] Исто;

(+826), Јосиф Студит (+825), Теофан Нацртаниот (+847), Јосиф Песнописец (+883) и др. Конечната редакција на тој Устав била завршена во Цариград дури во текот на XII век. Подоцна, под влијание на палестинските монаси, доселени по манастирите околу Цариград, *Ерусалимскиот типик* го исфрлил од употреба *Студитскиот*, особено по разурнувањето на Студитскиот манастир од страна на крстоносците во 1204 година. Распространетоста на *Ерусалимскиот устав*, надвор од Ерусалимската црква, довело и до промени во подоцнежните редакции. Така, покрај ерусалимската, има и цариградско-ерусалимска, светогорска, трапезунтска, синајска и други редакции. Во структурата на *Ерусалимскиот устав*, покрај општите правила, се содржи синаксарен дел (неподвижни празници), триоден дел (подвижни празници) и т.н. Маркови глави.[4] Првиот превод на *Ерусалимскиот устав* на црковно-словенски јазик бил извршен во 1319 година од Никодим, игумен на Хилендарскиот манастир, а прво печатено издание е објавено во Венеција во 1577 година. Тој устав Руската црква го издала во 1610 година.

Студитскиот или подоцна наречен *Цариградски* устав или типик, своето име го добил по манастирот[5] што го изградил римскиот велможа Студиј, во близина на Цариград, околу храмот посветен на *Свети Јован Крстител*. Првите монаси припаѓале од блиските т.н. *незаспивни братства*. Во него, во 789 година, од Сакудискиот манастир дошол и свети Теодор, подоцна наречен Студит. Под негово раководство, набрзо бил создаден богослужбен устав, кој бил под влијание на богослужбената практика во Сакудискиот манастир. Студитскиот манастир особена улога имал во времето на борбите со иконоборците и, поради ревноста на монасите, стекнал голема почит и меѓу византиските императори - бранители на све-

---

[4] При крајот на византискиот период, поради тоа што се појавиле повеќе богослужбени устави, имало потреба од регулирање и на нивната употреба. Особено било потребно објаснување на редот кога ќе се совпаднело празнувањето на подвижни и неподвижни празници. Последната редакција е позната под името *Маркови глави*, според отрантскиот епископ Марко (X–XI век), поранешен монах во лаврата на свети Сава Освештен, близу Витлеем. Таканаречените *Маркови глави* биле поместени во кратката студитска, кратката ерусалимска и опширната ерусалимска редакција, како и во Грчкиот устав од 1545 година. Во словенските изданија на уставите ги нема, а вообичаено се објавуваат на крајот од Минеите или Триодите;

[5] Манастирот бил подигнат во времето на византискиот император Лав Велики (717-741). Подоцна Османлиите ги претвориле во џамија, позната како Имрахор – Џамиси;

тите икони. Свети Теодор, за да ја има целосната состојба со богослужбената практика, од бројното монашко братство во Студитскиот манастир составил 72 групи и ги упатил во манастирите по Палестина, Сирија и Месопотамија. По нивното враќање и во присуство на неколку монаси од лаврата на свети Сава Освештен, била составена комисија која подготвила избор од богослужбената практика во манастирите на Исток. Најстар примерок од тој подготвен *Студитски устав* потекнува од времето на цариградскиот патријарх Алексиј (+1040). И второто целосно издание на истиот се датира од тој период, од средината на XI век, и е познат како Синаксар на свети Георги Светогорец, игумен на манастирот *Ивирон* на Света Гора.

Инаку, *Студитскиот богослужбен устав*, покрај општиот, содржи триоден, синаксарен и дисциплинарен дел, потоа монашки заповеди, правила за трпезата и распределбата на храната. Најширока употреба *Студитскиот устав* имал во периодот од X до XIV век, како во Цариградската, така и во Охридската, Бугарската, Српската, Руската и други Цркви. Во XI век, овој устав бил преведен на црковно-словенски јазик од свети Теодосиј Печерски. По возобновувањето на Студитскиот манастир од византиѝскиот император Константин Палеолог (+1453), во истиот бил воведен устав со делови од Студитскиот, Ерусалимскиот и Уставот на Великата Христова Црква во Цариград.[6] По ослободувањето од османлиското владеење, во Грција се почувствувала непрактичност на *Ерусалимскиот типик*, особено по парохиските храмови, па била побарана реформа во богослужбената практика на Источните цркви. Такво било изданието на *Уставот на Великата Христова Црква*, печатен во 1577 година во Венеција, подготвен од еромонахот Теофан од Крит, како и изданието на еромонахот Јоасаф и филаделфискиот митрополит Гаврил, печатено во 1603 година. Подоцна, во 1838 година, од протопсалтот Константин Византиец (+1862) било уредено ново издание, со особености од *Студитскиот устав* и *Уставот на Великата Христова Црква*, усогласено со потребите на парохиските храмови. Истиот устав бил преиздаден во 1851 година, а во 1868 бил дополнет и редактиран. Тој устав на протопсалтот Константин Византиец бил преведен во Бугарија од еромонахот Неофит Рилски и издаден во Цариград во 1853 година, а со благослов на Светиот синод на Бугарската црква (БПЦ), бил препечатен

[6] Со тоа име се именува црквата „Света Софија" во Цариград, изградена во 537 година од византискиот император Јустинијан Велики (+565).

во Трново, во 1890 година. Во 1909 година, во превод на бугарски јазик, овој устав бил преиздаден и во Стара Загора. Во скратена, пак, верзија бил издаден од Светиот синод на БПЦ во 1959 година, под редакција на сливенскиот митрополит Никодим (+1980). Преработен и дополнет, врз основа на уставот подготвен од протопсалтот Георгиос Виолакис, БПЦ го преиздала и во 1980 година.

Тоа издание како и изданието од 1959 година (од февруари до јуни) е и преводот на македонски јазик, подготвен од протоереј-ставрофор Ефтим Бетински и протоереј Миле Љ. Штрбевски, труд со кој во нашата МПЦ се потполнува празнината од ваква прирачна литература. Препорачувајќи го и ова издание, се надеваме дека истото набрзо ќе најде место во црковните библиотеки, на работните маси и простории за подготовка на свештенослужителите, во рацете на псалтите и певците и кај сите заинтересирани, зашто треба да се врши како што прилега (сп. 1. Кор. 14, 40), оти *Бог е Бог на редот, а не на безредието* (1. Кор. 14, 33).

Знаењето и ползувањето на Црковниот устав - Типик, воопшто, е голема и умешност и уметност и особено и константно задолжение за секој свештенослужител. Доследното исполнување на редоследот и содржината на богослужението, пак, претставува, од една страна, најискрено послушание кон Црквата и, од друга страна, применување на Преданието - спасителното искуство на сите генерации православни христијани, без кое нема Црква.

На свети Агатангел Битолски,
12/27 март 2011 год

Со Божји благослов,
АРХИЕПИСКОП
ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

ПРВ ДЕЛ

ОПШТИ УПАТСТВА

1. СЕКОЈДНЕВНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

Редоследот на секојдневното богослужение е изложен во ***часословот*** и во ***служебникот***. Тоа се состои од ***вечерна*** и од ***утрена***. Во некои случаи во парохиските храмови во великиот пост се читаат ***часови*** и ***повечерие***.

Постојат два вида на секојдневно богослужение:

1. во времето вон опсегот на ***триодот*** и
2. во времето на ***триодот*** посен и цветен.

СЕКОЈДНЕВНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВОН ОПСЕГОТ НА ТРИОДОТ

а) Со октоих и со минеј

Вообичаената секојдневна служба (кога не е претпразненство или попразненство) се извршува според редоследот изложен во ***служебникот*** и во ***часословот***.

СЕКОЈДНЕВНА ВЕЧЕРНА. (Во парохиските храмови кај нас на секојдневната вечерна не се читаат катизми. Тоа се прави во манастирите).

На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири што се земаат или од октоихот на гласот што владее и соодветниот ден и од минејот, или само од минејот.

Прво гледаме во минејот колку стихири има.

1. Ако светителот во минејот има три стихири и нема *Слава...* или има една *Слава...*, тогаш пееме: *Господи возвах...*

според гласот што владее и земаме три стихири од октоихот и три од минејот.

ЗАБЕЛЕШКА. Во Петровите и во Божикни пости, во минејот, по стихирите на дневниот светител има и *Богородични стихири.* Последните, не се земаат под внимание. Ако има само три стихири (освен Богородичните), пееме: *Господи возвах...* на гласот што владее и земаме три стихири од октоихот и три на светителот од минејот.

2. Ако пред трите стихири од минејот пишува да се пеат „на 6", т.е. да се повторуваат, пееме: *Господи возвах...* според гласот на првата стихира од минејот и ги пееме: стихирите само од минејот, повторувајќи ги.

3. Ако во минејот има 6 стихири (на еден светител или кога во еден ден се празнуваат двајца и повеќе светители со по три посебни стихири), пееме: *Господи возвах...* според гласот на првата стихира и ги пееме: шесте стихири од минејот (ако се двајца светители по 3 стихири за секого).

4. Ако светителот има три стихири и две *Слави* (на *Господи возвах...* и на ***стиховните***), тогаш стихирите од октоихот се изоставуваат, а се пеат само оние од минејот, повторувајќи ги.

Ако на *Господи возвах...* во минејот има *Слава...:* ја пееме и по неа пееме: *и нињe...: с*според гласот на *Славата* од крајот на минејот (оддел: *Богородични осми гласов поемија, егда ест Слава... свјатому в минеј*) за соодветниот ден вечерта. Во петок навечер, по *Славата*, пееме: *и нињe...:* догматикот[7] на гласот што владее (од крајот на минејот, оддел: *Богородични воскресни осми гласов*).

Ако на *Господи возвах...* **во минејот нема посебна** *Слава...* пееме: (пак од минејот) *Слава..., и нињe...:* богородичен (за вечерта во: недела, во понеделник и во среда) или *Слава..., и нињe...:* Крстобогородичен (за вечерта во вторник и во четврток). Во петок вечерта, ако нема посебна *Слава...* во минејот, пееме: *Слава..., и нињe...:* догматикот на гласот што владее.

Богородичните и крстобогородичните, за кои тука станува збор, се наоѓаат непосредно по стихирите на *Господи возвах...* во минејот.

---

[7] Догматиците уште се нарекуваат *ПРВИ БОГОРОДИЧНИ НА ГЛАСОТ,* затоа што се први во соодветниот глас.

Потоа се прочитува *Свете тихии...* и се пее прокименот на денот (трипати), а по него се прочитува *Сподоби Господи...*

Стиховните стихири ги пееме: од октоихот. Кога во минејот има стиховна, неа ја пееме: по стихирите во октоихот со нејзиниот припев. Ако има *Слава...* во ***стиховните*** во минејот, ја пееме: по ***стиховните*** стихири и по неа пееме: *и нинье...:* богородичен од крајот на минејот (во истиот оддел кадешто се Богородичните по *Славата* на *Господи возвах...* Богородичните се едни и исти се пеат според гласот на *Славата* и за соодветниот ден вечерта). Во вторник и во четврток навечер пееме: *и нинье...:* Крстобогородичен, што се наоѓа по *Славата* на *стиховните* во минејот. Ако во минејот нема *Слава...* во ***стиховните*** стихири, пееме: *Слава..., и нинье...: богородичен* или Крстобогородичен од октоихот, напишан, исто така, веднаш по стиховните.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога има три стиховни стихири, како што е вообичаено во делничен ден, започнува десната певница. Кога се четири (со дополнителната стихира во минејот, или на мали празници, или при Воскресната вечерна), започнува левата певница, сè со цел *Славата* да ја запее левата певница и во едниот и во вториот случај.

Се чита *Нинье отпуштаеши...* и *Трисвјатое.* По возгласот на свештеникот: *Јако Твое ест царство...*, го пееме: **тропарот** од минејот и по него пееме: *Слава..., и нинье...: богородичен* според гласот на тропарот во одделот: *Богородични отпустителнија по тропарех, поемија во все лето* на крајот од минејот.

Ако во минејот има два тропара, откако ќе го испееме: првиот, пееме: *Слава...* и го пееме: вториот и потоа велиме: *и нинье...* и го пееме: отпустителниот богородичен според гласот на вториот тропар.

ЗАБЕЛЕШКА. Ако светителот нема тропар, тогаш го пееме: соодветниот „општ тропар“ од часословот, по кој, пак, следува *Слава... и нинье...: богородичен* или крстобогородичен.

Следува **сугуба ектенија** и **отпуст.**

Секојдневна полноќница. Редоследот на секојдневната полноќница е изложен во часословот.

ЗАБЕЛЕШКА. Во претпразничните и во попразничните денови на Господовите и на Богородичните празници, наместо тропарите *Се жених...,* се чита отпустителниот тропар на претпразникот или на празникот. А наместо тропарот *Помјани Господи...* итн., се чита кондакот соодветен на претпразникот или на празникот.

Секојдневна утрена. Доколку во октоихот за секој ден ги има сите потребни песнопеења за утрена богослужба, во минејот, според степенот на „непразнуваниот" светител, има само некои песнопеења. Така: едни имаат само канон; втори канон и ***Светилни:***, трети канон, ***Светилни:*** и *Слава...:* на ***стиховните***, четврти седални, канон, светилен и стиховни стихири; петти седални, канон, светилен, хвалитни стихири и стиховни стихири.

Овие различни случаи влијаат само за редоследот на утрената во пеењето на ***Светилните***, за што понатаму се даваат упатства.

Кога пред утрената не е читана полноќница, почетокот е следниот: свештеникот: *Благословен Бог наш..., Царју небесни...,* појачот: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...,* појачот: *Спаси Господи људи твоја...* итн.

На *Бог Господ...* **тропарите** се пеат на истиот начин како за вечерната, откако само првиот се повторува.

Седалните се пеат од октоихот, каде што за секој глас и за секој ден има определени седални. За понеделник, вторник, среда, четврток и петок тие се дадени во октоихот како „***седални умилителни***". Тие се пеат по катизмите од псалтирот (катизми се читаат во манастирите), означени (катизмите) како „***стихословија***". Редоследот за читање на псалтирот во текот на разните годишни времиња е различен, некогаш се случува на утрената да се читаат две катизми, а некогаш три [8], во зависност од тоа и седалните се пеат: 1. само по првите две стихосло-

---

[8] Поединечно за катизмите гледај во таблица 5 на крајот од типикот.

вија: од Томина недела до 21 септември оддание на Крстовден и од 20 декември до 14 јануари оддание на Богојавление; 2. се пеат и трите серии (по трите „стихословија“) во останатото време.

Ако во минејот светителот има седални, се пеат само тие седални.

Во текот на Пасхалната (Светлата) седмица не се чита псалтир и нема седални.

По *Помилуј мја Боже...,* се читаат **каноните.** Никогаш не се читаат повеќе од три канони. Кога во минејот има само еден, тогаш од октоихот се читаат два и едниот од минејот. Кога во минејот има два канона, тогаш првиот се чита од октоихот и двата од минејот. Во претпразнични и попразнични денови се читаат само каноните од минејот.

Припевите на каноните од октоихот се следните: на првиот, (во понеделник и во вторник): *Помилуј мја Боже, помилуј мја.* Тој канон се нарекува „покаен“ или „умилителен“. Во среда и во петок: *Слава Господи кресту Твоему честному.* На вториот канон се кажува припев: во понеделник: *Свјатии архангели и ангели, молите Бога о нас;* во вторник: *Свјатии великии Јоане Предтече Господен, моли Бога о нас;* во среда и во петок: *Пресвјатаја Богородице, спаси нас.* Во четврток на првиот канон припевот е: *Свјатии апостоли, молите Бога о нас,* а на вториот: *Свјатитељу отче Николае, моли Бога о нас.*

Припевите на каноните од минејот се сообразно на празнуваниот светител, на пр.: *Свјатии мучениче... (името), моли Бога о нас* или: *Преподобнаја Мати...* (името од насловот на денот во минејот), *моли Бога о нас.* На претпоследниот тропар од последниот канон се кажува *Слава...:* а на последниот тропар: *и нинье...*

Редоследот за читање на каноните е следен:

1. Се чита првата песна од сите канони што треба да се читаат преку денот, потоа се чита третата песна и веднаш се пее ирмосот на третата песна од последниот канон;

2. По *малата ектенија,* од минејот се чита напишаното меѓу третата и четвртата песна (на крајот се чита богородичен, а во среда и во петок се чита Крстобогородичен), по кое про-

должува читањето како на почетокот, од сите канони четвртата песна, од сите канони петтата песна и од сите канони шестата песна. По ова веднаш се пее ирмосот на шестата песна од последниот канон;

3. По *малата ектенија*, го читаме напишаното меѓу шестата и седмата песна и велиме: *Месјаца тогожде в (*пример) *девјатии* (или друг) *ден памјат празднуем...* (името на светителот или на светителите, чествувани во тој ден, така, како што е напишано во минејот, во насловот на денот) *того* (или *тех*) *молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.*

Во првите денови од секој месец не велиме: *Месјаца тогожде,* туку: *Месјаца февруарија в первии ден памјат празднуем...* или, на пр.: за 1 октомври: *Месјаца октомврија в первии ден празднуем Покров Пресвјатија Богородици и памјат свјатаго апостола Анании, единаго от седмидесјати, преподобнаго отца Романа Сладкопевца и преподобнаго отца нашего Јоана Кукузеља; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.*

По ова, продолжуваме да читаме според истиот редослед: седмата песна од сите канони, осмата песна од сите канони и деветтата песна од сите канони. Без прекинување го пееме: ирмосот на осмата песна од последниот канон со припевот: *Хвалим, благословим, поклањаемсја Господеви, појуште и превознесјаште во всја веки.*

По возгласот на свештеникот: *Богородицу и матер света...,* пееме: *Честнејшују...* со припевите од часословот и веднаш го пееме: ирмосот на деветтата песна од последниот канон.

По малата ектенија, ги пееме: ***светилните.*** Ако во минејот нема светилен, ги пееме: *Светилните* само од октоихот (напишани се на крајот на октоихот: *Ексапостиларии всеја седмици).* Го пееме: првиот светилен, кажуваме *Слава... и нињe...* и го пееме: вториот. Ако во минејот има еден светилен, го пееме: прво *светилниот* од октоихот, кажуваме *Слава...* и го пееме: *светилниот* од минејот; *и нињe....:* богородичен, пак од минејот. Ако во минејот има два *светилни,* прво го пееме: *светилниот* од октоихот, потоа првиот од минејот, кажуваме: *слава...* и го пееме вториот светилен од минејот, *и нињe....:* богородичен од минејот.

Кога во службата има *хвалитни* стихири, *светилните* ги пееме само од минејот.

По *светилните*, утрената на секојдневните служби е во три **вида.**

1. Кога нема славословие, ниту *хвалитни* стихири. По ***светилните***, ги читаме утрените хвалитни псалми (148–149) и по нив: *Тебе слава подобает...* Свештеникот ја кажува прозбената ектенија и по неа ги пееме: ***стиховните*** стихири од октоихот на гласот и на денот.

Кажаното за вечерните стиховни стихири се однесува и за утрените. Се прочитува *Благо ест...* и *Трисвјатое,* по што се пеат тропарите како на вечерната. Меѓутоа, богородичниот последен тропар е друг и се наоѓа пак во истиот оддел на крајот од минејот: *Богородични отпустителнија...*, само во: *в конец утрени.* Следува **апостол** и **евангелие.** Се кажува сугубата ектенија и отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога по утрената се отслужува св. литургија, по отпустителните тропари **не се чита апостол и евангелие,** а сугубата ектенија свештеникот ја прочитува тивко за време на ***стиховните***.

2. Кога има *хвалитни* стихири, но нема славословие. По ***Светилни:***те, пееме: *Всјакое дихание... с*поред гласот на првата пофална стихира, ги пееме: стихирите, ја пееме: и *Слава...:*-та..., а потоа: *и ниње...:* таму посочениот богородичен. По ова читаме: *Тебе славаподобает...,* се кажува прозбената ектенија и ги пееме: ***стиховните*** стихири од октоихот; *Слава...* од минејот, *и ниње...:* богородичен или крстобогородичен, како при другите стиховни стихири. Тропарите и сè понатаму е исто како во првиот случај.

3. Кога има славословие. По ***хвалитните*** стихири и по *Славата*, се пее таму посочениот богородичен и веднаш се пее големото славословие според гласот на *Славата.* По славословието, се пеат тропарите како во првиот случај. Сугуба и прозбена ектенија и отпуст.

Кога по утрената се отслужува св. литургија, се пее само тропарот од минејот, без богородичен.

Света литургија. Редоследот е изложен во служебникот, а исто така и во часословот, каде што има и упатства за пејачот.

Кога во седмичните денови нема празнуван светител, а се отслужува св. литургија, се пеат **секојдневните (делничните) антифони.**

Првиот антифон е: *Молитвами Богородици* (трипати).

Вториот антифон: *Спаси ни Сине Божии, во свјатих дивен сии, појуштија Ти аллилуиа* (трипати). *Слава... и нињe...: Единороднии Сине...*

Третиот антифон: *Во царствиим Твоем...* (Блаженствата).

По малиот вход, се пее: *Приидите поклонимсја и припадем ко Христу; спаси ни Сине Божии, во свјатих дивен сии, појуштија Ти аллилуиа.* Веднаш се пеат тропарите: на дневниот светител од минејот (ако има два тропара, се пеат и двата), тропарот на храмовиот светител и соодветниот завршен кондак (тие кондаци се покажани во одделна таблица бр. 4 на крајот од типикот, а ги има и во служебникот и во часословот). За времето кога е определено да се пее завршниот кондак: *Предстателство христијан...,* тој се пее во сите денови на седмицата, освен во сабота, кога се пее: *Јако начатки естества...* (а на задушница: *Со свјатими упокои...).*

Ако храмот е посветен на некој Господов или на богородичен празник (на пример: на Св. Троица, на Св. Преображение Господово, на Успение на пресвета Богородица и др.), тогаш, по малиот вход и по: *Приидите поклонимсја...,* прво се пее тропарот на храмот, потоа на дневниот светител и за завршен кондак служи кондакот на храмот (на пр., соодветно: *Егда снизшед јазики слија...; На горе преобразилсја еси...; В молитвах неусипајуштују...* и др.).

б) Со октоих и со минеј во саботни денови

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат трите стихири од минејот на шест. Ако има шест стихири, се пеат сите од минејот. Ако има *Слава...:* се пее: *и нинье...:* првиот богородичен на гласот што владее. Ако нема *Слава...:* се пее направо *Слава..., и нинье...:* првиот богородичен на гласот што владее. Стиховните се пеат од октоихот: маченични со припевите од часословот (*К Тебе возведох очи мои...* итн.). Тие маченични се трите последни стихири, напишани во октоихот на *Господи возвах... Слава...* (ако има во минејот), *и нинье...:* богородичен од крајот на минејот. Ако во минејот нема *Слава...* се пее: *Слава..., и нинье...:* богородичен од октоихот на *стиховните.* Отпустителни тропари: на светителот од минејот, *Слава..., и нинье...:* богородичен воскресен отпустителен на гласот што владее. Ако во минејот има два тропара, го пееме: првиот тропар, *слава...:* вториот тропар, *и нинье...: богородичен* отпустителен воскресен на гласот што владее.

Во секој петок навечер на вечерната и во сабота на утрената се прави оддание на гласот што владеел во текот на седмицата.

***

Кога саботата ќе се случи во претпразненствени или во попразненствени денови и треба да се отслужи и **полноќница (саботна),** тогаш, наместо тропарот: *Несозданое естество...,* се чита тропарот на претпразненството или на празникот, а наместо тропарот: *Помјани Господи...,* се чита кондакот на претпразненството или на празникот.

***

На утрената. На *Бог Господ...* **тропарот** од минејот (два пати). *Слава..., и нинье...:* богородичен отпустителен воскресен според гласот на тропарот. Ако во минејот има два тропара, се пее првиот тропар, *Слава...* вториот, *и нинье...:* богородичен отпустителен воскресен по гласот на вториот тропар.

Мала ектенија. ***Седални*** по првото стихословие само првите два (маченични). *Слава..., и нињe...:* богородичниот. Вторите седални се пеат како што се напишани во октоихот. Се чита: *Помилуи мја Боже...*

Каноните се читаат вака: прво првата песна од каноног во минејот. Ако има два канона, се читаат и двата. Првата песна од првиот канон од октоихот со припевите како што се напишани: на првиот тропар: *Свјатии мученици, молите Бога о нас;* на вториот тропар: *Свјатии отци, молите Бога о нас;* на третиот тропар: *Свјатии преподобнии отци, молите Бога о нас.* На четвртиот: *Слава...: Отцу и Сину и Свјатому Духу.* На петтиот: *и нињe и присно и во веки веков.*

На истиот начин се чита и третата песна. Потоа се пее ирмосот на третата песна од октоихот.

Го продолжуваме читањето на каноните според истиот начин: четврта, петта и шеста песна: го пееме: ирмосот на шестата песна од октоихот. Мала ектенија. Го читаме кондакот (и икос, ако има) од минејот. *Месјаца тогожде...* (од минејот: за светителот). Го продолжуваме читањето на каноните: седма, осма и деветта песна. Го пееме: ирмосот на осмата песна од октоихот. По возгласот на свештеникот: *Богородицу и матер света...,* пееме: *Честнејшују...* и ирмосот на деветтата песна од октоихот. Мала ектенија. ***Светилни***. Ако во минејот има светилен, го пееме: прво него, па кажуваме: *Слава...: Иже и мертвими и живими..., и нињe...: Ми о Тебе хвалимсја...* Ако во минејот нема светилен, се пеат само саботните *светилни: Иже и мертвими и живими... Слава..., и нињe...: Ми о Тебе хвалимсја...* Се чита: *Тебе слава подобает...* (Но, ако во минејот има ***хвалитни стихири***, се пеат и тогаш се чита *Тебе слава подобает...).* Прозбена ектенија.

Ги пееме: ***стиховните*** стихири од октоихот, **напишани на *хвалитни***, само првите три со припевите од часословот (*Исполнихомсја заутра...* итн.). *Слава...:* од минејот, ако нема *Слава...:* во минејот, пееме: *слава..., и нињe...:* богородичен, напишан на ***стиховните*** од октоихот. *Благо ест... Трисвјатое.* Отпустителни тропари: на светителот (ако има два, се пеат и двата), *Слава..., и нињe...:* богородичен од крајот на утрената според гласот на

последниот тропар. Апостол и евангелие. Сугуба ектенија и отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога по утрената се отслужува св. литургија, по отпустителните тропари, не се чита апостол и евангелие, а сугубата ектенија свештеникот ја чита тивко за време на ***стиховните***.

На св. литургија. Секојдневни антифони. По малиот вход, тропари: на светителот од минејот, на храмовиот светител (ако храмот е посветен на Господов празник или на св. Богородица, тогаш тропарот на храмот претходи на тој на светителот на денот). Кондак за сабота: *Јако начатки естества.* Причастен: *Блажени јаже избрал и пријал еси Господи.*

в) Само од минејот

Само од минејот се зема службата во делничните денови кога во нив ќе се случи претпразненство, попразненство и одание на Господовите и Богородичните празници. Службата се извршува така како што е напишана во минејот.

На вечерната се пеат тропарите: на светителот, *Слава..., и нињe...:* на празникот.

На утрената, на *Бог Господ...* тропарите се пеат по следниов редослед: на претпразненството или на празникот (кога е попразненство), *Слава...:* на светителот, *и нињe...:* пак на претпразненството или на празникот.

На св. литургија, по малиот вход, се пее входното на празникот (ако има особено входно) и по него прво се пее тропарот на претпразненството или на празникот, после на дневниот светител, на храмовиот светител и кондакот на празникот (или друг, според упатствата во таблица бр. 4 на крајот од типикот).

На одданието на празниците службата се зема од самиот празник и се исполнува како што е напишана таму или како што е покажано да се исполни во типикот. На одданието не се прави вход на вечерната и не се читаат паримии. Утрото, на

полноќницата, не се пеат литии, а на утрената нема полиелеј, величание и утрено евангелие. Веднаш по вторите седални, се чита: *Помилуј мја Боже...* и следат каноните. На св. литургија апостолот и евангелието се читаат редовните на денот, а не на празникот.

I ДЕЛНИЧНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТРИОДОТ

а) ВО ПОСНИОТ ТРИОД

Богослужението во текот на сирната седмица

За деновите: понеделник, вторник и четврток во триодот се наоѓаат само ***стиховните*** стихири, со *Слава..., и нињe...;* седалните на утрената по второто стихословие и каноност. Следствено, песнопеењата ќе се земат од октоихот, од минејот и од триодот.

Во среда и во петок на Сирната седмица богослужението веќе се извршува според великопосниот устав (правило), откако на вечерната и на утрената се прават поклони со молитвата на св. Ефрем Сирин. Во тие денови наместо св. литургија, се извршуваат часови според великопосното правило.

Ако во текот на Сирната седмица (со исклучок на сабота) се празнува светител, службата се извршува само од минејот, а октоихот и триодот се изоставаат.

Во сиропусната сабота, како и на вечерната во петок, се пее според редоследот на „Преподобните отци“, кои се прославиле во своите подвизи: според триодот.



СВ. ЧЕТИРИЕСЕТНИЦА

Редоследот на делничните служби за време св. Четириесетница

а) Утрено богослужение

1. Во понеделник, во вторник и во четврток наутро се извршува: полноќница, утрена, часови 1, 3, 6 и 9, изобразителна и вечерна од наредниот ден.

2. Во среда и во петок горенаведените служби се соединуваат со предосветена св. литургија.

3. Во сабота, во сите големопосни седмици, утреното богослужение се состои од: полноќница, утрена и Златоустова св. литургија.

б) Вечерно богослужение

1. Вечерната се извршува спроти недела и спроти понеделник.

2. Големо повечерие спроти: вторник, среда, четврток и петок.

3. Мало повечерие спроти сабота.

ЗАБЕЛЕШКА. Во среда од петтата седмица се чита мало повечерие со целиот канон на св. Андреј Критски и во следниот ден се отслужува предосветена св. литургија.

Во понеделник од првата седмица на големиот пост наутро не се извршува полноќница.

***

ЗАБЕЛЕШКА. Ако според некоја оправдана причина не се чита полноќница, **ПОЧЕТОКОТ НА УТРЕНОТО БОГОСЛУЖЕНИЕ** започнува вака:

Свештеникот: *Благословен Бог наш...*, *Слава Тебе Боже наш, слава Тебе, Царју небесниии...* Читачот: *Трисвјатое.* Свеш-

теникот: *Јако Твое ест царство...* Читачот тропарите: *Спаси Господи људи Твоја...*

Ако е читана полноќница, почетокот на утрената е вака. Свештеникот: *Благословен Бог наш...* Читачот: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...* Читачот, тропарите: *Спаси Господи људи твоја...* итн.

***

Утрена. Наместо: *Бог Господ...,* **се пее (4 пати)** *Алилуија* според гласот што владее и наместо тропарите на светителот, ***троичните тропари*** што се наоѓаат на крајот од триодот. Следуваат ***седалните:*** првите се земаат од крајот на триодот за соодветниот глас и ден според октоихот, а вторите и третите се на денот во триодот. По троичните тропари и по седалните, ектенија не се кажува, а читачот наместо неа, кажува: *Слава... и нињe...: алилуија, алилуија, алилуија, Слава... Тебе Боже* (трипати), *Господи помилуј* (трипати), *Слава... и нињe...* По псалмот: *Помилуј мја Боже...* свештеникот ја кажува молитвата: *Спаси Боже људи Твоја...* Пејачот пее: *Господи помилуј* 12 пати (четирипати по 3) и свештеникот го произнесува возгласот: *Милостију и штедротами...*

Следува читањето на **каноните**. Тие се земаат од минејот и од триодот. Во триодот во делничните денови на големиот пост нема цели канони, а има два трипеснеца.

Припевите на трипеснеците во текот на големиот пост

На првиот трипеснец во текот на сите седмици, освен во четвртата, се вели: *Помилуј мја Боже, помилуј мја.* На последниот тропар: *Пресветаја Богородице, спаси нас.*

На вториот трипеснец во понеделник и во вторник се кажува истото: *Помилуј мја, Боже, помилуј мја...,* освен во четвртата и во шестата седмица. Во среда и во петок во сите седмици, освен во шестата, се кажува: *Слава...: Господи кресту Твоему честному.* Во четврток: *Свјатии апостоли, молите Бога о нас.*

Во текот на четвртата седмица, на првиот трипеснец, се кажува: *Слава...: Господи кресту Твоему честному.* (како и на вториот трипеснец).

Во текот на шестата седмица на вториот трипеснец се кажува: *Слава... Тебе Боже наш, слава... Тебе.*

На вториот трипеснец во текот на сите денови и седмици, таму каде што е обележано да се кажува: *Слава..., и нињe...: Благословим Отца и Сина и Свјатаго Духа Господа, Слава... Тебе Боже наш, слава... Тебе,* тие припеви се кажуваат како што се напишани.

Редоследот за читање на каноните

Во понеделник. Се прочитува првата песна од минејот и првата песна на двата трипеснеца од триодот со соодветните припеви, потоа се чита третата песна од минејот и се пее ирмосот на третата песна од минејот. Мала ектенија. По ова, се читаат седалните и богородичниот во минејот, напишани по третата песна. Следуваат четвртата, петтата и шестата песна од минејот и се пее ирмосот на шестата песна. Мала ектенија. Се чита кондакот (и икос, ако има) од минејот. Се кажува: *Месјаца тогожде...* (се прочитува името на светителот од минејот). Се читаат: седмата, осмата песна од минејот и осмата песна на двата трипеснеца од триодот, деветтата песна од минејот и деветтата песна на двата трипеснеца од триодот. Се пее: *Хвалим, благословим...* и ирмосот на осмата песна на вториот трипеснец од триодот. Свештеникот возгласува: *Богородицу и матер света...* Се пее: *Честњеишују...* и потоа ирмосот на деветтата песна од вториот трипеснец од триодот и веднаш се пее: *Достојно ест...* Мала ектенија. Следуваат ***светилните,*** итн.

Во вторник. Се прочитува првата песна од минејот и втората песна на двата трипеснеца од триодот, третата песна од минејот и се пее ирмосот на третата песна од минејот. Мала ектенија и понатаму следува како во понеделникот (се читаат седалните и богородичниот од минејот, напишани по третата песна. Следуваат: 4, 5 и 6 песна од минејот итн.).

Во среда. Се прочитува првата и третата песна од минејот и третата песна на двата трипеснеца од триодот. Се пее ирмосот на третата песна од вториот трипеснец од триодот. Мала ектенија. Се чита седалниот и крстобогородичниот по третата песна од минејот. Понатаму следува како во понеделник.

Во четврток. Се прочитува првата и третата песна од минејот и се пее ирмосот на третата песна од минејот. Мала ектенија. Се чита седалниот и крстобогородичниот по третата песна од минејот, четврта песна од минејот, четврта песна на двата трипеснеца од триодот и петта и шеста песна од минејот. Се пее ирмосот на шестата песна од минејот. Мала ектенија и понатаму следува како во понеделник.

Во петок. Се прочитува првата и третата песна од минејот и се пее ирмосот на третата песна од минејот. Мала ектенија. Се чита седалниот и крстобогородичниот по третата песна од минејот, четврта и петта песна од минејот, петтата песна на двата трипеснеца од триодот и шестата песна од минејот. Се пее ирмосот на шестата песна од минејот. Мала ектенија и понатаму следува како погоре.

ЗАБЕЛЕШКА. Во некои денови, по шестата песна во минејот нема кондак. Во тој случај, наместо него, се прочитува маченичен, напишан по седалните на денот на крајот од триодот. Значи, кога нема кондак, тој (маченичниот) се чита на негово место во канонот и **се испушта при пеењето на седалните.**

Следуваат **светилните.** Тие се наоѓаат при троичните песни на гласот и се пеат според мелодијата на тропарот на гласот како троичните тропари. Напишани се и во часословот. За секој глас има посебен светилен, со припеви според денот. По ***хвалитните* псалми** (148–150), се прочитува *Тебе слава подобает...* Прозбена ектенија. ***Стиховните*** се пеат од триодот, откако првата (самогласна) стихира секогаш се повторува. Припевите се од часословот. Ако има *Слава...* во минејот, таа се пее според стихирата на маченикот. Во таков случај, на: *и нинье...:* се пее богородичен, вообичаено, од крајот на минејот според гласот на *Славата.* Се чита: *Благо ест...* двапати. *Трисвјатое;* и по возгласот на свештеникот: *Јако Твое ест царство...,*

читачот чита: *В храме стојаште...* како што е во часословот. На возгласот на свештеникот *Сии благословен...* завесата на царските двери се затвора. Веднаш по поклоните, почнуваат **часовите.**

ПРВИ ЧАС

Придите поклонимсја, трите псалми, *Слава..., и нињe...: алилуја, алилуја, алилуја, Слава... Тебе Боже* (трипати), *Господи помилуј* (трипати) и се пее тропарот: *Заутра услиши глас мој...* со припевите од часословот. *Слава... и нињe...: Что тја наречем...* Се пеат стиховите: *Стопи моја направи... Трисвјатое.* Кондак: *Преславнују Божију матер...* (во понеделник, во вторник и во четврток) или: *Скоро предвари...* (во среда и во петок). *Господи помилуј* (40 пати), *Иже на всјакое времја...* и по возгласот: *Боже уштедри ни...* молитвата на св. Ефрем Сирин со поклони. Веднаш се чита молитвата *Христе, свете истинии...* и почнува:

ТРЕТИ ЧАС

Придите поклонимсја, трите псалми, *Слава..., и нињe.... алилуја* (трипати), *Господи помилуј* (трипати) и се пее тропарот: *Господи, Иже пресвјатаго Твоего Духа...* со припевите; *Слава..., и нињe...: Богородице Ти еси лоза истинаја...; Господ Бог благословен... Трисвјатое.* Тропарите: *Благословен еси Христе Боже наш...* и понатаму според часословот. По молитвата: *Владико Боже Отче Вседержителју...,* следува:

ШЕСТИ ЧАС

Придите поклонимсја, трите псалми, *Слава...: нињe...: алилуја* (трипати), *Господи помилуј* (трипати) и се пее тропарот: *Иже в шестии ден же и час...* со припевите. *Слава..., и нињe...: Јако не имами дерзновенија...* Се пее тропарот „на пророштвото“ од триодот. Свештеникот вели: *Вонмем.* Читачот: *Прокимен глас...* (го чита прокименот, без да каже *„псалм...“*. На пример, за понеделник од првата седмица од големиот пост читачот ќе каже: *Прокимен глас четвертии, Вест Господ пут праведних и пут нечестивих погибнет,* го чита и стихот што

следува. Свештеникот: *Премудрост.* Читачот: *Пророчества Исаина чтение.* Свештеникот: *Вонмем.* Читачот ја чита паримијата. Откако ќе ја прочита, читачот го чита или го пее и прокименот по паримијата и веднаш чита понатаму од часословот: *Скоро да предварјат ни... Трисвјатое,* и тропарите: *Спасение соделал еси...* и понатаму според часословот. Следува:

ДЕВЕТТИ ЧАС

Придите поклонимсја..., и трите псалми. *Слава... и нињe..., алилуја* (трипати), *Господи помилуј* (трипати). Се пее тропарот: *Иже в девјатии час...,* со припевите, *Слава... и нињe...: Иже нас ради рождеисја..., Не предажд нас до конца... Трисвјатое.* Потоа: *Видја разбојник началника жизни...* и понатаму според часословот. Веднаш по молитвата: *Владико Господи Исусе Христе Боже наш...,* се отвора завесата и следува:

ИЗОБРАЗИТЕЛНА

Се пее: *Во царствии Твоем...* и понатаму според часословот. По *Оче наш...,* се читаат ***кондаци:*** *На горе преобразилсја еси...,* кондакот на седмичниот ден, напишан во часословот (за четврток се читаат и двата), кондакот на храмовиот светител, кондакот на денот според минејот (ако има таков), *Слава...: Со свјатими упокои..., и нињe...: Предстателство христијан....*

ЗАБЕЛЕШКА. Ако храмот е во чест на св. Богородица (Рождество, Успение итн.), кондаците се читаат вака: *На горе преобразилсја еси...,* кондакот на седмичниот ден од часословот, кондакот на светителот од минејот, *Слава...: Со свјатими упокои..., и нињe...:* кондакот на храмот. Ако храмот е на Господов празник (Св. Троица, Преображение, Рождество Христово итн.), кондаците се читаат според следниот редослед: кондакот на храмот, на седмичниот ден од часословот, на светителот од минејот, *Слава...: Со свјатими упокои..., и нињe...: Предстателство христијан...*

По кондаците, се кажува: *Господи помилуи* (40 пати), *Слава... и нињe...: Честнејшују..., именем Господним благослови, оче.* Свештеникот: *Боже уштедри ни...* и молитвата на св. Ефрем Сирин, со поклони и веднаш започнува:

Вечерната. *Придиите поклонимсја...* и 103. псалм. Голема ектенија. На *Господи возвах...* се пеат шест стихири: три од триодот и три од минејот. *Слава... и нињe...:* богородичен од минејот (во вторник и четврток: крстобогородичен). *Свете тихии...* Свештеникот вели: *Вонмем, мир всем.* Читачот: *И духови Твоему, прокимен глас* (и го чита прокименот со соодветниот стих; не се кажува псалм тој и тој). Свештеникот: *Премудрост.* Читачот: *Из книга Битие чтение.* Свештеникот: *Вонмем.* Читачот ја чита паримијата и веднаш го кажува и вториот прокимен. Свештеникот: *Премудрост.* Читачот: *Из Притчи Соломонови чтение.* Свештеникот: *Вонмем.* Читачот ја чита втората паримија. Веднаш по паримијата, се чита *Сподоби Господи...* Прозбена ектенија. ***Стиховните*** се пеат од триодот, како што се пеат на утрената. *Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* По возгласот на свештеникот *Јако Твое ест царство...,* се пеат тропарите *Богородице Дево...* и оние што следат. *Господи помилуи* (40 пати). *Слава... и нињe..: Честнејшују..., Именем Господним благослови, отче.* Свештеникот: *Сии благословен...* (завесата се затвора). Се чита молитвата: *Небеснии царју...* и по неа *Господи и Владико живота моего...,* со поклони. *Трисвјатое.* По возгласот: *Јако Твое ест царство...,* се кажува *Господи помилуи* (1двапати), молитвата: *Всесвјатаја Троице.., Буди имја Господне...* (трипати) и псалмот 33.: *Благословљу Господа на всјакое времја...* Свештеникот: *Премудрост.* Читачот: *Благослови.* Следува полн отпуст.

Кога вечерната се соединува со Предосветена св. литургија редоследот е следен.

На крајот од изобразителната, по молитвата на св. Ефрем Сирин, кажуваме: *Господи помилуи* (1двапати), молитвата: *Всесвјатаја Троице...* и свештеникот прави мал отпуст, откако вели: *Слава Тебе Христе Боже, упование наше, Слава Тебе.* Пејачот: *Слава..., и нињe... Господи помилуи* (трипати), *благослови.* Свештеникот: *Христос истинии Бог наш молитвами пречистија и пренепорочнаја свјатија Своеја матере, преподобних и богоносних отец наших и всех свјатих помилует и спасет нас јако благ и человекољубец.* Пејачот: *Амин* (продолжено). Свештеникот, откако ќе се поклони пред св. престол, според упатствата во служебникот, кажува:

Благословено царство... и веднаш се чита: *Приидите поклонимсја...* и псалм 103. По големата ектенија, **се чита 18. катизма** според овој редослед: во псалтирот каде што прв и вторпат е напишано: *Слава...* читачот вели: *Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу, и нињe и присно и во веки веков, амин; алилуија, алилуија, алилуија, Слава Тебе Боже...* (трипати), *Господи помилуи* (трипати), *Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу,* свештеникот кажува мала ектенија и потоа читачот продолжува: *и нињe и присно и во веки веков, амин.* И се чита катизмата; истото се повторува и при втората *слава...,* а на крајот, по *Алилуија...,* се кажува: *Упование наше Господи Слава Тебе.*

Додека се чита катизмата, свештеникот во св. олтар ги пренесува предосветените св. дарови од св. престол на жртвеникот. Откако ќе покади и ќе се поклони, се дава знак со ѕвонче дека се случува самото пренесување и читачот (штом ќе го слушне ѕвончето) го запира читањето на катизмата онаму каде што стигнал. Додека трае пренесувањето сите клечат. Откако ќе бидат пренесени св. дарови на жртвеникот, повторно се дава знак со ѕвончето, богомолците се исправаат и читачот го продолжува читањето на катизмата оттаму каде што застанал, откако го слушнал првиот удар на ѕвончето. На крајот на катизмата читачот пак кажува: *Слава... и нињe... алилуија, алилуија, алилуија, Слава... Тебе Боже* (трипати) и *Упование наше Господи...* Следува мала ектенија.

На *Господи возвах...* **се пеат 10** стихири. Се започнува со самогласната (првата) од триодот, која се повторува, следува маченичната и следните три стихири од триодот, по што се пеат и трите стихири од минејот, повторувајќи ја првата. *Слава... и нињe...:* богородичен од минејот (се пее бавно за да има време свештеникот да направи вход), а во петок се пее: *Слава... и нињe...:* догматик на гласот што владее. Вход, *Свете тихии...* (се чита или се пее). Паримиите се читаат според редоследот, изложен погоре за големопосната вечерна. Само што, по прочитувањето на првата паримија и прокименот по неа, **пејачот возгласува „*Повелите*“** и свештеникот го кажува определениот возглас од служебникот, по што се кажува: *Премудрост* и се чита втората паримија. Веднаш по неа се пее: *Да исправитсја молитва моја...* и понатаму продолжува Предосветената св. литургија: сугуба ектенија, ектенија за огласените и по возгласот: *По дару Христа Твоего...* наместо: ***херувимска песна*** се пее: *Нињe*

сили небесниja... (до половината). На големиот вход сите богомолци клечат.

По входот, пејачот ја завршува втората половина на *Ниње сили небесниja...* од: *Се жертва таинаја...,* или од: *Верoју и љубовиjу...* Следува ектениja. *Отче наш...* Причастен: *Вкусите и видите...* Свештеникот го кажува возгласот: *Со страхом Божиим...* Наместо: *Видjехом свет истиннии...,* се пее: *Благословљу Господа на всjакое времjа, вину хвала его во устех моих.* По возгласот на свештеникот *Спаси Боже људи Твоjа...,* пејачот завршува: *Хлеб небеснии и чашу жизни, вкусите и видите jако благ Господ, алилуиjа* (трипати). Следува: *Да исполњатсjа уста наша... Буди имjа Господне* и отпуст.

Потоа се чита 33. псалм *Благословљу Господа на всjакое времjа...,* за кое време свештеникот раздава нафора (антидор).

ЗАБЕЛЕШКА. Кога на Предосветена св. литургија треба да се чита св. евангелие, се прави вход со св. евангелие. Тогаш евангелието (и апостолот, кога има таков) се читаат по пеењето на последното: *Да исправитсjа...* (без ектениja и без *Трисвjатое*). Во првите денови на Страсната седмица се чита само евангелие.

***

Предосветена св. литургија се извршува само во среда и во петок во св. Четириесетница, во четврток на петтата седмица и во првите денови на Страсната седмица.

Освен во овие денови, Предосветена св. литургија се извршува и во: понеделник, во вторник и во четврток, **кога се празнува светител** (24 февруари, 9 март, 6 април и др., или кога е храмов празник).

***

ЗА СТИХИРИТЕ НА *ГОСПОДИ ВОЗВАХ...* ВО СРЕДА И ВО ПЕТОК

Во среда од: I, II, III, IV и VI седмица на големиот пост се земаат 6 стихири од триодот и 4 од минејот на светителот од следниот ден. *Слава... и нињe...:* од минејот.

Во среда на IV седмица, по стихирите, *Слава... и нињe...,* се пее од триодот.

Во среда на V седмица, на *Господи возвах...* се пеат повеќе стихири, пак од триодот (за тој ден во триодот има 27 такви стихири).

Во петок од I седмица, на *Господи возвах...* се пеат: двете стихири од триодот и 4 маченични (3) од октоихот, а потоа и 4 стихири на св. Теодор, пак од триодот; *Слава...:* од триодот, *и нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее.

Во петок од II, III и IV седмица: 2 стихири од триодот, 4 маченични[9] од октоихот и 4 од минејот. *Слава...:* заупокоена стихира на гласот, *и нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее.

Во петок од V и VI седмица сите стихири се земаат од триодот.

КОГА ВО СРЕДА И ВО ПЕТОК НЕМА ПРЕДОСВЕТЕНА СВ. ЛИТУРГИЈА

Во среда. Редоследот е ист како и во другите седмични денови. Особеност има само она што се однесува до стихирите на *Господи возвах...* и на ***стиховните***.

На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири во I, II, III и VI седмица: 3 од триодот и 3 од минејот; на светителот од следниот ден. *Слава... и нињe...:* богородичен од минејот.

ЗАБЕЛЕШКА. Во среда, кога нема предосветена св. литургија, „самогласната" стихира и „маченичната" стихира се испуштаат за да се пеат како стиховни, а на *Господи возвах...* се пе-

---

[9] Маченините стихири од октоихот се земаат од вечерната спроти сабота и тоа според гласот што владее преку седмицата. Вообичаено, во петок навечер, во октоихот има 6 стихири на ***Господи возвах...*** Се пеат само 1, 4, 5, и 6. а втората и третата се изоставуваат. Заупокоените стихири се земаат од ***стиховните*** во петок навечер. За секој глас постои посебна стихира.

ат од триодот само последните три стихири (*Стихири подобнија триоди).*

На ***стиховните*** се пеат: двапати самогласната на денот и маченичната. Припевите се земаат од часословот. *Слава... и нињe...:* богородичен според гласот на маченичната: од малите на крајот од минејот, откако ќе се обрне внимание на денот, во кој се извршува вечерната.

Во среда од IV седмица. На *Господи возвах...* се пеат три стихири од триодот (насловени се: *Иниј стихири)* и 3 од минејот. *Слава... и нињe...:,* од триодот. На ***стиховните:*** исто како што е кажано погоре.

Во среда од V седмица на *Господи возвах...* се пеат повеќе, 27 стихири, со припевите пред самите стихири. *Слава...:* од триодот, *и нињe...*: пак од триодот. На ***стиховните***: како што е кажано погоре.

Во петок од I. седмица: на *Господи возвах...* се пеат 6 стихири: 3 маченички од октоихот на гласот и 3 од триодот на св. Теодор. *Слава...:* од триодот, *и нињe...*: првиот богородичен на гласот. **Од минејот не се пее ништо.**

На ***стиховните:*** самогласната на денот (двапати), пишувана на *Господи возвах...* во триодот и маченичната стихира *Благословено воинство...* (види: во октоихот првата стихира На ***хвалите:*** во сабота на утрената, глас петти). *Слава...: Божествених даров...* (стихира на *Господи возвах...* во триодот). *И нињe...: Все упование мое...* (од малите богородични од крајот на минејот).

По *Нињe отпуштаеши...* и по *Трисвјатое,* тропарите се пеат вака: *Велија вери..., Слава... и нињe...: Всја паче смисла...* и понатаму завршува како големопосната вечерна.

Во петок на, I, III и IV седмица. По изобразителната, не се прави отпуст, *Трисвјатое* и молитвата *Всесвјатаја Троице...* не се читаат, **туку веднаш** по молитвата на св. Ефрем Сирин **почнува вечерната.**

На Господи *воззвах...* се пеат пак 6 стихири: 3 маченични од октоихот и 3 од минејот за следниот ден. *Слава...* заупокоена стихира на гласот. *И нињe...:* првиот богородичен на гласот.

На ***стиховните:*** самогласната на денот (двапати) и маченичната според гласот на самогласната (види: прва стихира на *Господи возвах...* во петок навечер во октоихот). *Слава... и ни-*

ње...: богородичен според гласот на самогласната (од малите на крајот од минејот).

По *Ниње отпуштаеши...* и по *Трисвјатое* се пеат тропарите: *Апостоли, мученици и пророци..., Слава...: Помјани Господи..., и ниње...: Мати свјатаја...* Сугуба ектенија и понатаму.

Во петок од V седмица. На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири од триодот: на пресвета Богородица. *Слава..., и ниње...:* од триодот.

На ***стиховните:*** пак самогласната на денот (двапати) и маченичната (од стихирите на *Господи возвах...). Слава... и ниње...: Јазика егоже не ведјаше...* (Славата од стихирите На ***хвалите:*** во сабота на утрената).

По *Трисвјатое* тропарите: *Повеленное таино...* и понатаму.

Во петок на VI седмица. На *Господи возвах...* се пеат стихирите на св. Лазар, од триодот. *Слава..., и ниње...: Душеполезное совершивше...*

На ***стиховните:*** самогласната (двапати) и маченичната (на *Господи возвах...*). *Слава... и ниње...: Представ гробу Лазареву...* (*Славата* на *Господи возвах...* во триодот). По *Трисвјатое,* тропарот: *Обштее воскресение...* и понатаму.

КОГА ЗАРАДИ НЕКОЈА ПРИЧИНА ВО ДЕНОТ НА ПРАЗНУВАНИОТ СВЕТИТЕЛ НЕ СЕ ОТСЛУЖУВА ПРЕДОСВЕТЕНА СВ. ЛИТУРГИЈА

Се отслужува **празнична утрена,** се читаат **„обични“ часови,** со тропарот и со кондакот на светителот. По деветиот час **Изобразителната** се пее вака: псалмите 102. и 145. и по нив се пеат Блаженствата. По нив се чита апостол и евангелие на светителот, се прочитува молитвата на св. Ефрем Сирин со поклони и веднаш следува **ВЕЧЕРНАТА** со *Приидите поклонимсја...*

На вечерната, што е големопосна, се пеат 10 стихири, од кои последните четири се на празнуваниот светител и се наоѓаат на вечерната спроти празникот (денот на светителот). Нема вход, се читаат паримии на денот од триодот и понатаму следи големопосна вечерна до крај.

***

ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СВ. ЧЕТИРИЕСЕТНИЦА

За **вечерната,** што се извршува само во сабота вечерта и во недела навечер, има упатства во самите денови во одделот за посниот триод.

ГОЛЕМО ПОВЕЧЕРИЕ се извршува вечерта во: понеделник, во вторник, во среда и во четврток. Редоследот на Големото повечерие е изложен во часословот. Особеностите на тоа повечерие во првата седмица на големиот пост, исто така, се изложени во одделот за посниот триод во овој типик.

МАЛО ПОВЕЧЕРИЕ се извршува секоја вечер во петок. Редоследот му е даден во часословот. Во текот на I, II, III и IV седмица од големиот пост на мало повечерие, по *Достоино ест...,* се пее Богородичниот канон: *Отверзу уста моја...,* кој се наоѓа во петтата седмица во триодот, *в суботу на утрени.* Ектенија меѓу песните не се кажува.

По деветтата песна, се пее *Возбраннои воеводе...* (големо). Во тоа време царските двери се отвораат и свештеникот, облечен во епитрафил и фелон, излегува со кадилница в рака, ги покадува иконите и застанува пред иконата на пресвета Богородица и почнува да ги чита „распеано" посебните **икоси и кондаци од акатистот на св. Богородица,** откако по секој икос на клирот се пее: *Радуисја, невесто неневестнаја...,* а по секој кондак: *Аллилуиа.* По последниот кондак пејачите пеат пак *Возбраннои воеводе...* (кратко).

Овој акатист се разделува на четири статии, по една статија за секоја од првите четири седмици од постот.

Во петок на првата седмица, на крајот од повечерието, по молитвата *Упование мое отец...,* **се чита евангелие** по што следува отпуст.

Во петтата седмица, **во среда навечер** се отслужува пак **мало повечерие**, кога се пее **целиот канон на св. Андреј Критски.**

Во петокот на V седмица вечерта се отслужува пак **мало повечерие,** кога се пее Богородичниот канон и **целиот акатист** според следниов ред: По *Достоино ест...,* од клирот се пее три-

пати: *Повеленное таино...* и свештеникот започнува да го чита првиот дел од икосите; потоа се пеат првата и третата песна од канонот. Се пее: *Возбраннои воеводе...,* по кое се чита втората статија од акатистот и се пеат: четвртата, петтата и шестата песна од канонот. Пак се пее: *Возбраннои воеводе...* и се чита третата статија од акатистот. Пејачите ги пеат: седмата, осмата и деветтата песна од канонот, откако на крајот го повторуваат последниот ирмос на деветтата песна: *Всјак земнородни...* Пак се пее: *Возбраннои воеводе...* и се прочитува четвртата статија од акатистот. Понатаму следува *Трисвјатое* и останатиот дел од повечерието.

Во петок вечерта од шестата седмица на малото повечерие, се пее канонот: *Песн победнују...,* со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* Се наоѓа во триодот: *Пјаток Ваии на повечерии.* По деветтата песна, повторно се пее ирмосот на истата песна. Следува: *Трисвјатое* итн. до крајот.

б) ВО ЦВЕТНИОТ ТРИОД

Напишаното тука се однесува за службите **од понеделникот на Томина недела до оддание на Педесетница,** освен за празничните денови и за одданијата. Сите служби се попразненствени.

(За богослуженијата во текот на Светлата седмица има посебни упатства во одделот за Цветниот триод).

На вечерната. По возгласот *Благословен Бог наш...,* свештеникот пее од олтарот еднаш: *Христос воскресе...;* пејачите го пеат двапати истото и читачот го почнува 103–от псалм: *Благослови душе моја Господа.* На *Господи возвах...* се пеат три стихири на празникот од пентикостарот и три на светителот од минејот.

ЗАБЕЛЕШКА. Под **„празник“** тука се разбира непосредно минатиот празник, а не Пасха. Тие празници се: Томина недела (оддание се прави во сабота), Недела на мироносиците (оддание се прави во сабота), Недела на Раслабениот (оддание се

прави во вторник), Преполовение (оддание се прави во среда), Недела на самарјанката (попразненството започнува по одданието на Преполовение и оддание се прави во сабота), Недела на слепиот (оддание се прави во вторник пред одданието на Пасха), Вознесение Господово (одданието е во петок пред задушница) и Педесетница (оддание се прави во сабота).

Слава... на светителот од минејот (ако има), *и нињe...:* на празникот, напишана на вечерната на денот. Ако нема *Слава...* во минејот, се пее: *Слава... и нињe...:* на празникот. ***Стиховните*** се пеат од пентикостарот, со секојдневните припеви од часословот (кога нема други припеви во пентикостарот). *Слава...* на светителот од минејот, и нињe...: на празникот. Ако нема посебна Слава...: се пее: *Слава... и нињe...:* на празникот. По *Нињe отпуштаеши...* и *Трисвјатое,* прво се пее тропарот од минејот, *Слава... ,и нињe...:* на празникот. Ако во минејот нема тропар, се пее само еднаш тропарот на празникот. Се прави вообичаен отпуст, но наместо: *Молитвами свјатих отец...,* свештеникот кажува: *Христос воскресе...* На возгласот *Пресвјатаја Богородице спаси нас!* се кажува *Честнеишују херувим...*

ЗАБЕЛЕШКА. За Недела на мироносиците во Цветниот триод има три тропари. Во попразненството, од понеделник до петок, тропарите се пеат вака: *Благообразнии Јосиф..., Слава...* на светителот од минејот, *и нињe...: Мироносицам женам...* Ако во минејот нема тропар, се пеат само двата тропари: *Благообразнии Јосиф..., Слава... и нињe...: Мироносицам женам...*

На утрената. Свештеникот започнува со возглас: *Слава свјатеи...,* пее еднаш *Христос воскресе;* истото се пее уште двапати од пејачите и **веднаш се чита шестопсалмието.**

ЗАБЕЛЕШКА. Од Пасха до Педесетница во никој редослед не се чита *Царју небеснии...*

По големата ектенија, на *Бог Господ...* **тропарите** се пеат вака: на празникот, *Слава...:* од минејот (ако има), *и нињe...:* на празникот. Ако во минејот нема тропар, се пее само тропарот на празникот трипати, без *Слава... и нињe...*

ЗАБЕЛЕШКА. Во попразненските денови по Недела на мироносиците, на *Бог Господ...* тропарите се пеат вака: *Благоо-*

бразнии Јосиф..., Егда снизшел еси..., Слава...: на светителот од минејот, *и нинье...: Мироносицам женам...* Ако во минејот нема тропар, тогаш тропарите се подредуваат вака: *Благообразнии Јосиф..., Слава...: Егда снизшел еси... и нинье...: Мироносицам женам...*

Ако се случи во минејот да има два тропара, тогаш на почетокот од утрената, на *Бог Господ...* се пее само еден од првите два тропара на празникот (*Благообразнии Јосиф...* или *Егда снизшел еси...),* потоа првиот тропар од минејот, *Слава...:* вториот тропар од минејот, *и нинье...: Мироносицам женам...*

Седалните се пеат од пентикостарот. Се чита *Воскресение Христово...* **еднаш (задолжително секој ден до Вознесение Господово),** а потоа се чита 50 псалм.

Каноните се читаат според овој редослед: прва песна на празникот и прва песна од минејот, трета песна: на празникот и трета од минејот (ако во минејот има два канони, се читаат и двата), се пее ирмосот на третата песна од последниот канон (од минејот). Мала ектенија. Од минејот се читаат кондак и икос (ако има), напишани по шестата песна, како и седалните по третата песна. Продолжува читањето на четвртата, петтата и шестата песна од пентикостарот и од минејот. Се пее ирмосот на шестата песна од последниот канон (од минејот). Мала ектенија. Се чита: кондак и икос на празникот од пентикостарот. Се кажува: *Месјаца тогожде...* итн. Потоа, се читаат: седма, осма и деветта песна од пентикостарот и од минејот. Се пее: *Хвалим благословим...* и ирмосот на осмата песна од последниот канон. Се пее: *Честнејшују...* Потоа ирмосот на деветтата песна од последниот канон. Мала ектенија.

Светилните се подредуваат вака: *Слава...:* светилниот од минејот, *и нинье...:* другиот светилен на празникот. Ако во минејот нема светилен, се пеат само ***Светилните*** на празникот (така како што е наложено да се пеат на самиот празник). Кога има само еден светилен на празникот, тој се пее двапати, без *Слава... и нинье...:*

Всјакое дихание ***(Хвалите:)*** се пее секој ден до Вознесение. ***Хвалитните*** стихири се напишани во пентикостарот. *Слава..., и нинье...:* на празникот. Потоа се чита: *Тебе слава подобает...* Прозбена ектенија. Се пеат ***стиховните*** стихири од пенти-

костарот. *Слава...:* од минејот (ако има), *и нинье...*: на празникот. Ако во минејот нема *Слава...:* се пее *Слава... и нинье...:* на празникот. *Благо ест... Трисвјатое.* Тропарите се пеат како на вечерната.

На св. литургија. По *Благословено царство...,* свештеникот пее еднаш: *Христос воскресе...* и пејачите уште двапати истото. Следуваат делничните антифони. По малиот вход, се пее: ***Входное*** на Пасха (до одданието на Пасхата). Од Вознесение до неговото оддание се пее входното на Вознесение, освен во Неделата на св. отци, кога се пее *Приидите поклонимсја... воскресии из мертвих... во свјатих дивен сии...* Од Педесетница до нејзиното оддание, входното на Педесетница. Тропари по входот: на празникот, на светителот од минејот, на храмовиот светител, заклучителен кондак според упатствата во таблица бр. 4 од крајот на типикот.

ЗАБЕЛЕШКА. Во храмови што се осветени на Господови празници, од Пасха до оддание на Педесетница, тропарот на храмот не се пее. Во храмови посветени на св. Богородица, по тропарот на празникот, прво се пее тропарот на храмот; потоа на дневниот светител. Заклучителниот кондак е само од пентикостарот, според упатствата во таблица бр. 4 на типикот, освен на задушница пред Педесетница, кога се пее кондакот: *Со свјатими упокои...*

Наместо: *Достоино ест...,* се пее *Ангел вопијаше...* до оддание на Пасха (освен на Преполовение и на неговото оддание, кога се пее: *Чуждее матерем девство...).*

Од Вознесение до неговото оддание се пее: *Тја паче ума...,* освен во Неделата на св. отци, кога се пее: *Достоино ест...* На задушницата исто така се пее: *Достоино ест...* На Педесетница и на нејзиното оддание се пее: *Нетленија искушением рождшаја...* Во другите денови на попразненството на Педесетница се пее: *Радуисја царице...*

КАКО СЕ ПЕЕ *ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ...* ВО ПОЧЕТОКОТ НА СЛУЖБИТЕ?

На часови, полноќница, повечерие, помен за починати и сите други служби, откако свештеникот ќе го постави почетокот, веднаш **го чита** *Христос воскресе...* и пејачите го читаат истото уште двапати.

На вечерна, на утрена, на св. литургија, на молебен, на водосвет, на панихида, на опело, на крштавање и на венчавање: *Христос воскресе...* се пее, а не се чита.



II ПРАЗНИЧНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

Празнично богослужение има во неделните денови, на Господови и на Богородични празници, во празници на почитувани светители и во некои други денови, посочени во типикот.

Богослужението е секогаш празнично на храмов празник, макар храмот и да е посветен на светител за кого нема празнична служба во минејот. Во таков случај неговата служба се составува од минејот, откако се дополнува и од општиот минеј.

Деветти час

Редоследот е изложен во часословот. **Тропарот** се зема од минејот, од службата на светителот што е дадена за тој ден. Ако е претпразненство, се чита тропарот на претпразненството. Ако е попразненство, се чита тропарот на празникот.

Во сабота навечер се чита тропарот што се пеел на *Бог Господ...* на утрената.

Во недела навечер се чита отпустителниот воскресен тропар.

Кондакот на деветтиот час се зема од минејот за денот кога се чита деветтиот час. Се наоѓа во канонот по шестата песна.

Во недела навечер, наместо кондак, се чита **ипакој** на гласот.

Во попразничните денови се чита кондакот на празникот.

1. ВОСКРЕСНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

Во сабота навечер, по отпустот на деветиот час, веднаш почнува **вечерната** според следниов ред.

Свештеникот: *Благословен Бог наш...* Читачот: *Амин, Приидите поклонимсја...* и го чита 103. псалм.

ЗАБЕЛЕШКА. Ако од некакви причини се испушти читањето на деветтиот час, **ВЕЧЕРНАТА ПОЧНУВА ВАКА**.

Свештеникот: *Благословен Бог наш... Слава...: Тебе Боже наш, Слава...: Тебе, Царју небесниим...* Читачот: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...* Читачот: *Господи помилуи,* 12 пати, *Слава... и нињe...: Приидите поклонимсја...* и следува 103. псалм.

Голема ектенија. Се чита целата прва катизма. Следува мала ектенија, по што се пее: *Господи возвах...* на гласот што владее, кој започнува од сабота вечерта. По: *Положи Господи...*, се пеат седум воскресни стихири од октоихот и три од минејот. *Слава... и нињe...:* догматикот (првиот богородичен) на гласот.

Кога во минејот има *Слава...* на *Господи возвах...* се пеат шест воскресни стихири и четири од минејот (едната се повторува). *Слава...* на светителот од минејот. *И нињe...:* догматикот на гласот што владее. Исто така, шест и четири стихири се пеат кога во минејот е означено дека стихирите на светителот се пеат „на 6“. Кога во минејот има стихири на двајца светители по три, пак се пеат шест стихири од октоихот и по две на двајцата светители.

Вход. Се пее: *Свете тихии...* Прокимен: *Господ воцарисја...* Сугуба ектенија. Се чита: *Сподоби Господи...* Прозбена ектенија.

Стиховните стихири се пеат од октоихот (започнува левата певница). *Слава..., и нињe...: богородичен* на гласот, кој се наоѓа непосредно по стихирите. Ако во минејот има *Слава...:* на ***стиховните***, се пее таа *Слава...:* на светителот, и *нињe...:* богородичен воскресен по гласот на *Славата* од крајот на минејот. Следува: *Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава... и нињe...:* богородичен отпустителен воскресен на гласот што владее.

ВОСКРЕСНА ПОЛНОЌНИЦА (во недела наутро). Таа се отслужува според редоследот изложен во часословот. Троичниот канон се наоѓа во октоихот: во сабота по повечерието. Се пеат и троичните величанија: *Достоино ест јако воистину славити Тја Бога Слова.* Се чита ипакој на гласот итн., и отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога пред утрената не е читана полноќница, почетокот е: свештеникот: *Благословен Бог наш... Слава...: Тебе Боже наш, слава Тебе, Царју небесниим...* Читачот: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...* Читачот: *Амин, Спаси Господи... Вознесиисја на крест...* и *Предстателство страшное...* Следува скратена сугуба ектенија.

Се чита шестопсалмието и се произнесува голема ектенија. Се пее: *Бог Господ...* (4 пати) на гласот што владее. Воскресниот тропар се пее двапати. *Слава... и нињe...: богородичен* воскресен по гласот на тропарот. Мала ектенија. Следуваат ***воскресните седални*** „по првото стихословие“[10]. Мала ектенија. Воскресни седални „по второто стихословие“ и веднаш следува: *Благословен еси Господи..., Ангелски собор....* Мала ектенија. Се чита ***ипакој*** на гласот што владее и се почнува со пеење на ***степените*** од октоихот, без да се повторуваат и завршуваат со прокименот.

Каноните се читаат по следниот редослед: прва и трета песна: од воскресниот канон од октоихот со припев: *Слава...: Господи свјатому воскресенију Твоему;* прва и трета песна: од канонот на светителот од минејот со соодветниот припев. На претпоследниот тропар од тој канон се кажува: *Слава...,* а на последниот: *и нињe...* Ако во минејот има два канона, се чита едниот од нив. Мала ектенија. Потоа, се читаат кондак и икос (ако има) на светителот од минејот, се наоѓаат по шестата песна во минејот. Продолжува читањето на сè што е напишано меѓу третата и четвртата песна во минејот (не се чита само крстобогородичниот). Потоа се читаат: четврта, петта и шеста песна од двата канона и на крајот се завршува со завршеток. Мала ектенија. Се читаат воскресниот кондак и икос од октоихот. Следуваат: седма, осма и деветта песна и се пее ***катавасијата*** од прва до осма песна, откако пред осмата песна се пее: *Хвалим,*

[10] *Стихословие* значи самото читање на псалтирот како што се чита во манастирите. Во парохиските храмови псалтир на тоа место не се чита, но останал изразот *по првото* или *по второто* стихословие.

благословим, покланьаемсја Господеви, појуште и превозносјаште во всја веки.

Следува чинот на утреното воскресно евангелие, што го опфаќа следното: свештеникот (или ѓаконот, ако служи и ѓакон) возгласува од олтарот: *Господу помолимсја.* Пејачите: *Господи помилуи...* Свештеникот: *Јако свјат еси Боже наш и во свјатих почиваеши...* Пејачите: *Амин* и пеат: *Всјакое дихание да хвалит Господа...* (трипати). Свештеникот: *И о сподобитисја нам...* итн. Св. Евангелие се чита на престолот од неговата јужна страна. По: *Слава Тебе Господи, слава Тебе*, се чита: *Воскресение Христово...* и се пее 50 псалм. *Слава...: Молитвами апостолов...; и нињe...: Молитвами Богородици...; Помилуи мја Боже... Воскрес Иисус от гроба...* Свештеникот (или ѓаконот) ја произнесува литијната молитва: *Спаси, Боже, људи Твоја...* Пејачите пеат: *Господи помилуи!* 12 пати (четирипати по 3).

Свештеникот: *Милостију и штедротами...,* по што возгласува: *Богородицу и матер света...* Се пее: *Честнејшују...* со припевите според гласот на катавасијате и потоа се пее деветтата песна од катавасијате. Мала ектенија. *Свјат Господ Бог наш...* ***Ексапостилари*** соодветни на утреното евангелие (се наоѓаат на крајот од октоихот и се пеат на втори глас). Се пее: *Всјакое дихание...* (***хвалите***) на гласот што владее со стихирите од октоихот. *Слава...:* евангелска стихира, соодветна на прочитаното утрено евангелие (од крајот на октоихот). *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...,* по што започнува:

Св. литургија. По големата ектенија се пеат **воскресните (неделните) антифони,** кои за пократко во типикот се пишуваат **„изобразителни, блажени“.** Тие опфаќаат: 1. *Благослови, душе моја, Господа...* (стихови од 102. и 145. псалм). По малата ектенија; 2. *Спаси ни Сине Божии, воскресии из мертвих... Слава... и нињe...: Единородниј Сине...* Пак мала ектенија и 3. *Во царствии Твоем...* (се пеат блаженствата). По малиот вход: *Приидите поклонимсја и припадем ко Христу, спаси ни Сине Божии, воскресии из мертвих...* Потоа се пеат тропарите: воскресен и на храмовиот светител и се пее завршниот кондак (согласно таблицата бр. 4 на крајот од типикот).

1. БОГОСЛУЖЕНИЕ НА ГОСПОДОВИ И БОГОРОДИЧНИ ПРАЗНИЦИ

Тие празници се 12. Пасхата е празник на празниците и не се вбројува во таа група.

Господови празници се: Крстовден на 14 септември; Рождество Христово на 25 декември; Богојавление на 6 јануари; Цветници, Вознесение Господово, Педесетница и Преображение Господово на 6 август.

Богородични празници се: Рождество на Пресвета Богородица на 8 септември; Воведение на Пресвета Богородица на 21 ноември; Сретение Господово на 2 февруари; Благовештение на 25 март; и Успение на Пресвета Богородица на 15 август. Празникот Сретение Господово се смета и за Господов празник. Обрезание Господово не се вбројува во 12–те големи празници.

Службата на Господовите празници е целосно според минејот, респективно триодот или пентикостарот, без да се зема нешто од октоихот, без разлика и во кој ден да се случат тие.

Службата на Богородичните празници е исто така само од минејот. Но ако се случи во недела, службата им се соединува со воскресната.

На вечерната на Господовите празници се пее **голем прокимен** на следниов начин: првпат се пее од св. олтар, вторпат, од десната певница, третпат, од левата певница, четврти пат од оние кои служат во св. олтар до половината и втората половина се завршува од десната певница.

На утрената се пее **„полиелеј и величание“.** Зборот „полиелеј“ на црковнобогослужбен јазик ги означува двата псалми: 134.: *Хвалите имја Господне: хвалите раби Господа...* и 135.: *Исповедаитесја Господеви, јако благ...*

По полиелејните псалми, на големите Господови и Богородични празници, и кога има полиелејна служба на светител, се пее **величание** на празникот *(псалми избраннија)*, што се наоѓаат во катавасијникот. Полиелејот и величанието се пеат по вторите седални.[11]

---

[11] Според типикот на Цариградската црква, полиелејот и величанието би требало да се пеат по тропарите на *Бог Господ...* Но, кај нас е вообичаена практиката да се пеат по вторите седални.

Се практикува на Богородични празници да се пее полиелеј: *Слово благо... Отригну сердце мое, слово благо...* (44 псалм), по што следи величанието за празникот.

От јуности моеја... се пее секогаш на празничната утрена на Господовите, Богородичните и светителските полиелејни празници, во кој и било ден да се случат тие. Тоа се пее по „седалниот по полиелејот".

Наместо: *Честнејшују...,* секогаш се пее деветтата песна од канонот. Таа се пее и на одданијата на Господовите празници.

Кога Богородични празници ќе се случат во недела, службата им се соединува со воскресната, како што е изложено за секој празник во типикот, кога октоихот има првенство.

Одданието на тие празници се извршува според минејот, како што е на самиот празник, но на вечерната не се прави вход и не се читаат паримии; на полноќницата нема литии, а на утрената нема полиелеј, величание и утрено евангелие. Веднаш по вторите седални се чита 50 псалм и потоа каноните. На св. литургија апостол и евангелие не се читаат на празникот, туку редовните на денот.

Исклучок прави само одданието на празникот Успение на Пресвета Богородица, кога на св. Литургија, апостолот и евангелието се на **празникот,** а не на денот.

1. БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО ПРАЗНИЦИ НА СВЕТИТЕЛИ

а) Полиелејни празници

Службата на тие празници е **само од минејот**, освен ако се случат во недела, кога службата им се соединува со воскресната и тогаш октоихот има предимство или ако се паднат во попразненствени денови, кога службата им се соединува со службата на Господовиот или Богородичниот празник. За такви случаи има упатства во типикот за соодветните дати.

Поглавни особености на тие празници се следните.

На вечерната се чита само првиот антифон од првата катизма: *Блажен муж...* Се прави вход, се пее *Свете тихии...,* се читаат паримии. На апостолски празници, кога паримиите се од Новиот завет, се читаат „на распев" како апостол, само малку побрзо.

На утрената. По седалните, се пее **полиелеј** (псалми 134. и 135.) и **величание** (за празниците: 24 јуни, 29 јуни и 29 август има специјални величанија, а за другите празници од општите величанија). Потоа, секогаш се пее првиот антифон од ***степените*** на IV глас: *От јуности моеја.....* Има утрено евангелие, кое се чита на царските двери и посебна стихира по него на стихот: *Помилуи мја Боже...* Се пее *Всјакое дихание...* и има хвалитни стихири со *Слава...* на светителот, *и нињe...:* богородичен според гласот на *Славата,* (од малите на крајот од минејот). По големото славословие, се пее тропарот на светителот.

ЗАБЕЛЕШКА. На утрената служба, пред канонот на светителот, има и канон на пресвета Богородица, кој некогаш не се наоѓа во минејот. Во таков случај се чита канонот *Воду прошед...* од часословот.

На св. литургија. ***Делнични антифони:*** 1. *Молитвами Богородици... 2. Спаси ни, Сине Божии, во свјатих дивен сии...* и 3. *Во царствии Твоем...* Апостол и евангелие на светителот.

Некои од тие празници се сметаат за **поголеми,** како: Рождество на св. Јован Крстител (Иванден), Петровден, Св. апостол и евангелист Јован Богослов (26. IX), Ѓурѓовден, Митровден, Св. Кирил и Методиј, Св. Три светители и др.

Други се сметаат за **помали**, какви што се повеќето од полиелејните празници, како: преподобен Теодосиј Велики (11. 01.), преп. Антониј Велики (17. 01.), св. Григориј Богослов (25. 01.), св. евангелист Лука, св. Јован Рилски, св. Климент Охридски и др.

б) Помали празници

На такви празници нема вход и паримии на вечерната, а на утрената нема полиелеј и утрено евангелие. Меѓутоа, вооби-

чаено тие имаат хвалитни стихири (се пее *Всјакое дихание...* итн.) и големо славословие. На св. литургија се чита апостол и евангелие на светителот (но не секогаш). Такви празници се, на пример: св. апостол Јаков, брат Божји (23. 10.), Св. Ана (9. 12.), Собор на 12-те апостоли (30. 06.) и др.

За некои поособени случаи има упатства во типикот.

в) Храмови празници

Кога храмот е посветен на Господов или на богородичен празник, во службата нема промена, туку таа се извршува според минејот. Исто така се постапува и кога службата на светителот е полиелејна (на пр.: св. Димитриј, св. Никола, св. Кирил и Методиј, св. Јован Богослов и др.).

Но, кога храмовиот светител има делнична служба, на пр.: св. Марина, св. Мина, св. Ана, св. Недела и др., од неа се зема она што има во минејот, а **се отслужува празнична служба според општиот минеј** слично на празничните: на вечерната: со вход, со паримии; на утрената: со полиелеј, утрено евангелие итн. (ако во минејот недостигаат).

Храмовите празници се чествуваат торжествено и за образец на таквата служба може да служи онаа на св. Јован Богослов (26. 09.) или на св. Јован Златоуст (13. 11.).

***

1. Особености на св. литургија

Погоре се одбележа што се пее на св. литургија од нејзиниот почеток до малиот вход во делничното, воскресното (неделно) и празничното богослужение.

Особеностите на св. литургија на Господовите и на Богородичните празници се дадени во соодветните служби во минејот, во триодот или во пентикостарот.

По пеењето на *Молитвами Богородици...* и по малата ектенија, **вториот антифон се пее како што следува:**

а) на Богородични празници и на нивното оддание (8 и 12. 09., 21. и 25. 11., 15. и 23. 08.): *Спаси ни, Сине Божии, во свја-*

тих дивен сии, појуштија Ти алилуија. Но, ако горните дати се случат во недела, се пее: *воскресии из мертвих...;*

б) на 14. септември, т.е. на **Крстовден:** *Спаси ни, Сине Божии, плотију разпниисја, појуштија Ти алилуија.* Истото се пее и на 21. септември (на одданието на празникот), ако не е во недела, кога се пее: *воскресии из мертвих...;*

в) на 25. декември, односно на **Рождество Христово** се пее: *Спаси ни Сине Божии, рождеисја от Деви, појуштија Ти алилуија.* Истото се пее и на 26 и 31 декември. Но, ако тие два датуми (26. и 31. 12.) се случат во неделен ден, се пее: *воскресии из мертвих...;*

г) на 1. јануари на **Обрезание Господне:** *Спаси ни, Сине Божии, плотију обрезавиисја, појуштија Ти алилуија.* Ако се случи во недела, се пее: *воскресии из мертвих...;*

д) на 6. јануари, т.е. на **Богојавление:** *Спаси ни, Сине Божии, во Јордане крестивиисја, појуштија Ти алилуија.* Истото се пее и на 7. и на 14. јануари, но ако тие две дати се случат во недела, се пее... *воскресии из мертвих...;*

е) на 2. февруари на **Сретение Господне:** *Спаси ни, Сине Божии, иже во објатих праведнаго Симеона носивиисја, појуштија Ти алилуија;*

ж) на 25. март на **Благовештение:** *Спаси ни, Сине Божии, нас ради воплотивиисја, појуштија Ти алилуија.* Ако се случи во неделен ден, се пее: *воскресии из мертвих...;*

з) на 6. август на **Преображение Господне** и на неговото оддание на 13. август се пее: *Спаси ни, Сине Божии, преобразивиисја на горе, појуштија Ти алилуија;*

На **Пасха**, во текот на Светлата седмица и во сите денови до Вознесение, како и на Преполовение се пее: *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих, појуштија Ти алилуија.*

На **Вознесение** и до неговото оддание: *Спаси ни, Сине Божии, вознесиисја во славе, појуштија Ти алилуија.*

На **Педесетница** и до нејзиното оддание: *Спаси ни, Утешителу благии, појуштија Ти алилуија.*

Непосредно потоа се пее: *Слава..., и ниње...: Единородниии Сине...*

Третиот антифон, по втората мала ектенија, на **Господови празници** (на самите празници и на нивното оддание), како и во некои други денови според упатство на типикот, се пее **сооД-**

ветниот тропар. Од Пасха до оддание на Пасха се пее *Христос воскресе...*

***

Входно. По малиот вход на Господовите празници, се пее посебно „входно" (види таблица бр. 3 во прилогот на типикот). Истото се пее и во означените денови на попразненството и на одданието, според упатствата на типикот. Тие „входни" се наоѓаат и во часословот. На пример: од Пасха до одданието на Пасха се пее: *В церквах благословите Бога Господа от источник Израилевих; Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих, појуштија Ти алилуија.*

Тропарите по входот. По пеењето на „входното" на Господови и Богородични празници, се пее тропарот на празникот и кондакот на празникот. Во некои случаи, кога Богородични празници ќе се случат во недела или во некои поособени случаи, се пее и воскресен тропар (кога има таков, тој се пее на почетокот, непосредно по „входното"), тропар на храмовиот светител итн. За секој случај има упатства во типикот.

***

Пред читањето на апостолот, се пее: ***Свјатии Боже.***

Наместо: *Свјатии Боже...,* пред читањето на апостолот, се пее: *Елици во Христа крестистесја, во Христа облекостесја, алилуија* во следните денови: на Пасха и преку целата Светла седмица, на одданијата на Пасха, на Педесетница, во понеделник на Св. Дух и на оддание на Педесетница, на 25., 26. и 31. декември, на 6., 7. и 14. јануари и на Лазарова сабота.

На Крстовден и на Крстопоклона недела, наместо: *Свјатии Боже,* се пее: *Кресту Твоему поклањаемсја Владико и свјатое воскресение Твое славим.*

Наместо: *Достоино ест...,* на Господови и на Богородични празници и на нивните одданија, како и во некои посебни случаи на нивни попразненства, се пее: наместо *Достојно ест...,* според упатствата во типикот за тие празници. Обично, наместо: *Достојно ест...,* се пее деветтата песна од канонот на празникот.

Причастен. Причастните стихови се дадени во службите на Господовите празници. На Богородичните празници за причастен се пее: *Чашу спасенија...* На светителските празници има одредени стихови посебно за апостоли, посебно за маченици и др. Во типикот се изложени посебните причастни стихови за одделни денови (за Томина недела, за Св. Архангел Михаил и др.).

По возгласот: *Со страхом Божиим...,* се пее, обично *Благословен грјадии во имја Господне, Бог Господ... и јависја нам.* Само на Пасха, во целата Светла седмица и на одданието на Пасха, наместо: *Благословен грјадии...,* се пее *Христос воскресе...*

По возгласот на свештеникот: *Спаси Боже људи Твоја...,* се пее: *Видјехом свет истинии...*

Наместо: *Видјехом свет истинии...,* на некои празници, како што е укажано во типикот, се пее тропарот на празникот. Од Пасха до оддание на Пасха, наместо: *Видјехом свет истинии...,* се пее: *Христос воскресе...* Од Вознесение до неговото оддание: *Вознеслсја еси...* На задушница пред Педесетница: *Глубиноју мудрости...* На Педесетница тропарот: *Благословен еси Христе Боже наш...* Од понеделник на Св. Дух, и натаму, се пее веќе *Видјехом свет истинии...* На 14. и 21. септември и на Крстопоклона недела, наместо: *Видјехом свет истинии...,* се пее тропарот: *Спаси Господи људи Твоја...* На 24. декември, кога на тој ден се служи св. Василева литургија, на 25., 26. и 31. декември се пее: *Рождество Твое Христе Боже наш...* На 1. јануари се пее тропарот: *На престоле огнезрачнем...* На 5. јануари, кога на тој ден се служи св. Василева литургија, како и на 6., 7. и 14. јануари, се пее: *Во Јордане крештајуштусја...* На 6. и 13. август: *Преобразилсја еси на горе...* На Лазарева сабота и на Цветници: *Обштее воскресение...* На Велики Четврток: *Вечери Твоеја таинија...* На Велика Сабота: *Помјани благоутробне...*

По возгласот на свештеникот: *Всегда нинье и присно и во веки веков,* се пее: *Амин, Да исполњатсја уста наша...* Само на Пасха, во текот на целата Светла седмица и на оддание на Пасха, наместо тоа, се пее: *Христос воскресе...*

На Пасха, во Светлата седмица и на оддание на Пасха, наместо: *Буди имја Господне...*, се пее: *Христос воскресе...* (трипати).

ЗАБЕЛЕШКИ

1. Овие упатства не важат за Предосветена св. литургија, за која има посебен редослед.

2. Кога во недела ќе се случи празник, редоследот е напишан за соодветната дата во типикот.

3. Кога Господовите празници: Крстовден, Рождество Христово, Богојавление или Преображение Господне ќе се паднат во недела, ништо воскресно од октоихот не се зема, а целиот редослед е само на празникот **од минејот**.

III АРХИЕРЕЈСКА СЛУЖБА
(упатство за пејачите)

На вечерната. Откако во притворот на храмот ќе се прочита деветтиот час и свештеникот ќе направи отпуст, архиерејот влегува заедно со свештенослужителите што го придружуваат и откако ќе застане на средина од храмот, благословува, а пејачите пеат: *На многаја лета Владико.* Потоа, архиерејот застанува на тронот, а свештеникот зема благослов од него, влегува во олтарот и го возгласува почетокот на вечерната. Архиерејот чита: *Приидите поклонимсја...* и 103. псалм. Следува редоследот на големата вечерна. Архиерејот уште ги чита: *Свете тихии..., Сподоби Господи..., Ниње отпуштаеши...*

За време на отпустот, архиерејот слегува од тронот, застанува на средината на храмот и благословува крстообразно, а пејачот пее: *Владику и свјаштеноначалника нашего, Господи, сохрани, на многаја лета, на многаја лета, на многаја лета Владико.* Свештеникот кажува: *Молитвами свјатаго владики нашего Господи Исусе Христе Боже наш помилуи нас.* Пејачот: *Амин.*

На утрената. Архиерејот обично доаѓа, малку пред пеењето на катавасијате, ја облекува мантијата и при влегувањето во храмот пејачот пее: *На многаја лета Владико.* Откако ќе застане на тронот, архиерејот ги започнува катавасијате. По утреното воскресно евангелие, тој чита (ако е недела): *Воскре-*

сение Христово... По завршувањето чинот на утреното евангелие, архијерејот пее *Честнејшују...* Откако ќе се испее: *Всјакое дихание..,* кога тој „зема време“, пејачот го пее големото *Владику и свјаштеноначалника нашего, Господи, сохрани, на многаја лета Владико.* Откако архијерејот ќе благослови, пејачот почнува да ги пее: ***хвалитните*** стихири. По пеењето на *Слава... и нињe...,* архијерејот заедно со сите сослужители излегуваат и застануваат на средина од храмот, за кое време се пее славословието. Постариот свештеник „зема време“ од архијерејот и влегува во олтарот и го возгласува почетокот на св. литургија со: *Благословено царство...*

На св. литургија. На малиот вход архијерејот и свештенослужителите што го придружуваат пеат: *Приидите поклонимсја...* (или друго соодветно **входно**) и влегуваат во олтарот. За тоа време, кога архијерејот благословува со дикирите и трикирите, пејачите пеат: *На многаја лета Владико.* Потоа пејачот повторува: *Спаси ни Сине Божии...* По пеењето на тропарите, обично, завршниот кондак се пее од архијерејот или од свештенослужителите во олтарот.

Свјатии Боже (или *Елици...* или *Кресту Твоему...*) се пее на следниов начин: пејачот го пее двапати: *Свјатии Боже...* Третиот пат се пее од свештенослужителите во олтарот. Четвртиот пат пак од пејачот. Петтиот пат во олтарот. Пејачот: *Слава... и нињe...: Свјатии безсмертнии, помилуи нас.* Следува олтарното: *Свјатии Боже...* сослужителите во олтарот пеат разделено: *Свјатии Боже,* по што, архијерејот од царските двери: *Господи, Господи, призри с небесе...* Пејачот: *На многаја лета Владико.* Свештенослужителите во олтарот: *Свјатии крепкии.* Архијерејот: *Господи, Господи, призри с небесе...* Пејачот: *На многаја лета Владико.* Свештенослужителите: *Свјатии безсмертнии.* Архијерејот: *Господи, Господи...* Пејачот: *На многаја лета Владико.* Свештенослужителите: *Помилуи нас.* По ова, ѓаконот (или свештеникот) возгласува: *Сила* и пејачот го пее целото: *Свјатии Боже...* Ѓаконот (или свештеникот), пак возгласува: *Господи спаси благочестивија.* Архијерејот и сослужителите го пеат истото. Ѓаконот пак: *Господи, спаси благочестивија.* Пејачот го пее истото. Ѓаконот: *И услиши ни.*

Свештенослужителите во олтарот го пеат истото: *И услиши ни.*

Во тоа време, кога служи епархискиот архијерej, при посвечени служби, ѓаконот возгласува **опширно многолетствие,** по кое пејачот го пее истото многолетствие.

По големиот вход, при возгласот од олтарот: *Возљубим друг друга, да единомислием исповеми,* пејачот откако ќе го испее *Отца и Сина...,* кога има повеќе сослужители, пее уште и: *Возљубљу Тја Господи...*

При посвечени служби, по возгласот: *В первих помјани Господи...,* по желба на архиепископот што служи или на митрополитот, ѓаконот кажува: **„Викличка"** (специјално многулетствие) и пејачот пее: *И о всех, и за вција.*

На крајот од св. литургија, кога архијерејот го кажува отпустот, пејачот пее: *Владику и свјаштеноначалника нашего...,* а архијерејот го благословува народот.

Кога има ѓакон, кој ќе возгласи многолетствие, **пејачот не пее**: *Владику и свјаштеноначалника.*

КОГА АРХИЈЕРЕЈ ТРЕБА ДА СЛУЖИ ПРЕДОСВЕТЕНА СВ. ЛИТУРГИЈА

Вообичаено архијерејот доаѓа при читањето на часовите. На крајот од Изобразителната читачот кажува *Господи помилуј* (1двапати) и архијерејот ја чита молитвата: *Всесвјатаја Троице...* По: *Благословено царство...,* исто така, архијерејот го чита 103–от псалм. При читањето на 18. катизма, архијерејот „зема време" и влегува во св. олтар и откако ќе се облече, при пеењето на стихирите на *Господи возвах...,* излегува и застанува на средина од храмот. По возгласот: *Премудрост прости,* архијерејот и сите сослужители пеат: *Свете тихии...* и влегуваат во олтарот. По ова се читаат паримиите, се пее: *Да исправитсја молитва моја...* и следува редоследот на Предосветената св. литургија.

IV СЕНОЌНО БДЕНИЕ

Редоследот на сеноќното бдение кај нас се извршува по скратениот редослед, воведен во парохиските цркви во диеце-

зата на Руската православна црква. На некои места се практикува да се извршува такво бдение и со источно црковно пеење.

Потребно е да се воведе еднаквост во извршувањето на тој редослед за да се избегне вкоренувањето на практики што не се сообразени со чинот на бдението, туку да се извршува како што е предвидено во типикот.

Чинот ќе биде изложен за сослужение на свештеник со ѓакон откако во забелешки ќе се одбележуваат особеностите во случај ако свештеникот служи без ѓакон.

1. БДЕНИЕ СПРОТИ НЕДЕЛНИ ДЕНОВИ

Свештеникот облекува епитрафил и фелон, а ѓаконот стихар и орар. Завесата и царските двери се отвораат. Ѓаконот, со запалена свеќа, стоејќи секогаш спроти свештеникот, го обиколува св. престол, кога свештеникот го прекадува св. престол од четирите страни и застанува пак пред св. престол. Ѓаконот излегува пред царските двери и возгласува: *Востаните, Господи благослови.* Свештеникот, кадејќи го св. престол, возгласува: *Слава... свјатеи...* Свештеникот заедно со ѓаконот (и со други клирици, ако има во св. олтар) пеат: *Приидите поклонимсја...* (како што е напишано во часословот), дополнувајќи веднаш по ова и: *Приидите поклонимсја и припадем Ему.*

ЗАБЕЛЕШКА. Ако свештеник служи без ѓакон, откако ќе го прекади од четирите страни св. престол, при отворени царски двери, возгласува: *Слава...: свјатеи...* и пејачите пеат: *Приидите поклонимсја...* и 103-от псалм.

Пејачите го пеат 103–от псалм, а свештеникот, придружен од ѓаконот, го кади св. олтар, иконите на иконостасот, целиот храм и верниците во него, внимавајќи да го заврши кадењето додека пејачите го пеат псалмот. Свештеникот и ѓаконот влегуваат во св. олтар, се затвораат царските двери и ѓаконот од солеата ја кажува големата ектенија. По возгласот од свештеникот, пејачите пеат од првата катизма: *Блажен муж...* По неа ѓаконот кажува мала ектенија. Потоа се пее: *Господи возвах...* на гласот што владее и првата воскресна стихира (обично така се практикува, а останатите стихири се читаат). *Слава..., и нињe...:* се пее догматикот на гласот што владее. Вход со кадил-

ница. Ѓаконот возгласува: *Премудрост, прости.* Пејачите пеат: *Свете тихии...* Во определеното време свештеникот и ѓаконот влегуваат во св. олтар и застануваат на „горното место“, откаде што ѓаконот кажува: *Вонмем,* а свештеникот: *Мир всем.* Ѓаконот: *Премудрост, вонмем, прокимен глас шести; Господ воцарисја в лепоту облечесја.* Пејачите: *Господ воцарисја...* Ѓаконот: *Облечесја Господ в силу и препојасасја.* Пејачите: *Господ воцарисја...* Ѓаконот: *Ибо утверди вселенују јаже не подвижитсја.* Пејачите: *Господ воцарисја.* Ѓаконот: *Господ воцарисја.* Пејачите: *В лепоту облечесја.* Свештеникот ги затвора царските двери и застанува пред св. престол, а ѓаконот излегува на солеата и ја кажува сугубата ектенија: *Рцем вси...* Читачот: *Сподоби Господи...* Ѓаконот ја кажува прозбената ектенија: *Исполним вечерњују молитву нашу Господеви...*

ЗАБЕЛЕШКА. Ако свештеникот служи сам, по входот, тој влегува во св. олтар и застанува на „горното место“, откаде што возгласува: *Вечернии прокимен.* Пејачите пеат: *Господ воцарисја...* (четирипати). Свештеникот ги затвора дверите и ги кажува ектениите.

Стиховните стихири, обично, се читаат. Пејачите пеат: *Нињe отпуштаеши...* Читачот чита: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...* Пејачите: *Богородице Дево... Буди имја Господне...* (трипати). Ѓаконот: *Господу помолимсја.* Свештеникот: *Благословение Господне на вас...* и веднаш се чита шестопсалмието. (Кога свештеникот служи сам, тој не кажува: *Господу помолимсја,* туку веднаш по *Буди имја Господне...* кажува: *Благословение Господне на вас...* и веднаш се чита шестопсалмието).

По шестопсалмието, ѓаконот ја произнесува големата ектенија и по возгласот на свештеникот, од солеата возгласува: *Глас первии,* (или предвидениот глас); *Бог Господ и јависја нам, благословен грјадии во имја Господне* и ги произнесува четирите стиха: *Исповедаитесја Господеви...* (од часословот), а пејачите во тоа време пеат *Бог Господ...* (4 пати) и воскресниот тропар. (Ако не служи ѓакон, пејачите веднаш по големата ектенија пеат: *Бог Господ...).*

Во парохиските цркви, по тропарите, не се читаат катизми. На бдение, пејачите по: *Бог Господ...,* веднаш пеат: *Сла-*

ва... и нињe...: алилуија, алилуија, алилуија, Слава Тебе Боже (трипати), *Господи помилуи* (трипати), *Слава Отцу и Сину и Светому Духу.* Читачот: *и нињe...* и ги чита првите седални (или само нивниот богородичен), *Слава...* пејачите: *и нињe...: алилуија, алилуија, алилуија...* (како погоре). Читачот: *И нињe...* и ги чита вторите седални. Ѓаконот кажува мала ектенија. По возгласот од свештеникот, пејачите пеат полиелеј: *Хвалите имја Господне...* Веднаш потоа: *Благословен еси Господи...* и тропарите: *Ангелски собор....* Ѓаконот кажува мала ектенија. Читачот чита ***шакој*** според гласот; степени и прокимен на гласот. Следува чинот на утреното воскресно евангелие.

Кога служи ѓакон, по возгласот на свештеникот: *Јако свјат еси Боже наш...,* тој возгласува: *Всјакое дихание да хвалит Господа.* Пејачите: истото. Ѓаконот: *Хвалите Бога во свјатих Его, хвалите Его во утверждении сили Его.* Пејачите: *Всјакое дихание да хвалит Господа.* Ѓаконот: *Всјакое дихание.* Пејачите: *Да хвалит Господа.* Ѓаконот: *И о сподобитисја...* Пејачите: *Господи помилуи* (трипати). Ѓаконот: *Премудрост, прости, услишим свјатаго евангелија.* Свештеникот: *Мир всем.* Пејачите: *И духови Твоему.* Свештеникот: *От Матеја* (или од друг евангелист, чие утрено евангелие треба да се прочита) *свјатаго евангелија чтение.* Пејачите: *Слава Тебе, Господи, Слава Тебе.* Ѓаконот: *Вонмем.* Свештеникот го чита на св. престол светото евангелие. Пејачите: *Слава Тебе, Господи, Слава Тебе.* Свештеникот го изнесува св. евангелие за целивање од верниците, а ѓаконот со запалена свеќа оди пред него. Пејачите пеат: *Воскресение Христово... Слава...: Молитвами апостолов... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуи мја Боже... Воскрес Исус од гроба.* Ѓаконот: *Спаси Боже људи Твоја...* Пејачите: *Господи помилуи,* 12 пати (4 пати по три). Свештеникот: *Милостију и штедротами...*

Се чита каноното како што е укажано за вообичаени неделни утрени, со ектении по третата и шестата песна. Катавасија. По осмата песна, ѓаконот возгласува: *Богородицу и матер света...* Пејачите пеат: *Честнејшују...* Ѓаконот го кади св. олтар и целиот храм. Откако ќе се испее деветтата песна, ѓаконот кажува мала ектенија. По возгласот на свештеникот, ѓаконот веднаш возгласува: *Свјат Господ Бог наш.* Пејачите: *Свјат Господ Бог наш.* Ѓаконот: *Јако свјат Господ Бог наш.* Пејачите: *Свјат Господ Бог наш.* Ѓаконот: *Над всеми људми Бог наш.*

Пејачите: *Свјат Господ Бог наш,* и се пее: *Всјакое дихание* според гласот што владее, откако ќе се прочитаат ***хвалитните*** стихири, како и *Слава...:* евангелската стихира. Пејачите: *и нињe...: Преблагословена еси...* Свештеникот при отворени царски двери возгласува: *Слава Тебе показавшему нам свет.* Пејачите го пеат славословието: *Слава в вишних Богу...* итн.

Ѓаконот возгласува: *Премудрост.* Пејачите: *Благослови.* Свештеникот: *Сии благословен...* Пејачите: *Амин.* Читачот: *Утверди Боже...* Свештеникот: *Пресвјатаја Богородице спаси нас.* Пејачите: *Честнејшују...* Свештеникот: *Слава Тебе Христе Боже, упование наше, Слава Тебе.* Пејачите: *Слава... и нињe...: Господи помилуи* (трипати), *Благослови.* Свештеникот го кажува големиот воскресен отпуст.

По отпустот, се затвораат царските двери и завесата. Свештеникот го соблекува својот фелон, а ѓаконот ги соблекува црковните одежди (тој веќе не зема учество во останатото богослужение).

Читачот го чита **првиот час.** По псалмите, прочитува *Слава...:* воскресниот тропар според гласот што владее; *и нињe...: б*огородичен од часословот. По: *Трисвјатое,* ипакој од октоихот. По возгласот на свештеникот: *Боже уштедри ни...,* читачот ја прочитува молитвата: *Христе свете истинии...* и потоа кажува: *Слава... и нињe...: Господи помилуи* (трипати), *благослови.* Свештеникот од солеата пред царските двери кажува скратен отпуст: *Воскресии из мертвих Христос истинии Бог наш...* Читачот: *Амин.* Свештеникот: *Молитвами свјатих отец...*Читачот: *Амин.*

ЗАБЕЛЕШКА. Вообичаено е кога се отслужува бдение на празникот, наутро, пред св. литургија да се прочитаат **третиот** и **шестиот час.**

2. БДЕНИЕ СПРОТИ ПРАЗНИЧНИ ДЕНОВИ

а) ГОСПОДОВИ И БОГОРОДИЧИНИ ПРАЗНИЦИ

Почетокот на бдението спроти такви празници е ист како воскресниот. По големата ектенија, спроти Господови празници не се чита катизма (*Блажен муж...).* Спроти Богородичните се пее: *Блажен муж...* (за поголема точност, добро е да се споредува навремено во типикот за секој празник). *Господи возвах...* се пее според гласот на првата стихира, која се пее, а останатите се читаат. *Слава... и нињe...:* стихирата на празникот. За Богородичните празници, кога ќе се случат во недела, гледај го изложеното во типикот. Вход, *Свете тихии...* Прокимен на денот. На пример: ако празникот се падне во среда и бдението се отслужува во вторник вечерта, ѓаконот од „горното место", каде што по входот стои со свештеникот, возгласува: *Вонмем.* Свештеникот: *Мир всем.* Ѓаконот: *Премудрост, вонмем, прокимен глас первии: Милост Твоја Господи поженет мја, всја дни живота моего.* Пејачите го пеат прокименот. Ѓаконот: *Господ пасет мја и ничтоже мја лишит, на месте злачне тамо всели мја.* Пејачите пак го пеат прокименот. Ѓаконот: *Милост Твоја Господи поженет мја.* Пејачите: *Всја дни живота моего.* Ѓаконот: *Премудрост.* Читачот: *Из книга Битие чтение* (или од друга книга, како што е укажано на паримиите за празникот). Ѓаконот: *Вонмем.* Читачот ја прочитува првата паримија. Така возгласува ѓаконот и на паримиите што следуваат.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога свештеникот служи без ѓакон, по *Свете Тихии...,* тој само возгласува: *Вечернии прокимен* и пејачите трипати го пеат соодветниот прокимен на денот. Потоа свештеникот пред паримиите кажува: *Премудрост и вонмем,* како што е вообичаено.

По сугубата ектенија, се прочитува *Сподоби Господи.* Прозбена ектенија. Се пеат литијните стихири. Во тоа време свештеникот и ѓаконот излегуваат од св. олтар низ царските двери и застануваат на местото каде што се поставува литијата и ќе се извршува чинот на петолебието. Ѓаконот ги кажува ектениите: *Помилуи мја Боже...* итн. Свештеникот го кажува воз-

гласот: *Услиши ни Боже...* и откако пејачите ќе испеат: *Амин,* кажува: *Мир всем.* Пејачите: *И духови Твоему.* Ѓаконот: *Глави наша Господеви приклоним.* Свештеникот ја чита молитвата: *Владико многомилостиве...,* а пејачите: *Амин.* Потоа се пеат (или се читаат) ***стиховните*** стихири: *Слава... и нињe...:* соодветната стихира на празникот. Веднаш потоа пеат: *Нињe отпуштаеши...* Читачот чита: *Трисвјатое.* По возгласот на свештеникот, пејачите го пеат тропарот на празникот (трипати). Во тоа време свештеникот кади околу масата, на која е поставено петтолебието, а ѓаконот со ***Светилник*** обиколува спроти него. Ѓаконот: *Господу помолимсја.* Свештеникот: *Господи Исусе Христе Боже наш...* Пејачите: *Амин.* Клириците пеат: *Богатии обништаша и взалкаша...* Истото го пеат и пејачите двапати. Ѓаконот: *Господу помолимсја.* Свештеникот од солеата со крстот го благословува народот и вели: *Благословение Господне на вас...* Следува шестопсалмието.

На *Бог Господ...* тропарите се пеат според упатството на типикот. Натаму следуваат седалните како во неделни денови. Кога ќе започне да се пее полиелејот, клириците излегуваат од св. олтар низ царските двери, застануваат пред иконата на празникот, што е поставена на аналојот на средина од храмот, а до него има поставена масичка и на неа сад со елеј за помазување. Кадењето започнува оттука, а потоа се кади св. олтар и целиот храм. По полиелејот свештенослужителите со запалени свеќи во рака, на средина од храмот, пред иконата, го пеат величанието на празникот. Истото го пеат и пејачите. Ѓаконот кажува мала ектенија. Пејачите пеат: *От јуности моеја...* Ѓаконот пред царските двери го возгласува прокименот со стихот; пејачите пеат според редоследот како што е кажано за прокименот на вечерната. Ѓаконот возгласува: *Господу помолимсја.* Свештеникот: *Јако свјат еси Боже наш и во свјатих почиваеши...* Ѓаконот од царските двери со св. евангелие во раце и завртен кон народот вели: *Всјакое дихание...* како што е кажано при воскресната служба. Свештеникот го чита св. евангелие на средина од храмот. Потоа ѓаконот го внесува во св. олтар и го поставува на неговото место. Читачот чита: *Помилуи мја Боже...* Пејачите пеат: *Слава...* и посебните стихови за Господовиот празник или: *Слава...: Молитвами Богородици...* (за богородичен празник). *И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуи мја Боже...* и стихирата. Во тоа време, веднаш по прочитувањето

на св. евангелие, започнува помазувањето со елеј. Свештеникот се помазува себе си, потоа го помазува ѓаконот и верниците, кои ја целиваат св. икона и пристапуваат кон свештеникот да бидат помазани.

Ѓаконот: *Спаси Боже људи Твоја...* Свештеникот го кажува возгласот: *Милостију и штедротами...* Читачот чита од канонот. Пејачите ги пеат соодветните катавасија. Ѓаконот возгласува: *Богородицу и матер света...* Пејачите ја пеат деветтата песна. По малата ектенија, веднаш следуваат ***светилните*** (не се пее: *Свјат Господ Бог наш)* и ***Хвалите*** како и славословието според редоследот изложен во воскресната служба. По славословието се пее тропарот на празникот.

По отпустот, се прочитува ***првиот час***, откако по псалмите се чита тропарот на празникот и по *Трисвјатое,* кондакот на празникот.

б) СПРОТИ ПРАЗНИЦИ НА СВЕТИТЕЛИ СО ПОЛИЕЛЕНА СЛУЖБА

Почетокот е ист како што е даден и при другите празници. По големата ектенија, се пее првиот антифон од првата катизма: *Блажен муж... Господи возвах...,* се пее според гласот на првата стихира. Се читаат предвидените стихири и *Славата* на светителот. *И нињe...:* се пее догматикот според гласот на *Славата.* По входот и по прокименот на денот, се читаат паримии, како што е укажано и при другите празници. Следуваат ектениите, литијата и петолебието според редоследот што е изложен погоре. По *Трисвјатое,* се пее тропарот на светителот (двапати), и: *Богородице Дево...* (еднаш).

На утрената редоследот е ист, како што е изложен во типикот за Господовите празници. По полиелејот, величанието се пее пред иконата на светителот, поставена на средината од храмот. По прочитувањето на утреното евангелие (исто на средина од храмот) и на 50 псалм, пејачите пеат *Слава...: Молитвами свјатитеља (*или *преподобнаго* или друго, според празникот) *милостиве... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуи мја Боже...* и стихирата. Со елеј се помазува откако ќе се прочита евангелието. Понатаму сè според редоследот, изложен за

Господови и Богородични празници. По славословието, се пее тропарот на светителот.

Наутро, на самиот празник, богослужението започнува подоцна затоа што не се отслужува утрена. Кога свештеникот ја извршува проскомидијата, читачот го чита третиот и шестиот час. Веднаш потоа започнува св. литургија со: *Благословено царство...*

ЗАБЕЛЕШКА 1. За редоследот на Богородични празници, кога ќе се случат во неделен ден или кога празнувани светители (со полиелејна служба) ќе се паднат во недела или во попразненство на Господов или на богородичен празник, се запазува редоследот изложен понатаму во типикот, каде што е бележано колку и кои стихири се пеат на *Господи возвах...*, на ***стиховните***, На ***хвалите:***, какви и кои стихири се пеат на: *Слава...* и на: *и нинье...:* кои тропари и според каков редослед се пеат на *Бог Господ...* итн.

На празници на светители, кога ќе се случат во неделен ден, по полиелејот, се пеат и тропарите со *Благословен еси Господи..., Ангелски собор....* итн.

ЗАБЕЛЕШКА 2. Бидејќи кај нас нема секаде хор што може да ги научи сите стихири, тропари и др. за да ги пее на бдение Ѣ тогаш повеќето од нив се читаат, а се пеат само научените. Таму каде што на бдение се пее источен напев, следува да се пеат сите стихири, тропари и др. според редоследот, изложен во типикот за соодветниот празник.

ЗАБЕЛЕШКА 3. Освен во неделните и во празничните денови, одбележани во минеите и во другите богослужбени книги, вообичаено е да се отслужува бдение и спроти храмов празник, макар и храмовиот светител да нема полиелејна служба (на пр.: св. Макрина, св. Недела и др.). Во тој случај се отслужува празнична служба со вход, паримии на вечерната, со полиелеј, утрено евангелие на утрената откако се составува службата според општиот минеј слично на празничните служби (26. септември или 13. ноември).

V РЕДОСЛЕД НА ОПЕЛОТО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Во храмови, посветени во чест на празникот Успение на пресвета Богородица, некаде се извршува „Опело на пресвета Богородица" според посебен редослед.

Тој редослед, обично, се извршува следниот ден вечерта (на 16 август вечерта). Меѓутоа, ако празникот Успение на пресвета Богородица се случи во петок, тогаш за да не се меша воскресната служба со чинот на Опелото, тој редослед се извршува во недела навечер, односно, на 17 август или, пак, ако благослови надлежниот на самиот ден на празникот, вечерта (в петок навечер на 15 август).

Редоследот е следен.

Се извршува служба според сеноќното бдение вечерна поврзана од утрена.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 8 стихири (први глас): 3 стихири од минејот на празникот: *О дивное чудо...* и следните две; една стихира самогласна, шести глас, 3 стихири, втори глас, подобни: *Егда от древа...* и една самогласна стихира, петти глас (сите од редоследот на опелото). *Слава... и нињe...: Богоначалним мановением...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен, глас втори: *Воскресни Господи в покои Твои, Ти и кивот свјатини Твоеја.* Стих: *Кљатсја Господ Давиду истинојy и не отвержетсја еја.* Трите паримии од службата на празникот. Исто така и стиховите оттаму. Ако има петолебие, се пее тропарот на празникот: *В рождестве девство...* По возгласот: *Благословение Господне на вас...* веднаш започнува:

Утрената. По читањето на шестопсалмието и по големата ектенија, кога се пеат тропарите на *Бог Господ...* од св. олтар, се изнесува плаштаницата со иконата на Успение на пресвета Богородица и се поставува на средина од храмот на аналој или на маса (гробот) употребувана за св. плаштаница на Велики Петок. Таму се поставува и посебна икона на св. Богородица или, ако плаштаницата е поставена на аналој, иконата се поставува на друг аналој одлево. На *Бог Господ...* се пеат тропари-

те, втори глас: *Благообразнии ученик лик... Слава...: Егда снизшла еси к смерти... И нињe...: Свјаштеним учеником...*

Веднаш следуваат трите статии од Опелото на св. Богородица, со мала ектенија и посебните возгласи по прва и втора статија. По третата статија, веднаш се пеат тропарите, петти глас, со припевот: *Благословеннаја Владичице, просвети мја светом Сина Твоего.* Во тоа време најстариот свештенослужител го кади целиот храм. Следува мала ектенија. Веднаш потоа се пеат степените: *От јуности моеја.....* и прокименот, четврти глас: *Помјану имја твое во всјаком роде и роде.* Евангелие: *Во дни они воставши Мариам... Слава...: Молитвами Богородици... И нињe...:* истото. Стих: *Помилуи мја Боже...* и стихирата, шести глас: *Егда преставление... Спаси Боже људи Твоја...* По возгласот следуваат двата канона на празникот. По третата песна, ***ипакој.*** По шестата песна, кондак и икос. Катавасија: *Отверзу уста моја...* (за Успение). Се пее деветтата песна со припевите на празникот. ***Светилен.*** *Апостоли от конец... Всјакое дихание..* и стихирите на празникот. Големо славословие.

Кога ќе се запее последното: *Свјатии Боже...* (продолжено), **се прави литија околу храмот** со плаштаницата на св. Богородица и се пее тропарот: *В рождестве девство...* По литијата, плаштаницата пак се поставува на средина од храмот; се кажуваат сугуба и прозбена ектенија и се прави отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога ќе почне да се чита каноното, покрај плаштаницата се поставува елеј за помазување. Богомолците пристапуваат кон плаштаницата, ја бакнуваат, ја бакнуваат и иконата на св. Богородица и свештенослужителот ги помазува со осветен елеј.

Плаштаницата се внесува во св. олтар следниот ден пред да започне утреното богослужение со пеење на тропарот: *В рождестве девство сохранила еси...*

ВТОР ДЕЛ

ПРАЗНИЦИ ОД МИНЕЈОТ

(М е с е ц о с л о в)

СЕПТЕМВРИ

1 СЕПТЕМВРИ ЦРКОВНА НОВА ГОДИНА („ПОЧЕТОК НА ИНДИКТОТ“).

СВ. ПРЕПОДОБЕН СИМЕОН СТОЛПНИК

Редоследот на службата е целосно од минејот.

На вечерната. По 103-от псалм, се чита првиот антифон од првата катизма: *Блажен муж...* На *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на индиктот и 7 на преподобниот. *Слава...* на преподобниот: *Божественаја благодат... И нинье...:* на индиктот: *Иже со Духом Свјатим соединен...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен на денот и паримии. ***Стиховните**** од минејот (започнува левата певница). *Слава...* на преподобниот: *Преподобне отче... И нинье...:* на индиктот: *Ти Царју сии присно... Нинье отпуштаеши...* Отпустителни тропари: на индиктот, *Слава...:* на преподобниот: *Терпенија столп бил еси..., и нинье...: Радуисја обрадованнаја...*

На утрената. На *Бог Господ...:* тропарот на индиктот два пати, *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...: Радуисја обрадованнаја...* Седалните од минејот. *Помилуи мја Боже...* Каноните како што се во минејот: на индиктот и на преподобниот. По третата песна, седалниот на индиктот и на преподобниот. По шестата песна, кондак и икос. *Месјаца септемврија в первии ден начало индикта, сиреч новаго лета церковнаго, и памјат преподобнаго отца нашего Симеона Столпника и матере его Марти, и свјатаго мученика Аитала, и свјатих мученицъ четиридесјати жен и свјатаго Аммуна диакона и учителя их, и свјатих мученик Каллисти, Евода и Ермогена самобратии, и памјат праведнаго Исуса сина Навина; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав... Честнејшују...* ***Светилни***: три, како што се во минејот. На ***хвалите:*** се пеат 4 самогласни стихири од минејот. *Слава...:* на преподобниот: *От корене благаго..., и нинье...:* на индиктот: *Неизреченоју мудростију...* Големо славословие. Тропар на индиктот.

---

* Со овој термин се означуваат ***стиховните*** стихири.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на индиктот, *Радуисја обрадованаја...,* на преподобниот, на храмовиот светител. Кондак на индиктот: *Веков Творче и Владико...* Апостол и евангелие на индиктот. Причастен: *Благословиши венец лета благости Твоеја Господи, Алилуија. Видјехом свет истинии...* и отпуст.

КОГА 1 СЕПТЕМВРИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен:

На вечерната. Во сабота навечер, по 103-от псалм, се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат 10 стихири: 4 воскресни, 3 на индиктот и 3 на преподобниот. *Слава...:* на индиктот: *Иже со Духом Свјатим соединен... и нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховните***: воскресните стихири. *Слава...:* на преподобниот: *Преподобне отче..., и нињe...:* на индиктот: *Ти Царју сии присно...* Отпустителни тропари: воскресен, на индиктот, *Слава...:* на преподобниот, *и нињe...: Радуисја обрадованаја...*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја...* Тропар на индиктот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални, *Слава... и нињe...:* седалните на индиктот. Вторите седални на истиот начин. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор....* Ипакој, степени и прокимен, воскресен. Канони: воскресен, на индиктот и на преподобниот. По третата песна, кондак и икос на преподобниот, седален на индиктот: *Иже времена плодоносна... Слава...:* седален на преподобниот: *Земнаја всја оставив..., и нињe...:* кондак на индиктот: *В вишних живии...* По шестата песна, кондак и икос воскресни. Следува: *Месјаца септемврија в первии ден начало индикта, сиреч новаго лета церковнаго, и памјат преподобнаго отца нашего Симеона Столпника и матере его Марти, и свјатаго мученика Аитала, и свјатих мучениц четиридесјати жен, и свјатаго Аммуна диакона и учитеља их, и свјатих мученик Калисти, Евода и Ермогена самобратии, и памјат праведнаго Исуса сина Навина; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси*

нас, Амин. Катавасија: *Крест начертав...* Утрено евангелие воскресно. *Честнеишшују...* Светилни: воскресен, *Слава...:* на преподобниот, *и ниње...:* на индиктот: *Содетељу и правителју...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на индиктот (од вечерната служба): *Самославнаго и божественаго...* со следните припеви на седмата и осмата стихира: 1. *Тебе подобает песн Боже в Сионе и Тебе воздастсја молитва во Иерусалиме.; 2. Благословиши венец лета благости Твоеја Господи. Слава...:* на индиктот: *Неизреченоју мудростију... И ниње...: Преблагословена еси... Днес спасение миру бист...*

На св. Литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на индиктот: *Радуисја обрадованаја...,* на преподобниот, на храмовиот светител и кондак на индиктот: *Веков Творче и Владико...* Апостол и евангелие: на индиктот. Причастен: *Благословиши венец лета... Видјехом свет истинии...*

5 СЕПТЕМВРИ

СВ. ПРОРОК ЗАХАРИЈ

Службата е целосно од минејот (првата служба).

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на пророкот. *Слава...:,* на пророкот: *Свјаштенства законнаго... И ниње...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...* на пророкот: *Јако чист јерej... И ниње...: О чудесе новаго...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на пророкот, *и ниње...: Еже от века...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, само што воскресниот се пее двапати. Седални воскресни; ипакој, степени и прокимен, воскресни. Канони: воскресен и на пророкот од минејот. Катавасија: *Крест начертав...* Утрено воскресно евангелие. *Честнејшују...* Светилни: воскресен, *Сла-*

ва... на пророкот: *Первее гласом..., и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на пророкот (***стиховните*** стихири од вечерната на втората служба) заедно со припевите кон последните две стихири. *Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. Тропар: *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на пророкот: *Свјаштенства одеждеју...,* на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна поношенија безчадства...*

Апостол на пророкот. Евангелие на неделата.

6. СЕПТЕМВРИ

ЧУДО НА СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ

Службата е според минејот. Утрената е напишана по каноното на маченикот Евдоксиј.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. архистратиг Михаил. *Слава...: Срадуитесја нам всја. И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На стиховни, воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Јако чиноначалник и поборник...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на архистратигот Михаил, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, но воскресниот се пее двапати. Воскресни седални. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на св. арх. Михаил. Катавасија: *Крест начертав...* Утрено воскресно евангелие. *Честнејшују...* Светилни: воскресен, на архистратигот Михаил, со богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на арх. Михаил со следните припеви на последните две стихири: 1. *Творјаи ангели Своја духи и слуги Своја пламен огнении;* 2. *Хвалите Его вси ангели Его, хвалите Его всја сили Его.*

Слава...: евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. Тропар: *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропарите: воскресен, *Небесних воинств...,* на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна поношенија безчадства...* Апостол. Евангелие: од неделата.

7 СЕПТЕМВРИ

ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Целата служба е од минејот.

ЗАБЕЛЕШКА. Така се постапува пред сите Господови и Богородични празници, чиишто служби се напишани во минејот: на 13 септември: претпразненство на Крстовден; на 20 ноември: претпразненство на Воведение на пресвета Богородица; на 20, 21, 22, 23 и 24 декември: претпразненство на Рождество Христово; на 2, 3, 4 и 5 јануари: претпразненство на Богојавление; на 1 февруари: претпразненство на Сретение Господне; на 5 август: претпразненство на Преображение Господне и на 14 август: претпразненство на Успение на пресвета Богородица.

За деновите пред Рождество Христово и пред Богојавление, кога се читаат царските часови, има посебен редослед поместен на соодветно место во овој типик.

За претпразненството на Благовештение има поединечни упатства за секој посебен случај при чествувањето на тој празник.

КОГА ПРЕТПРАЗНЕНСТВОТО НА РОЖДЕСТВОТО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА

На вечерната, во сабота навечер по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на твото (едната се повторува). *Слава...* на претпразненството: *Всечестное твое рождество..., и нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нинье...:* на претпраз-

ненството: *Всемирнаја радост...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и нињe...: От корене Јесеева.*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на претпразненството.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нињe...:* на претпразненството. Два воскресни седални, *Слава..., и нињe...:* на претпразненството: *Рождшисја преславно...* Пак два воскресни седални, *Слава..., и нињe...: Небеснаја всја... Благословен еси Господи..., Ангелски собор....* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на претпразненството. По третата песна: седален на претпразненството: *Да радуетсја небо...* По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в седмии ден предпраздненство рождества пресвјатија Богородици, и свјатаго мученика Созонта; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. *Честнејшују...* Светилни: воскресен, *Слава..., и нињe...:* на претпразненството: *Адаме обновисја...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на претпразненството (напишани на стиховни со нивните соодветни припеви кон последните две стихири). *Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на претпразненството и на храмовиот светител. Кондак на претпразненството: *Дева днес и Богородица Марија...* Апостол; евангелие од неделата (пред Воздвижение).

8 СЕПТЕМВРИ

РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Целата служба е од минејот.

На вечерната. По предначинателниот псалм, се чита првата статија од првата катизма. На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири. *Слава..., и нињe...: Днес иже на разумних престолех...* Вход, *Свете тихии...*, прокимен на денот и паримии. ***Стиховните***

стихири од минејот. Отпустителниот тропар на празникот (трипати), без *Слава..., и нињe...*

Празнична полноќница. Литијни стихири и тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на празникот (трипати). Седалните според упатствата во минејот. Полиелеј и величание. Седални по полиелејот. Степени: *От јуности моеја.....* Прокимен: *Помјану имја Твое во всјаком роде и роде.* Утрено евангелие на празникот. Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици..., и нињe...: Молитвами Богородици...* Стих: *Помилуи мја Боже...* и стихирата на празникот: *Сеи ден Господен...* Двата канона од минејот, со припев: *Пресвјатаја Богородице спаси нас.* На претпоследниот тропар од вториот канон се кажува *Слава...:* а на последниот: *и нињe...* По шестата песна, кондак и икос и следува: *Месјаца тогожде во осмии ден Рождество пресвјатија Владичици нашеја Богородици и присноделви Марии; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Наместо: *Честнејшују...,* се пее деветтата песна од канонот, според упатствата во минејот. ***Светилни:*** *От неплодниија днес... Слава..., и нињe...: Адаме обновисја...* На ***хвалите:*** стихирите според упатствата во минејот. *Слава..., и нињe...: Сеи ден Господен...* Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија: празнични антифони. Првиот: *Молитвами Богородици...;* вториот: *Спаси ни, Сине Божии, во свјатих дивен сиј...* Третиот: *Рождество Твое Богородице Дево...* По входот: *Приидите поклонимсја... Спаси ни, Сине Божии, во свјатих дивен сиј...* и тропарот: *Рождество Твое...* Кондак на празникот: *Јоаким и Анна...* Апостол и евангелие на празникот. Наместо: *Достојно...: Величаи душе моја... Чужде матерем девство...* Причастен: *Чашу спасенија... Видјехом свет истинии...*

КОГА РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, во сабота навечер, по 103-от псалм, се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и 6 на празникот. *Слава..., и нињe...:* на празникот: *Днес иже на разумних престолех...* Вход, *Свете тихии...,* и прокимен: *Господ воцарисја...* Се читаат паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...:* на празникот: *Приидите вси верии...* Отпустителни тропари: воскресен, и на празникот (двапати), (без *Слава..., и нињe...).*

На полноќницата, по троичниот канон, се пеат литијните стихири на празникот. *Достоино ест јако воистину славити Тја...* Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални: два воскресни, *Слава..., и нињe...: Возопии Давиде...* Пак два воскресни, *Слава..., и нињe...: От корене Јесеева...* Полиелеј на празникот: *Отригну сердце мое, Слово благо...* и величанието на празникот. По ектенијата: третите седални на празникот. Ипакој и степени: воскресни, според гласот што владее. Прокимен: *Помјану имја Твое во всјаком роде и роде.* Утрено евангелие на празникот (се чита од царските двери). *Воскресение Христово...; и* се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици..., и нињe...:* истото. *Помилуи мја Боже...* и стихирата на празникот: *Всемирнаја радост...* (напишана на ***стиховните*** на вечерната).

Канони: воскресен и двата на празникот. По третата песна, се чита воскресен кондак. *Слава..., и нињe...:* седалниот на празникот: *Дева Марија...* По шестата, песна: кондак и икос на празникот. *Месјаца тогожде во осмии ден Рождество пресвјатија Владичици нашеја Богородици и Приснодеви Марии; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Наместо: *Честнејшују...,* се пее деветтата песна на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на празникот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Слиши дшти и вижд и приклони ухо твое; 2. Лицу твоему помољатсја богатии људстии. Слава...: Сеи ден Господен. И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Празнични антифони: првиот: *Молитвами Богородици;* вториот: *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих...* третиот: Тропарот на празникот: *Јоаким и Анна поношенија безчадства.* Апостол и евангелие Ѣ на Недела пред Воздвижение. На: *Изрјадно: Величаи душе моја... Чужде матерем девство...* Причастен: *Чашу спасенија. Видјехом свет истинии.*

9 СЕПТЕМВРИ

СВ. ПРАВЕДНИ БОГООТЦИ ЈОАКИМ И АНА

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на празникот: *О дивнаго чудесе...* (напишани На ***хвалите.*** на самиот празник: 8. 10.) и 3 на св. богоотци: *Приидите ниње ликуим песненно... Слава..., и ниње...: О блаженаја двоице...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен на денот. На ***стиховни:*** *Јоаким и Анна торжествујут...* (пишувани на *Господи возвах...). Слава..., и ниње...: Иже из неплодних ложесн...* Отпустителен тропар на св. богоотци, *Слава..., и ниње...: Рождество Твое Богородице Дево...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на св. богоотци (двапати), *Слава..., и ниње...: Рождество Твое Богородице Дево... Седални:* на празникот. 50 псалм се чита. Каноните: на празникот и на св. богоотци како што се дадени во минејот. По кондакот и икосот на шестата песна: *Месјаца тогожде в девјатии ден памјат празднуем свјатих и праведних богоотец Јоаким и Анни, и свјатаго мученика Севиријана; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав... Честнејшују...* Светилни од минејот. На ***хвалите:*** 4 стихири: *Приидите ниње ликуим...* (пишувани на вечерната). *Слава..., и ниње...: Днес всенепорочнаја чистаја...* (од ***стиховните*** на утрената). Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на празникот, на св. богоотци, на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна... Достоино ест...* Причастен: *Радуитесја праведнии...*

КОГА 9 СЕПТЕМВРИ ЌЕ СЕ ПАДНЕ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. богоотци: *Приидите нињe ликуим... Слава...* на св. богоотци: *О блаженаја двоице..,. и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...:* на св. богоотци: *Иже из неплодних ложесн...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...* на св. богоотци, *и нињe...: Рождество Твое Богородице Дево...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава...* на св. богоотци, *и нињe...: Рождество Твое Богородице Дево...* Седални воскресни, *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен воскресни. Канони: воскресен, на празникот и на св. богоотци. По третата песна: седалниот: *Јоаким и Анна торжествујут...* По шестата песна: воскресен кондак и икос. *Месјаца тогожде в девјатии ден памјат празднуем свјатих и праведних богоотец Јоакима и Анни, и свјатаго мученика Севиријана; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишшују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава..., и нињe...:* на празникот: *Адаме обновисја...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на попразненството: *Нињe играи пророче Давиде...* (напишани како стиховни на утрената на 9. 10), со нивните соодветни припеви кон последните две стихири. *Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на празникот, на св. богоотци, на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна.* Апостол и евангелие – на Недела пред Воздвижение.

12 СЕПТЕМВРИ

ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Службата е според минејот, како што е на самиот празник, но на вечерната не се прави вход, не се читаат паримии; на полноќницата нема литии, а на утрената нема полиелеј, величание и утрено евангелие. Веднаш по вторите седални, се чита 50 псалм и потоа каноните. На св. литургија: апостол и евангелие не се читаат на празникот, туку редовните на денот.

ЗАБЕЛЕШКА. Таков е редоследот за одданијата на сите Господови и Богородични празници. Само на оддание на Успение на пресвета Богородица на св. литургија апостолот и евангелието се читаат на празникот, а не на денот.

КОГА ОДДАНИЕТО НА ПРАЗНИКОТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и 6 на празникот. *Слава...:* на празникот. *И нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Отпустителни тропари: воскресен и на празникот: (двапати), без *Слава..., и нињe...*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја Бога Слова.* Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални, откако на *Слава..., и нињe...:* се пеат седалните на празникот. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: според гласот што владее. Канони: воскресен и вториот на празникот. По третата песна, седален на празникот. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в дванадесјатии ден памјат празднуем свјатаго свјаштеномученика Автонома; в тоиже ден отдаетсја праздник Рождества Пресвјатија Владичици нашеја Богородици и приснодеви Марии; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. Се пее *Честнејшују...* ***Светилни:*** воскресен и двата на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири

и 4 на празникот (трите редовни и четвртта: стихирата на *Славата: Сеи ден Господен...*) со следните припеви на последните две стихири: 1. *Слиши дшти и вижд и приклони ухо твое; 2. Лицу Твоему помољатсја богатии људстии. Слава...:* евангелска стихира. *И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Празничните антифони: првиот, *Молитвами Богородици...;* вториот, *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих...;* третиот, тропар на празникот. По входот, тропари: воскресен, на празникот и на храмовиот светител. Кондак на празникот: *Јоаким и Анна...* Апостол и евангелие: од Недела пред Воздвижение. Наместо: *Достојно...: Величаи душе моја... Чужде матерем девство...* Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истиннии...* и отпуст.

13 СЕПТЕМВРИ

ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА ВОЗДВИЖЕНИЕ НА ЧЕСТНИОТ КРСТ, ОБНОВУВАЊЕ НА ХРАМОТ СВ. ВОСКРЕСЕНИЕ

Целата служба е од минејот.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири, 3 на обновувањето: *Обновление почитати...* и другите две, и 3 на крстот (се земаат од малата вечерна на Крстовден, на 14. септември: *Крест возноситсја...* и другите две). *Слава...: Памјат обновлении. И ниње...:* првиот богородичен на гласот што владее. *Свете тихии...,* прокимен на денот и паримии. На ***стиховните,*** воскресните стихири. *Слава..., и ниње...:* на крстот: *Божественное сокровиште...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на обновувањето: *Јакоже вишнија тверди благолепие.., и ниње...:* на крстот: *Животворјаштии крест...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, откако воскресниот се повторува. Седални и воскресни. Канони: воскресен, на обновувањето и на претпразненството.

По третата песна: седален на обновувањето: *Свидетелства скинију Христос показа...* По шестата песна, кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в тринадесјатии ден памјат обновлении храма свјатаго Христа и Бога нашего воскресенија, и предпразненство воздвиженија честнаго и животворјаштаго Креста, и свјатаго свјаштеномученика Корнилија Сотника. Силоју честнаго Креста Твоего спаси нас, Господи.* Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. Се пее *Честнејшују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на обновувањето, и *нинье...:* на претпразненството. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на обновувањето: *Днес божественнии..,* со следните припеви: на претпоследната: *Господи возљубих благолепие дому Твоего...* и на последната: *Тебе подобает песн Боже в Сионе... Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на претпразненството, на обновувањето и на храмовиот светител. Кондак: *Небо многосветлое...* Апостол и евангелие: од Недела пред Воздвижение.

14 СЕПТЕМВРИ

ВОЗДВИЖЕНИЕ НА ЧЕСТНИОТ И ЖИВОТВОРЕН КРСТ (КРСТОВДЕН)

Целата служба е од минејот во било кој ден да се случи.

Претходни белешки

1. Ако празникот се случи во сабота, на вечерната во петокот навечер се пее големиот прокимен: *Бог наш на небеси и на земли, всја елика восхоте сотвори.*

2. По евангелието на утрената, се чита *Воскресение Христово...* во било кој ден да се случи празникот.

3. **За катизмата:** ако е сабота навечер, по 103–от псалм се чита целата прва катизма; ако е недела вечер, се чита само првата статија од првата катизма; ако е друг ден, не се чита катизма, туку веднаш по ектенијата се пее: *Господи возвах...*

4. Пред почетокот на вечерната, свештеникот го зема чесниот крст од местото каде што се чува преку годината, го поставува на подготвен дискос врз босилок и цвеќе и го става на жртвеникот.

***

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат трите стихири на 6. *Слава..., и нињe...: Приидите вси јазици...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. ***Стиховните*** ги пееме: според редоследот изложен во минејот. Отпустителен тропар *Спаси Господи...* (трипати) и отпуст.

По отпустот на вечерната, свештеникот **го пренесува чесниот крст** од жртвеникот на престолот според следниов ред:

Благословен Бог наш..., Трисвјатое, Јако Твое ест царство... Пејачите пеат: *Спаси Господи...,* свештеникот го покадува подготвениот св. крст на дискосот, го бакнува и кога пејачите ќе го запеат кондакот: *Вознесиисја на крест...,* го подигнува дискосот над својата глава (пред него оди свеќоносец со кадилница), го пренесува на св. престол и го поставува на местото на св. евангелие, кое пак се поставува малку погоре. По ова, прави мал отпуст.

Преку целата ноќ на св. престол гори кандило или светилник.

Празнична полноќница со литиите на празникот. Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот (трипати). Седалните според минејот. Полиелеи и величание. По ектенијата, седалниот по полиелејот и се пее: *От јуности моеја...* Прокимен: *Видеша вси конци земли спасение Бога нашего.* Утрено евангелие на празникот. *Воскресение Христово...;* се чита 50 псалм. *Слава...: Ти мои покров державен еси...* (напишана на литијата), и *нињe...:* истото. Стих: *Помилуи мја Боже...* и стихирата на празникот: *Кресте Христов...* Канон на крстот, без припеви, само што на претпоследниот тропар се кажува: *слава...:* и на последниот: *и нињe...:* (тоа се прави за секоја песна). По третата, песна седалниот: *В тебе треблажение...* По шестата песна: кондак и икос. *Месјаца тогожде в четиринадесјатии ден все-*

мирное Воздвижение честнаго и животворјаштаго Креста. Силоју Твоего честнаго и животворјаштаго Креста спаси нас, Господи, Амин. Катавасија: *Крест начертав...* Наместо: *Честнејшују...,* се пее: деветтата песна од канонот. ***Светилните*** според упатствата во минејот. На ***хвалите:*** се пеат четирите стихири. *Слава..., и нињe...: Днес происходит крест Господен...* Големо славословие на четврти глас. Последното *Свјатии Боже...* од славословието се пее бавно и тогаш се извршува:

ИЗНЕСУВАЊЕ НА СВ. КРСТ

Чредниот свештеник (ако има сослужение, најстариот свештеник според чинот) го покадува св. крст, прави три поклони и го бакнува. Потоа, го зема дискосот со св. крст на својата глава (пред него оди ѓакон, или свештеник, или црковнослужител), кој кади со кадилницата пред него, го обиколува св. престол и низ северната врата излегува од олтарот, а пред нив одат свеќоносец и пејачите, кои пеат бавно: *Свјатии Боже...* Откако ќе дојде на средината од храмот, каде што навреме е подготвен аналој, свештеникот го обиколува трипати аналојот и застанува пред него. Пејачите во тоа време го завршуваат: *Свјатии Боже...* и свештеникот пред аналојот возгласува: ***Премудрост прости!*** поставувајќи го дискосот со чесниот крст врз аналојот. Потоа свештеникот пее еднаш, а пејачите уште двапати: *Спаси Господи...* Во тоа време свештеникот обиколува (трипати) околу аналојот и кади. По прави три поклони (во било кој ден да се случи празникот), го зема честниот крст во рацете заедно со босиловите гранчиња, го подигнува, застанат пред аналојот, и гледајќи кон исток, возгласува: *Помилуи нас, Боже, по велицеи милости Твоеи, молимсја Тебе, услиши нас, Господи, и помилуи.* Пејачите почнуваат да ја пеат првата стотница: *Господи помилуи,* а свештеникот осенува со крстот и почнува да се наведнува постепено, откако кон средината на стотницата се наведнува до земјата колку на една педа. Потоа почнува да се исправа и кон крајот на стотницата сосема се исправува и пак осенува со крстот.

Потоа свештеникот застанува на јужната страна од аналојот и, гледајќи кон север, кажува: *Еште молимсја о благочестивем православнем нашем народе и о христољубивем воинстве.* Пејачите ја почнуваат втората стотница *Господи помилуи*

и свештеникот, откако осени со крстот, се наведнува и се исправа како првиот пат.

Потоа застанува на источната страна од аналојот и, гледајќи кон запад, кажува: *Еште молимсја о високопреосвјаштењејшем митрополите нашем* (името) *и о всем во Христе братстве нашем.* Пејачите ја почнуваат третата стотница *Господи помилуи* и свештеникот пак се наведнува до земјата и се исправа.

Потоа свештеникот застанува на северната страна од аналојот и, гледајќи кон југ, кажува: *Еште молимсја о присуствујуштих зде и отсутствујуштих православних христијанех, живуштих во граде сем* (или: *во веси сеи).* Пејачите ја почнуваат четвртата стотница *Господи помилуи* и свештеникот пак се наведнува и се исправува.

Свештеникот пак застанува на западната страна пред аналојот и, гледајќи кон исток, кажува: *Еште молимсја о служаштих и послужившихво свјатем храме сем и о всјакои души христијан православних, о здравии же и спасении и оставлении грехов их рцем.* Пејачите ја започнуваат петтата стотница *Господи помилуи* и свештеникот пак се наведнува и се исправа.

Потоа свештеникот го издигнува честниот крст заедно со босиловите гранчиња и го пее кондакот: *Вознесиисја на крест...* Пак го остава св. крст на дискосот, прави три поклони доземја (во било кој ден да се случи празникот) и веднаш пее: *Кресту Твоему поклањаемсја Владико и свјатое воскресение Твое славим.* Пејачите уште двапати го пеат истото и почнуваат да ја пеат стихирата: *Приидите вернии...* Во тоа време народот пристапува, секој се поклонува и го бакнува чесниот крст.

ЗАБЕЛЕШКА. Откако верниците ќе го целиваат чесниот крст, аналојот со св. крст се поставува до малиот иконостас, каде што е храмовата и празничната икона и таму останува до одданието на празникот (21 септември), кога се внесува во св. олтар според редоследот даден во денот на одданието на празникот.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога присуствува архијерej:

1. Ако служи архиерej, на *Всјакое дихание,* кога „зема време", не ги бакнува светите икони; 2. Кога стои на тронот

(служи или не), кон крајот на славословието (ако не служи), му го донесуваат епитрафилот и малиот омофор, кои ги облекува. Откако ќе заврши петтата стотница *Господи помилуи,* архијерејот слегува од тронот, го зема положениот врз дискосот св. крст заедно со босиловите гранчиња, го издигнува и пее: *Вознесиисја на крест...* и откако ќе го остави чесниот крст, прави три поклони со пеење на *Кресту Твоему...,* го бакнува чесниот крст, го благословува народот според вообичаениот редослед и пак застанува на тронот.

Пејачите го пеат тропарот *Спаси Господи...* и почнува св. литургија.

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот антифон: *Спаси ни, Сине Божии, плотију разпниисја, појуштија Ти алилуија* (така се пее во било кој ден да се случи празникот). Трет антифон: *Спаси Господи...* По входот: *Возносите Господа Бога нашего и поклањајтесја подножију ногу Его, јако свјато ест. Спаси ни, Сине Божии, плотију разпниисја, појуштија Ти алилуија.* Тропарот: *Спаси Господи...,* кондак: *Вознесиисја на крест...* Наместо: *Трисвјатое,* се пее: *Кресту Твоему...* Апостол и евангелие: на празникот. На: *Изрјадно: Величаи, душе моја, пречестнии крест Господен. Таин еси Богородице раи...* Причастен: *Знаменасја на нас свет лица Твоего Господи, Алилуија.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Спаси Господи...*

ЗАБЕЛЕШКА. Тој ден е посен. Меѓутоа, ако се падне во сабота или во недела, се разрешува елеј и вино.

ЗАБЕЛЕШКА. Вечерта, истиот ден на вечерната се прави вход и се пее **голем прокимен:** *Бог наш на небеси и на земли, всја елика восхоте сотвори.* Меѓутоа, ако Крстовден се случи во сабота, тогаш големиот прокимен се пее спроти празникот, во петок вечерта, а во сабота вечерта се пее *Господ воцарисја...*

САБОТА ПО ВОЗДВИЖЕНИЕ

Редоследот се извршува според минејот. По прочитувањето на каноните, се пее ирмосот на осмата песна, *Честнејшују...* и деветтата песна (ирмосот). ***Светилни:*** на дневниот светител и на празникот. Се пее: *Всјакое дихание...* и ***хвалитни*** стихири (се земаат ***стиховните*** стихири од малата вечерна на празникот: 14. септември).

На св. литургија се пеат антифоните на празникот. Апостол и евангелие на сабота по Воздвижение.

ЗАБЕЛЕШКА. Во попразненските денови од 15 до 20 септември, кога ќе се случат во обичен ден, службата целосно е според минејот.

НЕДЕЛА ПО ВОЗДВИЖЕНИЕ

1. КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА: 15, 16, 17 или на 20 септември, на кои дати има светителски празници, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на крстот (на попразненството) и 3 на светителот. *Слава...:* на празникот (што е поместена на денот), и *нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее. По входот; *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Воскресните стиховни стихири. *Слава...:* на светителот. (За 17. септември, *Славата* од службата за 16. септември: *Всех језик да подвижитсја...,* откако ќе се замени само името на светителот). *И нињe...:* на крстот.

Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на светителот. (За 17. 09. општиот тропар на мачениците од часословот.) *И нињe...: Спаси Господи...*

Воскресна полноќница

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, само што воскресниот се пее двапати. Понатаму сé воскресно. Канони: воскресен и на крстот. По третата песна: седален на светителот. *Слава..., и нињe...:* на крстот. По шестата пе-

сна, кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде...* (според минејот). Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. *Честнејшују...* се пее. ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на светителот, и *ниње...:* на крстот. (А за 17. септември: воскресен, *Слава..., и ниње...:* на крстот). На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на крстот (од *стиховните*, откако ќе се додаде и стихирата од: *и ниње...:* на крстот со припевите за последните две стихири, пишувани пред ***стиховните***: 1. *Возносите Господа Бога нашего и поклањаитесја подножију ногу Его јако свјато ест: 2. Бог же цар наш прежде века, содела спасение посреде земли. Слава...:* евангелска стихира, и *ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист.*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, *Спаси Господи...,* на светителот, на храмовиот светител. Кондак: *Вознесиисја на крест...* Апостол и евангелие од Недела по Воздвижение.

2. КОГА НЕДЕЛА ПО ВОЗДВИЖЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА 18 или 19 септември

Тие денови не се празнуваат. Редоследот на службата е следниот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на крстот. *Слава...:* на крстот, *и ниње...:* првиот богородичен на гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и ниње...:* на крстот. Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и ниње...: Спаси Господи...*

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати). *Слава..., и ниње...: Спаси Господи...* Седални, ипакој и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на крстот. По третата песна, кондак: *Вознесиисја на крест...* По шестата песна, кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде...* (сообразно на денот). Катавасија: *Крест начертав...* Утрено воскресно евангелие. *Честнејшују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава..., и ниње...:* на

крстот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на крстот (од ***стиховните*** на денот што се на крстот, откако ќе се додаде и стихирата од: *и ниње...:* на крстот) со припевите за последните две стихири, напишани пред ***стиховните***: 1. *Возносите Господа Бога нашего и поклањаитесја подножију ногу Его, јако свјато ест; 2. Бог же цар наш прежде века, содела спасение посреде земли. Слава...:* евангелска стихира, *и ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, *Спаси Господи...,* на храмовиот светител. Кондак: *Вознесиисја на крест...* Апостол и евангелие: од Недела по Воздвижение.

21 СЕПТЕМВРИ

ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ ВОЗДВИЖЕНИЕ НА СВ. КРСТ

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на апостолот, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие: на св. ап. Андреј. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

ДЕКЕМВРИ

4 ДЕКЕМВРИ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА ВАРВАРА И ПРЕПОДОБЕН ЈОВАН ДАМАСКИН

Службата е целосно од минејот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат: 3 стихири на св. Варвара и 3 на преподобниот Дамаскин. *Слава...:* на светителката: *Отечество, род..., и нинье...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* и прокимен на денот. ***Стиховни*** стихири од октоихот, *слава...: Преподобне отче..., и нинье...: Богородице Ти еси лоза истиннаја... с преподобним Јованом, помиловатисја душам нашим.* Тропари: на св. Варвара, *слава...:* на преподобниот, *и нинье...: Иже нас ради...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од октоихот. Каноните: на светителката и на преподобниот. По третата песна, се прочитува сé што е напишано по таа песна, без крстобогородичниот. По шестата песна: кондак и икос. *Месјаца тогожде в четвертии ден памјат празднуем свјатија великомученици Варвари и преподобнаго отца нашего Јована Дамаскина; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја.* Се пее *Честнеишујју...* ***Светилните*** од минејот. На ***хвалите:*** 4 самогласни стихири на светителката. *Слава...: Страдалческим шествоваше путем... И нинье...* богородичен: *Богородице Ти еси лоза истиннаја...* Големо славословие. Тропар на св. Варвара.

На св. литургија. Делнични антифони. По малиот вход, тропари: на св. Варвара, на преподобниот Ј. Дамаскин, на храмовиот светител и кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол. Причастен: *В памјат вечнујју...*

КОГА 4 ДЕКЕМВРИ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири, 3 на светителката и 3 на преподобен Ј.

Дамаскин. *Слава...:* на св. Варвара, *и нинье...:* првиот богородичен на гласот што владее. Вход, *Свете тихии...*, прокимен: *Господ воцарисја...* ***На стиховни:*** воскресните стиховни стихири. *Слава...* на преподобниот: *Преподобне отче... И нинье...: Творец и избавител мој.* Отпустителни тропари: воскресен, на св. Варвара, *Слава...* на преподобниот, *и нинье...: Иже нас ради...*

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. *Благословен еси Господи...* Ипакој, степени и прокимен: исто така, воскресни. Канони: воскресен, на св. Варвара и на преподобниот. По третата песна: кондак на св. Варвара, *слава...:* седален на преподобниот: *Труба благогласна освјаштена... и нинье...* богородичен: *Божественнаја скинија била еси Слова...* По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в четвертии ден памјат празднуем свјатија великомученици Варвари и преподобнаго отца нашего Јована Дамаскина; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, на св. Варвара, *слава...:* на преподобниот, *и нинье...* богородичен воскресен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на светителката со следните припеви на седмата и осмата стихира: *1. Дивен Бог во свјатих Своих, Бог Израилев; 2. В церквах благословите Бога Господа от источник Израилевих. Слава...:* евангелска стихира, *и нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на св. Варвара, на преподобниот Ј. Дамаскин, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол на светителката, евангелие на неделата. Причастен: *Хвалите Господа...*

5 ДЕКЕМВРИ

ПРЕПОДОБЕН САВА ОСВЕТЕН

Службата е полиелејна: целосно според минејот.

На вечерната. По *Блажен муж...,* на *Господи возвах...* се пеат трите стихири од минејот на 6. *Слава...: Еже по образу собљуд... И нињe...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. ***Стиховните*** од минејот. *Слава...: Монахов множества... И нињe...: Владичице, приими молитви рабов твоих...* Тропари: на преподобниот, *Слава..., и нињe...: Иже нас ради...*

Празнична полноќница со литија и тропар на преподобниот.

На утрената, на *Бог Господ...* тропарите како на вечерната со пеење тропарот на преподобниот (двапати). Седалните според минејот. Полиелеј и величание. Седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Честна пред Господем смерт преподобних Его.* Утрено евангелие на преподобниот. Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами преподобнаго..., и нињe...: Молитвами Богородици...* Стих: *Помилуи мја Боже...* и самогласната стихира: *Преподобне отче...* Канони: Богородичниот: *Воду прошед...* и на преподобниот. По кондакот и икосот: *Месјаца тогожде в пјатии ден памјат празднуем преподобнаго и богоноснаго отца нашего Савви освјаштенаго; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја... Честнеишују...* ***Светилни:*** од минејот. ***Хвалитните*** стихири исто според минејот. *Слава...: Преподобне отче..., и нињe...: Богородице Ти еси лоза истинаја...* Големо славословие. Тропар на преподобниот.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на преподобниот, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие на преподобниот. Причастен: *В памјат вечнују...*

КОГА 5 ДЕКЕМВРИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на преподобниот. *Слава...:* на преподобниот, *и нињe...:* првиот богородичен на гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* на преподобниот, *и нињe...: Безневестнаја Дево...* Тропари: воскресен, *слава...:* на преподобниот, *и нињe...: Иже нас ради рождеисја...*

На полноќницата, по троичниот канон: литијните стихири на преподобниот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената. На *Бог Господ...:* воскресниот тропар (двапати), *слава...:* на преподобниот, *и нињe...: Иже нас ради... **Седални*** воскресни. *Благословен еси Господи...: Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен, воскресни. Канони: воскресен и на преподобниот. По третата песна: седален на преподобниот. *Слава...:* исто. *И нињe...:* богородичен. По шеста песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в пјатии ден памјат празднуем преподобнаго и богоноснаго отца нашего Савви освјаштенаго; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја.* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на преподобниот, *и нињe...:* богородичен воскресен. На ***хвалите:*** 4 воскресни и 4 на преподобниот со следните припеви на последните две стихири: *1. Честна пред Господем смерт преподобних Его; 2. Блажен муж бојаисја Господа, в заповедех Его восхоштет зело. Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на преподобниот, на храмовиот светител и кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол на преподобниот. Евангелие: од неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

5 ДЕКЕМВРИ

СПОМЕН НА ПРЕПОДОБНИОТ И БОГОНОСЕН ОТЕЦ НАШ НЕКТАРИЈ БИТОЛСКИ[16]

На вечерната: По 103–от псалм и по големата ектенија, првата катизма: *Блажен е оној човек...* По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат стихири на преподобниот на 8. *Слава...* на преподобниот: *Блеснаа како сонце на земјата... И сега...* на претпразникот: *Во пештера си се вселил, Христе, Боже...* Вход. *Светлино тивка...,* прокимен на денот и паримии на преподобниот. На ***стиховни:*** *Радувај се, на монасите убавино... Слава...* на преподобниот, гл. 8: *Ние монасите те почитуваме како учител...* или друга *Слава...: На земјата си поживеал подвижнички... И сега...* богородичен: *Од Витлеем дотрчаа пастирите... Сега го отпушташ...* Трисвето. Отпустителни тропари, на преподобниот, гл. 1: *Како ѕвезда зороносна си изгреал на Атос...* (двапати). *Слава... и сега... Додека Гаврил ти говореше тебе, Дево...*

На полноќницата. По троичниот канон, се пеат литијните стихири на преподобниот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропар на преподобниот (двапати): *Како ѕвезда зороносна си изгреал на Атос... Слава... и сега... Додека Гаврил ти говореше тебе, Дево...* Седални, гл. 1: *Славно си се подвизувал на Гората... Слава...* истото, *и нињe...* богородичен: *Марија, ти си чесен сосад на Владиката...* На вторите седални, гл. 4: *Како дрво што дава вечни плодови... Слава...* истото, *и сега... Господарке, брзо прими ги нашите прозби...* Полиелеј и величание на преподобниот. Седален по полиелејот: *Како пчела слета во Карејската лавра...* Ипакој, степени 4 гл. и прокимен гл. 4: *Скапа е во очите на Господа смртта на Неговите светии.* Евангелие, 50–от псалм. Канони: на преподобниот, со акростих: *Подај ми го твојот нектар,*

---

[16] Богослужбата на преподобниот и богоносен отец наш Нектариј Битолски не постои во оригиналниот текст на овој ***Типик***. Истата е земена од Првиот том ***Избор на месечни и празнични богослужби: септември – јануари,*** Изд. 2008 год. Скопје.

Нектерие, и канонот на Пресвета Богородица. По третата песна, седален на преподобниот: *Докрај си го возљубил блажениот живот..., Слава...: Ајде сега сите народи... и сега...* богородичен: *Јас грешниот, од утробата скверна...* По шестата песна: кондак и икос на преподобниот. Синаксар: *Во овој месец, на петтиот ден, го празнуваме споменот на нашиот свет отец Сава Осветен. Во истиот ден го празнуваме и споменот на светиот и богоносен отец наш Нектариј Битолски, по нивните молитви, Христе Боже, помилувај и спаси нè. Амин.* Катавасија: *Христос се раѓа, славете Го...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** *Ангелски си поживеал во Кареја... Слава...:* истото, *и сега...* богородичен: *Златоткаена тврдино...* На ***хвалите:*** на преподобниот (на 8): *Отче богоносен Нектарие... Слава...: Хор од отци во Битола и на Атос... и сега...: Покажи ја, Витлееме, престолнината Божја....* Големо славословие. Отпуст.

На св. литургија. Изобразителни, блажени: од канонот на светиот, 3-та песна и 6-та песна. По входот, тропари: на преподобниот, на храмовиот светија. Кондак на преподобниот. Апостол на преподобниот: од Посланието до Галатјаните, зач. 217. Евангелие, според Матеј, зач. 43. Причастен: *Праведниот останува во вечен спомен. Откако ја видовме вистинската светлина...*

6 ДЕКЕМВРИ

СВ. НИКОЛА АРХИЕП. МИРЛИКИСКИ ЧУДОТВОРЕЦ

Службата се извршува според минејот.

На вечерната. По *Блажен муж...,* на *Господи возвах...* се пеат само првите четири стихири: на 6. *Слава...: Свјатителеи удобрение... И нинье...: Вертепе благоукрасисја..* Вход, *Свете тихии...,* прокимен на денот и паримии. По ***стиховните:*** *Слава...: Человече Божии..., и нинье...: Безневестнаја Дево откуду пришла еси...* Тропар: *Правило вери..., слава..., и нинье...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата: литија и тропар на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на светителот (двапати), *Слава..., и нињe...:* богородичен воскресен. ***Седалните*** од минејот. Полиелеј и величание. Седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Честна пред Господем смерт преподобних Его.* Утрено евангелие. Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами свјатитеља..., и нињe...: Молитвами Богородици...* Стих: *Помилуи мја Боже...* и самогласната стихира: *Наследниче Божии...* Канони: богородичен и вториот на светителот (сите од минејот): *Недоуменим јазиком и устнами.* По кондакот и икосот: *Месјаца тогожде в шестии ден памјат празднуем иже во свјатих отца нашего Николаа, архиепископа Мирликиских чудотворца; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** како што се во минејот. На ***хвалите:*** стихирите од минејот, *слава...: Вострубим трубоју... и нињe...: Блажим Тја Богородице Дево...* Големо славословие. Тропар на светителот.

На св. литургија. Делнични антифони. По малиот вход, тропар на светителот, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол на светителот. Евангелие: исто така. Причастен: *В памјат вечнују...*

КОГА СВ. НИКОЛА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и првите 4 стихири на светителот: на 6. *Слава...:* на светителот, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* на светителот: *Человече Божии... И нињe...: Безневестнаја Дево откуду пришла еси...* Тропари: воскресен, *слава...:* на светителот, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пеат литијните стихири на светителот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со пеење на воскресниот (двапати). Првите два седални воскресни. *Слава...:* на светителот, *и нинье...:* богородичен. Вторите седални: на истиот начин. Полиелеј и величание на светителот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и вториот на светителот. *Слава..., и нинье...:* богородичен. По шеста песна: кондак и икос на светителот. *Месјаца тогожде в шестии ден памјат празднуем иже во свјатих отца нашего Николаја Архиепископа Мирликиских чудотворца; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на светителот: *Великаго архипастирја..., и нинье...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на светителот со следните припеви на седмата и осмата стихира: *1. Честна пред Господем смерт преподобних Его, 2. Свјаштеници Твои облекутсја в правду и преподобнии Твои возрадујутсја... Слава...:* на светителот: *Вострубим трубои песнеи... И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на светителот, на храмовиот светител, кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол: на светителот. Евангелие: неделно. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

9 ДЕКЕМВРИ

ЗАЧАТИЕ НА СВ. АНА – МАЈКАТА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Службата е според минејот.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 6 воскресни стихири и 4 на св. Ана. *Слава...:* од минејот: *недоведомое ангелом... И нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Воскресни стиховни стихири, *Слава..., и нинье...: Днес*

из корене Давидова. Тропари: воскресен, *слава..., и нињe...:* на св. Ана.

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. Ана.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *слава..., и нињe...:* на св. Ана. Воскресни седални, *слава..., и нињe...:* од минејот. Вторите седални: на истиот начин. *Ангелскии собор...;* ипакој, степени: воскресни. Канони: воскресен и првиот на св. Ана. По третата песна, седалните од минејот. По шеста песна: воскресен кондак и икос. *Месјаца тогожде в девјатии ден зачатие свјатија Анни, егда зачат Пресвјатују Богородицу; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја.* Воскресно утрено евангелие. Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава..., и нињe...:* на св. Ана: *Свет рождшаја...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. Ана со следните припеви на последните две стихири: *1. Клјатсја Господ Давиду истиноју и не отвержетсја еја; 2. От плода чрева твоего посажду на престоле твоем. Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на св. Ана, на храмовиот светител. Кондак: *Празднует днес вселеннаја...* Апостол: на св. Ана. Евангелие: од неделата. *Достоино ест...* Причастен: *Хвалите Господа с небес..., Видјехом свет истиннии.*

НЕДЕЛА НА СВ. ПРАОТЦИ

Се празнува во недела што ќе се падне од 11 до 17 декември.

Редоследот (освен за деновите: 12, 15 и 17 декември) е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. праотци. *Слава...: Иже прежде*

закона отци... И нињe...: првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...* и прокимен: *Господ воцарисја...* Нема паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Праотцев собор.., и нињe...: Без семене от Божественаго Духа...* Тропари: воскресен, *слава...:* на св. праотци, *и нињe...: Всја паче смисла...*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја...* Тропарот на праотците.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати). *Слава...:* на св. праотци, *и нињe...: Всја паче смисла...* Воскресни седални. *Ангелскии собор...*, ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на св. праотци. По третата, песна се чита ипакој и воскресниот кондак, а по шестата песна: кондак и икос на св. праотци и веднаш се кажува: *В тоиже ден Недеља свјатих Праотец. Воспримите радост древнии праотци, зрјаште приближајуштасја Христа Мессију, веселисја Авраме, јако прадед Христов јавилсја еси. Молитвами свјатих праотец, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на св. праотци: *Адаме возхвалим..., и нињe...:* богородичен: *Солнце великое...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. праотци со следните припеви на последните две стихири: *1. Благословен еси Господи..., Боже отец наших и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Јако праведен еси о всех, јаже сотворил еси нам. Слава...: Придите вси верно торжествуим... И нињe...: Преблагословена еси...* Славословие големо. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. праотци, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол: на св. праотци. Евангелие: од неделата на св. праотци. Понатаму следува редоследот на вообичаена недела.

12 ДЕКЕМВРИ

СВ. СПИРИДОН ЧУДОТВОРЕЦ

Службата е според минејот.

Во места **КАДЕ ШТО СЕ ПРАЗНУВА СПОМЕНОТ НА СВ. СПИРИДОН, МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ ПРАЗНИЧНА СЛУЖБА** според следниот редослед.

На вечерната. По *Блажен муж...,* на *Господи возвах...* се пеат трите стихири на 6. *Слава...: Преподобне отче блаженне Спиридоне... И нинье...: Вертепе благоукрасисја...* (пишувана на 6 декември: богородичен на *Господи возвах...*). ***Стиховни:*** од октоихот, *слава...: Свјатителеи божественнии сосуд... И нинье...: О чудесе новаго...* Отпустителни тропари: вториот на св. Спиридон: *Собора перваго..., слава..., и нинье...: Гавриилу вештавшу...*

Полноќница секојдневна со тропарот на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на св. Спиридон (двапати), *Слава..., и нинье...: Гавриилу вештавшу...* Седалните од октоихот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Свјаштеници Твои Господи облекутсја правдоју...* Утрено евангелие: на светителот (од 13 ноември на утрената). Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами свјатитеља..., и нинье...: Молитвами Богородици...* Стих: *Помилуи мја Боже...* и самогласната стихира, 6 глас: *Отцев украшение и верх, Спиридоне мудре, чудес твоих светлостију конци вселеннија просвештајаи и Ариева беснованија истребител јавивсја. Спаса моли спастисја душам нашим.* Канони: богородичниот: *Воду прошед...* и на св. Спиридон. По третата песна: седалниот на светителот. По шестата песна: кондак и икос. *Месјаца тогожде в дванадесјатии ден памјат празднуем преподобнаго и богоноснаго отца нашего Спиридона чудотворца, епископа Тримитунтскаго; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја... Честнеишују...* ***Светилни*** на светителот. *Слава..., и нинье...:* богородичен. На ***хвалите:*** стихирите на *Господи возвах...* од вечерната: на 4. *Слава...: Преподобне отче, свјатителју прехвалне...* (од ***стиховните:*** на утрената). *И нинье...:*

От всех бед раби Твоја... Големо славословие. Тропар на св. Спиридон.

На св. литургија. Секојдневни антифони. По входот, тропари: на св. Спиридон, на храмовиот светител и кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие: на светителот. *Достоино ест...* Причастен: *В памјат вечнују... Видјехом свет истиннии...*

КОГА 12 ДЕКЕМВРИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СВ. ПРАОТЦИ, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири, 3 на св. праотци и 3 на св. Спиридон. *Слава...:* на св. праотци: *Иже прежде закона... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. По входот, нема паримии. Воскресните стиховни стихири. *Слава...: Свјатителеи божественнии сосуд... И нињe...: Праотцев собор...* Тропари: воскресен, на св. Спиридон, *Слава...:* на св. праотци, *и нињe...: Всја паче смисла...*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. праотци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Три канони: воскресен, на св. праотци и на св. Спиридон. По третата песна: ипакој и кондак воскресни, *Слава..., и нињe...:* седалниот на св. Спиридон. По шестата песна: кондак и икос на св. праотци. Следува: *Месјаца тогожде в дванадесјатии ден памјат празднуем преподобнаго и богоноснаго отца нашего Спиридона Чудотворца, епископа Тримитунтскаго. В тоиже ден Недеља свјатих Праотец. Восприимите радост древнии праотци, зрјаште приближајуштасја Христа Мессију, веселисја Авраме, јако прадед Христов јавилсја еси; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавсија: *Христос раждаетсја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и на св. праотци. *Слава...:* на св. Спиридон, *и нињe...:*

богородичен. На ***хвалите:*** воскресни стихири 2, на св. праотци 3 и на св. Спиридон 3 со следните припеви на последните две стихири: *1. Честна пред Господем смерт преподобних Его; 2. Свјаштеници Твои облекутсја в правду и преподобнии Твои возрадујутсја* (стихирите за св. Спиридон се земаат од вечерната на *Господи возвах...*). *Слава...:* на св. праотци, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на св. праотци, на св. Спиридон, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол: на св. Спиридон. Евангелие: на св. праотци. Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истиннии...*

15 ДЕКЕМВРИ

СВ. СВЕШТЕНОМАЧЕНИК ЕЛЕФТЕРИЈ

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат првите три стихири на 6. *Слава...: Богоносе Елевтерие* (се зема од 20 декември: на св. Игнатиј Богоносец, со заменување името на светителот). *И нињe...: Вертепе благоукрасисја...* (од 6. декември: на св. Никола). Вход, *Свете тихии...* и прокимен. На ***стиховни:*** од октоихот. *Слава...: О твердија и адамантскија твоеја души...* (од 20. декември, со замена името на светителот). *И нињe...: Владичице приими...* Отпустителен тропар: на св. Елефтериј, *Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од октоихот. Канон: првиот од минејот. По третата песна, седалниот на свештеномаченикот, а по шестата песна, кондак и икос исто на св. Елефтериј. *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден памјат празднуем свјатаго свјаштеномученика Елевтерија; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавсии: *Христос раждаетсја.* ***Светилни:*** од минејот: *Давидски процвел еси..., слава..., и нињe...:* богородичен. *Тебе славаподобает...* ***Стиховни*** стихири од октоихот и завршеток на вообичаена утрена.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на св. Елефтериј, на храмовиот светител и кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие: на свештеномаченикот Елефтериј. Причастен: *В памјат вечнујју... Видјехом свет истиннии...*

КОГА 15 ДЕКЕМВРИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СВ. ПРАОТЦИ, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири, 3 на св. праотци и 3 на свештеномаченикот. *Слава...:* на св. праотци: *Иже прежде закона... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. По входот, нема паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: О твердија и адамантскија твоеја души...* (од 20. декември, со замена името на светителот). *И нињe...: Праотцев собор...* Тропари: воскресен, на св. Елефтериј, *слава...:* на св. праотци, *и нињe...: Всја паче смисла...*

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. праотци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, на св. праотци и на свештеномаченикот. По третата песна: ипакој и кондак воскресни. По шестата песна: кондак и икос на св. праотци. Следува: *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден памјат празднуем свјатаго свјаштеномученика Елефтерија. В тоиже ден Недеља свјатих Праотец. Восприимите радост древнија праотци, зрјаште приближајуштасја Христа Месију, веселисја Авраме, јако прадед Христов јавилсја еси; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишујју...* ***Светилни:*** воскресен, на св. праотци. *Слава...:* на св. Елефтериј, *и нињe...:* богородичен од минејот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. праотци со следните припеви на последните две стихири: *1. Благословен еси Господи..., Боже отец наших и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Јако праведен еси о всех, јаже сотворил еси нам. Слава...: Приидите*

вси верно торжествуим... (на св. праотци). *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на св. праотци, на св. Елефтериј, на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол: на св. Елефтериј. Евангелие: на св. праотци. Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истиннии...*

17 ДЕКЕМВРИ

СВ. ПРОРОК ДАНИИЛ И СВ. ТРИ МЛАДЕНЦИ: АНАНИЈ, АЗАРИЈ И МИСАИЛ

Службата е според минејот.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СВ. ПРАОТЦИ, се извршува воскресна служба, заедно со онаа на св. праотци, како што е дадена за Недела на св. праотци (11 декември), откако **на вечерната** отпустителните тропари се пеат вака: воскресен, тропарот за 17. декември: *Велија вери исправленија...,* на св. праотци и богородичен.

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропарите се редат вака: воскресен, на св. праотци, *Велија вери исправленија...,* на храмовиот светител и кондак: *Дева днес превечное Слово...*

Во таков случај (кога ќе се падне во недела), редоследот на пророк Даниил и трите младенци се пее на повечерието.

НЕДЕЛА ПРЕД РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО

Се празнува во неделниот ден што ќе се падне од 18 до 24 декември.

1. КОГА ТАА НЕДЕЛА ЌЕ СЕ ПАДНЕ НА 18 ИЛИ НА 19 ДЕКЕМВРИ, воскресната служба се извршува заедно со онаа **на св. отци** според следниот редослед.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 6 воскресни стихири и 4 на св. отци. *Слава...: Даниил муж желании... И ниње...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Радуитесја пророци честнии... И ниње...: О чудесе новаго...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава...:* на св. отци: *Велија вери исправленија..., и ниње...: Всја паче смисла...*

На полноќницата, по троичниот канон, *Слава...: Лучами облиставшесја* (на литијата во минејот: за св. отци), *и ниње...: Благоукрасисја Витлееме... Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот, (двапати). *Слава...: Велија вери исправленија..., и ниње...: Всја паче смисла...* Воскресни седални. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: не се чита воскресен канон од октоихот, а наместо него се чита канонот: *Волнују морскују...*[1], со припев на првиот и на вториот тропар: *Слава...: Господи свјатому воскресенију Твоему,* а на другите тропари: *Свјатии отци молите Бога о нас.* По третата песна: ипакој и воскресен кондак. По шестата песна, кондак: *Рукописанаго образа...* и икосот што следува: *Простри твоју руку... В тоиже ден, в Недељу пред Рождеством Христовим, памјат совершати повелесја нам от свјатих и Богоносних отец, всех иже от века Богу благоугодивших Праведних отцев, от Адама даже до Јосифа Обручника Пресвјатија Богородици по родословију, јакоже евангелист Матеј повествователно изчислил ест, такожде и Пророков и Пророчиц; тех молитвами, Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на отците: *Патриархов избраннии..., и ниње...: Агница несквернаја...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. отци со следните припеви на последните две стихири: *1. Благословен еси Господи..., Боже отец наших, и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Јако*

[1] Канонот ***Волнују морскују...*** се наоѓа во минејот на 24 декември, по вечерната: на повечерието.

праведен еси о всех, јаже сотворил еси нам. Слава...: Законих учении... И нињe...: Преблагословена еси... Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, *Велија вери исправленија,* и на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово.* Апостол и евангелие: од Неделата пред Рождество Христово.

***

ДЕНОВИТЕ ОД 20 ДО 24 ДЕКЕМВРИ, СЕ ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО И СЛУЖБАТА ВО ТИЕ ДЕНОВИ Е САМО ОД МИНЕЈОТ.

1. КОГА 20 ДЕКЕМВРИ: СВЕШТЕНОМАЧЕНИК ИГНАТИЈ БОГОНОСЕЦ, ќе се случи ВО НЕДЕЛА, службата на СВ. ИГНАТИЈ се пренесува во сабота (претходниот ден) и се извршува според следниот редослед.

На вечерната, во петок вечерта, на *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на св. Игнатиј и 3 на св. Бонифациј. *Слава...: Богоносе Игнатие... И нињe...: Цар небеснии...* ***Стиховните*** од октоихот. *Слава...: О твердија и адамантскија твоеја души..., и нињe...: Воистину паче ума...* (од богородичните на крајот во минејот, тие се пеат кога има *Слава...:* на светителот). Отпустителни тропари: *Апостоли, мученици и пророци..., И нравом причастник.., Слава...: Мученик Твој, Господи, Бонифации..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На утрената, во сабота, на *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од октоихот. Канони: еден од октоихот, на св. Игнатиј (од 20. декември) и на св. Бонифациј (од 19. декември). По третата песна, кондак на св. Бонифациј. По шестата песна: кондак и икос на св. Игнатиј. *Месјаца тогожде в девјатнадесјатии ден памјат празднуем свјатаго мученика Бонифација; в сии ден и памјат свјатаго свјаштеномученика Игнатија Богоносца; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Хвалим благословим...* и ирмосот на осма песна од последниот канон (на св. Бонифациј): *Избавителју всех*

всесилне... Се пее: *Честнеишшују...* ***Светилни:*** на св. Игнатиј, *Слава..., и нињe...: Марие чистеишаја, златаја Кадилнице, невместимаго Божества пријателиште бившаја, в немже Отец благоволи, Син же вселисја, и Дух Свјатии осенив тја отроковице, показа Богородицу.* ***Хвалитни*** и ***стиховни*** од октоихот. *Слава...* на св. Игнатиј: *Столп одушевлен..., и нињe...: Воистину паче ума...* (гледај на крајот од минејот, оддел *Богородични*, кога има *Слава...* на 1. глас за петок навечер).

На св. литургија. Секојдневните антифони. По входот, тропари: *Апостоли, мученици и пророци..., И нравом причастник..., Мученик Твој Господи Бонифации...*, на храмовиот светител. Кондак: *Јако начатки естества.* Апостол и евангелие: во саботата пред Рождество Христово. Причастен: на денот.

2. КОГА НЕДЕЛА ПРЕД РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО ќе се случи на 20, 21, 22 и 23 декември, редоследот е следен.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на претпразненството: *Незаходимое солнце...,* и 3 на св. отци. *Слава...: Даниил муж желании... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. По входот: паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Радуитесја пророци честнии... И нињe...: Се времја приближисја...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава...: Велија вери исправленија..., и нињe...: Готовисја Витлееме...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пее: *слава...: Лучами облиставшесја..., и нињe...: Благоукрасисја Витлееме...; Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар: *Готовисја Витлееме...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната со пеење на воскресниот (двапати). Седалните од октоихот. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: *Волнојy морскојy...*[17] со припев: *Слава...: Господи свјатому воскресенију Твоему* и кано-

[17] Канонот: ***Волнојy морскојy...*** се наоѓа на 24. декември, по вечерната: на повечерието.

нот што е напишан непосредно по него: на св. отци, со припев: *Свјатии отци молите Бога о нас.* По третата песна: ипакој и воскресен кондак. По шестата песна: кондак: *Веселисја Витлееме...,* Икос: *Твоего рождества Дево...* Веднаш се кажува: *В тоиже ден, в Недељу пред Рождеством Христовим, памјат совершаем повелесја нам от свјатих праведних отцев, от Адама даже до Јосифа Обручника Пресвјатија Богородици по родословију, јакоже евангелист Матеј повествователно изчислил ест, такожде и Пророков и Пророчиц; тех молитвами, Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Христос раждаетсја...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују... Светилни:* воскресен, *слава...:* на отците, *и ниње...:* на претпразненството. На ***хвалите:*** се пеат 4 воскресни стихири и 4 на отците со следните припеви на последните две стихири: *1. Благословен еси, Господи, Боже отец наших, и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Јако праведен еси о всех, јаже сотворил еси нам. Слава...: Законних учении сословие... И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на претпразненството, *Велија вери исправленија...,* на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие: од неделата пред Рождество Христово.

23 ДЕКЕМВРИ

ПРЕПОДОБЕН ОТЕЦ НАШ НАУМ ОХРИДСКИ ЧУДОТВОРЕЦ[18]

Службата на преподобен Наум Охридски, заедно со онаа на претпразненството се наоѓа во општиот минеј: ***Избор на месечни и празнични богослужби, Прв том (септември – јануари)***, изд. на македонски литературен јазик, Скопје, 2008 година.

Овој редослед се извршува во било кој ден да се случи споменот на преп. Наум Охридски, освен во недела.

На вечерната. Прва катизма: *Блажен е оној човек...* На *Господи воззвах...* стихири на претпразненство на Божик 4, гл. 4., подобен: *Како храбар...* и 4 на преподобниот, гл. 2., подобен: *Со какви повални песни...*, *Слава...,* гл. 6.: *Откако ја прими од Бога благодатта на премудроста...*, *и сега...,* на претпразненството, гл. 3.: *Витлееме, добро украси се...* Вход, *Светлино тивка...,* прокимен на денот и 3 паримии. На **литијата:** стихири самогласни, гл. 2., гл. 4, и гл. 6. *Слава...,* гл. 5.: *Преподобен отче...*, *и нињe...,* на претпразненството гл. 5: *Јосифе не тагувај...* На **стиховни:** стихири, гл. 5: *Радувај се, мизијски светилнику...*, *Слава...*,на преподобниот гл. 8.: *Откако ги остави животните метежи, Науме..., и сега...,* на претпразненството, гл. 8.: *Прими ја, Витлееме...* Отпустителни тропари: на преподобниот, гл. 4.: *Откако се соедини со Христа...* (двапати), *Слава..., и сега...,* на претпразненството, гл. 4.: *Подготви се Витлееме...* (еднаш).

На утрената: на *Бог Господ...,* тропар на преподобниот (двапати), *Слава... и сега...,* тропар на претпразненството. По првото стихословие, седален на преподобниот, гл. 3: *Преподобен (Науме) кој и сега достојно... Слава... и сега...* на претпразненството: *Чудо преславно денес се гледа...* По второто стихословие, седален на преподобниот, гл. 1: *Како самодејствител на чудеса..., Слава... и сега...* на претпразненството: *Весели се,*

---

[18] Оваа богослужба не постои во оригиналниот текст на ***Типикот***. Истата е земена од ***Избор на месечни и празнични богослужби – Прв том (септември – јануари),*** Изд. на македонски литературен јазик, 2008 год. Скопје.

Витлееме... Величание, полиелеј, а по него седален, гл. 8.: *Отче, бидејќи премудар уште од младоста... Слава... и сега...* на претпразненството: *Словото Божјо...* Степени, 1. антифон, гл. 4.: *Од мојата младост...* Прокимен, гл. 4.: *Скапа е во очите на Господа смртта на Неговите светии.* (трипати). Евангелие според Матеја, зач. 43.: *Им рече Господ на своите ученици: Сé што ми е дадено...* По евангелието, 50 псалм. *Слава..., По молитвите на Твојот преподобен, Милостиве...., и сега..., По молитвите на Богородица..., Помилуи ме Боже...* и стихирата гл. 6.: *Се излеа благодатта од твоите усни, преподобен отче...* Канон на претпразненството и на преподобниот. Катавасија: *Христос се раѓа, славете Го...* По 3. песна: кондак и икос на претпразненството, седален на преподобниот. *Слава... и сега...,* на претпразнеството. По 6. песна: кондак на претпразненство, икос на преподобниот. На 9. песна не се пее: *Честнеишују...,* туку ирмосот. ***Светилен:*** на претпразненството, *Слава...,* на преподобниот, *и сега...:* на претпразнеството. На ***хвалите:*** стихири 3 на претпразненството, гл. 6. и 3 на преподобниот, гл. 1. *Слава...,* на преподобниот, гл. 8: *Преподобен отче Науме... и сега...:* на претпразненството, гл. 8: *Во Витлеем се раѓа Творецот на вселената...* Големо славословие и отпуст.

На литургијата: Изобразителни, блажени од канонот на преподобниот 3. и 6. песна. По входот: тропар на преподобниот, *Слава...,* тропар на претпразненството, *и сега...:* кондак на претпразненството. Прокимен на преподобниот: *Скапа е во очите на Господа смртта на Неговите светии.* Апостол: до Евреите, зач. 335.: *Покорувајте се на вашите наставници...* Евангелие според Лука, зач. 24: *Кога застана Исус на едно рамно место...* Причастен: *Праведниот останува во вечен спомен...*

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, службата на преп. Наум Охридски се испушта.

АКО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОК кога на тој ден се читаат царските часови, по празничната утрена, се читаат царските часови и се прави отпуст.

3. КОГА НЕДЕЛА ПРЕД РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО ќе се случи на 24 декември

На вечерната[19]**,** по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 стихири на отците и 4 на претпразненството: *Предпразднуим људие...* (пишувани на 20 декември). *Слава...: Даниил муж желании. И ниње...: Вертепе благоукрасисја.* По входот, *Свете тихии...,* прокимен и паримии на отците. На ***стиховни:*** стихирите на претпразненството: *Доме Ефратов...* (пишувани на службата на Недела на св. отци, со соодветните припеви). *Слава...: Радуитесја пророци честнии... И ниње...: Се времја приближисја...* Отпустителни тропари: *Велија вери исправленија..., Слава..., и ниње...: Написовашесја иногда...* (пишуван на 24 декември).

На полноќницата, наместо троичниот канон, се пее канонот: *Волноју морскоју...* (пишуван на 24. декември, на повечерието). Тропар: *Написовашесја иногда...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот (двапати), *Слава...: Велија вери исправленија, и ниње...: Написовашесја иногда...* Седални: два воскресни, *Слава..., и ниње...: Пророческаја реченија...* Пак два воскресни седални, *Слава..., и ниње...: Свирелеи пастирских...* (од 24 декември). (*Благословен еси Господи... и Ангелскии собор...* **не се пее.)** Веднаш ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: *Волноју морскоју...,* откако на првите два тропара се кажува припев: *Слава...: Господи свјатому воскресенију Твоему,* а на останатите: *Свјатии отци, молите Бога о нас;* вториот канон е на претпразненството: *Христос плотију младенствовавшаго* со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе,* (и двата канони се наоѓаат во службата на Неделата на св. отци). По третата песна, ипакој: *Ангел отроков ороси пешт...* По шестата песна: кондак: *Рукописанаго образа...* Икос: *Простри твоју руку...* (од Недела на св. отци). Потоа: *В тоиже ден, в Недељу пред Рождеством Христовим, памјат совершаем повелесја нам от свјатих и Богоносних отец, всех иже от века Богу благоугодивших Праведних отцев, от Адама даже до Јосифа Обручника Пресвјатија Богородици по*

---

[19] На таа вечерна не се пее ништо воскресно, туку само службата на св. отци и на претпразненството.

родословију, јакоже евангелист Матеј повествователно изчислил ест, такожде и Пророков и Пророчиц; тех молитвами, Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Христос раждаетсја...* Воскресно утрено евангелие. Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на св. отци: *От семене водитсја Авраамља..., и ниње...: Веселисја Витлееме...* (од службата на Неделата на св. отци). На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на отците со следните припеви на последните две стихири: *1. Благословен еси, Господи, Боже отец наших, и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Јако праведен еси о всех, јаже сотворил еси нам. Слава...: Законих учении... И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на отците, на претпразненството: *Написованиесја иногда...,* на храмовиот светител. Кондак: *Дева днес превечное Слово...* Апостол и евангелие од Недела пред Рождество Христово.

РЕДОСЛЕДОТ НА ЦАРСКИТЕ ЧАСОВИ ВО ПРЕДВЕЧЕРИЕТО НА РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО

ЗАБЕЛЕШКА. **Ако Рождество Христово се случи во недела или во понеделник, царските часови се читаат во петок пред празникот,** со отпуст, без вечерна и без Василева св. литургија.

Ако Рождество Христово се случи во друг седмичен ден (т.е. во вторник, среда, четврток, петок или сабота), тогаш **царските часови се читаат на претходниот ден (на 24 декември)** според следниот редослед.

По полноќницата и утрената (кога чредниот веќе ја извршил проскомидијата), свештеникот ги отвора царските двери (што остануваат отворени до крајот на часовите), го зема св. евангелие (пред него оди свеќоносец), го изнесува и го поставува на претходно приготвен аналој среде во храмот и кажува: *Благословен Бог наш..., Царју небеснии....* Читачот: *Трисвјатое* и ги чита посебните псалми за **првиот час.** Свештени-

кот го кади св. олтар и целиот храм. Исто така, кади и на третиот, шестиот и деветтиот час.

Тропар на часовите. Кога е на 24. декември: *Написовашеся иногда...,* а кога е на 22 и 23 декември, се чита тропарот: *Готовисја Витлееме...* По тропарот и богородичниот, се пеат пишуваните стихири, без да се повторуваат и веднаш се читаат паримии, апостол и евангелие и понатаму според часословот.

Кондак на часовите: *Дева днес превечное Слово...* По *Боже уштедри ни...* веднаш се кажува молитвата *Христе свете истиннии...* и веднаш започнува **третиот час,** што се чита на истиот начин.

ЗАБЕЛЕШКА. Ако служи ѓакон, на третиот и на шестиот час тој го кади само св. евангелие и аналојот, св. икони и претстојателот. На деветтиот час го кади целиот храм.

На деветтиот час, откако ќе се испеат двете стихири, се пее *Слава..., и нињe...:* на 6. глас и пејачот застанува на средината од храмот и чита велегласно како што се чита апостол: *Днес раждаетсја от Деви, рукоју всју содержаи твар...* (тоа се повторува трипати) и продолжува до крајот. Потоа таа стихира се пее. Откако ќе се прочита молитвата *Владико Господи Исусе Христе Боже наш...,* свештеникот го внесува св. евангелие во св. олтар. По молитвата, прави вообичаен отпуст и веднаш почнува

Вечерна со св. Василева литургија. По *Благословено царство...* читачот: *Амин, Приидите поклонимсја...* и 103–от псалм. На *Господи возвах...* се пеат: на 6 стихирите: *Приидите возрадуемсја Господеви... Слава..., и нињe...: Августу единоначалствујушту...* Вход со евангелие. *Свете тихии...* и веднаш (без прокимен): *Премудрост, Битија чтение, Вонмем...* и паримиите. Тие се читаат на следниот начин: по првата паримија од првата книга Мојсеева се пее тропарот: *Таино родилсја еси в вертепе...* Читачот ги чита стиховите: *Основанија его на горах свјатих...* и другите, а пејачот го пее крајот на истиот тропар: *...и волхви Ти приведе...* (трипати). На крајот пак се пее целиот тропар: *Таино родилсја еси...* Се чита втората паримија од книгата на

пророк Исаија. Пак се пее тропар: *Возсијал еси Христе от Деви...* со стиховите: *Господ воцарисја...* и понатаму, со пеење од пејачот крајот на тропарот: *...и волхви наставил еси...* (трипати), и на крајот пак целиот тропар. Потоа се чита третата паримија (последната). Мала ектенија. Се пее *Свјатии Боже...* и се чита апостол. Евангелието се чита од амвонот. Понатаму следува **св. Василева литургија.** Причастен: *Хвалите Господа с небес...* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Рождество Твое Христе Боже наш.*

ЗАБЕЛЕШКА. Ако според благословена причина на тој ден не се служи св. литургија, вечерната се чита според горниот редослед сé до третата паримија, заклучно. Потоа, веднаш се читаат апостол и евангелие. Ектенијата: *Рцем вси...* и понатаму следува **големата вечерна** според редот изложен во минејот и завршува со празничниот отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога царските часови се читаат во петок на 22 декември или на 23 декември и ако во тој ден не се отслужува св. литургија, тогаш после отпустот на утрената свештеникот облекува фелон, ги отвора царските двери, го изнесува св. евангелие и вели: *Благословен Бог наш...* и царските часови се читаат на истиот начин како што е изложено погоре. По молитвата на деветтиот час, свештеникот прави отпуст и службата завршува.

ЗАБЕЛЕШКА. На самиот празник **Рождество Христово се отслужува св. Златоустова литургија,** а св. Василева литургија се отслужува заедно со царските часови во навечерието на празникот.

Меѓутоа, ако празникот се случи во недела или во понеделник, тогаш царските часови се читаат во петок и по нив се прави отпуст, а св. Василева литургија се отслужува на самиот празник.

25 ДЕКЕМВРИ

РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО (БОЖИК)

ЗАБЕЛЕШКА. Кога празникот ќе се случи во: вторник, среда, четврток, петок или сабота, **вечерната се извршува претходниот ден,** по **царските часови, откако се соединува со св. Василева литургија** и вечерта спроти самиот празник не се отслужува вечерна.

Кога празникот ќе се случи во недела или во понеделник, тогаш царските часови се читаат во петок и по нив се кажува отпуст, а **вечерната** се **извршува вечерта спроти самиот празник,** според чинот изложен во минејот како што следува.

На вечерната. По 103–от псалм се кажува ектенија и веднаш: *Господи возвах...* (2. глас) и се пеат стихирите: *Приидите возрадуемсја Господеви...,* на 6. *Слава..., и ниње...: Августу единоначалствујушту...* Вход со евангелие, *Свете тихии...* и прокимен.

ЗАБЕЛЕШКА **за прокименот.** Кога: **Рождество Христово е во недела,** тогаш во сабота вечерта прокименот е: *Господ воцарисја...,* а во недела вечерта, на вечерната спроти 26 декември **се пее големиот прокимен:** *Кто Бог велии...*

Ако **Рождество Христово е во сабота,** тогаш во петок утрото, на вечерната, што се соединува со св. Василева литургија, по входот, се пее големиот прокимен: *Кто Бог велии...* и потоа се читаат паримиите.

Кога Рождество Христово ќе се случи во други седмични денови, тогаш спроти празникот на вечерната **не се пее прокимен**, туку веднаш по: *Свете тихии...* **се читаат паримиите.**

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални, два воскресни. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Вторите седални, пак така. *Ангелски собор....* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони, воскресен и на празникот. По трета песна: седален на архангелот: *Бесплотних служителеј... Слава..., и нињe...:* истиот (пишуван на 26). По шеста песна: воскресен кондак и икос. Синаксар од триодот. Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. По 50 псалм: *Покајанија отверзи ми двери... Честнејшују...* ***Светилни*** воскресен и двата на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на празникот.

Со тоа до овде се прави **оддание** на празникот. Понатаму следува: *Слава...* од триодот и сè според редоследот изложен за четвртата недела на великиот пост. (Воскресна служба со литургија на св. Василиј Велики).

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ СЕ ПАДНЕ ВО ЧЕТВРТАТА НЕДЕЛА ОД ВЕЛИКИОТ ПОСТ, редоследот е следниот:

Во петок наутро на предосветената св. литургија, на *Господи возвах...* самогласниот на денот од триодот: *Страстем поработив души...* (двапати), и 4 маченични според гласот што преовладува, а потоа 4 на претпразненството. *Слава..., и нињe...: Благовествует Гаврил...* Понатаму следува предосветената св. литургија според својот редослед.

Вечерта во петокот на малото повечерие се чита акатистот.

Во сабота на утрената. На *Бог Господ...*, тропарот на претпразненството (двапати, без *слава..., и нињe...*). Седални: *Нашествием Духа всесвјатаго... Слава..., и нињe...: Днес всја твар радуестја...* (пишувани на 24 март, по трета песна: на канонот). 50 псалм. Канон на претпразненството. ***Светилен*** на прет-

празненството, двапати. На ***стиховните*** стихири: *Началник вишних сил...* (од малата вечерна на празникот).

Во сабота вечерта на вечерната. На ***Господи возвах...*** 4 *воскресни стихири и 6 на празникот: Совет предвечниј... Слава..., и нињe...: Послан бист с небесе...* По входот, паримии на празникот. Воскресни стиховни стихири. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Тропари на отпустот, воскресен и на празникот, (двапати, без *Слава..., и нињe...*).

Полноќница празнична, со литија на празникот и со тропарот на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...*, тропарите како на вечерната. Седални, два воскресни. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Вторите седални, на истиот начин. Полиелеј и величание на празникот. Трети седални од минејот. Ипакој и степени воскресни. Прокимен: *Благовестите ден од дне...* Утрено евангелие на празникот. *Воскресение Христово...* Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици... И нињe...:* истото. *Помолиј мја Боже...* И стихирата: *Благовествует Гаврил...* Канони: воскресен и на празникот. По трета песна: воскресниот кондак. *Слава..., и нињe...:* седалниот на празникот. По шеста песна: кондак и икос на празникот. *Месјаца тогожде в двадесјат пјатиј ден Благовештение пресвјатија владичици нашеја Богородици и приснодеви Марији. Возвести Сина ангел Деве Отча величајша совета ангела велика. Радујсја Марии рече ангел в двадесјат пјатиј. Тоја молитвами Христе Боже наш и молитвами преподобнаго отца нашего Јоана Лествичника, помилуј и сапси нас. Амин.* Катавсија: *Отверзу уста моја...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветта песна на празникот. ***Светилни:*** воскресен и двата на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на празникот. *Слава...:* на празникот. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение...*

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот антифон: *Спаси ни Сине Божиј воскресиј из мертвих појуштија Ти алилуја.* Третиот антифон: *Днес спасенија нашего главизна...* Входно, како на крстопоклоната недела (види погоре). Тропари по входот, воскресен и на празникот.

Кондак: *Возбраној воеводје...* Апостол и евангелие: на празникот. Понатаму следува св. Златоустова литургија. Наместо: *Достојно... Благовествуј земле радост велију... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен: *Избра Господ Сиона... Видјехом свет истиниј...*

Одданието на празникот се прави на истиот начин како на крстопоклоната недела вечерта.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО СРЕДА НА ПЕТТАТА СЕДМИЦА ОД ВЕЛИКИОТ ПОСТ, ГОЛЕМИОТ КАНОН СЕ ПЕЕ ВО ПОНЕДЕЛНИК ВЕЧЕРТА со мало повечерие.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ЧЕТВРТОК ОД ИСТАТА СЕДМИЦА, редоследот е следниот:

Во вторник наутро. По великопосните часови, на вечерната, на *Господи возвах...* 3 стихири од триодот: *Брашно љубов творјаште...* и следдните две и 3 на претпразненството: *Сокровеное таинство... Слава..., и нињe...: Благовествует Гаврил... Свете тихиј...* Паримии од триодот. ***Стиховните*** од триодот: *Поползнувсја от праваго пути Твоего...* и наредната: *Из иерусалима снидох...* и маченичниот. Веднаш потоа се пеат стихирите според азбучниот ред пишувани за среда на вечерната: *Все житие мое со блудницами...* и т.н. до крајот, со припевот: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе. Слава...: О неизреченаго Твоего благоутробија... И нињe...: О неизреченаго сносхождениja...* (пак на крајот). *Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* Тропарите: *Богородице Дево...* Вечерната завршува според редоследот на великиот пост. Се прави отпуст.

ВЕЧЕРТА ВО ВТОРНИКОТ СЕ ПЕЕ ГОЛЕМИОТ КАНОН со мало повечерие.

Утрото во среда, на утрената. На ***стиховните***, од триодот: *Висоту добородетелеј...* и следната стихира: *Разбојническими помишленми...* Веднаш, *Слава..., и нињe...: Јазика егоже не ведјаше...* (пишувана на ***стиховните*** на самиот празник).

Часовите, вообичаени, со тропар и со кондак на претпразненството. По последната молитва на шестиот час, се чи-

таат: *Блажените.* Кондак на претпразненството. *Всесвјатаја Троице... И* отпуст.

ВО СРЕДА ВЕЧЕРТА, ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА, и ВО ЧЕТВРТОК НАУТРО, утрена со св. Златоустова литургија.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОК ОД ИСТАТА СЕДМИЦА, редоследот е следниот:

Во среда наутро, на предосветената литургија. На *Господи возвах...* пееме: 16 стихири, почнувајќи со стиховите: *На пути сем по немуже хождах скриша сет мне.* Од триодот самогласната стихира: *Моими помисленииа...*, двапати и маченичниот: *Аште каја добородетел...*, потоа 10 стихири од азбучните, почнувајќи од стихирата: *Все житие мое со блудницами...* и 3 на претпразненството: *Сокровеное таинство... Слава..., и нињe...: Благовествует Гаврил...* Понатаму следува предосветената св. литургија.

ВО СРЕДА ВЕЧЕРТА СЕ ПЕЕ ГОЛЕМИОТ КАНОН со мало повечерие.

Во четврток наутро по утрената, вообичаени часови со тропар и кондак на претпразненството. По шестиот час, отпуст.

Во четврток вечерта, големата вечерна и во петокот наутро утрената на празникот со св. Златоустова литургија.

Вечерта во петокот вечерната е како на крстопоклоната недела вечерта. Но, по: *Нињe отпуштаеши...* се пее: *Повеленое тајно...* И се чита целиот акатист според изложениот редослед за петокот од петтата седмица од великиот пост.

Утрото во саботата богослужбата се извршува според редоследот што е изложен во триодот. Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнејшују...* ***Светилен:*** *Еже од века днес познаваетсја таинство... Слава..., и нињe...:* истиот. На ***хвалите:*** 4 стихири: *Сокровеное таинство... Слава...: нињe: Јазики егоже на ведјаше...* Големо славословие. Тропар: *Повеленое таинство...*

На св. литургија. Изобразителни. Блажени. Входно: *Приjдите поклонимсjа и припаден ко Христу, спаси ни Сине Божиj во свjатих дивен сиj поjуштиjа Ти алилуjа.* По входот, тропар: *Повеленое таинство...* Кондак: *Возбраноj воеводjе...* Апостол и евангелие, на св. Богородица. Наместо: *Достоjно... Всjак земнородниj...* Причастен: *Чашу спасениjа... Видjехом свjет истиниj...* И со тоа се прави **ОДДАНИЕ** на празникот.

КОГАПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ СЕ СЛУЧИ ВО САБОТА ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА НА ВЕЛИКИОТ ПОСТ, редоследот е следниот:

Во петокот наутро, по утрената вообичаени часови. По шестиот час, отпуст.

ВЕЧЕРТА ВО ПЕТОКОТ СЕ ОТСЛУЖУВА ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА НА ПРАЗНИКОТ.

Утрото во саботата пред утрената што треба да почне порано, се чита **ПРАЗНИЧНА ПОЛНОќНИЦА** со литијата и со тропарот на празникот.

На *Бог Господ...* тропарот на празникот, (трипати), без *Слава..., и нињe...* Седални од минејот. ***Полиелеj и величание*** на празникот. *От jуности моеjа.....* ***Прокимен:*** *Благовестите ден од дне...* Утрено евангелие: на празникот: *Воставши Мариам...* Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици... И нињe...:* истото. *Помилуj мjа Боже...* и стихирата: *Благествует Гаврил...* По возгласот: *Милостиjу и штедоратами...* веднаш се пее: *Возбраноj воеводjе...* и се чита првата статија од акатистот. Потоа, вториот пат: *Возбраноj воеводjе...* и се чита втората статија. Почнува да се пее канонот на празникот. Катавасија: *Отверзу уста моjа...* според триодот), прва и трета песна: до: *...венцев слави сподоби.* Третиот пат: *Возбраноj воеводjе...* и третата статија. Мала ектенија. Се чита седален од минејот: *Слово Божие... Слава..., и нињe...: Послан бист Гаврил...* Се пеат четвртата, петтата и шестата песна (според минејот). Четвртиот пат: *Возбраноj воеводjе...* и четвртата статија. Мала ектенија. Кондак и икос на празникот (од монејот), синаксар од триодот. Се пеат седмата и осмата песна. Наместо: *Честнejшуjу...* се пее: деветтата песна од минејот. ***Светилни:*** двата од ми-

нејот. На ***хвалите:*** 4 стихири. *Слава..., и нињe...: Еже од века таинство...* Големо славословие. Тропарот на празникот.

На св. литургија. Антифони на празникот. Входно на празникот. Тропар и кондак на празникот. Исто така и апостол и евангелие на празникот. Следува св. Златоустова литургија. Наместо: *Достојно... Благовествуј земле... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен: *Избра Господ Сиона... Видјехом свјет истини...*

Во сабота вечерта и во недела наутро редоследот е ист како во четвртата сабота и недела од великиот пост, кога празникот ќе се падне во сабота од четвртата седмица на великиот пост (види погоре).

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ СЕ ПАДНЕ ВО ПЕТТА НЕДЕЛА ОД ВЕЛИКИОТ ПОСТ, редоследот е следниот:

Во петок утрото на предосветената литургија. На *Господи возвах...* поставуваме 6 стихови и од триодот го пееме самогласниот: *Јако Иерусалиме...* (двапати), и маченичниот: *Мученици Твои Господи...*, и 3 на празникот: *Совет превечниј... Слава..., и нињe...: Еже от века таинство...* По входот, паримии од триодот. Понатаму следува предосветената св. литургија според својот редослед.

Вечерта во петокот се чита мало повечерие и **ЦЕЛИОТ АКАТИСТ**.

Утрото во саботата, наместо полноќница се чита следното: *Благословен Бог наш... Слава тебе Боже наш, Слава Тебе. Царју небесниј... Трисвјатое. Господи помилуј*, (12 пати). *Пријдите поклонимсја...* 50 псалм. Тропар: *Повеленое таинство...* Ектенија: *Помолимсја...* И отпуст.

На утрената. На *Бог Господ...* тропар: *Повеленое таинство...* (двапати). Седален: *Великиј воин... Слава..., и нињe...:* истото (пишуван по десеттиот кондак во триодот, пред четвртата песна од канонот). Се чита 50 псалм. Канони, од триодот: *Отверзу уста моја...* со припев: *Пресвјатаја Богородице спаси*

нас, и од минејот на претпразненството: *Мир обрадовано веселитсја...* (на 24 март), со истиот припев. По трета песна: само седалниот: *Днес всја твар радуетсја...* (од 24 март). По шеста песна: кондак: *Возбраној воеводје...*, икос: *Ангел претстател...* Потоа се кажува: *В сеј ден неседалнују песн празднуем пресвјатија Владичици нашеја Богородици. Твоеја поборници же и непоборимаја матер молитвами Христе Боже от облежаштих напастеј и нас избави и помилуј нас јако един человекољубец.* Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнејшују...* ***Светилни,*** од триодот: *Еже од века днес познаваетсја таинство... Слава..., и нињe...:* од минејот: *Гаврил с висоти слетев...* На ***хвалите:*** 4 стихири од триодот: *Сокровеное таинство... Слава..., и нињe...: Јазика егоже не ведјаше...* Големо славословие. Тропарот на претпразненството.

На св. литургија. Тропари по входот: *Повеленое таинство...* на претпразненството и на храмовиот светија. Кондакот на претпразненството: *Всем земним начало...* Апостол и евангелие, на св. Богородица. Наместо: *Достојно... Всјак земнороднић...* Причастен: *Чашу спасенија... Видјехом свјет истинић...*

ВО САБОТА НАВЕЧЕР И ВО НЕДЕЛА на самиот празник редоследот е истиот како кога празникот ќе се случи во четвртата недела од постот.

ВЕЧЕРТА ВО НЕДЕЛАТА СЕ ПРАВИ ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ според редоследот прикажан на крстопклоната недела вечерта.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПОНЕДЕЛНИК НА ШЕСТАТА СЕДМИЦА ОД ВЕЛИКИОТ ПОСТ (ЦВЕТНА НЕДЕЛА), редоследот е следниот:

Во сабота на вечер, на вечерната. На *Господи возвах...* 4 воскресни стихири, 3 на претпразненството: *Сокровеное таинство...* и 3 од триодот: *Тебе убо возбрањаше... Слава...* од минејот: *Јазики егоже не ведјаше...* (пишувана на ***стиховните*** утрото, на 24), *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што преовладува. ***Воскресни стиховни*** стихири. *Слава...:* од триодот: *Душевнаја ловленија, и нињe...: Благовествует Гаврил благодатнеј днес...* (во службата на 25, на литијата). Тропари на

отпустот: воскресниот, *слава...: К тебе мати известно спасесја...* (од триодот), *и нинье...:* на претпразненството.

На утрената На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, само што воскресниот тропар се пее (двапати). Понатаму службата е воскресна. Канони: воскресен и на претпразненството: *Мир обрадовано веселитсја...* со припевот: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* По третата песна само седалниот: *Днес всја твар радуетсја...* По шеста песна воскресниот кондак и икосот. Синаксар од триодот. ***Катавсија:*** *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* од триодот: *Образ покајанија...*, *и нинье...* на претпразненството: *Гаврил с висоти слетев...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на претпразненството: *Началник вишних сил...* и наредните (пишувани на ***малата вечерна*** на празникот, на ***стиховните***). *Слава...* од триодот: *Нест царство Божие пишта и питие... И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Тропар по входот, воскресен, на претпразненството, на преподобна Марија Египетска и на храмовиот светија. Кондак на претпразненството: *Всем земним начало...* Понатаму според својот редослед продолжува св. литургија на св. Василиј Велики.

Вечерта во неделата се отслужува **Голема вечерна** и **утрото во понеделникот** се отслужува **утрена и св. Златоустова литургија** според редоследот прикажан во почетокот.

Вечерта во понеделникот се прави **ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ** според изложениот редослед на крстопоклоната недела навечер.

КОГА ПРАЗНИКОТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОКОТ ОД ИСТАТА СЕДМИЦА, редоследот е следниот:

Во средата наутро, на предосветената литургија. На *Господи возвах...* самогласен од триодот: *Богатиј в страстех сиј...* (двапати), маченичниот, како и трите наредни стихири, и 4 на претпразненството: *Сокровеное таинство... Слава..., и нинье...:*

Благовествует Гаврил... Понатаму продолжува предосветената св. литургија според вообичаениот редослед.

ВО ЧЕТВРТОК ВЕЧЕРТА се отслужува **ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА**, а во **ПЕТОКОТ, УТРЕНА СО СВ. ЗЛАТОУСТОВА ЛИТУРГИЈА**, според редоследот прикажан во почетокот.

ОДДАНИЕТО СЕ ПРАВИ ВО ПЕТОК НАВЕЧЕР според следниот редослед:

На *Господи возвах*... 4 стихири на празникот: *Совет превечниј*... Самогласните од триодот: *Душеполезнују совершавше четиредесјатницу возопиим*... (двапати), и 4 стихири на св. Лазар: *Господи Лазарев хотја гроб видјевши*... и наредните 3. *Слава...: Душеполезнују совершивше четиредесјатницу возопиим*... (од триодот). *И нињe*... од минејот: *Послан бист с небесе*... Стиховни од минејот: *Началник вишних сил*... (на малата вечерна). *Слава..., и нињe... В шестиј месјац*... (поторно таму). Отпустителен тропар на празникот: *Днес спасенија нашего главизна*... (трипати), без *Слава..., и нињe*...

Подоцна вечерта, или веднаш по вечерната се чита **МАЛО ПОВЕЧЕРИЕ** со каноното од триодот според редоследот што е прикажан за предвечерието на Воскресението на Лазара.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ СЕ ПАДНЕ НА ЛАЗАРЕВА САБОТА ВО ЧЕТВРТОК ВЕЧЕРТА СЕ ЧИТА МАЛО ПОВЕЧЕРИЕ со каноното на Лазара од триодот.

Во петокот утрото, по утрената, се читаат вообичаените часови. По шестиот час се прави отпуст.

Во петок вечерта на вечерната. На *Господи возвах*... 4 стихири на Благовештение: *Совет превечниј*... и 4 од триодот за Лазар: *Господи Лазарев хотја гроб видјети*... и наредните 3. *Слава...: Душеполезнују совершивше четиридесјатницу возопиим*... (од триодот). *И нињe*... од минејот: *Послан бист с небесе*... По входот, паримии на Благовештение. Стиховни од минејот. Исто и *Слава..., и нињe...: Днес радост благовештенија*... Тропари на отпустот: *Днес спасенија нашего главизна*... (двапати), *Слава..., и нињe...: Обштее воскресение*...

Празнична полноќница со литија и со тропар на празникот Благовештение.

На утрената. На *Бог Господ...*, тропарите како на вечерната. Седални, првиот од триодот: *Уштедрив Мартиини и Мариини слези... Слава..., и нињe...: Источник преомудрости и предведенија...* Вториот седален, од минејот: *Великиј воевода... Слава..., и нињe...: Днес всја твар радуетсја...* Полиелеј и величание на Благовештение. Третиот седален од минејот: *Гаврил с небесе еже радујсја... Слава..., и нињe...: Послан бист Гаврил к Деве Марии... От јуности моеја...* Прокимен: *Благовестите ден от дне спасенија Бога нашего.* Утрено евангелие на Благовештение (што е определено како на литургијата). *Воскресение Христово...* Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици... И нињe*, истото. *Помилуј мја Боже...* и стихирата: *Благовествует Гаврил...* Канони: на Благовештение и првиот од триодот. По третата песна седален од триодот: *Вкупе предастесја Христу Лазареве сестре... Слава..., и нињe...:* од минејот: *Послан бист с небесе архистратиг гаврил от Бога...* По шестата песна, кондак и икос на Благовештение. *Месјаца тогожде в двадесјат пјатиј ден благовештение пресвјатија владичици нашеја Богородици и приснодеви Марији. Возвести Сина ангел Деве Отча величајша совета Ангела велика. Радујсја Марии рече ангел в двадесјат пјатиј. В тојже ден востание празднуем свјатаго и праведнаго друга Христова Лазарја четвородневнго. Молитвами пречистија владичици нашеја Богородици и молитвами друга Твоего Лазарја Христе Боже наш, помилуј и сапси нас. Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна на празникот, од минејот. ***Светилни:*** од минејот: *Еже от века днес познаваетсја... Слава...* од триодот: *Словом Твоим Слове Божиј... И нињe...: Лазарем тја Христе...* На ***хвалите:*** 3 стихири од минејот: *С небесних кругов слетев Гаврил...* и 3 од триодот: *Воскресение и жизн человеком...* и наредните две. *Слава...* од триодот: *Велие и преславное чудо... И нињe...* од минејот: *Еже от века таинство...* Големо славословие. Тропар: *Днес спасенија нашего главизна...*

На св. литургија. Антифоните се пеат како кога ќе се случи во четвртата или во петтата недела од великиот пост.

Исто и входното. Тропари по входот: на Благовештение и *Обштее воскресение...* Кондак: *Возбраној воеводје...* Наместо: *Свјатиј Боже...* се пее: *Елици во Христа крестистесја...* Апостол, на Благовештение, евангелие на Лазарева сабота. Понатаму следува св. Златоустова литургија. Наместо: *Достојно... Благовествуј земле радост велију... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен: *Избра Господ Сиона...* Наместо: *Видјехом свјет истиниј...* се пее: *Обштее воскресение...*

ОДДАНИЕТО НА ПРАЗНИКОТ СЕ ПРАВИ ВЕЧЕРТА пред вечерната, на деветтиот час кога се читаат тропарот и кондакот на празникот Благовештение.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ДА СЕ СОВПАДНЕ СО ЦВЕТНИЦИ, редоследот е следниот:

Во петокот наутро на предосветената св. литургија. На *Господи возвах...* ја пееме самогласната стихира од триодот: *Душеполезнују совершивше четиридесјатницу...*, (двапати) и маченичниот, а потоа 4 стихири за Лазар и 3 на претпразненството: *Сокровеное таинство... Слава...: Душеполезнују совершивше четиридесјатницу возопим... И нинье...: Благовествует Гаврил...* (пишувана на литијата на празникот). Следува входот. Понатаму следува предосветената св. литургија според својот редослед.

Во петокот вечерта се чита мало повечерие со каноното на Лазар.

Во саботата на утрената. На *Бог Господ...* тропарите: *Обштее воскресение...* (двапати), *Слава..., и нинье...:* на претпразненството: *Днес всемирнија радости начатки...* Седални, првите од триодот: *Уштедрив Мартини и Мариини слези...*, *Слава..., и нинье...:* истото. Се пее *Ангелскиј собор...*, а потоа мала ектенија. Потоа, вторите седални, пак од триодот: *Источник премудрости и предведенија... Воскресение Христово.* Се чита 50 псалм. Канони, првиот од триодот и на претпразненството. И на двата канони припев: *Слава Тебе Боже наш. Слава Тебе.* По третата песна, седалниот од триодот: *Поведиј всјаческаја... Слава..., и нинье...* од минејот: *Днес всја твар раду-*

етсја... По шеста песна: кондак и икос од триодот. Синаксар од триодот. Катавасија: *Воду прошед јако сушту*... Наместо: *Честнејшују*... се пее деветтата песна од триодот. По малата ектенија, *Свјат Господ Бог наш* (како во неделите). ***Светилни*** од триодот: *Словом Твоим Слове Божиј*... *Слава*...: *Лазарем тја Христос*... *И нињe*...: од минејот: *Гаврил с висоти слетев*... На ***хвалите:*** 4 стихири од триодот (првите по ред) и 4 на претпразненството: *Началник вишних сил*... (пишувани на малата вечерна на празникот). *Слава*... од триодот: *Велие и преславное чудо*... *И нињe*...: *Преблагословена еси*... Големо славословие. *Днес спасенија миру бист*...

На св. литургија. Изобразителни. Блажени. Входно: *Пријдите поклонимсја и припаден ко Христу, спаси ни Сине Божиј воскресиј из мертвих, појуштија Ти алилуја.* Тропари по входот: *Обштее воскресение*... И на претпразненството. Кондак од триодот: *Всех радост Христос*... Наместо: *Свјатиј Боже*... се пее *Елици*... Апостол и евангелие на Лазарева сабота. Следува св. Златоустова литургија. Наместо: *Достојно*..., *Чистују славно почтим*... (ирмосот од деветтата песна на првиот канон во триодот).

Во сабота **на вечерната.** На *Господи возвах*... 4 стихири на празникот Благовештение: *Совет превечниј*... и 4 од триодот. *Слава..., и нињe*... од минејот: *Послан бист с небесе*... По входот паримии, една на Благовештение и две на Цветници. ***Стиховни,*** од минејот. *Слава*... од триодот: *Днес благодат Свјатаго Духа*... *И нињe*... од минејот: *Днес радост Благовештенија*... Тропари на отпустот: *Днес спасенија нашего главизна*... *Слава*...: *Обштее воскресение*... *И нињe*...: *Днес спасенија*....

Празнична полноќница со литии, на Благовештение (без *Слава*...) и од триодот (без *Слава*...), *Слава..., и нињe*...: од минејот: *Благовествует Гаврил*... Тропар: *Днес спасенија нашего главизна*...

На утрената. На *Бог Господ*... тропарите: *Днес сласенија нашего главизна*... двапати, *Слава..., и нињe*...: *Обштее воскресение*... Седални, првите: *Великиј воевода*... *Слава..., и нињe*...: *Днес всја твар радуетсја*... (од минејот). Вторите седални, од

триодот: *С ветвми умно... Слава..., и нињe...: Восхвалите согласно...* Полиелеј и величание на Благовештение. Третите седални од триодот: *На престоле херувимсте... Слава... и нињe...* од минејот: *Послан бист Гаврил... От јуности моеја.....* Прокимен: *Благовестите ден от дне...* Утрено евангелие на Благовештение (што е предвидено за литургијата). Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Богородици... и нињe...:* истото. *Помилуј мја Боже...* и стихирата од минејот: *Благовествует Гаврил...* Канони, на Благовештение и од триодот. По третата песна: ипакој од триодот. *Слава... и нињe...:* седален од минејот: *Послан бист с небесе...* По шестата песна: кондак и икос на Благовештение. *Месјаца тогожде в двадесјат пјатиј ден благовештение пресватија владичици нашеја Богородици и приснодеви Марии. Возвести Сина ангел Деве Отча величајша совета Ангела велика. Радиујсја Марии рече ангел в двадесјат пјатиј. В сиј ден славниј и пресветлиј праздник ваиј празднуем. Неизреченим Твоим милосердием Христе Боже наш јасное и живоносное Твое воскресение видети сподоби и помилуј нас нињe и присно и во веки веков. Амин.* Катавасија: *Јавишасја источници бездни...* Наемсто: *Честнејшујy...* се пее деветта песна, и од минјеот и од триодот. ***Светилни,*** според минејот.

ЗАБЕЛЕШКА. Овде се чита молитвата за гранчињата од врба или од зеленикатa.

На ***хвалите:*** 3 стихири од минејот и 3 од триодот. *Слава...:* од триодот: *Прежде шести днеј Пасхи... И нињe...:* од минејот: *Еже од века таинство...* Големо славословие. Тропар: *Днес спасенија нашего главизна...*

На св. литургија. Антифони на празникот Благовештение. Входно на празникот Благовештение. Тропари по входот: *Днес спасенија нашего главизна...* и *Обштее воскресение...* Кондак: *Возбраној воеводје...* Апостол, на Благовештение, евангелие, на Цветници. Наместо: *Достојно... Благовествуј земле радост велију... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен: *Избра Господ Сиона...* Наместо: *Видјехом свјет истиниј...* се пее *Обштее воскресение...*

ОДДАНИЕТО И НА ДВАТА ПРАЗИЦИ, на Благовештение и на Цветници, **СЕ ПРАВИ НА ВЕЧЕРНАТА ИСТИОТ ДЕН** на следниот начин: на *Господи возвах...* 3 стихири на Цветници: *Радујсја и веселисја граде Сионе...* и 3 на Блговештение: *Совет превечниј... Слава..., и нињe...:* од минејот: *Послан бист с небесе...* Вход. *Свете тихиј...* Прокимен на денот: *Се нињe благословите Господа...* На ***стиховни***, стихирите од триодот, *Слава..., и нињe...* од минејот: *Днес радост благовештенија... Нињe отпуштаеши...* и веднаш: *Слава тебе Боже наш, Слава Тебе*, и го пееме: трипеснецот од триодот: *Јосифово целомудрие...* На крајот се пее ирмосот на деветтата песна: *Чужде матерем девство... Трисвјатое.* Отпустителен тропар: *Днес спасенија нашего главизна...* (трипати), без *Слава.., и нињe...*

ВЕЧЕРТА СЕ ПЕЕ ПОСЛЕДОВАНИЕТО НА ЖЕНИХОТ според својот редослед.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ВЕЛИКИ ПОНЕДЕЛНИК, редоследот е следниот:

НА ЛАЗАРЕВА САБОТА, НА ГОЛЕМАТА ВЕЧРНА СПРОТИ ЦВЕТНИЦИ И НА САМИОТ ДЕН на утрената и на литургијата сѐ е според редоследот предвиден за тие дни, односно **СПОРЕД ТРИОДОТ.**

Вечерта во неделата се служи голема вечерна. На *Господи возвах...*, 3 стихири на празникот: *Совет превечниј...* и 3 од триодот: *Радујсја и веселисја граде Сионе... Слава...: Имјејај престол небо...* (од триодот, стихира на Цветници на *Господи возвах...*). *И нињe...: Послан бист с небесе...* (од минејот). По входот, паримии на Благовештение. ***Стиховните*** стихири од триодот (на 2, 3 и 7 глас). *Слава..., и нињe...* од минејот: *Днес радост благовештенија...* Отпустителниот тропар: *Днес спасенија нашего главизна...* (трипати, без да се пее: *Слава... и нињe...*).

Утрото во понеделникот. Полноќница, утрена и Златоустова литургија, според минејот и според изложениот редослед во почетокот.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога празникот Благовештение ќе се случи во понеделник, во вторник, во среда или во четврток во страс-

ната седмица, не се разрешува да се јаде риба. Се разрешува масло и вино.

ПОПЛАДНЕ СЕ ОТСЛУЖУВА ВЕЧЕРНА според редоследот предвиден на крстопоклоната недела вечерта и со тоа се прави **ОДДАНИЕ** на празникот.

ВЕЧЕРТА СЕ СЛУЖИ ПОСЛЕДОВАНИЕТО НА ЖЕНИХОТ според својот редослед.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ВЕЛИКИ ВТОРНИК, ВО ПОНЕДЕЛНИКОТ НАУТРО се читаат првиот, третиот и шестиот час според редоследот за страсната седмица и се прави отпуст по последната молитва на шестиот час.

ПОПЛАДНЕ СЕ ОТСЛУЖУВА ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА, а другиот ден, **ВО ВТОРНИКОТ, ПОЛНОЌНИЦА, УТРЕНА И СВ. ЗЛАТОУСТОВА ЛИТУРГИЈА** според редоследот прикажан во почетокот.

ПОПЛАДНЕ ВО ВТОРНИКОТ се извршува **вечерна** според редоследот предвиден за крстопоклоната недела вечерта и со тоа се прави **ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ**.

ВЕЧЕРТА СЕ СЛУЖИ ПОСЛЕДОВАНИЕ НА ЖЕНИХОТ според својот редослед.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ВЕЛИКА СРЕДА, редоследот е следниот:

ВО ВТОРНИКОТ УТРОТО по часовите се отслужува **МАЛА ВЕЧЕРНА СО ПРЕДОСВЕТЕНА СВ. ЛИТУРГИЈА**. На *Господи возвах...* се пеат на 6 стихирите од ***стиховните***, од вторник на утрената (односно оние што се пееле претходната вечер на последованието на Женихот): *Пријдите верни делаим усердно Владицје...*; *Егда пријдеши во славје...*; и *Женише добротоју красниј... Слава..., и ниње...: Се тебе талант Владика вверјает...* Вход со евангелие. Читања од триодот. *Да исправитсја...* Евангелие за литургијата на велики вторник. Понатаму следува предосветената литургија според својот редослед.

ПОПЛАДНЕ СЕ ОТСЛУЖУВА ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА И УТРОТО ВО СРЕДАТА СЕ ОТСЛУЖУВА ПОЛНОЌНИЦА, УТРЕНА И СВ. ЗАЛТОУСТОВА ЛИТУРГИЈА според прикажаниот редослед во почетокот.

ВЕЧЕРТА ВО СРЕДАТА, НА ВЕЧЕРНАТА СЕ ПРАВИ ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ според прикажаниот редослед за крстопоклоната недела вечерта.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ВЕЛИКИ ЧЕТВРТОК, редоследот е следниот:

ВО СРЕДАТА УТРОТО, по часовите, се отслужува **МАЛА ВЕЧЕРНА СО ПРЕДОСВЕТЕНА ЛИТУРГИЈА**. На *Господи возвах...* се пеат 4 стихири: *Стекаетсја прочее соборште...*; *Јуда предател...*; *Јуда раб и лстец...*; *Егоже проповеда Агнца Исаија...* (пишувани на ***хвалите:*** во четвртокот на утрената). *Слава..., и нињe...: Рождение ехиднов...* (пишувана на велики четврток на вечерната). Вход со евангелие. Паримии од триодот. *Да исправитсја...* Евангелие за литургијата на велика среда. Понатаму следува предосветената св. литургија според својот редослед.

ПОПЛАДНЕ ВО СРЕДАТА СЕ ОТСЛУЖУВА ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА на Благовештение. Прокимен по входот: *Боже во имја Твое спаси мја...*

УТРОТО, ПОЛНОЌНИЦА НА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ.

Утрената до канонот се извршува само според редоследот на празникот Благовештение. Се чита канонот само на Благовештение. По третата песна, седалниот од триодот: *Езера и источники... Слава..., и нињe...:* седален од минејот: *Слово Божие на земљу нињe сниде...* По шестата песна: кондак и икос на Благовештение. Потоа се кажува: *Месјаца тогожде в двадесјат пјатиј ден Благовештение пресвјатија владичици нашеја Богородици и приснодјеви Марии. Возвести Сина ангел Деве Отча величајша совета Ангела велика. Радујсја Марии рече ангел в двадесјат пјатиј. Во свјатиј и великиј четверток празднуем свјаштеное умовение, таинственују вечерју и преестественују молитву Господа нашего Исуса Христа. Неизреченим Твоим благоутробием Христе Боже наш помилуј и спаси нас. Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Наместо: *Честнејшују...* се пее

деветта песна на празникот од минејот. ***Светилни:*** *Чертог Твој вижду... Слава...: Ангелских сил архистратиг... И нинье...: Еже от века днес познаваесја таинство Божие...* (последните два од минејот). На ***хвалите:*** самогласниот од триодот: *Да никтоже о верниј...* (пишуван на ***стиховните*** на велики четврток утрото), двапати, и 4 стихири на Благовештение, од минејот. *Слава...:* од триодот (пишувана повторно на ***стиховните***): *Тајноводтсвуј Твоја Господи ученики...*; *и нинье...: Еже от века таинство...* (од минејот). Големо славословие. Тропар: *Днес спасенија нашего главизна...*

На св. литургија. Антифоните, входното, тропарот, кондакот и апостолот на празникот Благовештение. Евангелието, за велики четврток. Наместо херувимската песна: *Вечери Твоеја тајнија...* Понатаму следува **СВ. ЗЛАТОУСТОВА ЛИТУРГИЈА.** Наместо: *Достојно...: Благовествуј земле радост велију... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен: *Избра Господ Сиона...* Наместо: *Видјехом свјет истиниј...* се пее: *Вечери Твоеја тајнија...*

ПОПЛАДНЕ СЕ ОТСЛУЖУВА ВЕЧЕРНА И СЕ ПРАВИ ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ според редоследот за крстопоклоната недела вечерта.

ВЕЧЕРТА СЕ ЧИТААТ ДВАНАЕСЕТТЕ ЕВАНГЕЛИЈА според својот редослед.

ЗАБЕЛЕШКА. КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ДА СЕ СОВПАДНЕ СО ВЕЛИКИ ПЕТОК И СО ВЕЛИКА САБОТА, ТОГАШ ТОЈ СЕ ОДЛОЖУВА ЗА ПАСХА и редоследот е следниот:

(ИСТИОТ РЕДОСЛЕД Е И КОГА БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СОВПАДНЕ СО ДЕНОТ НА ПАСХА):

На Велика сабота наутро, на вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 3 воскресни стихири: *Вечерниј наша молитви...* и наредните две, 3 стихири: *Днес от стења вопиет...* и наредните две, и 4 од минејот: *Совет превечниј... Слава...:* од триодот: *Днешниј ден тајно... И нинье...: Послан бист с небесе...* (од минејот). Вход со евангелие. *Свете тихиј...* и веднаш паримии: првата од триодот, втората од минејот (*Излезе Јаков...*), тре-

тата и четвртата од триодот. На последната се пеат припевите: *Господа појте и превозносите во всја веки.* Мала ектенија. Наместо: *Свјатиј Боже...* се пее *Елици...* Апостол, за велика сабота. По апостолот свештеникот излегува на светите двери, расфрла цвеќиња до архиерејскиот трон и пее: *Воскресни Господи, суди земли, јако Ти наследиши во всех јазицјех.* Истото се пее и од пејачите (двапати). Потоа: *Премудрост прости,* и се чита евангелието за велика сабота. Понатаму следува **св. Василиева литургија**. Наместо херувимска песна, се пее: *Да молчит всјака плот...* Причастен: *Воста јако спја Господ...* Наместо: *Видехопм свјет истиниј...*, се пее: *Помјани Благоутробне и нас јакоже помјанул еси разбојника во царствии небеснем.*

ПРЕКУ НОЌТА СПРОТИ ПАСХА СЕ ПЕЕ ПОЛНОЌНИЦА СПОРЕД РЕДОСЛЕДОТ ЗА ПАСХАТА. По канонот, откако ќе се запалат свеќите, клириците излегуваат од св. олтар и прво пеат: *Благовествуј земле радост велију...* и потоа: *Воскресение Твое Христе Спасе...*

На определеното место се чита пасхалното евангелие според својот редослед. Потоа се кажува: *Слава свјатјеј...* и се пее: *Хростос воскресе...* со стиховите. На *и ниње...:* се пее тропарот на празникот Благовештение: *Днес спасенија нашего главизна...* Голема ектенија. Потоа се пеат каноните на Пасха и на Благовештение. По секоја песна се пее ирмосот (катавасијата) на пасхалниот канон, *Христос воскресе...*, (трипати), *Воскрес Исус од гроба...* По секоја песна се кажува и мала ектенија според редоследот прикажан за Пасха. По третата песна: ипакој, кондак и икос на Пасха. По шестата песна: кондак и икос на Благовештение и веднаш се пее прокименот: *Благовестите ден от дне...* Утрено евангелие на Благовештение (што е предвидено за литургијата). *Воскресение Христово...* (трипати). *Воскрес Исус од гроба...* (трипати). Веднаш потоа се пее: *Слава...: Молитвами Богородици... И ниње...:* истото. Наместо: *Помилуј мја Боже...* се пее на 2 глас: *Благовестите ден од дне спасение Бога нашего*, и се пее самогласната стихира: *Благовествует Гаврил...* (од минејот). *Спаси Боже људи Твоја... Господи помилуј, (*12 пати). *Милостију и штедортами...* Потоа се продолжува со пеењето на каноните, на седмата и на осмата песна, според погоре изложениот редослед. По малата ектенија, по осмата песна се кажува: *Богородицу и матер света...* Потоа се

пее деветта песна, со припевите: пасхалниот на 4 и на Благовештение на 4. Потоа, *Ангел вопијаше... Светисја, светисја... Христос воскресе...* (трипати) и *Воскрес Исус од гроба...* ***Светилни:*** на Пасха, на Благовештение и пак на Пасха (без да се кажува *Слава.., и нињe...*). На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на празникот (припеви на последните две: 1. *Благовестите ден от дне спасение Бога нашего*, и 2. *Воспојте Господеви песн нову, воспојте Господеви всја земља*). *Пасха свјаштенаја... Слава...* на Благовештение: *Еже от века таинство... И нињe...: Воскресенија ден... Христос воскресе...* (трипати).

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот антифон: *Спаси ни Сине Божиј воскресиј из мертвих појуштија Ти алилуја.* Третиот антифон: *Христос воскресе...* Входно: *Благовестите ден от дне спасение Бога нашего, спаси ни Сине Божиј воскресиј из мертвих полјуштија Ти алилуја.* Тропари по входот: *Христос вокресе... Днес спасенија нашего главизна...* и ипакој на Пасха: *Предварившија утро јаже о Марии.* Кондак: *Аште и во гроб сизшел еси...* Наместо: *Свјати Боже...* се пее: *Елици...* Апостол и евангелие: на Пасха. Наместо: *Достојно... Благовествуј земле радост велију... Јако одушевленому Божију кивоту...* Причастен на Пасха. Потоа сè според редоследот прикажан за Пасха.

КОГА СЛУЖБАТА ЗА БЛАГОВЕШТЕНИЕ СЕ СОВПАДНЕ СО СЛУЖБАТА НА ПАСХА, НЕ СЕ ПРАВИ ПОСЕБНО ОДДАНИЕ НА БЛАГОВЕШТЕНИЕ. На вечерната на првиот ден од Пасха (Второ воскресение) сè е пасхално.

КОГА ПРАЗНИКОТ БЛАГОВЕШТЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПОНЕДЕЛНИК, ВО ВТОРНИК ИЛИ ВО СРЕДА НА СВЕТЛАТА СЕДМИЦА, редоследот е сладниот:

ВЕЧЕРТА СПРОТИ ПРАЗНИКОТ НА ГОЛЕМАТА ВЕЧЕРНА. На *Господи возвах...* пееме: 4 воскресни стихири и 4 на Благовештение: Совет превечниј... *Слава..., и нињe...: Послан бист с небесе...* Вход. *Свете тихиј...* Големиот прокимен за денот. Паримии на Благовештение. На ***стиховните***, една воскресна стихира, *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на Благовештение: *Днес радост благовештенија... И нињe...: Воскресенија ден..., Христос*

воскресе..., *Днес спасенија нашего главизна...*, *Христос воскресе...* и отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога Благовештение ќе се падне во понеделникот од светлата седмица, на вечерната во неделата навечер входот се прави со евангелие. По паримиите се кажува: *И о сподобитисја нам...* и се чита св. евангелие на разни јазици.

УТРЕДЕНТА УТРЕНАТА И ЛИТУРГИЈАТА се извршуваат според редоследот изложен за првиот ден на Пасха. Разликата е во причастниот: *Избра Господ Сиона...*

АПРИЛ

4 АПРИЛ

ПРЕПОДОБНИ ОТЦИ ЈОСИФ ПЕСНОПИСЕЦ И ГЕОРГИЈ, СВЕШТЕНОМАЧЕНИК НИКИТА СЕРСКИ

За службата на св. Никита види ги упатствата за 6 април.

6 АПРИЛ

УПОКОЈУВАЊЕ НА СВ. МЕТОДИЈ УЧИТЕЛ СЛОВЕНСКИ

Неговата служба се соединува со службата од триодот за тој ден.

АКО СЕ СЛУЧИ НА ЦВЕТНИЦИ ИЛИ ВО НЕКОЈ ДРУГ ДЕН ОД СТРАСНАТА СЕДМИЦА неговиот спомен се празнува во петокот пред Цветници, или по Пасха.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ТЕКОТ НА ПАСХАЛНАТА СЕДМИЦА ИЛИ ПОДОЦНА, види ги забелешките за службата на св. Георгиј, на 23 април.

На вечерната. На *Господи воззвах...*, стихири, на 6., на св. Методиј, гл. 4., подобен на *Дал еси знамение: Закон благодати...* и на св. Евтихиј, гл. 2., подобен на: *Егда от древа: Стаду и овцам Христовим словесним... Слава...*, гл. 8.: *Приидите празднољбци..., и нинье...*, богородичен или крстобогородичен, подобен на: *О преславнаго чудесе: Агница Агнца јако видје...* Вход. На стиховни: стихири од Посниот или од Цветниот Триод. Тропар на св. Методиј, гл. 4: *Свјатителја твоего Методија, Христе..., Слава...*, на св. Евтихиј, гл. 4.: *Правило вјери и образ кротости... и нинье...*, богородичен или на празникот.

На **утрената:** ако е *Бог Господ...*, тропар на св. Методиј, *Слава...*, на св. Евтихиј, *и нинье...*, богородичен. Седални од Посниот или од Цветниот Триод. Канони: на св. Методиј, гл. 2. и на св. Евтихиј, гл. 6. По трета песна: коидак на св. Методиј и седален. *Слава...*, на св. Евтихиј, *и нинье...*, богородичен или

крстобогородичен. По шеста песна: кондак, гл. 2.: *Божественаго и вјернаго Методија...* и икос.

Понатаму како што е вообичаено.

23 АПРИЛ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИК ГЕОРГИЈ ПОБЕДОНОСЕЦ

КОГА НЕГОВИОТ СПОМЕН ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ВЕЛИКИ ПЕТОК, НА ВЕЛИКА САБОТА ИЛИ НА ПРВИОТ ДЕН НА ПАСХА, неговата служба се извршува на светол понеделник (според истиот редослед се извршува и кога ќе се случи во било кој ден од светлата седмица, освен во петок, за што има посебен редослед), според следниот редослед:

На вечерната на Пасха. На *Господи возвах...* 4 воскресни стихири и 4 на светијата. *Слава...:* на светијата, *и нињe...:* од пентикостарот. Вход со евангелие. *Свете тихиј...* Големиот прокимен и се чита **СВ. ЕВАНГЕЛИЕ** на разни јазици.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога споменот на св. Георгиј не се празнува на светол понеделник, туку во друг ден од светлата седмица, вход се прави со кадилница и евангелие не се чита, туку се читаат **ПАРИМИИ** на светијата.

На ***стиховните***, воскресната стихира *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата, *и нињe...: Воскресенија ден... Христос воскресе...* Тропари: *Јако плених свободител...*, *Христос воскресе...* Отпуст.

На утрената: По: *Христос воскресе...* и по големата ектенија веднаш се пее: *От јуности моеја.....* Прокимен: *Праведник јако финикс процветет...* Утрено евангелие на светијата. *Воскресение Христово...* еднаш. *Слава...: Молитвами страстотерпца... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуј мја Боже...* и стихирата од минејот: *Днес вселенаја всја... Спаси Боже људи Твоја... Господи помилуј* (12 пати). *Милостију и штедротами...* Потоа се пеат каноните на Пасха и на светијата, а по секоја песна се пее: *Христос воскресе...*, (трипати). *Воскрес Исус од гроба...* (еднаш) и се кажува мала ектенија според ре-

доследот прикажан за пасхалната служба. По третата песна: ипакој и кондак на Пасха. По шестата песна: кондак и икос на светијата. *Месјаца тогожде... Воскресение Христово...* (трипати), *Воскрес Исус од гроба...*, (трипати) и продолжуваме со каноните, седмата и осмата песна. По малата ектенија, по осмата песна се кажува: *Богородицу и матер света...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна од пасхалниот канон 4, и на светијата 4. *Ангел вопијаше... Светисја, светисја... Христос воскресе...* и останатото. ***Светилни:*** на Пасха, *слава...:* на светијата, *и нињe...:* на Пасха. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на светијата (припеви на последните две: 1. *Праведник јако финикс процветет, јако кедр иже в ливање умножитсја.* 2. *Насаждени в дому Господни во дворех Бога нашего процветут*). *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата, *и нињe...: Воскресенија ден... Христос воскресе...*, (трипати).

На св. литургија. Антифоните и входното на Пасха. По входот: *Христос вокресе...*, ипакој на Пасха: *Предварившија утро... Јако плених свободител...* Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Апостол и евангелие на светијата. Наместо: *Достојно...*, *Ангел вопијаше...* Причастен: *В памјат вечнују...* Понатаму следува пасхалниот редослед.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОК НА СВЕТЛАТА СЕДМИЦА, редоследот е следниот:

На вечерната. На *Господи возвах...* 3 воскресни стихири, 3 Богородични и 4 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И нињe...: Кто возглаголет сили твоја источниче...* Вход. *Свете тихиј...* Голем прокимен. Паримии на светијата. Стиховни стихири, воскресната: *Воскресение Твое Христе Спасе...*, 3 богородични: *Радујсја живоносниј источниче...* и наредните две. *Слава...:* на светијата. *И нињe...: Воскресенија ден...* Тропарите: *Христос Воскресе...*, *Јако плених свободител...*, *Христос воскресе...* отпуст.

На утрената редоследот е како погоре. ***Светилни:*** *Плотију уснув... Слава...:* на светијата, *И нињe...: Источник еси воистину води живија...* (од пентикостарот). На ***хвалите:*** 2 воскресни стихири, 3 на Богородица: *Вода источника...* и наредните

две, и 3 на светијата (за припевите на последните две види погоре). *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата, *и нињe...: Воскресенија ден...* Понатаму редоследот е ист како погоре.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ТОМИНА НЕДЕЛА, редоследот е следниот:

Во сабота навечер на вечерната. *Благословен Бог наш... Христос воскресе...* се пее еднаш од олтарот и двапата од певницата. Веднаш се чита 103–от. По големата ектенија се чита првата катизма од псалтирот. На *Господи возвах...* 6 стихири од пентикостарот: *Дверем заккључениим ученикот собраним...* и наредните, и 4 на светијата. *Слава...:* на св. Георгиј. *И нињe...: Дверем заклученим пришел еси Христе...* Вход. *Свете тихиј...* Прокимен: *Господ воцарисја...* Паримии на св. Георгиј. Стиховни од пентикостарот: *О преславное чудесе... Слава...:* на св. Георгиј, *и нињe...: Человјеколубче, велие и безприкладное...* Тропари на отпустот: *Запечатану гробу..., Слава...: Јако плених свободител..., и нињe...: Запечатану гробу...*

На полноќницата, по триочниот канон на првиот глас, литијните стихири од пентикостарот (без *Слава*–та), и од минејот на св. Гоергиј. *Слава...:* од минејот: *Божија весна, пријдите насладимсја... И нињe...:* од пентикостарот: *Дверем заклученим учеником собраним... Достојно ест јако воистину славит Тја...* Тропар: *Запечатану гробу...*

На утрената. Тропарите на *Бог Господ...*, како на вечерната. Седални, првите од минејот: *Се возсија благодати весна... Слава..., и нињe...:* од пентикостарот: *Страха ради јудејска...* Вторите, од минејот: *Воинство еже на земли возненавидјев... Слава..., и нињe...:* од пентикостарот: *Предстал еси животе...* Полиелеј и величание на св. Георгиј. Степени: *От јуносшти моеја...* Прокимен: *Похвали Јерусалиме Господа, хвали Бога твоего Сионе.* Канони, од пентикостарот и првиот од минејот. По третата песна, ипакој од пентикостарот: *Јако посреде учеников Твоих...* и кондакот на св. Георгиј. По шестата песна, кондак и икос од пентикостарот. Потоа се кажува: *Месјаца тогожде в двадесјат третиј ден памјат празднуем свјатаго славнаго великомученика, победоносца и чудотврца Георгија. В сиј ден,*

в неделју вторују по Пасције обновленија празднуем Христова воскресенија и свјатаго апостола Томи осјазание. Твоего апостола Томи молитвами и молитвами свјатаго великомученика Георгија победоносца Христе Боже наш помилуј и спаси нас. Амин. Катавасија: *Воскреснија ден...* Воскресно утрено евангелие. Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна од пентикостарот: *Тебе светлују свешту...* на 4, и од минејот на 4. Потоа: *Ангел вопијаше... Светисја, светисја...* ***Светилни:*** *Моих удов рукоју испитавиј јазви... Слава...:* од минејот: *Весна нам возсија... И нињe...:* од пентикостарот: *Днес весна благоухает...* На ***хвалите:*** 3 стихири од пентикостарот и 3 на св. Георгиј. *Слава...* од минејот: *Да помавајут праведнаја... И нињe...* од пентикостарот: *По днех осмих востанија Твоего...* Големо славословие. Тропар: *Запечатану гробу...*

На св. литургија. Антифоните и входното на Пасха. Тропари по входот: *Запечатану гробу... Јако плених свободител...* и на храмовиот светија. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Се пее: *Свјати Боже...* Апостол, на св. Георгиј. Евангелие на Томина недела. Наместо: *Доистојно...*, *Тебе светлују свешту...* Причастен: *Похвали Јерусалиме...* Наместо: *Видјехом свет истиниј...* се пее: *Христос воскресе...*

ЗАБЕЛЕШКА. Од Лазарева сабота до празникот Педесетница, заклучно, не се пее: *Видјехом свет истиниј...*

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ДЕЛНИЧЕН ДЕН, ОСВЕН ВО ДЕНОВИТЕ НА СВЕТЛАТА СЕДМИЦА, редоследот е следниот:

На вечерната. На *Господи возвах...* 2 стихири на празникот (во овој случај од Пасха до **ОДДАНИЕ** на Педесетница, под „празник“ се подразбира претходниот неделен ден, на пример, Томина недела, недела на мироносиците и тн., или празниците: Преполовение или Вознесение кога ќе се случи да е направено нивното **ОДДАНИЕ**), од пентикостарот и 6 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И нињe...:* на празникот. Вход. *Свете тихиј...* Прокимен на денот. Паримии на светијата. Стиховни на светијата. како и *Слава... и нињe...:* на празникот. Тропари на отпустот на

св. Георгиј, *Слава..., и нињe...:* на празникот (за тропарите на неделата на мироносиците види го редоследот подолу, кога спомeнот на св. Георгиј ќе се падне во неделата на мироносиците).

Празнична полноќница со литија и со тропарот на светијата.

На утрената. На *Бог Господ...*, тропарот на св. Георгиј, (двапати). *Слава... и нињe...:* на празникот, (еднаш). (освен по неделата на мироносиците). Седални, првите: *Се возсија благодати весна...* (од минејот). *Слава..., и нињe...:* на празникот. Вторите: *Воинство еже на земли возненавидјев...* (од минејот). *От јуности моеја.....* Прокимен: *Праведник јако финикс процветет...* Утрено евангелие на светијата. *Воскресение Христово...* Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами страстотерпца Милостиве... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуј мја Боже...* и стихирата: *Днес вселенаја всја...* Канони, на празникот и првиот на светијата. По третата песна: седален на светијата: *Благочестија образи... Слава..., и нињe...:* седален на празникот. По шестата песна: кондак и икос на светијата. *Месјаца тогожде...* Катавасија: *Воскресенија ден...* Се пее *Честнејшују...* ***Светилни:*** на светијата. *Слава.., и нињe...:* на празникот. На ***хвалите:*** 4 стихири на светијата. *Слава...* на светијата: *Да помавајут праведнаја... И нињe...* на празникот. Голéмо славословие. Тропарот на светијата.

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот: на празникот, на светијата, на храмовиот светија. Кондак на празникот (според укажувањата во служебникот). Апостол и евангелие на светијата. Наместо: *Достојно..., Ангел вопијаше...* Причастен: *В памјат вечнују...* Наместо: *Видјехом свет истиниј... Христос воскресе...*

КОГА СПОМЕНОТ НА СВ. ГЕОРГИЈ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА МИРОНОСИЦИТЕ, редослеследот е следниот:

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* 4 воскресни стихири, 2 на мироносиците и 4 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И нињe...* на мироносиците: *Мироносици жени гроба*

Твоего достигша... По входот, паримии на светијата. Стиховни, една воскресна и *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата. *И ниње...: Тебе одејуштагосја светом...* Тропари на отпустот: *Егда снизшел еси к смерти... Благообразни Јосиф... Слава...: Јако плених свободител... И ниње...: Мироносицам женам при гробе представ ангел вопијаше...*

ЗАБЕЛЕШКА. Овде треба да споменеме дека на отпустот (како и на *Бог Господ...*) се пеат најмногу четири тропари. Ако на пример се случи во таа седмица во некој ден да има во минејот два тропара, тие се пеат, но еден од првите два на празникот се испушта. Истото правило важи и во текот на целата година.

На полноќницата. По троичниот канон, литија на светијата. *Слава...:* на светијата, *и ниње...* од пентикостарот: *Проси Јосиф тело Исусово... Достојно ест јако воистину славити Тја...* Тропар: *Егда снизшел еси...*

На утрената. На *Бог Господ...*, тропарите како на вечерната. Седални, првите: *Камен гробниј... Воскресни Господи: Недро пречистое... Слава...:* од минејот: *Се возсија благодати весна... И ниње: Всја паче смисла...* Вторите, на истиот начин: *Мироносици утро пришедшија... Исповјем сја тебе Господи: Мири погребенија Твоего... Слава...* од минејот: *Воинство еже на земли воненавидјев... И ниње...: Препрославлена еси Богородице дево...* Полиелеј и величание на светијата. *Ангелскиј собор...* Мала ектенија. Третите седални од минејот. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони, воскресен и првиот на светијата. По третата песна кондакот од пентикостарот: *Радоватисја мироносицам повелел еси... Слава...* седален од минејот: *Благочестија образи... И ниње...* седален од пентикостарот: *Учеников Твоих лик...* По шеста песна: кондак и икос на светијата. *Месјаца тогожде в двадесја третиј ден памјат празднуем свјатаго славнаго великомученика, победоносца и чудотврца Георгија. В сију недељу творим свјатих жен мироносиц и свјатих приснопамјатних учеников Христових Јосифа иже от Ариматеи и Никодима. Тех молитвами Христе Боже помилуј и спаси нас. Амин.* Катавасија: *Воскресенија ден...* Воскресно

утрено евангелие. Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна од пасхалниот канон со Богородичните, и од првиот канон на светијата. ***Светилни:*** *Плотију уснув... Слава...* на светијата: *Весна нам возсија... И ниње...: Жени услишите...* На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири и 3 на светијата. *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата. *И ниње...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот, сите три од пентикостарот, *Јако плених свободител...* и на храмовиот светија. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Апостол, на светијата. Евангелие, на неделата на мироносиците. Наместо: *Достојно... Ангел вопијаше...* Причастен: *Тело Христово приимите...* Наместо:*Видјехом свет истиниј... Христос воскресе...*

КОГА СПОМЕНОТ НА СВ. ГЕОРГИЈ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО СРЕДА НА ПРЕПОЛОВЕНИЕ, редоследот е следниот:

Во вторник вечерта на вечерната. Се чита првата статија на првата катизма. На *Господи возвах...* се пеат трите стихири на Преполовение, на 4 и 6 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И ниње...:* на Преполовение. По входот, паримии, две на Преполовение и една на светијата. ***Стиховни,*** од пентикостарот. *Слава...:* на светијата. *И ниње...:* на Преполовение. Тропари на отпустот: *Преполовишусја празднику... Слава...: Јако плених свободител... И ниње...: Преполовишусја празднику...*

Празнична полноќница со литија на светијата. *Слава...:* на светијата. *И ниње...: Егда преполовение празника наста...* (пишувана на ***стиховните***). Тропар на светијата.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални, првите: *Се возсија благодати весна...* (од минејот). *Слава..., и ниње...: Всех сердец помишленија ведиј...* (од пентикостарот). Вторите, на истиот начин: *Воинство еже на земли возненавидев... Слава..., и ниње...: Владика всех во храмје стоја...* Полиелеј и величание на светијата. По малата ектенија третите седални од минејот. *От јуности моеја.....* Прокимен: *Праведник јако финикс процветет...* Утрено евангелие, на све-

тијата. Канони: првиот на Преполовение и првиот на светијата. По третата песна: кондакот на Преполовение, *Слава...* седален од минејот: *Благочестија образи... И нинье...* од пентикостарот: *Премудрости воду и жизни...* По шестата песна: кондак и икос на светијата. *Месјаца тогожде...* (види погоре). *Став научает посреде праздника Христос Месија среди учителеј. В среду разслабленаго праздник преполовенија пјатдесјатници празднуем. Неизчењтнују милостију твоеју Христе Боже наш и молитвами свјатаго славнаго великомученика Георгија победосца помилуј нас. Амин.* Катавасија: *Море огустил еси...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна на Преполовение. На ***хвалите:*** 3 стихири на Преполовение и 3 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И нинье...* од пениткостарот: *Просветившесја братие...* Големо славословие. Тропар на светијата.

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот: *Преполовившусја празднику..., Јако плених свободител...* и на храмовиот светија. Кондак: *Празднику законому прополовлјајуштусја...* Апостол на светијата. Евангелие на Преполовение. Наместо: *Достојно... Чуждее матерем девство...* Причастен: *Јадиј Моју плот и пијај Моју кров во Мне пребивает и Аз в нем, рече Господ. Алилуја.* Наместо: *Видјехом свет истиниј...* се пее *Христос воскресе...*

КОГА ЃУРЃОВДЕН ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ОДДАНИЕ НА ПРЕПОЛОВЕНИЕ, редоследот е ист, меѓутоа, наместо деветтата песна се пее *Честнејшују...*

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА РАСЛАБЕНИОТ, види го редоследот за неделата на мириносиците.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА САМАРЈАНКАТА службата се прави само од воскресната (на самарјанката) и на светијата, откако ќе се изостават стихирите и останатото на Преполовение. Редоследот е како на службата во неделата на мироносиците.

24 АПРИЛ

СВ. МАЧЕНИК САВА СТРАТИЛАТ, СВ. МАЧЕНИК ЛАЗАР

(Службата на св. Лазар е преместена од 23 април на 24 април за да не се соединува со свеченото празнување споменот на св. Георгиј).

Службата на св. Лазар е празнична.

25 АПРИЛ

СВ. АПОСТОЛ И ЕВАНГЕЛИСТ МАРКО

Кога ќе се случи во недела на Пасха или во други денови, редоследот е ист како на 23 април, на Ѓурѓовден.

30 АПРИЛ

СВ. АПОСТОЛ ЈАКОВ ЗАВЕДЕЕВ

Кога ќе се случи во недела, или на празникот Преполовение, или на неговото ОДДАНИЕ, види го редоследот на 23 април, на Ѓурѓовден.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ДА СЕ СОВПАДНЕ СО ОДДАНИЕ НА ПАСХА ИЛИ СО ВОЗНЕСЕНИЕ ГОСПОДОВО, види го редоследот за 8 мај, св. Јован Богослов.

МАЈ

1 МАЈ

СВ. ПРОРОК ЈЕРЕМИЈА, ПРЕПОДОБНОМАЧЕНИК АКАКИЈ СЕРСКИ

Службата на св. Акакиј е празнична. Види ги упатствата за 23 април и за 8 мај.

2 МАЈ

СВ. АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ – ЛЕТЕН, СВ. БЛАГОВЕРЕН ЦАР БОРИС-МИХАИЛ, ПОКРСТИТЕЛ НА БУГАРСКИОТ НАРОД

1. **СЕ ИЗВРШУВА СЛУЖБАТА НА СВ. ЦАР БОРИС-МИХАИЛ.**

Службата на св. Атансиј се чита на малата вечерна или на повечерието.

Редоследот е прикажан во самата богослужба.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА ИЛИ НА ДРУГ ПРАЗНИК, редоследот е како на 23 април или на 8 мај.

КАДЕ ШТО ИМА ХРАМОВ ПРАЗНИК НА СВ. АТАНАСИЈ, редоследот за службата е следниот:

На големата вечерна. Се чита првиот антифон од првата катизма. На *Господи возвах...* се пеат две стихири на празникот, 3 на св. Атанасиј и 3 на св. Цар Борис. *Слава...:* на светителот, *и нињe...:* на празникот. Вход. *Свете тихиј...* Паримии: две на светителот (види 6 декември) и една на св. цар Борис. Стиховни на св. цар Борис. *Слава...:* на св. Атанасиј. *И нињe...:* на празникот. Тропари на отпустот: на св. Атанасиј, *Слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...:* на празникот.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога нема тропар на празникот, а се пее воскресен тропар (*Да весељатсја небеснаја...* или некој друг, отпустителните тропари ќе се пеат вака: на св. Атанасиј, *Слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...: Благословенујy нарекиј...*

Празнична полноќница, со литии и *Слава...:* на св. цар Борис. *И нињe...:* на празникот. Тропар: *Столп бил еси православија...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од службата на св. цар Борис, како и полиелеј и седални по полиелејот. *От јуности моеја.....* Прокимен: *Свјаштеници Твои Господи облекутсја в правду и преподобниј Твои возрадујутесја.* Стих: *Что воздам Господеви о всех јаже воздаде ми.* Утрено евангелие на светителот. *Воскресение Христово...*

ЗАБЕЛЕШКА. Кога овој празник се случи по Вознесение Господово, *Васкресение Христово...* не се чита.

Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами свјатителја... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуј мја Боже...* и стихирата на св. цар Борис. Канони: на празникот, на св. Атанасиј и на св. цар Борис. По третата песна: кондак на празникот, седален на св. Атанасиј. *Слава...:* седален на св. цар Борис. *И нињe...:* на празникот. По шестата песна, кондак и икос на св. Атанасиј. *Месјаца тогожде во вториј ден помјат празднуем иже во свјатих отца нашего Атанасија архиепископа Александрискаго, свјатаго Иполита папи Римскаго и свјатаго благовернаго царја Бориса–Михаила; тех молитвами Христе Боже помилуј и спаси нас. Амин.* Катавасија: *Воскресенија ден...* (освен ако се случи по Вознесение). *Честнејшују...* ***Светилни:*** на св. Атанасиј, *слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...:* на празникот. На ***хвалите:*** три стихири на св. Атанасиј и три на св. цар Борис. *Слава...: Великаја церковнаја истинаја трубо... И нињe...:* на празникот. Големо славословие. Тропар на св. Атанасиј.

На св. литургија. Атифони и входно на Пасха (освен ако е по Вознесение). Тропари по входот: на празникот, на св. Атанасиј и на св. цар Борис. Кондак на празникот според укажувањата во таблицата на крајот од Типикот. Апостол и евангелие на св. Атанасиј. Причастен: *Радујтесја праведниј и Господе...* Наместо: *Видјехом свет истиниј...* се пее: *Христос воскресе...* (освен ако е по Вознесение, кога се пее тропарот: *Вознеслсја еси во славје...*).

АКО ХРАМОВИОТ ПРАЗНИК НА СВ. АТАНАСИЈ СЕ ПАДНЕ НА ТОМИНА НЕДЕЛА, редоследот е како на св. Георгиј кога ќе се падне во истата недела, со следните особености:

На полноќницата по литијните стихири *Слава–та* е на св. цар Борис.

На утрената. На седалните, првите и вторите на св. цар Борис. *Слава... иниње*, на празникот. Полиелеј и величание на св. цар Борис. *"Месјаца тогожде во вториј ден памјат празднуем иже во свјатих отца нашего Атанасија архиепископа Александрискаго, свјатаго Иполита папи Римскаго и свјатаго благовернаго царја Бориса–Михаила. В сиј ден, в неделју вторују по Пасције, обновление празднуем Христова воскресенија и свјатаго апостола Томи осјазание. Твоего апостола Томи молитвами и молитвами свјатаго Атанасија Александрискаго и благовернаго царја Бориса–Михаила Христе Боже наш помилуј нас. Амин".* Сè друго е од пентикостарот и од службата на св. Атанасиј.

На св. литургија. Тропари по входот: *Запечатану гробу...*, на св. Атанасиј и на св. цар Борис.

КОГА ХРАМОВИОТ ПРАЗНИК НА СВ. АТАНАСИЈ СЕ ПАДНЕ ВО ЕДНА ОД НАРЕДНИТЕ НЕДЕЛИ, редоследот е следниот:

Во сабота навечер, **на вечерната.** Се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* 4 воскресни стихири, 3 на св. Атанасиј и 3 на св. цар Борис. *Слава...:* на празникот. *И ниње...:* првиот богородичен според гласот што преовладува. Паримии, две на св. Атанасиј и една на св. цар Борис. На ***стиховни***: една воскресна стихира и *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светителот. *И ниње...: Воскресенија ден...* Тропари на отпустот: воскресен, на св. Атанасиј, *слава...:* на св. цар Борис, *и ниње...: Благословенују нарекиј* ... (или на празникот).

ЗАБЕЛЕШКА. За редоследот на тропарите на неделата на мироносиците, види ги упатствата таму. Кога, пак, празникот се падне во недела на смарјанката, последниот тропар нема да

е: *Благословенују нарекиј...*, туку на празникот Преполовение: *Преполовившусја празднику...*

Воскресна полноќница со литии како што е нагласено за службата во делнични денови.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните според пентикостарот. Полиелеј и величание на св. цар Борис. Веднаш потоа се пее: *Благословен еси Господи...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони, еден од пентикостарот, на св. Атанасиј и на св. цар Борис. По третата песна: воскресен кондак, седален на св. Атанасиј, *Слава...:* седален на св. цар Борис. *И нињe...:* на празникот. По шестата песна: кондак и икос на св. Атанасиј. Синаксарот и на крајот: *Месјаца тогожде...* Катавасија: *Воскресенија ден...* Читање на воскресното утрено евангелие. Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна од пасхалниот канон, со богородичните. ***Светилни:*** воскресен, на св. Атанасиј, *слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...:* на празникот. На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири, 3 на св. Атанасиј и *Пасха свјаштенаја... Слава...:* евангелската стихира. *И нињe...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасенија миру бист...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот: воскресен, на празникот (кога има и таков), на св. Атанасиј и на св. цар Борис. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Апостол на св. Атанасиј. Понатаму следува сè што е предвидено за неделата.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО СРЕДАТА НА ПРЕПОЛОВЕНИЕ, редоследот е следниот:

На вечерната. На *Господи возвах...* 3 стихири на празникот, 3 на св. Атанасиј и 2 на св. цар Борис. *Слава...:* на светителот, *и нињe...:* на празникот. Вход. *Свете тихиј...* Прокимен на денот. Паримии, две на празникот и една на св. Атанасиј. Стиховни на празникот. *Слава...:* на св. Атанасиј. *И нињe...:* на празникот. Тропари на отпустот: на празникот, на св. Атанасиј. *Слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...: Преполовившусја празднику...*

Празнична полноќница со литии како што е нагласено во почетокот. Тропар на крајот: *Преполовишусја празднику...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Првиот седален: на св. цар Борис. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Исто така и вторите. Полиелеј и величание: на св. цар Борис. По полиелејот, седален на св. цар Борис. *Слава..., и нињe...:* на празникот. *От јуности моеја.....* Прокимен и евангелие на св. Атанасиј. *Воскресение Христово...* Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами свјатитеља... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуј мја Боже...* и стихирата на св. цар Борис. Канони, на празникот, на св. Атанасиј и на св. цар Борис. По третата песна: кондак на св. Атанасиј, седален на св. Атанасиј. *Слава...:* седален на св. цар Борис. *И нињe...:* седален на празникот. По шестата песна: кондак и икос на празникот. Синаксар од пентикостарот и на крајот: *Мејаца тогожде...* Катавасија: *Море огустил еси...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна на празникот. ***Светилни:*** на св. Атанасиј. *Слава...:* на св. цар Борис, *и нињe...:* на празникот. На ***хвалите:*** 3 стихири на празникот и 3 на св. Атанасиј. *Слава...:* на св. Атанасиј, *и нињe...:* на празникот: *Просветившесја братие...* Големо славословие. Тропар: *Преполовишусја празднику...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот: на празникот, на св. Атанасиј и на св. цар Борис. Кондак: *Празднику законому преполовљајуштусја...* Апостол на светителот. Понатаму следува сè на празникот.

КОГА ХРАМОВИОТ ПРАЗНИК НА СВ. АТАНАСИЈ ЌЕ СЕ ПАДНЕ НА ОДДАНИЕ НА ПАСХА редоследот е како на 8 мај, кога ќе се падне на тој ден. Сè се извршува од службата на св. цар Борис.

КОГА ХРАМОВИОТ ПРАЗНИК НА СВ. АТАНАСИЈ ЌЕ СЕ СОВПАДНЕ СО ПРАЗНИКОТ ВОЗНЕСЕНИЕ ГОСПОДОВО види го редоследот за 8 мај кога ќе се падне на тој ден. Се испушта сè од службата на св. цар Борис.

На полноќницата литиите се на празникот, како и *Слава... и нињe...*

На утрената. По полиелејот, седален од пентикостарот. *Месјаца тогожде во вториј деи памјат празднуем иже во свјатих отца нашего Атанасија архиепископа Александриска-го, свјатаго Иполита пати Римскаго и свјатаго благовернаго царја Бориса-Михаила. В тојже ден, в четверток шестија недели по Пасџе, вознесение празднуем Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа. Вознесисја во славје Христе Боже и помилуј нас. Амин.*

8 МАЈ

СВ. АПОСТОЛ И ЕВАНГЕЛИСТ ЈОВАН БОГОСЛОВ

Редоследот е како на 23 април. Исто така и кога ќе се случи во недела или на Преполовение.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО СРЕДА ПРЕД ВОЗНЕСЕНИЕ, НА ОДДАНИЕ НА ПАСХА, редоследот е следниот:

Се чита редовниот **деветти час** со тропар и кондак на вторникот.

Потоа започнува **пасхалната вечерна**: *Слава свјатјеј...*, *Христос воскресе...*, како во првата седмица. Голема ектенија. На *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири, први глас и 4 на светијата. *Слава...:* на светијата. *И нинье...: Всемирнују славу...* Вход. *Свете тихиј...* Прокимен на денот. Паримии на светијата. На ***стиховните***, воскресната стихира: *Страстију Твоеју Христе...*, *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата. *И нинье...: Воскресенија ден...* и без прекинување: *Христос воскресе...*, тропарот на светијата и пак: *Христос воскресе...* Потоа, пасхален отпуст.

На утрената. *Слава свјатјеј...*, *Христос воскресе...* Голема ектенија, и сè како во светлата седмица. Наместо деветтото: *Христос воскресе...* кога свештеникот возлгасува *Слава...* се пее тропарот на светијата. *И нинье...:* се пее пак: *Христос воскресе...* Веднаш се пее канонот на Пасха и канонот на светијата на 4, според редоследот на светлата седмица, со ектенија по секоја песна. По третата песна се чита ипакој на Пасха и кон-

дакот на светијата. По шестата песна сè е пасхално. ***Светилни:*** на Пасха, *слава...:* на светијата, *и нинье...:* на Пасха. На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири, први глас: *Поем Твоју Христе спасителнују страст...* и 3 на светијата; *Пасха свјаштенаја... Слава...:* на светијата. *И нинье...: Воскресенија ден...*; *Христос воскресе...* (трипати) и ***Благословено царство...***

На св. литургија. По *Благословено царство...* се пее: *Христос воскресе...* како во светлата седмица. Антифони и входно на Пасха. По входот: *Христос воскресе...*, ипакој на Пасха, тропарот на светијата, кондак: *Аште и во гроб...* Наместо: *Свјатиј Боже...* се пее: *Елици...* Апостол и евангелие: на светијата. На *Изрјадно...: Ангел вопијаше...* Причастен на Пасха. Наместо: *Буди имја Господне...* се пее: *Хростос воскресе...* (трипати), како во светлата седмица.

АКО СПОМЕНОТ НА СВЕТИЈАТА СЕ СОВПАДНЕ СО ПРАЗНИКОТ ВОЗНЕСЕНИЕ, редоследот е следниот:

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири на празникот и 4 на светијата. *Слава...:* на светијата, *и нинье...:* на празникот. Паримии 2 на празникот и 1 на светијата. ***Стиховни:*** стихири на празникот. *Слава...:* на светијата, *и нинье...:* на празникот. Тропари на отпустот: од празникот, *Слава...:* на светијата, *и нинье...:* на празникот.

Празнична полноќница со литија на празникот а потоа на светијата. *Слава...:* на светијата, *и нинье...:* на празникот. Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални на празникот. Полиелеј на празникот. По полиелејот седален на светијата: *Возлег на перси Исусови...*; *Слава..., и нинье...:* на празникот: *Сошедиј с небесе на земнаја... От јуности моеја.....* Прокимен: *Взиде Господ в воскликновении...* Утрено евангелие: на празникот. *Воскресение Христово...* и останатото според пентикостарот. Канони на празникот и на светијата. По шестата песна: кондак и икос на празникот. *Мејсаца тогожде во осмиј ден памјат празднуем свјатаго славнаго апостола и евангелиста Јоана Богослова и преподобнаго Арсе-*

нија Великаго. В тојже ден, в четверток шестија недели по пасције, вознесение празднуем Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа. Вознесијсја во славје Христе Боже помилуј нас. Амин. Катавасија: *Божественим покровен...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветтата песна на празникот. ***Светилни:*** на празникот, *Слава...:* на светијата, *и нињe...:* на пранзикот. На ***хвалите:*** 3 стихири на празникот и 3 на светијата. *Слава...:* на светијата, *и нињe...:* на празникот. Големо славословие. Тропарот на празникот.

На св. литургија. Антифони и входно на празикот. По входот, тропар на празникот и на светијата. Кондак на празникот: *Еже о нас исполнив смотрение...* Апостол на светијата. Евангелие на празникот. Наместо: *Достојно...*, *Тја паче ума...* Причастен на празникот: *Взиде Бог в воскликновение...* Наместо: *Видјехом свет истиниј...* тропарот: *Вознеслсја еси во славје...*

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СВ. ОТЦИ, не се пее ништо од службата на празникот (Вознесение), туку само воскресно, на св. Јован Богослов и на св. отци, според следниот редослед:

На вечерната. Се чита првата катизма. На *Господи возвах...* се пеат 3 воскресни стихири, 3 на светијата и 4 на светите отци. *Слава...:* на св. Јован Богослов, *и нињe...:* првиот богородичен на гласот: *Кто тебе не ублажит...* Паримии: 2 на св. Јован Богослов и 1 на св. отци. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на светијата, *и нињe...:* на св. отци: *Молебнују памјат днес...* Тропари на отпустот: воскресен, на светијата, *Слава...:* на св. отци, *и нињe...:* богородичен: *Иже нас ради рождејсја от Деви...*

На полноќницата. По троичниот канон се прави литија на свети Јован Богослов, *Слава...:* на светијата, *и нињe...:* на св. отци: *Молебнују памјат днес...* Тропари на отпустот: воскресен, на светијата, *Слава...:* на св. отци, *и нињe...:* богородичен: *Иже нас ради рождејсја от Деви...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. Полиелеј, на св. Јован Богослов. Седални по полиелејот од минејот: *Возлег на перси Исусови...*

Слава.... и нињe....: богородичен: *Небеснују двер и ковчег...* Веднаш. *Ангелскиј собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен воскресни. Канони: воскресен, на светијата и на св. отци. По третата песна: кондак на св. отци. *Слава....:* седален на св. Јован Богослов. *И нињe...* на св. отци: *Светила пресветлаја...* По шестата песна: кондак и икос на светијата: *Месјаца тогожде... Светил собрание избраное, лучевидни просветите мне мисли. Страна Сина Отча суштества глаголља: Арије сиц Божија слави странен. В тоиже ден, в недељу седму по пасције, иже в Никеи первиј собор празднуем триста и осминадесјати богоносних отец. Тех молитвами и молитвами свјатаго и славнаго апостола и евангелиста Јоана Богослова, Боже помилуј нас. Амин.* Катавасија: *Божественим покровен...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на светијата, *Слава....:* на св. отци, *и нињe....:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири, 3 на светијата и 3 на св. отци (Припеви на последните две стихири: 1. *Благословен еси Господи Боже отец наших и хвално и прославлено имја Твое во веки.* 2. *Соберите Ему преподобних Его, завештајушија завет Его о жертвах*). *Слава....:* на светијата. *И нињe....: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасенија миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни. Блажени. Тропарите по входот: воскресен, на светијата, на св. отци и на храмовиот светија. Апостол на св. Јован Богослов. Евангелие, на св. отци. На: *Изрјадно...*, *Достојно ест...* Причастен: *Хвалите...* Наместо: *Видјехом свет истиниј...* тропарот на Вознесение: *Вознеслсја еси во славје...*

11 МАЈ

СВЕТИТЕ РАМНОАПОСТОЛНИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ СЛОВЕНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ И УЧИТЕЛИ[25]

На вечерната. По 103–от псалм и по првата катизма, *Блажен е оној човек...* на *Господи возвах...* се пеат стихирите на од минејот, гл. 2: *Со какви пофални венци... Слава...* од минејот,

[25] Оваа богослужба на светите Кирил и Методиј Словенски просветители и учители не постои во оригиналниот текст на овој ***Типик***. Истата е земена од Вториот том ***Избор на месечни и празнични богослужби: февруари – август,*** Изд. 2008 год. Скопје.

гл. 6: *Дојдете празникољупци, со пофални песни... И сега...:* првиот богородичен гл. 6: *Кој нема да те нарече блажена, тебе, Пресвета Дево...* Вход. *Светлино тивка...* Прокимен на денот. На ***стиховни,*** стихири на светите од минејот, гл. 8: *Со светлината на нашето живеење... Слава...* на светите, гл. 8: *Радувај се свештена двоице... И сега...* богородичен. Отпустителни тропари: на светите, гл. 4: *Како рамни по нарав на апостолите...* (двапати), *Слава..., и сега...* богородичен отпустителен.

Празнична полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на светите: *Како рамни по нарав на апостолите...* (двапати), *Слава..., и сега...:* богородичен како на вечерната. Седални, првиот, гл. 3: *Стоејќи сега во непристапна светлина... Слава... и сега...* богородичен. Вториот седален, гл. 5: *Нека се радуваат сега словенските народи... Слава... и сега...* богородичен. Полиелеј, величание: *Ве величаме вас, свети рамноапостолни Методие и Кириле кои, со своите учења, ги просветливте сите словенски народи, и ги приведовте кон Христа.* Избраниот псалм: *Небесата ја објавуваат Божјата слава...* Ипакој, степени: првиот антифон од 4 глас и прокимен гл. 4: *Твоите свештеници нека се облечат во праведност, Твоите светии нека се зарадуваат.* Евангелие, според Јован, зач. 36. Педесеттиот псалм. Потоа стихира гл. 6: *Дојдете празникољупци, со пофални песни...* Канони: на светите, на 6, гл. 3. По третата песна, седален на светите: *Ти, боговдахновени Кириле... Слава... и сега...,* богородичен. По шестата песна, кондак на светите: *Почит да ѝ оддадеме на свештената двојка... Икос: Дојдете, верни, да ги восфалиме богоносните отци Методија и Кирила...* Синаксар: *Во овој месец, на единаесеттиот ден го празнуваме споменот на светите рамноапостолни Кирил и Методиј, по нивните молитви, Христе Боже, помилуј нè и спаси нè. Амин.* Катавасија: *Ќе ја отворам устата моја... Честнеишују...* ***Светилни,*** од минејот: *Учители свети, вашиот спомен... Слава...,* истото, *и сега...,* богородичен. На ***хвалите:*** се пеат стихири на гл. 4: *Богоносни отци, работници на лозјето Христово... Слава...* гл. 6: *Славејќи госпоменот на нашите просветители... И сега...:* богородичен. Големо славословие. Тропарот на светите: *Како рамни по*

наров на апостолите... (двапати), *Слава... и сега...* богородичен отпустителен.

На св. литургија. Изобразителни, блажени од канонот на светите, песна 3-та и 6-та. Прокимен: *Скапа е пред очите на Господа смртта на Неговите светии.* По входот, тропари: на светите и на храмовиот светител. Кондак на светите. Апостол: До Евреите, зач. 318. Евангелие, според Матеј, зач. 11. Причастен: *Праведникот останува во вечен спомен. Откако ја видовме вистинската светлина...*

АКО 11 МАЈ СЕ СЛУЧИ ВО САБОТА ПРЕД ПЕДЕСЕТНИЦА службата на св. рамноапостоли се префрла еден ден поназад, **ВО ПЕТОКОТ** и заедно со **ОДДАНИЕТО** на празникот Вознесение се отслужува според следниот редослед:

Во четвртокот вечерта на вечерната се чита првата статија од првата катизма. На *Господи возвах...* 6 стихири на празникот Вознесение и 4 на светиите. *Слава...:* на св. рамноапостоли. *И нинье...:* на празникот. Тропари на отпустот: на празникот, *Слава...:* на светиите, *и нинье...:* на празникот.

Празнична полноќница со литија на светите. *Слава..., и нинье...:* на празникот: *Господи, таинство еже от веков...* Тропар на светите.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални, првите и вторите, на светите; *Слава..., и нинье...:* на празникот. Полиелеј на светите, а исто и третите седални од минејот. *От јуности моеја.....* Прокимен и утрено евангелие: на светите. Канони: на празникот и на светите. По третата песна: седален на светите. *Слава..., и нинье...:* на празникот. По шестата песна: кондак и икос на светите. "*Месјаца тогожде...*" Катавасија: *Божественим покровен...* Наместо: *Честнејшују...* се пее: деветтата песна на празникот. ***Светилни:*** на празникот. *Слава...:* на светите, *И нинье...:* на празникот. На ***хвалите:*** 3 стихири на празникот и 3 на светиите. *Слава...:* на светите. *И нинье...:* на празникот. Големо славословие. Тропар: *Јако апостолов единонравниј...*

На св. литургија. Антифони и входно на празникот Вознесение. По входот, тропари: на празникот, на светите рамноапостоли и на храмовиот светија. Кондак на празникот: *Еже о нас исполнив смотрение...* Апостол и евангелие: на светите. Наместо: *Достојно... Тја паче ума...* Причастен на празникот. Наместо: *Видјехом свет истиниј...*, тропарот на празникот: *Вознеслја еси во славје...*

ВО ПЕТОКОТ ВЕЧЕРТА И ВО САБОТА НАУТРО СЁ ОД ПЕНТИКОСТАРОТ ЗА ЗАДУШНИЦА

ЗАБЕЛЕШКА. Во црквите **КАДЕШТО 11 МАЈ Е ХРАМОВ ПРАЗНИК**, по крајот на утрената на задушница, пред да почне св. литургија се пее тропарот на светите и се извршува петтолебие. По *Богатии обништаша...* се пее тропарот *Глубинојју мудрости...* и започнува св. литургија.

АКО 11 МАЈ СЕ СОВПАДНЕ СО ПРАЗНИКОТ ПЕДЕСЕТНИЦА, редоследот е следниот:

На вечерната. Катизма не се чита. На *Господи возвах...* 6 стихири на празникот и 4 на светите. *Слава..., и нињe...* на празникот: *Пријдите људие...* Вход. *Свете тихиј...*, прокимен на денот: *Господ воцарисја...* Паримии 2 на празникот и 1 на светите. ***Стиховни:*** стихирите на празникот. *Слава...:* на светиите, *и нињe...:* на празникот. Тропари на отпустот: на празникот, *Слава...:* на светите, *и нињe...:* на празникот.

Празнична полноќница со литија на празникот, *Слава...:* на светиите, *и нињe...:* на празникот. Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...*, тропарите како на вечерната. Првите седални од пентикостарот. Вторите седални, на светиите: *Троице живоначалнаја... Слава..., и нињe...:* на празникот: *Духа источник...* Полиелеј на празникот. По полиелејот третите седални од пентикостарот. *От јуности моеја.....* Прокимен: *Свјаштеници Твои облекутсја в правду и преподобнии Твои радостију возрадујутсја.* Утрено евангелие: на светите. Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами рамноапостолов Кирила и*

Методија. Милостиве... И нињe...: Молитвами Богородици... Помилуј мја Боже... и самогласната стихира од минејот: *Апостолом единонравнија...* (во службата на св. Кирил и Методиј, на *Господи возвах...*). Канони, на празникот и на светите. По третата песна: седален на празникот. По шестата песна: кондак и икос на празникот. Двојни катавасии. Наместо: *Честнејшују...* се пее деветта песна. ***Светилни:*** на празникот: *Всесвјатиј Душе... Слава...:* на светиите, *и нињe...:* на празникот: *Свет Отец, свет Слово...* На ***хвалите:*** 3 на празникот и 3 на светите. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Големо славословие. Тропарот на празникот.

На св. литургија. Сѐ од празникот: антифони, входно, тропар и кондак по входот, *Елици...* апостол и евангелие, наместо: *Достојно...*, причастен. Наместо: *Видјехом свет истиниј...* се пее тропарот на празникот: *Благословен еси Христе Боже наш...*

ПО СВ. ЛИТУРГИЈА СЕ ОТСЛУЖУВА ВЕЧЕРНА СО МОЛИТВИТЕ НА КОЛЕНОПРЕКЛОНУВАЊЕТО

АКО 11 МАЈ СЕ СЛУЧИ ВО ПОНЕДЕЛНИК НА СВ. ДУХ, редоследот е следен:

Во недела претпладне, по св. литургија, на вечерната. На *Господи возвах...* 3 стихири на празникот и 3 на светиите. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Вход со кадилница. *Свете тихиј...* Прокимен: *Кто Бог велиј...* Молитвите на коленопреклонувањето. На ***стиховните***, стихирите на светите. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Тропари: на празникот, *Слава...:* на светите, *и нињe...:* на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните се пеат прво на светите. *Слава..., и нињe...:* на празникот. Полилеј на светите. Третиот седален како првите. *От јуности моеја.....* Прокимен, утрено евангелие и останатото на светите, како што е кажано во службата кога 11 мај ќе се падне на празникот Педесетница. Канони: на празникот и на светите. По третата песна: кондакот на светите рамноапосто-

ли, *Слава..., и нињe...:* седален на празникот. По шестата песна: кондак и икос на празникот. *"Месјаца тогожде... В сиј ден, в понеделник Пјатдесјатници всесвјатаго и животворјаштаго и всесилнаго Духа празднуем, единаго от Троици Бога, единочестна и единосуштна и единославна Отцу и Сину. Молитвами свјатих апостол Христе Боже наш и свјатих рамноапостолних Кирила и Методија помилуј и спаси нас. Амин".* Катавасија: *Божественим покровен...* Наместо: *Честнејшују...* се пее деветта песна на празникот. ***Светилни:*** првиот на празникот, *Слава...:* на рамноапостолите, *и нињe...:* вториот на празникот. На ***хвалите:*** 3 стихири на празникот и 3 на светиите. *Слава...:* на светиите, *и нињe...:* на празникот. Големо славословие. Тропарот на празникот.

На св. литургија. Антифони и входно на празникот. Тропари по входот: на празникот, на светите рамноапостоли. Кондак: *Егда снизшед...* Наместо: *Свјатиј Боже...* се пее: *Елици...* Апостол и евангелие: на светиите. Наместо: *Достојно... Радујсја царице матеродевственаја славо...* Причастен: *Дух Твој благиј...*

На крајот на св. литургија од овој ден и понатаму, почнува да се пее: *Видјехом свет истиниј...*

17 МАЈ

СВ. АПОСТОЛ АНДРОНИК, СВ. МАЧЕНИК НИКОЛАЈ СОФИСКИ

Се извршува службата на св. Николај Софиски.

Ако се совпадне со недела или со некој друг празник, види ги упатствата за 11 мај.

21 МАЈ

СВ РАМНОАПОСТОЛИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

Редоследот е како на 23 април, 8 и 11 мај, со особеностите кажани за тие празници.

КОГА ПРАЗНИКОТ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СИТЕ СВЕТИИ, редоследот е следниот:

На вечерната. Се чита целата прва катизма. На *Господи возвах*... 4 воскресни стихири, 3 на сите светии и 3 на св. Константин и Елена. *Слава...:* на сите светии, *и нињe...: Цар набесниј*... Паримии 2 на сите светии и 1 на св. Константин и Елена. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на св. Константин и Елена, *и нињe...:* на сите светии. Тропари на отпустот: воскресен, на сите светии. *Слава...:* на св. Константин и Елена, *и нињe...:* богородичен: *Иже нас ради рождејсја*...

На полноќницата. По троичниот канон се пее литијата на св. рамноапостоли. *Слава...:* на рамноапостолите, *И нињe...:* на сите светии: *Нинешнему торжеству... Достојно ест јако воистину славити Тја*... Тропар на св. рамноапостоли.

На утрената. На *Бог Господ*... тропарите како на вечерната. Седални, првите: *Воскресл еси из мертвих... Слава...:* од минејот: *Новиј бил еси Давид... И нињe*... исто од минејот: *Ујазвљаем на кресте*... Вторите седални, од пентикостарот, воскресни. Полиелеј на св. рамноапостоли, и веднаш: *Ангелскиј собор*... по што се кажува мала ектенија. Третите седални од минејот. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на св. рамноапостоли. По третата песна: кондакот на св. рамноапостоли, седален на сите светии. *Слава...:* седален на св. рамноапостоли, *и нињe...:* богородичен од минејот. По шестата песна: кондак и икос на сите светии. *"Месјаца тогожде в двадесјат первиј ден памјат празднуем свјатих великих цареи и рамноапостов Константина и Елени. В тоиже ден, недељу по пјатдесјатнице, иже повсјуду вселених свјатих всех праздник празднуем. Прежде же всех и во всех и со всеми, свјатују, пресвјатују и тех пребезсравнително лучшују ангелских чинов госпожу нашу и владичицу Богородицу Марију приснодеву; ејаже молитвами Христе Боже, свјатих рамноапостолних цареј Константина и Елени и всех от века свјатих Твоих, помилуј и спаси нас јако благ и человекољубец. Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја*... Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на сите светии, *слава...:* на св. рамноапостоли, *и нињe...:* богородичен од минејот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихи-

ри, 3 на сите светии и 3 на св. рамноапостоли (припеви на последните две стихири: 1. *Вознесох избранаго от људеј Моих, обретох Давида раба Моего.* 2. *Сего ради помаза Тја Боже Бог Твој елеем радости*). Слава...: евангелста стихира. *И нињe...: Преблагослвоена еси...*

На св. литургија. Изобразителни. Блажени. Тропари по входот: воскресен, на сите светии, на св. рамноапостоли и на храмовиот светија. Кондак: *Јако начатки естества...* Апостол, на св. Константин и Елена. Евангелие, на неделата на сите светии. На *Изрјадно... Достојно ест...* Причастен: *Радујтесја праведнии... Видјехом свет истиниј...*

25 МАЈ

ТРЕТО НАОЃАЊЕ НА ЧЕСНАТА ГЛАВА НА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Редоследот е како на 8, 11 и 21 мај.

АКО ОВОЈ ПРАЗНИК СЕ СЛУЧИ НА ДЕНОТ НА ПЕДЕСЕТНИЦА, НЕГОВАТА СЛУЖБА СЕ ПРЕФРЛА ЗА НАРЕДНИОТ ДЕН и редоследот е како што е кажано за 11 мај кога ќе се случи во понеделник на Св. Дух.

ЈУНИ

2 ЈУНИ

СВЕШТЕНОМАЧЕНИК ЕРАЗМО ОХРИДСКИ[26]

Се извршува службата на св. Еразмо.

АКО СЕ ПАДНЕ ВО НЕДЕЛА ДО НЕДЕЛАТА НА СИТЕ СВЕТИИ ЗАКЛУЧНО, види ги упатствата за 25 мај.

На вечерната: По 103–от псалм и по големата ектенија, првата катизма: *Блажен е оној човек...* По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат стихири на свештеномаченикот на 6. *Слава...* на св. Еразмо: *Свештеномаченику Еразмо... И сега...* богородичен: *Богородице ти си вистинска лоза...* Вход. *Светлино тивка...*, прокимен на денот. На ***стиховни:*** *Со божествена благодат, блажени (Еразмо)... Слава...* на свештеномаченикот, гл. 6: *Засветли ѕвездата на побожноста... И сега...* богородичен: *Творецот и Избавител мој Христос Господ... Сега го отпушташ...* Трисвето. Отпустителни тропари, на свештномаченикот, гл. 4: *Твојот живот си гоминал преподобно...* (двапати). *Слава... и сега...* богородичен.

На полноќницата. Троичниот канон. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на свештеномаченикот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропар на светиот (двапати): *Твојот живот си гоминал преподобно...* (двапати). *Слава... и сега...* богородичен. Седални, гл. 8: *Откако се покажа како љубител на Господа... Слава...* истото, *и ниње...* богородичен: *Да ја воспееме небесната врата и ковчег...* На вторите седални, гл. 3: *Божествена Еразмо... Слава...* истото, *и сега...* богородичен. Канонот на пресвета Богородица, на 6 и на светиот на 6. По третата песна, седален на свештеномаченикот: *Откако се*

---

[26] Оваа богослужба на свештеномаченик Еразмо Охридски не постои во оригиналниот текст на овој ***Типик***. Истата е земена од Вториот том ***Избор на месечни и празнични богослужби: февруари – август***, Изд. 2008 год. Скопје.

покажа како љубител на Господа... По шестата песна: кондак и икос на свештеномаченикот. Синаксар: *Во месец јуни, на вториот ден, го празнуваме споменот на свештеномаченикот Еразмо Охридски, по неговите молитви, Христе Боже, помилувај и спаси нè. Амин.* Катавасија: *Кога древниот Израил пеш го мина дното...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** *Оние што те почитуваат тебе, Еразмо... Слава...:* истото, *и сега...* богородичен: *Богородице Дево, добро наследство...* На ***хвалите:*** на свештеномаченикот (на 4), гл. 4: *Запален со ревност кон Бога... Слава...*, гл. 2: *Откако седна на колата од добродетелите... и сега...: Спаси ги од беди твоите слуги, Богородице...* Големо славословие. Отпуст.

На св. литургија. Изобразителни, блажени: од канонот на светиот, 3-та песна и 6-та песна. По входот, тропари: на свештеномаченикот, на храмовиот светија. Кондак на свештеномаченикот. Апостол на свештеномаченикот: од Второто посланието до Тимотеј, зач. 292. Евангелие, според Јован, зач. 52. Причастен: *Праведниот останува во вечен спомен. Откако ја видовме вистинската светлина...*

15 ЈУНИ

СВ. ПРОРОК АМОС, БЛАЖЕН ЕРОНИМ БЛАЖЕН АВГУСТИН

Се извршува службата на св. Ефрем.

Ако се случи во недела, види го упатствата на 28 септември.

20 ЈУНИ
ПРЕПОДОБЕН ОТЕЦ НАШ НАУМ ОХРИДСКИ ЧУДОТВОРЕЦ[27]

Овој редослед се извршува во било кој ден да се случи споменот на преподобен Наум Охридски Чудотворец, освен во недела.

На вечерната. Прва катизма: *Блажен е оној човек...* На *Господи воззвах...* стихири на преподобниот, (на 6) гл. 2: *Христоносни, со какви убавини од песни...*, *Слава...*, гл. 6.: *Откако ја прими благодатта на премудроста...*, *и сега...*, богородичен, гл. 6.: *Кој нема да те нарече блажена, тебе, Пресвета Дево...* Вход, *Светлино тивка...*, прокимен на денот и 3 паримии. На **литијата:** стихири самогласни, гл. 2., гл. 4, и гл. 6. *Слава...*, гл. 5.: *Преподобен отче...*, *и сега...*, богородичен, истиот глас: *Блажена те именуваме, Богородице Дево...* На **стиховни:** стихири, гл. 5: *Радувај се, мизијски светилнику...*, *Слава...*, на преподобниот гл. 8.: *Откако ги остави животните метежи, Науме...*, *и сега...*, истиот глас: *Безбрачна Дево...* Отпустителни тропари: на преподобниот, гл. 4.: *Откако се соедини со Христа...* (двапати), *Слава...*, *и сега...*, гл. 4.: *Тајната што била криена со векови...* (еднаш).

На полноќницата. Троичниот канон. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената: на *Бог Господ...*, тропар на преподобниот: *Откако се соедини со Христа...* (двапати), *Слава... и сега...*, богородичен. По првото стихословие, седален на преподобниот, гл. 3: *Преподобен (Науме) кој и сега достојно... Слава...* истото, *и сега...* богородичен: *На убавината на твоето девство...* По второто стихословие, седален на преподобниот, гл. 1: *Како самодејствител на чудеса...*, *Слава...* истото, *и сега...* богородичен: *Марие, чесно засолниште на Господа...* Величание: *Те величаме преподобен отче Науме и го почитуваме твојот*

---

[27] Оваа богослужба на преподобен отец наш Наум Охридски Чудотворец не постои во оригиналниот текст на ***Типикот***. Истата е земена од ***Избор на месечни и празнични богослужби – Втор том (февруари – август)***, Изд. на македонски литературен јазик, 2008 год. Скопје.

свет спомен, наставниче на монасите и собеседниче на ангелите. Полиелеј, и избраниот псалм, а по него седален, гл. 4.: *Подражателу на апостолите... Слава...* истото, *и сега...* богородичен: *Јосиф се зачуди...* Степени, 1. антифон, гл. 4.: *Од мојата младост...* Прокимен, гл. 4.: *Скапа е во очите на Господа смртта на Неговите светии.* (трипати). Евангелие според Матеја, зач. 43.: *Им рече Господ на своите ученици: Сé што ми е дадено...* По евангелието, 50 псалм. *Слава..., По молитвите на Твојот преподобен, Милостиве...., и сега..., По молитвите на Богородица..., Смилувај се на мене, Боже...* и стихирата гл. 6.: *Се излеа благодатта од твоите усни, преподобен отче...* Канон на Богородица и на преподобниот. Катавасија: *Ќе ја отворам устата моја...* По 3. песна, седален, гл. 8: *Како мудар и бистроумен... Слава...* истото, *и сега...,* богородичен: *Да ја воспееме небесната врата и ковчег...* По 6. песна, кондак на преподобниот: *Пречесниот спомен на твоите светли подвизи...* Икос: *Денес се јави нашиот отец и голем застапник...* Синаксар: *Во овој месец јуни, на дваесеттиот ден, го празнуваме споменот на преподобниот отец наш Наум Охридски Чудотворец, по неговите молитви, Христе Боже, помилувај и спаси нè. Амин.* На 9. песна се пее: *Честнеишшују...* ***Светилен.*** *Христос ги посети луѓето... Слава...: Со песни, достојно нека биде прославен Наум...,* и *сега...,* богородичен: *Богородице Марие...* На **хвалите**: стихири, гл. 4: *Откако стана сличен на апостолите...,* *Слава...,* на преподобниот, гл. 8: *Плодот на твоите божествени подвизи...,* *и сега...: Владичице прими ги молитвите...* Големо славословие и отпуст.

На литургијата: Изобразителни, блажени од канонот на преподобниот 3. и 6. песна. По входот: тропар на преподобниот: *Откако се соедини со Христа...* (двапати) *Слава...,* *и сега...:* кондак на преподобниот: *Пречесниот спомен на твоите светли подвизи...* Прокимен на преподобниот: *Скапа е во очите на Господа смртта на Неговите светии.* Апостол: до Евреите, зач. 335.: *Покорувајте се на вашите наставници...* Евангелие според Лука, зач. 24: *Кога застана Исус на едно рамно место...* Причастен: *Праведниот останува во вечен спомен...*

24 ЈУНИ

РАЃАЊЕ НА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ (ИВАНДЕН).

Редоследот е според кажаното во минејот.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА види го редоследот на 26 септември, со следните особености: Во сабота на **вечерната** по воскресните стиховни стихири, *Слава..., и нињe...: Вижд Елисавет...* На св. литургија по тропарите по входот, се пее кондакот: *Прежде неплоди днес...* Се чита апостол на соодветната недела, а евангелие на св. Јован Крстител.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОК тогаш ИСТИОТ ПЕТОК ВЕЧЕРТА на *Господи возвах...* 3 самогласни стихири на св. Јован Крстител: *Разрешает Захариино молчание...* и наредните 2 (пишувани на вечерната на празникот), и 3 стихири на преподобномаченичка Февронија. *Слава...: Елисавет зачает... И нињe...:* првиот богородичен на гласот што преовладува. Вход. *Свете тихиј...* Прокимен на денот. Сугуба ектенија. *Сподоби Господи...* Порзбена ектенија. Стиховни: *Ујасни твој јазик светло...* (види на малата вечерна на празникот). *Слава..., и нињe...: Вижд Елисавет...* Тропари на отпустот: *Пророче и Предтече пришествија Христова... Слава...: Агница Твоја Исусе Февронија... И нињe...: Еже от века утаненое...*

На утрената во саботата редоследот е според окотихот и според минејот. На ***хвалите:*** (од октоихот). *Слава..., и нињe...: Звезда звезд Предтеча...* (пишувана на ***хвалите:*** на празникот). На ***стиховни:*** (од октоихот), *Слава..., и нињe...: Иже от пророка...* (пишувана на својот редослед на 25 јуни).

АКО СЕ СЛУЧИ ВО САБОТА, тогаш **ВО ТАА САБОТА ВЕЧЕРТА НА ВЕЧЕРНАТА,** откако ќе се прочита целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. Јован Крстител: *Из неплодија родилсја еси утроби...* (пишувани на малата вечерна на празникот). *Слава...: Елисавет зачат Предтечу благодати...* (пишувана на големата вечерна), *И нињe...:* првиот богородичен на гласот што преовладува. Воскресни стиховни стихири, *Слава..., и нињe...: Вижд Елисавет...* (на големата вечерна на ***стиховните***). Тропари на отпустот: воскресен,

Слава...: на св. Јован Крстител: *Пророче и Предтече пришествија Христова... И ниње...: Еже от века утаеное...* До овде завршува службата на св. Јован Крстител. Утрото во неделата службата е воскресна (се чита каноното на св. Февронија).

25 ЈУНИ

ПРЕПОДОБНОМАЧЕНИЧКА ФЕВРОНИЈА, ПРЕПОДОБЕН ДИОНИСИЈ КОСТУРСКИ

Се извршува службата на преп. мч–ка Февронија.

29 ЈУНИ

СВ. СЛАВНИ И СЕФАЛНИ ПРВОВРХОВНИ АПОСТОЛИ ПЕТАР И ПАВЛЕ

Редоследот е според чинот прикажан во минејот.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е како на 26 септември.

30 ЈУНИ

СОБОР НА СВ. СЛАВНИ И СЕВАЛНИ АПОСТОЛИ

Редоследот е според чинот прикажан во минејот. Особености: Тропари на отпустот на вечерната: *Апостолов первопрестолници...*, *Слава...: Апостоли свјатиј, молите милостиваго Бога... И ниње...:* богородичен. Тропарот: *Апостоли свјатии...* се пее на утрената на *Бог Господ...*, како и на св. литургија по входот. На утрената се пее и катавасијата: *Отверзу уста моја...*

АКО СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА види го редоследот за 28 септември, со следните особености: Паримии нема. Тропари на отпустот: воскресен, *Апостоли свјатии...* и богородичен; исто така и на *Бог Господ...*, и на св. литургија, по входот. Канони на утрената: воскресен и на 12–те апостоли. На св. литургија, апостол и евангелие: на св. 12 апостоли.

ЈУЛИ

1 ЈУЛИ

СВ. ЧУДОТВОРЦИ И БЕСРЕБРЕНИЦИ КОЗМА И ДАМЈАН

Овој празник може да се случи **од петок по Педесетница до четврток на петтата седмица по Педесетница.**

Службата на св. бесребреници Козма и Дамјан се извршува на повечерието.

1. КОГА ПРАЗНИКОТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ПЕТОК ПО ПЕДЕСЕТНИЦА, редоследот е ист како за 29 јуни – Петровден, (т. 1 за 29 јуни).

2. КОГА 1 ЈУЛИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА СИТЕ СВЕТИИ, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири и 3 на сите светии. *Слава...:* на сите светии. *И нињe...: Цар небеснии...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии две на сите светии. Воскресни стиховни стихири. *Слава..., и нињe...:* на сите светии. Отпустителни тропари: воскресен, на сите светии, *Слава..., и нињe...:* богородичен.

Воскресна полноќница со литија од Неделата на сите светии.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни: *Воскресл еси из мертвих..., Слава..., и нињe...:* богородичен. *Ангелски собор...* Ипакој, степени: воскресни. Канони: воскресен и на сите светии (од пентикостарот). По третата песна: седален на сите светии, *Слава..., и нињe...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на Недела на сите светии: *Месјаца јулија в первии ден памјат празднуем свјатих и чудотворцев безсребреников Космы и Дамиана. В тоиже ден, недељу по Пјатдесјатнице, иже повсјуду вселенија свјатих всех праздник празднуем. Прежде же всех, и во всех, и*

со всеми, свјатих свјатују, пресвјатују и тех пребезсравнително лучшују ангелских чинов госпожу нашу и владичицу Богородицу Марију приснодеву; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Отверзу уста моја.* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на сите светии, *Слава..., и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 3 на сите светии со следните припеви на последните 4 стихири: 1. *Дивен Бог во свјатих Своих Бог Израилев; 2. Честна пред Господем смерт преподобних его; 3. Что воздам Господеви о всех, јаже воздаде ми* и 4. *Блажен муж бојаисја Господа, в заповедех Его восхоштет зело. Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на сите светии и на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол и евангелие: од Неделата на сите светии. На *Изрјадно...: Достоино ест...* Причастен: *Радуитесја праведнии... Видјехом свет истиннии...*

3. КОГА 1 ЈУЛИ – СВ. БЕСРЕБРЕНИЦИ КОЗМА И ДАМЈАН ќе се случи ВО НЕДЕЛЕН ДЕН И Е ХРАМОВ ПРАЗНИК, редоследот е следен.

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. бесребреници. *Слава...:* на светиите, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен *Господ воцарисја...* Воскресните стиховни стихири. *Слава...:* на светиите. *И нињe...: Творец и избавител мој...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на св. бесребреници, *и нињe...: Иже нас ради...*

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со пеење на воскресниот (двапати). Воскресни седални. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на светиите. По третата песна: седален на светиите. *Слава..., и нињe...:* богородичен. По шестата песна:

кондак и икос воскресни. *Месјаца јулија в первии ден памјат празднуем свјатих безсребреников и чудотворцев Космы и Дамиана; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на светиите, *и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на светиите со следните припеви на последните две стихири: 1. *Дивен Бог во свјатих своих Бог Израилев: 2. Свјатии, иже сут на земли его, удиви Господ всја хотенија своја в них. Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист.*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. бесребреници, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан.* Апостол на светиите. Евангелие, на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес.*

2 ЈУЛИ

ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЧЕСНАТА РИЗА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО ВЛАХЕРНА

1. Службата е целосно според минејот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат трите подобни стихири, на 6. *Слава..., и нињe...: Смисл очистивше...* Вход. *Свете тихии...* и прокимен: на денот. ***Стиховните:*** исто така, од минејот. *Слава..., и нињe...: Јако венцем пресветлим.* Тропар: *Богородице Приснодево...* (еднаш).

Секојдневна полноќница со тропар на св. Богородица.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот *Богородице Приснодево...* (трипати). Седалните од минејот. Се чита 50 псалм. Двата канони од минејот. *Месјаца тогожде во втории ден положение честнија ризи Пресвјатија Владичици нашеја Богородици во Влахерне; тоја молитвами. Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Се пее: *Честнеишују...* Двата ***Светилни. Хвалитни*** стихири од минејот.

Слава..., и нинье...: Смисл очистивше... Големо славословие. Тропар: *Богородице Приснодево...*

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: *Богородице Приснодево,* на храмовиот светител. Кондак: *Одејание всем верним...* (од шестата песна на канонот). Апостол на денот. Евангелие исто на денот. Причастен: *Чашу спасенија. Видјехом свет истинни.*

2. КОГА 2 ЈУЛИ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА СИТЕ СВЕТИИ, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат: 4 воскресни стихири од Пентикостарот, 3 на сите светии и 3 на св. Богородица. *Слава...:* на сите светии, *и нинье...: Цар небесни...* Вход, *Свете тихии...* и прокимен: на денот. Паримиите од Неделата на сите светии. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на сите светии. *И нинье...:* на св. Богородица: *Јако венцем...* Отпустителни тропари: воскресен, на сите светии, *Слава..., и нинье...: Богородице Приснодево...*

Воскресна полноќница со литија на сите светии.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од пентикостарот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, на сите светии и вториот на св. Богородица. По третата песна: кондак на св. Богородица, седален на сите светии, *Слава..., и нинье...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос од Недела на сите светии. Следува: *Месјаца тогожде во втории ден положение честнија ризи Пресвјатија Владичици нашеја Богородици во Влахерне. В тоиже ден, , в недељу по Пјатдесјатнице, иже по всјуду вселенија свјатих всех праздник празднуем. Прежде же всех, и во всех, и со всеми, свјатих свјатујў, пресвјатујў и тех пребезсравнително лучшујў ангелских чинов Госпожу нашу и Владичицу Богородицу Марију Приснодеву; ејаже молитвами и молитвами всех свјатих Твоих, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишшујў...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава..., и нинье...:* вториот од минејот. На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири, 3

на сите светии и 2 на св. Богородица со следните припеви на последните 2 стихири: 1. *Воскресни Господи в покој Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Лицу Твоему помољатсја богатии људстии. Слава...:* евангелска стихира, *и нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист.*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, на св. Богородица, на сите светии и на храмовиот светител. Кондак: *Одејание всем верним...* Апостол: на св. Богородица. Евангелие: на Неделата на сите светии. На *Изрјадно...: Достоино ест...* Причастен: *Радуитесја праведнии... Видјехом свет истиннии...*

5 ЈУЛИ

ПРЕПОДОБЕН АТАНАСИЈ АТОНСКИ

Службата е изложена во минејот.

1. КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на преподобниот. *Слава...:* на преподобниот. *И нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* од минејот: *Отеческују доброту... И нинье...: Творец и избавител мој...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...: Тја ходатаиствовавшују...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пеат литијните стихири на преподобниот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот (двапати), *Слава...:* на преподобниот. *И нинье...: Тја ходатаиствовавшују...* Седални воскресни. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на преподобниот (вториот од минејот). По третата песна: кондак на преподобниот. *Слава...:* седален исто.

и нинье...: богородичен. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в пјатии ден памјат празднуем преподобнаго отца нашего Атанасија Атонскаго; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на преподобниот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Честна пред Господем смерт преподобних его: 2. Что воздам Господеви о всех, јаже воздаде ми. Слава...:* евангелска стихира, *и нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на преподобниот, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан.* Апостол: на преподобниот. Евангелие: на неделата.

7 ЈУЛИ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА НЕДЕЛА

1. СЕ ИЗВРШУВА ПРАЗНИЧНА СЛУЖБА ЗА СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА НЕДЕЛА.[1]

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат стихирите на великомаченичката на 6. *Слава...:* на св. Недела, *и нинье...:* првиот богородичен според гласот на *Славата* (ако е петок вечер, се пее првиот богородичен според гласот што владее). ***Стиховни*** стихири од октоихот. *Слава...:* на великомаченичката, *и нинье...:* богородичен. Отпустителни тропари: на св. Недела: *Одејанием твоим чудесним..., Слава..., и нинье...: Тја ходатаиствовавшују...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на св. Недела (двапати), *Слава..., и нинье...: Тја ходатаиствовавшују...* Седални од октоихот. Се чита 50 псалм. Канони: Богородичниот *Воду прошед...* и на великомаченичката (може да се чита канонот од

[1] Издадената служба за св. Недела во 1866 г. ретко се наоѓа во нашите храмови. Додека се издаде нова, редоследот за овој ден ќе се составува од Општиот минеј како што е изложено погоре.

17 јули, откако ќе се замени името на великомаченичката). По кондакот и икосот на шестата песна: *Месјаца тогожде в седмии ден памјат празднуем свјатија великомаченици Недели и преподобних отец наших Томи и Акакиа. Тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни*** од минејот. На ***хвалите:*** се пеат стихирите на великомаченичката. *Слава...:* исто, *и нињe...:* богородичен. Големо славословие. Тропар *Одејанием твоим чудесним...*

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: *Одејанием твоим чудесним...*, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол на великомаченичката, евангелие – исто така.

2. КОГА СПОМЕНОТ НА СВ. НЕДЕЛА – 7 ЈУЛИ, ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО ДРУГ НЕДЕЛЕН ДЕН, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на великомаченичката. *Слава...:* на св. Недела, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Воскресните ***стиховни*** стихири. *Слава...:* на великомаченичката, *и нињe...:* богородичен, воскресен. Отпустителни тропари: воскресен, *Слава...: Одејанием твоим чудесним..., и нињe...: Тја ходатаиствовавшују...*

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на великомаченичката (од 17 јули, со заменување на името). По третата песна: кондак на св. Недела и сé што напишано меѓу третата и шестата песна. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в седмии ден памјат празднуем свјатија великомученици Недели и преподобних отец наших Томи и Акакиа. Тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Воскресно утрено евангелие. Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и на св. Недела. На ***хвалите:*** се

пеат 4 воскресни стихири и 4 на св. Недела. *Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист.*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. Недела: *Одејанием твоим чудесним...,* на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол: на великомаченичката. Евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

11 ЈУЛИ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА ЕФИМИЈА

Редоследот е изложен во минејот.

1. КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и 6 на светителката од минејот. *Слава...* од минејот: *Одеснују Спаса... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...* на св. Ефимија: *Одејана добродетели. И нињe...: Творец и избавител мој...* Отпустителни тропари: воскресен, на св. Ефимија, *Слава..., и нињe...: Гавриилу вештавшу...*

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на светителката. По третата песна, кондак на св. Ефимија и сето напишано по третата песна, во минејот. По шестата песна: кондак и икос: воскресни. *Месјаца тогожде в единонадесјатии ден памјат празднуем свјатија мученици и прехвалнија Ефимии; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и од минејот. На ***хвалите:*** се пеат 4 воскресни стихири и 4 на свети-

телката со следните припеви на последните две стихири: 1. *Дивен Бог во својатих свонх Бог Израилев: 2. В церквах благословите Бога Господа от источник Израилевих. Слава...:* Ѣ евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на маченичката, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол и евангелие на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес.*

НЕДЕЛА НА СВ. ОТЦИ ОД ШЕСТТЕ ВСЕЛЕНСКИ СОБОРИ

Се празнува во неделниот ден од 13 до 19 јули.
Службата се наоѓа на 16 јули, по онаа на светителот.
Редоследот (освен за деновите 15 и 17 јули) е следен.

На вечерната, во сабота навечер, откако ќе се прочита целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. отци. *Слава...* на св. отци: *Тајнија днес духа труби... И нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Паримии на св. отци. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на св. отци, *и нинье...: Призри на моленија...* Отпустителни тропари: воскресен. *слава...:* на св. отци, *и нинье...: Иже нас ради...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон, се пее *Слава...:* на литијата од минејот, *и нинье...:* воскресен богородичен: *Без семене от божественаго Духа...* Тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со пеење на воскресниот двапати. Седални воскресни. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на св. отци (вториот – на осми глас). По третата песна: воскресен кондак, а по шестата песна: кондак и икос на св. отци. *В сију недељу памјат празднуем својатих отец шести вселенских соборов. Тех молитвами, Христе Боже, помилуј и спаси нас. Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Воскресно утрено евангелие. *Честнејшују...* **Светилни:** воскресен. *Слава...:* на св. отци,

и нинье... богородичен: *Радуисја Божија палато...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. отци со следните припеви на последните две стихири: 1. *Благословен еси Господи Боже отец наших и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Соберите ему преподобнија его. Слава...:* на св. отци, *и нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. отци и на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол: на св. отци. Евангелие: на св. отци.

13 ЈУЛИ
СВ. АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ

Службата е според минејот.

АКО 13 ЈУЛИ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА НА СВ. ОТЦИ, тогаш службата на СВ. АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ СЕ ИЗВРШУВА СЛЕДНИОТ ДЕН – на 14 ЈУЛИ, според следниот редослед.

На вечерната, во недела навечер, катизма **не се чита**. На *Господи возвах...* се пеат трите стихири на св. архангел на 6. *Слава...: Срадуитесја с нами. И нинье...: Кто тебе не ублажит.* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Се нинье благословите...* Сугуба ектенија. *Сподоби Господи.* Прозбена ектенија. ***Стиховни*** од октоихот. *Слава..., и нинье...: Јако чиноначалник и поборник...* Отпустителни тропари: *Небесних воинств архистратиже... Слава..., и нинье...: Еже от века утаенное...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални од октоихот. Канони: првиот од октоихот и на св. архангел од минејот. Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнеишују...* Понатаму редоследот е според минејот.

15 ЈУЛИ

СВ. МАЧЕНИЦИ КИРИК И ЈУЛИТА, СВЕТИ РАМНОАПОСТОЛЕН ВЕЛИКИ КНЕЗ ВЛАДИМИР

1. СЛУЖБАТА НА СВ. КНЕЗ ВЛАДИМИР СЕ ИЗВРШУВА целосно според минејот.

2. КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛАТА НА СВ. ОТЦИ, редоследот е следен.

На вечерната. Се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на св. отци и 3 на св. Владимир. *Слава...:* на св. отци, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии на св. отци. Воскресни стиховни стихири. *Слава...* на св. Владимир: *Началника благочестија..., и нињe...:* на св. отци. Отпустителни тропари: воскресен, на св. отци, *Слава...:* на св. Владимир, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата по троичниот канон: литија на св. Владимир, *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. Полиелеј и величание на св. Владимир и веднаш се пее: *Благословен еси Господи... Ангелски собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, вториот на св. отци и првиот на св. Владимир. По третата песна: воскресен кондак, седален на св. отци, *Слава...:* седален на св. Владимир, *и нињe...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на св. отци. *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден памјат празднуем свјатих мученик Кирика и Јулити и свјатаго равноапостолнаго, великаго књаза Владимира, нареченаго во свјатом крештении Василиа. В сију недељу памјат творим и свјатих отец наших шести вселенских соборов; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас. Амии.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на св. отци, *Слава...:* на св. Владимир. *И нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни

стихири, 3 на св. отци и 3 на св. Владимир со следните припеви на последните четири стихири: 1. *Дивен Бог во свјатих своих Бог Израилев; 2. Вознесох избранаго от људеи моих, обретох Давида, раба моего; 3. Сего ради помаза тја Боже Бог твој елеем радости; 4. Господи силоју твоеју возвеселитсја цар и о спасении Твоем возрадуетсја зело. Слава...:* на св. отци. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. отци, на св. Владимир, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан.* Апостол и евангелие: на св. отци. Понатаму сè како во вообичаена недела.

3. Таму каде што се почитува споменот на СВ. МАЧЕНИЦИ КИРИК И ЈУЛИТА, или има ХРАМОВ ПРАЗНИК НА НИВНО ИМЕ, службата им е празнична како на св. **МАРИНА** и се извршува **од минејот, напишана на 14 јули.**

Во делничен ден редоследот е според минејот: од 14 јули.

КОГА ЌЕ СЕ СОВПАДНЕ СО НЕДЕЛАТА НА СВ. ОТЦИ, редоследот е следен.

На вечерната, по прочитувањето на целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на св. отци и 3 на св. маченици. *Слава...:* на св. отци, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...,* паримии на св. отци. Воскресни стиховни стихири. *Слава...* на св. маченици: *Трилетен Троицу.., и нињe...:* на св. отци. Отпустителни тропари: воскресен, на св. отци, *Слава...:* на св. маченици, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Ѓја.* Тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. *Благословен еси Господи... Ангелски собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни.

Канони: воскресен, вториот на св. отци и на мачениците (вториот од минејот). По третата песна: воскресниот кондак, седалниот на св. отци, *Слава...* на мачениците: *Тезоимено страдалче, и нинье...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на св. отци. *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден памјат празднуем свјатих мученик Кирика и Јулити, и свјатаго равноапостолнаго великаго књаза Владимира, нареченаго во свјатом крештении Василиа. В сију недељу памјат творим и свјатих отец Шести вселенских соборов; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја.* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишшују...* ***Светилни:*** воскресен, на св. отци, *Слава...:* на св. маченици, *и нинье...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири, 3 на св. отци и 3 на св. маченици со следните припеви на последните четири стихири: 1. *Дивен Бог во свјатих Своих Бог Израилев; 2. Праведник јако финикс процветет и јако кедр иже в Ливане умножитсја; 3. Насаждени в дому Господни, во дворех Бога нашего процветут;* и 4. *Возвеселитсја праведник о Господе и уповает на Него. Слава...:* на св. отци, *и нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. отци, на св. маченици, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол и евангелие: на св. отци. Понатаму како во вообичаена недела.

17 ЈУЛИ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА МАРИНА

1. **Службата е празнична** и се отслужува по следниот редослед.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат стихирите на маченичката на 6. *Слава...:* од минејот, *и нинье...: Преиде сен законаја...* (ако е петок вечер се пее првиот богородичен според гласот). Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот. ***Стиховни*** стихири од октоихот. *Слава...* од минејот: *Во гласе радованија... И нинье...: О чудесе новаго.* Отпустителни

тропари: на мачеиичката, *Слава..., и нинье...: Еже от века утаенное...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на мачеиичката (двапати), *Слава..., и нинье...: Еже от века утаенное...* Седални од октоихот. Се чита 50 псалм. Канони: Богородичниот: *Воду прошед...* и на св. Марина: од минејот. По третата песна: седален од минејот, *слава..., и нинье...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос исто така на мачеиичката. *Месјаца тогожде в седминадесјатии ден памјат празднуем свјатија великомученици Марини; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Се пее: *Честнеишшју...* ***Светилните*** од минејот. На ***хвалите:*** се пеат стихирите од вечерната: на 4. *Слава...: Јако на камени тверде...* (од ***стиховните*** на утрената), *и нинье...* богородичен: *Молитвами Господи всех свјатих и Богородици, Твој мир дажд нам, и помилуи нас јако един штедр.* Големо славословие. Тропар на мачеиичката.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на мачеиичката, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан.* Апостол на мачеиичката, евангелие, исто така.

2. КОГА 17 ЈУЛИ ЌЕ СЕ СОВПАДНЕ СО НЕДЕЛА НА СВ. ОТЦИ, редоследот е следен.

На вечерната. Откако ќе се прочита целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на св. отци и 3 на св. Марина. *Слава...:* на св. отци, *и нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии на св. отци. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на светителката, *и нинье...:* на св. отци. Отпустителни тропари: воскресен, на св. отци, *Слава...: Агница Твоја Исусе..., и нинье...: Еже от века утаенное...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон: тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните од октоихот. *Благословен еси Господи... Ангелски собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, вториот на св. отци и на св. Марина. По третата песна: воскресниот кондак, седален на св. отци, *слава...:* на светителката, *и нињe...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на св. отци. *Месјаца тогожде в седминадесјатин ден памјат празднуем свјатија великомученици Марини. В сију недељу памјат творим и свјатих отец шести вселенских соборов. Тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на св. отци, *слава...:* на светителката, *и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири, 3 на св. отци и 3 на св. Марина со следните припеви на последните четири стихири: *1. Дивен Бог во свјатих своих Бог Израилев; 2. В церквах благословите Бога Господа от источник Израилевих; 3. Терпја потерпех Господи и внјат ми; 4. Честна пред Господем смерт преподобних Его. Слава...:* на св. отци, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. отци, на св. Марина, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол и евангелие: на св. отци. Понатаму сè како за вообичаен неделен ден.

20 ЈУЛИ

СВ. ПРОРОК ИЛИЈА

Редоследот е изложен во минејот.

На вечерната. По *Блажен муж,* на *Господи возвах...* се пеат шест стихири. *Слава...:* на пророкот: *Приидите православних... И нињe...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот и паримии. ***Стиховни*** и *Слава...:* од минејот. *И нињe...: Творец и избавител мој...* Тропар на пророкот, *Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата, литијните стихири и *Слава...:* на пророкот. *И нињe...:* богородичен. Тропар на пророкот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на пророкот (двапати), *Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...* Двата седални со нивните богородични. Полиелеј и величание: на пророкот со почетен стих: *Величаем тја славнии пророче Илие и чтим свјатују памјат твоју, ти бо молиши за нас Христа Бога нашего.* Седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен. Утрено евангелие: на пророкот. Се чита 50 псалм и се пее стихирата: *На огненнеи колеснице.* Канони: Богородичниот: *Воду прошед...* и вториот на пророкот: *Орган јавилсја еси...* По третата песна: седалниот со богородичниот. По шестата песна: кондак и икос: исто така на пророкот. *Месјаца тогожде в двадесјатии ден памјат празднуем свјатаго славнаго пророка Илии; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнеишују...* ***Светилните*** од минејот. На ***хвалите:*** 6 стихири. *Слава...: Пророков верховники... И нињe...: Владичице приими молитви рабов твоих...* Големо славословие. Тропар на пророкот.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот: тропар на пророкот, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол и евангелие: на пророкот. Причастен: *В памјат вечнују...*

КОГА 20 ЈУЛИ – СВ. ПРОРОК ИЛИЈА, ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на пророкот. *Слава...: Приидите православних... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* на пророкот, *и нињe...: Творец и избавител мој...* Тропари: воскресен, *Слава...:* на пророкот, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пеат литијните стихири на пророкот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на пророкот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со пеење на воскресниот (двапати). Воскресни седални. Полиелеј и величание: на пророкот со почетен стих: *Величаем тја славнии пророче Илие и чтим свјатују памјат твоју, ти бо молиши за нас Христа Бога нашего.* Седален по полиелејот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и вториот на пророкот. По третата песна: седалниот на пророкот и неговиот богородичен. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в двадесјатии ден памјат празднуем свјатаго славнаго пророка Илии; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на пророкот, *и ниње...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на пророкот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Ти еси јереј во веки по чину Мелхиседекову; 2. Мојсеј и Арон во јереех Его, и Самуил в призивајуштих имја Его. Слава...:* евангелска стихира, *и ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на пророкот, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол: на пророкот, евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

25 ЈУЛИ

УСПЕНИЕ НА СВ. АНА, МАЈКА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

1. Редоследот е изложен во минејот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат стихирите на 6. *Слава..., и ниње...: Иже от неплодних чресл...* Вход, *Свете тихии...* и прокимен: на денот. ***Стиховни:*** од минејот. *Слава..., и ниње...: Приидите всја твар...* Тропар на св. Ана, (еднаш).

Полноќница со тропарот на св. Ана.

На утрената. На *Бог Господ...* тропар на св. Ана, (двапати), без *слава..., и нињe...* Седалните според минејот. Се чита 50 псалм. Канони, богородичниот: *Воду прошед...* и на св. Ана. По третата песна: седалниот (еднаш). По шестата песна: кондак и икос. *Месјаца тогожде в двадесјат пјатии ден празднуем успение свјатија Анни, матере Свјатија Богородици. И памјат свјатих жен Олимпијади и Евпраксии; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја... Честнеишују...* ***Светилни:*** како што се во минејот. На ***хвалите:*** стихирите на 4. *Слава..., и нињe...: Приидите љубодевственнии вси...* Големо славословие. Тропар на св. Ана.

На св. литургија. Делничните антифони. По входот, тропарот на св. Ана. Кондак: *Прародителеи Христових памјат празднуем...* Апостол: на светителката, евангелие: исто така. Причастен: *Радуитесја праведнии...*

2. КОГА СПОМЕНОТ НА СВ. АНА, 25 ЈУЛИ, ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и првите три стихири на светителката, на 4. *Слава...* на светителката: *Иже от неплодних чресл... И нињe...:* првиот богородичен според гласот. Вход, *Свете тихии...*, прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...* на светителката: *Приидите всја твар...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава..., и нињe...:* на светителката.

На полноќницата, по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. Ана.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар се пее (двапати), *Слава..., и нињe...:* на св. Ана. Седалните: двата од октоихот, *слава..., и нињe...:* од минејот. На истиот начин се пеат и вторите седални. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на светителката. По третата песна: седалниот на св. Ана, (еднаш). По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в двадесјат и пјатии ден празднуем успение свјатија Анни, матере Свјатија*

Богородици и памјат свјатих жен Олимпијади и Евпраксии; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава..., и нинье...:* на светителката. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. Ана со следните припеви на последните две стихири: 1. *Радуитесја праведнии о Господе; 2. Блажени вси бојаштиисја Господа, ходјаштии в путех Его. Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. Ана, на храмовиот светител. Кондак на св. Ана: *Прародителеи Христових памјат празднуем...* Апостол: на св. Ана, евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

27 ЈУЛИ

СВ. КЛИМЕНТ АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ – ЧУДОТВОРЕЦ[28]

На **големата вечерна.** Првиот антифон на првата катизма: *Блажен муж....* На *Господи воззвах...,* стихири, гл. 2., подобен: *Киими похвалними венци..., Слава...,* гл. 6.: *Добродетелеи воскормлаем млеком..., и нинье...*, првиот богородичен според гласот. Вход, *Свете тихиј...,* прокимен: на денот и паримии 3. На ***литијата:*** стихири на храмот и на светителот. *Слава... и нинье...,* гл. 6.: *Благодат чудес с више прием...* На ***стиховни:*** стихири, гл. 6.: *Вес от јуности..., слава... и нинье...* гл. 6.: *Јакоже жизн твоја...* На благословување на лебовите: тропар, гл. 4.: *Словеси наставил јеси...* (двапати) и *Богородице дево...* (еднаш).

Празнична полноќница со тропарот на св. Климент.

На **утрената**. На *Бог Господ...,* тропар на светителот (двапати), *Слава... и нинье...: Еже от века...,* и катизмите. Седа-

[28] Каде што е храмот посветен на св. Климент, се извршува оваа служба, а каде што не е, се служи служба на св. Пантелејмон и на св. Седмочисленици. Оваа служба не постои во оригиналниот текст на овој Типик.

лен, гл. 3.: *Божественними догмати...* и вториот, гл. 4.: *От младенческаго возраста...* Полиелеј и величание: *Величаем тја, свјатителју отче Клименте, иже ученми твоими роди словенскија просветил еси, и ко Христу привел еси.* Избраниот псалм и седален, гл. 8.: *Апостол Христових ревност восприим...* ***Степени,*** 1. антифон 4. глас. ***Прокимен,*** гл. 4.: *Уста моја возглаголјут премудрост и поучение сердца моего разум* (трипати). Евангелие според Јована, зач. 35: *Амин, амин глаголју вам: Не входјаи дверми...* 50. псалм. *Слава..., Молитвами свјатаго отца нашего Климента, милостиве..., и нинје... Молитвами Богородици...* и стихирата, гл. 6.: *Философију вишнују восприим...* Канони на светителот, два канона: на 8. и на 4. глас. Катавасија: *Отверзу уста моја...* По третата песна: кондак на светителот, икос и седален, гл. 8.: *Слава...,* вториот, *и нинје...:* богородичен. По шеста песна: кондак и икос. На 9. песна се пее: *Честнеишују...* **Светилен:** *Јакоже солнце просветивиј...* На **хвалите:** стихири, гл. 8.: *Клименте богомудре отче наш..., Слава...,* гл. 8.: *Свјатителја Христова Климента..., и* нинје..., богородичен: *Преблагословенна еси...* Големо славословие; тропар на светителот, *Слава... и нинје...*, богородичен: *Еже от века утаенное...*

На **литургијата**. Блажени од првиот канон, 3. песна и на вториот, 6. песна. По входот: тропар на светителот, *Слава...:* кондак на светителот, *и нинје...: Предстателство христијан...* Прокимен, гл. 1.: *Уста моја возглаголјут премудрост и поучение сердца моего разум.* Апостол: *К Евреем,* зач. 318.: *Таков подобаше нам архиереи...* Евангелие: според Лука, зач. 54.: *Вниде Иисус во некују вес...* Причастен: *Чашу спасенија...* или: *В памјт вечнују...*

27 ЈУЛИ

СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИК И ИСЦЕЛИТЕЛ ПАНТЕЛЕЈМОН, СВЕТИ РАМНОАПОСТОЛНИ СЕДМОЧИСЛЕНИЦИ: МЕТОДИЈ И КИРИЛ, КЛИМЕНТ И НАУМ, САВА, ГОРАЗД И АНГЕЛАРИЈ

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на св. Пантелејмон и 3 на св. седмочисленици. *Сла-*

вя...: на св. седмочисленици. *И нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. Воскресни стиховни стихири. *Слава...:* на св. Пантелејмон, *и нинье...: Безневестнаја Дево.* Отпустителни тропари: воскресен, на св. Пантелејмон, *слава...:* на св. седмочисленици, *и нинье...:* богородичен, воскресен: *Гавриилу вештавшу...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон, се пеат литиите на св. седмочисленици. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. седмочисленици.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни. Полиелеј и величание на св. седмочисленици со почетен стих: *Величаем вас, свјатии равноапостоли седмочисленнии, всја словенскија страни ученми своими просветившии и ко Христу приведшии.* Веднаш се пее: *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* По малата ектенија, третите седални од службата за св. седмочисленици. Степени и прокимен воскресни. Канони: воскресен, на св. Пантелејмон, на св. седмочисленици. По третата песна: воскресен кондак, седален на св. Пантелејмон: *Доблјаго страдалца... Слава...:* седален на св. седмочисленици, *и нинье...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на св. седмочисленици. *Месјаца тогожде в двадесјат седмии ден памјат совершаем свјатаго великомученика и целитеља Пантелеимона и свјатих седмочислених славјанских равноапостолних просветителеи Методија и Кирила, Климента и Наума, Савви, Горазда и Ангеларија; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, на св. Пантелејмон, *слава...:* на св. седмочисленици, *и нинье...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. седмочисленици со следните припеви на последните две стихири: 1. *Свјаштеници твои облекутсја в правду и преподобнии Твои возрадујутсја; 2. Мојсеј и Аарон во јереех его и Самуил в призивајуштих имја Его. Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. Пантелејмон, на св. седмочисленици, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Апостол: на св. седмочисленици. Евангелие: на неделата. Понатаму сé како во обична недела.

ПРЕНЕСУВАЊЕ МОШТИТЕ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – ЧУДОТВОРЕЦ

(Првата недела по Св. Климент Охридски)

Со одлука на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска Архиепископија бр. 264 од 07. 08. 2002 година а по повод возобновувањето и осветувањето на Светиклиментовиот манастир на Плаошник во Охрид, каде што на 10. август, во неделата по Св. Климент, со свечена литија беа пренесени светите мошти на св. Климент Охридски – Чудотворец, од црквата „Св. Богородица – Перивлепта“ – Охрид во возобновениот манастир „Св. Климент и св. вмч. Пантелејмон“, се востанови овој празник. Службата да се служи според правилото „Кога празник на светител ќе се случи во недела“.

АВГУСТ

1 АВГУСТ

ИЗНЕСУВАЊЕТО НА СВ. КРСТ, СВ. СЕДУМ МАКАВЕЈСКИ МАЧЕНИЦИ

Службата е изложена во минејот.

ОД ТОЈ ДЕН ЗАПОЧНУВА БОГОРОДИЧНИОТ ПОСТ.

ЗАБЕЛЕШКА. Пред почетокот на вечерната, свештеникот го зема чесниот крст од местото каде што се чува преку годината, го поставува на подготвен дискос врз босилок и цвеќе и го става на жртвеникот.

На вечерната, на *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на крстот и 3 на св. Макавеи. *Слава...:* на светителите, *и нинье...:* на крстот. Се прави вход со кадилница, *Свете тихии...,* прокимен: на денот. ***Стиховни*** стихири од октоихот. *Слава...:* на светителите: *Души праведних..., и нинье...:* на крстот. Тропар на светителите, *Слава..., и нинье...:* на крстот.

По отпустот на вечерната, свештеникот го пренесува дискосот со чесниот крст од жртвеникот на престолот по следниот редослед.

Благословен Бог наш. Трисвјатое. Јако Твое ест царство... Пејачите пеат: *Спаси Господи,* а свештеникот го покадува така подготвениот св. крст, го бакнува и кога пејачите ќе го запеат кондакот: *Вознесиисја на крест...,* го зема дискосот со чесниот крст над својата глава, пред него оди свеќоносец со кадилница, го пренесува на св. престол и го поставува на местото на св. евангелие, кое пак се поставува малку погоре. Потоа прави мал отпуст.

Цела ноќ на св. престол гори кандило или светилник.

На утрената. На *Бог Господ...* тропари: *Спаси Господи..., слава...: Болезнми свјатих..., и нинье...: Спаси Господи....* Седал-

ните од октоихот. Канони: на крстот и на мачениците, како што се во минејот. По шестата песна, се кажува: *Месјаца августа в первии ден происхождение честних древ честнаго и животворјаштаго креста Господња и памјат свјатих седми мученик Маккавеи и матере их Соломонии и учитеља их Елеазара. Силоју честнаго и животворјаштаго Твоего Креста и молитвами свјатих мученик Маккавеи, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Понатаму сé според минејот. По големото славословие, пред последното: *Свјатии Боже...,* свештеникот го покадува св. крст, прави три поклони и го бакнува; потоа го зема дискосот над својата глава, пред него оди црковнослужител, кој кади со кадилницата, го обиколува св. престол и излегува низ северната врата од олтарот, а пред него одат свеќоносец и пејачите, кои пеат бавно: *Свјатии Боже.* Свештеникот, откако ќе дојде на средината од храмот, каде што има подготвен аналој, го обиколува трипати аналојот и застанува пред него. Пејачите во тоа време завршуваат со пеењето на *Свјатии Боже...* и свештеникот пред аналојот возгласува: *Премудрост прости!* и го поставува дискосот со чесниот крст врз аналојот.

По ова, свештеникот (еднаш) и пејачите (двапати) пеат *Спаси Господи...* Во тоа време свештеникот трипати обиколува околу аналојот и кади. Потоа прави три поклони, го зема чесниот крст в раце и пее: *Кресту Твоему поклањаемсја Владико и свјатое воскресение Твое славим.* Истото го пеат и пејачите уште двапати и започнуваат да ја пеат стихирата: *Приидите вернии...* Во тоа време народот пристапува, секој се поклонува и го бакнува чесниот крст. На крајот се пее тропарот: *Спаси Господи...*

На св. литургија. Секојдневни антифони. По входот, тропари: на крстот, на св. Макавеи и на храмовиот светител. Кондак: *Вознесиисја на крест волеју...* Се пее: *Свјатии Боже...* Апостол: на св. Макавеи, евангелие: на 1 август. Причастен: *Знаменасја на нас свет лица Твоего, Господи.*

По отпустот на св. литургија (а каде што заради некаква причина не се служи св. литургија на тој ден – по отпустот на утрената) се извршува **водосвет** според редоследот изложен во

минејот. Тој редослед е ист како редоследот изложен во требникот.

ВНЕСУВАЊЕТО НА СВ. КРСТ Е НА 1 АВГУСТ ВЕЧЕРТА, непосредно по вечерната, според следниот редослед.

Свештеникот, како што е во одежди: го кади св. крст пред аналојот, го зема со дискосот над својата глава, пред него одат црковнослужители со ***светилник*** и кадилница, влегува во св. олтар низ царските двери и го поставува дискосот на св. престол. Во тоа време пејачите пеат: *Спаси Господи...* Потоа свештеникот го покадува св. крст, го бакнува и го остава на местото каде што стои преку целата година.

2. КОГА 1 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, се извршува **САМО СЛУЖБА НА СВ. КРСТ ЗАЕДНО СО ВОСКРЕСНАТА,** според следниот редослед.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на крстот. *Слава...* на крстот: *Егоже древле Мојсеј прообрази собоју..., И ниње...:* првиот богородичен според гласот што владее. Воскресни стиховни стихири. *Слава..., и ниње...* на крстот: *Глас пророка Твоего Мојсеја Боже...* Тропари: воскресен, *Слава..., и ниње...:* на крстот.

По отпустот на вечерната, свештеникот го пренесува св. крст од жртвеникот на св. престол, според редоследот изложен во т. 1 (за неговото пренесување на жртвеникот види т. 1).

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *слава..., и ниње...:* на крстот. Седални од октоихот. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на крстот. По третата песна: седалниот на крстот. *Крест Твој Господи...* По шестата песна: кондак и икос, воскресни. *Месјаца августа в первии ден произхождение честних древ честнаго и животворјаштаго креста Господња. В сеи ден памјат празднуем свјатих седми мученик Маккавеи и матере их Соломонии и учитеља их Елеазара. Силоју честнаго и животворјаштаго Твоего Креста и молитвами свјатих мученик Маккавеи, Христе Боже наш, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест на-*

чертав... Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, *слава..., и нинье...: Крест хранител...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на крстот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Возносите Господа Бога нашего и покланјаитесја подножију ногу его јако свјато ест; 2. Бог же цар наш прежде века, содела спасение посреде земли. Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. **Пред последното *Свјатии Боже...*, свештеникот го изнесува св. крст** според редоследот изложен погоре. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, *Спаси Господи...,* на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Се пее: *Свјатии Боже...* Апостол и евангелие: на неделата.

ЗАБЕЛЕШКА. На св. литургија по входот се пее кондакот *На горе преобразилсја еси,* само ако се служи во недела. Во други денови се пее: *Вознесиисја на крест волеју.*

ЗАБЕЛЕШКА. Кога 1 август ќе се случи во недела, службата на св. Макавеи се чита на повечерието.

По отпустот на св. литургија, се извршува водосвет според редоследот изложен во минејот. Тој редослед е ист со редоследот на водосветот во требникот.

Внесувањето на св. крст е на 1 август вечерта, по вечерната, според редоследот опишан погоре.

2 АВГУСТ

ПРЕНЕСУВАЊЕ НА МОШТИТЕ НА СВ. ПРВОМАЧЕНИК И АРХИЃАКОН СТЕФАН

Редоследот е изложен во минејот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат првите три стихири на 6. *Слава...: Первии в мученицех, И нинье...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот. Сугуба

ектенија. *Сподоби Господи...* Прозбена ектенија. На ***стиховни*** се пеат вторите три стихири напишани на *Господи возвах...* со следните припеви: на втората: *Праведник јако финикс процветет, јако кедр иже в Ливане умножитсја,* а на третата: *Насаждени в дому Господни, во дворех Бога нашего процветут. Слава...: Радуисја о Господе... И нињe...: Безневестнаја Дево... Нињe отпуштаеши...*

И веднаш започнува молебенот на св. Богородица, што се пее секоја вечер во Богородичните пости, освен спроти недела и спроти празниците: ***Преображение Господово – 6 август и св. ап. Матеј – 9 август.***

Молебенот се извршува според редоследот изложен во часословот.

По прочитувањето на 142 псалм, се пее: *Бог Господ...* и тропарите: *К Богородице прилежно... Слава...:* тропарот на храмовиот светител, *и нињe...: Не умолчим никогда...* Се чита *Помилуи мја Бо̀же...* и понатаму се пее канонот со ирмосите и со припев пред тропарите: *Пресвјатаја Богородице спаси нас.* По третата песна: *Спаси от бед раби Твоја...* Свештеникот кажува скратена сугуба ектенија и на последната молитва споменува имиња, а пејачот пее неколку пати: *Господи помилуи.* Се пее: *Моление теплое...* и продолжува 4, 5 и 6 песна и пак се пее: *Спаси от бед...* По возгласот на ектенијата, се пее: *Предстателство христијан...,* прокименот, и се чита евангелието. Пејачот: *Слава...: Молитвами Богородици, и нињe...:* истото. *Помилуи мја Боже...* и стихирата. Свештеникот ја кажува литијната молитва: *Спаси Боже људи Твоја...* Пејачот: *Господи помилуи* (12 пати), свештеникот: *Милостију и штедротами...* Пејачот продолжува со 7, 8 и 9 песна. По деветтата песна се пее: *Достоино ест...* (целото) и потоа тропарите *Вишшују небес...,* кои се пеат бавно затоа што за тоа време свештеникот кади. Се чита: *Трисвјатое* и се пее тропарот на св. Стефан: *Царским венцем..., Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...* Кратка сугуба ектенија. По молитвата кон св. Богородица: *О пресвјатаја Госпоже...,* отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Во други денови (освен спроти 2 август), наместо отпустителниот тропар на св. Стефан, се пеат умилителните тропари: *Помилуи нас Господи...*

На утрената, на 2 август наутро, на *Бог Господ...* тропарот на св. Стефан (двапати), *Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...* Седалните од октоихот. Каноните: од октоихот и на св. Стефан. По третата песна: седалниот со *слава..., и нињe...:* од минејот. По шестата песна: кондак и икос на св. Стефан. *Месјаца тогожде во втории ден Пренесение моштеи свјатаго первомученика и архидјакона Стефана; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Лици израилтестии... Честнеишују...* ***Светилни*** од минејот. На ***хвалите:*** стихирите од минејот. *Слава...: Стефан доброе начало мучеников... И нињe...: От всех бед раби твоја сохранјаи...* Големо славословие. Тропар на светителот.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на св. Стефан, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Апостол и евангелие: на св. Стефан. Причастен: *Во всју земљу изиде вештание... Видјехом свет истиннии...*

КОГА 2 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот на службата е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и трите први стихири на светителот, на 4. *Слава...* на светителот: *Первии в мученицех..., и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...*, прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Радуитесја о Господе...* (од минејот), *и нињe...: Безневестнаја Дево...* Отпустителни тропари: воскресниот, *Слава...:* на светителот, *и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата по троичниот канон за литијни стихири, се пеат трите самогласни од вечерната. *Слава...: Первомучениче апостоле...* (напишана за *Слава...:* на ***стиховните*** на утрената). *И нињe...: Блажим Тја Богородице Дево... Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со пеење на воскресниот (двапати). Воскресни седални. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на светителот. По третата песна: седалниот на светителот. *Слава..., и нињe...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос: воскресни. *Месјаца тогожде во втории ден Пренесение моштеи свјатаго первомученика и архидјакона Стефана; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Лици израилтестии.* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на светителот, *и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на светителот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Во всју земљу изиде вештание их и во конци вселенија глаголи их; 2. Небеса поведајут славу Божију, творение же руку его возвештает тверд. Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на св. Стефан, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси.* Апостол на св. Стефан. Евангелие на неделата.

5 АВГУСТ

ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО

Службата е само според минејот.

АКО СЕ СЛУЧИ ВО САБОТА, вечерната на претпразненството е со вход и се пее молебниот канон на св. Богородица, откако на крајот, наместо умилителните тропари, се пее тропарот на претпразненството.

На утрената. Во сабота наутро, на *Бог Господ...* тропарот на претпразненството (трипати). Седалните и канонот од минејот. ***Светилниот*** од минејот, *слава..., и нињe...:* вториот светилен. На ***хвалите:*** се пеат стихирите од ***стиховните*** на утрената. *Слава..., и нињe...: Закона и пророков Тја Христе... Тебе*

славаподобает... На ***стиховни*** се пеат стихирите: *Сијанием добродетелеи...* (стиховни на вечерната). *Слава..., и нињe...: Иже на горе...* Понатаму како во обична утрена.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на претпразненството, на храмовиот светител и кондак на претпразненството: *Божественим днес преображением.*

КОГА ПРЕТПРАЗНЕНСТВОТО НА ПРЕОБРАЖЕНИЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на претпразненството. *Слава...* на претпразненството: *Приидите взидем на гору Господњу... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...:* на претпразненството: *Иже на горе...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и нињe...:* на претпразненството.

На полноќницата, по троичниот кано: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на претпразненството.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот (двапати), *Слава..., и нињe...:* на претпразненството. Воскресни седални. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на претпразненството. По третата песна: се чита само седалниот на претпразненството. По шестата песна: воскресните кондак и икос. *Месјаца тогожде в пјатии ден предпразненство Преображенија Господа нашего Исуса Христа и свјатаго мученика Евсигниа; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Лици израилтестии.* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава..., и нињe...:* на претпразненството. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на претпразненството (од ***стиховните*** на утрената, на 4, со припевите на последните две стихири како што се дадени во минејот). *Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на претпразненството; на храмовиот светител. Кондак: *Божествeним днес преображением...* (на претпразненството). Апостол и евангелие: на неделата.

6 АВГУСТ

СВ. ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО

Службата е целосно според минејот, во било и кој ден да се случи празникот.

ЗАБЕЛЕШКА. Ако се случи во сабота, на вечерната во петок вечерта се пее: **голем прокимен:** *Бог наш на небеси и на земли, всја елика восхоте сотвори,* а во сабота вечерта се пее *Господ воцарисја...*

Во било кој друг ден и да се случи празникот, вечерта на самиот ден спроти седми август на ***вечерната*** се пее големиот прокимен, а спроти празникот се пее прокименот на денот.

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот: *Спаси ни, Сине Божии, преобразивиисја на горе, појуштија Ти алилуиа.* Третиот антифон: *Преобразилсја еси на горе Христе Боже...* Входно: *Јако у Тебе источник живота Господи, во свете Твоем узрим свет, Спаси ни Сине Божии преобразивиисја на горе, појуштија Ти алилуиа.* Тропарот: *Преобразилсја еси на горе...* Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Наместо: *Достојно: Нине неуслишанаја...* (третиот тропар од седмата песна на вториот канон). Причастен: *Господи во свете лица Твоего поидем и о имени Твоем возрадуемсја во веки...* Наместо: *Видјехом свет истинни..., Преобразилсја еси...*

ЗАБЕЛЕШКА. На крајот од литургијата, веднаш по заамвоната молитва, пред да се пее: *Буди имја Господне,* пејачите го пеат тропарот на празникот, а свештеникот го покадува подготвеното за благословување грозје и ја чита одредената за тоа молитва (напишана во минејот).

На утрената, по прочитувањето на каноните, се пее ирмосот на осмата песна. *Честнеишују...* ***Светилниот*** на попразненството. На ***хвалите:*** се пеат 4 стихири: *Пресвјатаго славнаго преображенија...* (напишани на 5 август утрото на ***стиховните***). *Слава..., и нињe...: Иже светом Твоим всју вселенују...* (пишувана на литијата на празникот). На ***стиховни*** се пеат стихирите: *На горе Таворстеи...* (напишани на ***хвалите*** на 9 август, со припев на втората стихира: *Твоја сут небеса и Твоја ест земља* и на третата стихира: *Тавор и Ермон о имени Твоем возрадуетсја).*

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...,* вториот: *Спаси ни, Сине Божии, преобразивиисја на горе...* и третиот: тропарот на празникот. По входот, тропари: на празникот, на храмовиот светител и кондак: *На горе преобразилсја еси...*

Во таа сабота вечерта, по вечерната, **не се пее молебниот канон на св. Богородица.**

НЕДЕЛА ПО ПРАЗНИКОТ ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО (освен 9 август)

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на попразненството. *Слава...: Приидите взидем на гору...* (литијната *Слава...* од празникот), *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири, *Слава..., и нињe...:* на празникот: *Петру и Јакову...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и нињe...:* на празникот.

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот (двапати), *Слава..., и нињe...:* на празникот. Канони: воскресен и на празникот. По третата песна: седалниот на празникот еднаш. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца то-*

гожде... Катавасија: *Крест начертав...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и на празникот. На ***хвалите:*** воскресни стихири: 4 и на празникот 4 (од 6 август) со следните припеви на последните две стихири: 1. *Твоја сут небеса и твоја ест земља; 2. Тавор и Ермон о имени Твоем возрадуетсја. Слава...:* евангелска стихира. *И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Входно, за Преображение. По входот, тропари: воскресен, на празникот, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Апостол и евангелие: од неделата по редот. *Достоино ест...* Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истинии...*

Вечерта во неделата се извршува **вечерна** според редоследот во минејот, кога се **прави вход,** а на крајот **се пее:** ***Молебниот канон на пресвета Богородица.***

9 АВГУСТ

СВ. АПОСТОЛ МАТЕЈ

Службата е полиелејна, според минејот.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на празникот и 3 на апостолот. *Слава...: Излијасја благодат... И ниње...: Иже светом* (сите од минејот). Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот. Паримии: 3. Првата паримија се чита вообичаено, а втората и третата - „на распев". ***Стиховни*** од минејот. *Слава...:* на апостолот: *Ревности божественнија исполнен... И ниње...: Иже на горе Таворстеи...* Отпустителни тропари: на апостолот, *Слава..., и ниње...:* на празникот.

Полноќница со тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: *Преобразилсја еси, слава...:* на апостолот, *и ниње...:* на празникот. Седалните од минејот. Полиелеј и величание: на апостолот. По малата ек-

тенија, третите седални и веднаш: *От јуности моеја...* Прокимен: *Во всју землју изиде вештание их...* Утрено евангелие на апостолот. По 50 псалм, стихирата: *Излијасја благодат...* Канони: на празникот и на апостолот (како што се во минејот). По третата песна: се прочитува сé што е напишано после таа песна. По шестата песна: кондак и икос на апостолот. *Месјаца тогожде в девјатии ден памјат празднуем свјатаго апостола Матија; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Лици израилтестии...* ***Светилни*** и ***хвалитни*** според минејот. *Слава...: Оставив земнаја... И нињe...: Видеша на горе...* Големо славословие. Тропар на апостолот.

На св. литургија. Делнични антифони. Входно на празникот. По малиот вход, тропари: на празникот, на апостолот, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Апостол и евангелие: на апостолот. Причастен: *Во всју землју... Видјехом свет истиннии...*

КОГА 9 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на празникот и 3 на апостолот. *Слава...:* на апостолот: *Излијасја благодат... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии 3. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* на апостолот, *и нињe...:* на празникот. Отпустителни тропари: воскресниот, *Слава...:* на апостолот, *и нињe...:* на празникот.

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната со пеење на воскресниот (двапати). Седални воскресни. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, на празникот и на апостолот. По третата песна: кондакот на празникот, *Слава...:* седалниот на апостолот, *и нињe...:* на празникот. По шестата песна: воскресен кондак и икос. *Месјаца тогожде в девјатии ден памјат празднуем свјатаго апостола Матија, того молитвами, Христе Боже, помилуи и*

спаси нас, Амин. Катавасија: *Лици израилтестии...* Воскресно утрено евангелие. ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на апостолот, *и нинье...:* на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на апостолот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Во всју землју изиде вештание их и в конци вселенија глаголи их; 2. Небеса поведајут славу Божију, творение же руку его возвештает тверд. Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на празникот, на апостолот, на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Апостол: на св. Матеј. Евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

13 АВГУСТ

ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО

Редоследот е како на самиот празник, со особеностите за оддание на Господовите и Богородичните празници: на вечерната нема вход и паримии, а на полноќницата нема литии и на утрената нема полиелеј, величание и утрено евангелие. Еднаш по вторите седални, се чита 50 псалм и потоа каноните. На св. литургија, апостол и евангелие не се читаат на празникот, туку **редовните на денот.**

КОГА ОДДАНИЕТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на празникот. *Слава...:* на празникот, *и нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нинье...:* на празникот. Отпустителни тропари: воскресниот (еднаш), и на празникот (двапати), без *слава..., и нинье...*

На утрената. На *Бог Господ...* како на вечерната. Седални, ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на празникот. По третата песна: седален на празникот. По шестата песна: воскресен кондак и икос. *Месјаца тогожде в тринадесјатии ден отдаетсја праздник Господња Преображениja; в сии ден памјат празднуем преподобнаго отца нашего Максима Исповедника; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од канонот на празникот. ***Светилни:*** воскресниот и на празникот (двапати). На ***хвалите:*** се пеат 4 воскресни стихири и 4 на празникот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Твоја сут небеса и твоја ест земљa; 2. Тавор и Ермон о имени твоем возрадуетсја. Слава...:* на празникот, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифоните на празникот. Входно: *Јако у Тебе источник живота Господи, во свете Твоем узрим свет, спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих...* Тропари по входот: воскресен, на празникот и на храмовиот светител. Кондак: *На горе преобразилсја еси...* Наместо: *Достојно ест...,* *Рождество Твое нетленно јависја...* Причастен: *Господи во свете лица Твоего...* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее тропарот: *Преобразилсја еси на горе...* и отпуст.

14 АВГУСТ

ПРЕТПРАЗНЕНСТВО НА УСПЕНИЕ НА ПРЕСЕТА БОГОРОДИЦА

Редоследот е целосно според минејот.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По прочитувањето на целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на претпразненството. *Слава...: Всечестное твое успение... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскре-

сните стихири. *Слава..., и нињe...: Јаже небес вишшаја...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава..., и нињe...:* на претпразненството.

Воскресна полноќница.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нињe...:* на претпразненството. Седални воскресни со с*лава..., и нињe...:* од минејот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на претпразненството. По третата песна: седалниот на претпразненството. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в четиринадесјатии ден Предпразненство Успенија Пресвјатија Богородици и свјатаго пророка Михеја; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* за Успение на пресвета Богородица. Воскресно утрено евангелие. Се пее: *Честнеишујју...* ***Светилни:*** воскресен, *слава..., и нињe...:* на претпразненството: *Твоего честнаго успенија...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на претпразненството: *Собор ученик...* (пишувани на ***малата вечерна*** за 15 август на ***стиховните,*** со нивните припеви). *Слава...:* евангелска стихира, *и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на претпразненството, на храмовиот светител. Кондак на претпразненството: *В славнеи памјати твоеи...* (од канонот на претпразненството). Апостол и евангелие: од неделата по редот.

15 АВГУСТ

УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА (ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА)

На вечерната. По првата статија од првата катизма, на *Господи возвах...* се пеат трите стихири, на 6. *Слава..., и нињe...: Богоначалним мановением...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен и

паримии. По ***стиховните*** стихири, *слава..., и нињe...: Егда изшла еси...* Отпустителниот тропар (трипати).

Празнична полноќница со литијните стихири и тропарот на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на празникот (трипати). Седалните според упатствата во минејот. Полиелеј: *Слово благо... Отригну сердце мое...* и величание на празникот. Седален по полиелејот: *Возопии, Давиде... От јуности моеја...* Прокимен: *Помјану имја твое во всјаком роде и роде.* Утрено евангелие на празникот. 50 псалм се чита. *Слава...: Молитвами Богородици..., и нињe...:* истото. Стих: *Помилуи мја, Боже...* и стихирата: *Егда преставление...* Двата канона од минејот со припев: *Пресвјатаја Богородице спаси нас.* На претпоследниот тропар: *слава...:* на последниот: *и нињe...:.* По третата песна: ипакој. По шестата песна: кондак и икос. *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден Успение пресвјатија славнија владичици нашеја Богородици и приснодевии Марии; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: На Успение – двојни. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од двата канона. ***Светилен:*** *Апостоли от конец...* (трипати). На ***хвалите:*** стихирите на 4. *Слава..., и нињe...: На безсмертное твое успение...* Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот антифон: *Спаси ни, Сине Божии, во свјатих дивен сии...* Третиот антифон: тропарот на празникот: *В рождестве девство...* По входот, тропарот и кондакот на празникот. Апостол и евангелие: на празникот. Наместо: *Достојно ест: Роди вси блажим... Побеждајутсја естества устави...* Причастен: *Чашу спасенија... Видјехом свет истинии...* и отпуст.

КОГА УСПЕНИЕ БОГОРОДИЧИНО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По предначинателниот псалм, се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и 6 на празникот. *Слава..., и нињe...: Богоначалним мановением...* (осмогласната). Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Го-*

спод воцарисја... и паримии. На ***стиховни:*** Ѣ воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Егда изшла еси...* Отпустителни тропари: воскресениот и на празникот (двапати), без с*лава..., и нињe...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пеат литијните стихири на празникот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални: два воскресни, *Слава..., и нињe...: Всечестнии лик.* Пак два воскресни, *Слава..., и нињe...: В рождестве твоем.* Полиелеј: *Слово благо... Отригну сердце мое...* и величание на празникот. По ектенијата – третите седални на празникот. Ипакој, степени – воскресни, прокимен: *Помјану имја твое во всјаком роде и роде.* Утрено евангелие на празникот. *Воскресение Христово,* 50 псалм се читаат. *Слава...: Молитвами Богородици, И нињe...:* – истото. Самогласна стихира: *Егда преставление.* Канони: воскресен и првиот на празникот. По третата песна, ипакој на празникот. По шестата песна Ѣ кондак и икос на празникот. *Месјаца тогожде в пјатнадесјатии ден Успение пресвјатија, славнија владичици нашеја Богородици и Присноделии Марии; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Преукрашеннаја божественнојy славојy.* Наместо: *Честнеишујy,* се пее деветтата песна од двата канона на празникот. ***Светилни:*** воскресниот (еднаш) и на празникот (двапати). На ***хвалите:*** воскресни стихири, 4 и на празникот, 4 со следните припеви на последните две стихири: 1. *Воскресни Господи в покои Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Клјатсја Господ Давиду истинојy и не отвержетсја еја. Слава...: На безсмертное твое успение... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифоните на празникот. На вториот антифон: *...воскресиј из мертвих.* По входот, тропари: воскресен, на празникот и кондак: *В молитвах неусипајуштујy Богородицу...* Апостол и евангелие: на празникот. Наместо: *Достојно ест,...: Роди вси блажим... Побеждајутсја естества устави...* Причастен: *Чашу спасенија... Видјехом свет истинниищ*

16 АВГУСТ

ПРЕНОС НА НЕРАКОТВОРНИОТ ОБРАЗ, СВ. МАЧЕНИК ДИОМИД, ПРЕПОДОБЕН ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ

Службата на св. Диомид се чита на повечерието.

СЛУЖБА НА ПРЕП. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ[29]

На **вечерната:** Првиот антифон од првата катизма: *Блажен е оној човек...* На *Господи воззвах...* стихири на 6 на преподобниот, гл. 8.: *Преподобни отче Јоакиме...*, *Слава...*, гл. 6.: *Откако го запази неповредено она...*, *и нињe...*, богородичен: *Хоровите од девојки денес...* Вход, *Светлино тивка...*, прокимен на денот и паримии 3. На **стиховни:** стихири, гл. 2.: *Гробот на твоите мошти точи... Слава...*, гл. 8.: *Отче наш Јоакиме...*, *и сега...*, богородичен: *Онаа што ги превишува и небесата...* На благословување на лебовите: тропар на преподобниот гл. 1.: *Својот живот си го устроил со богатството...* (двапати) и *Богородице дво...* (еднаш).

На **утрената**: на *Бог Господ...*, тропар на преподобниот: *Својот живот си го устроил со богатството...* (двапати), *Слава..., и нињe...*, богородичен: *Денес Гаврил ти благовестеше...* По првото стихословие, седален на преподобниот, гл. 1.: *Гробот твој, отче Јоакиме... Слава...* истото, *и нињe...*, богородичен. По второто стихословие, седален на преподобниот, гл. 1.: *Преподобни ти се покажа... Слава... и нињe...*, богородичен. Полиелеј, а по него, седален гл. 8.: *Откако прими видение и дејание..., Слава...* истото, *и нињe...*, богородичен: *Двојно чудо се случи, Богородице...* Степени, првиот антифон од гл. 4.: *Од мојата младост...* Прокимен, гл. 4.: *Скапа е во очите на Господ смртта на Неговите светии* (трипати). Евангелие според Лука, зач. 48. од половината. По евангелието, 50. псалм. *Слава..., По молитвите на преподобниот отец наш Јоаким, милостиве..., и сега..., По молитвите на Богородица..., Смилувај*

---

[29] Оваа богослужба на преподобен отец наш Јоаким Осоговски не постои во оригиналниот текст на ***Типикот***. Истата е земена од ***Избор на месечни и празнични богослужби – Втор том (февруари – август),*** Изд. на македонски литературен јазик, 2008 год. Скопје.

се, Боже..., и стихира гл. 6., самогласен: *Горатa личеше на небото...* Канон на Богородица со ирмосите на 6, и на преподобниот на 8, гл. 4. Катавасија: *Преукрасена со божествена слава...* По третата песна: седален на преподобниот. *Слава... и нињe...,* богородичен. По шестата песна: кондак и икос на преподобниот. Синаксар: *Во овој месец, на шеснаесеттиот ден го празнуваме споменот на преподобниот отец наш Јоаким Осоговски, по неговите молитви, Христе Боже, смилувај се и спаси не, Амин.* На 9. песна се пее: *Честнеишују...* ***Светилен:*** на преподобниот, *Слава...,* на преподобниот, *и сега...,* богородичен. На ***хвалите:*** стихири на преподобниот 4, гл. 3.: *Вистинска проповед за твоите големи подвизи... Слава...,* на преподобниот гл. 5.: *Радувај се крепосте пустинска, отче Јоакиме... И сега...*, богородичен. *Големо славословие* и обичен отпуст.

На литургијата: Блажени од канонот на преподобниот 3. и 6. песна. Прокимен, гл. 4.: *Запејте Му на Господ нова песна, зашто создаде чудесни работи.* Апостол: До Галатјаните, зач. 213, евангелие: според Матеја, зач. 43. Причастен: *Праведниот останува во вечен спомен. Алилуја.*

РЕДОСЛЕДОТ НА НЕРАКОТВОРНИОТ ОБРАЗ СЕ ИЗВРШУВА заедно со редоследот на попразненството, според минејот, како што следува.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на попразненството и 3 на Неракотворниот образ. *Слава...:* на Неракотворниот образ, *и нињe...:* на празникот: *Девичестии лици...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот. На ***стиховни:*** стихирите од минејот. Отпустителни тропари: на Нерактворниот образ, *Слава..., и нињe...:* на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните од минејот. 50 псалм се чита. Канони: на празникот и на Неракотворниот образ, од минејот. По третата песна: кондак на празникот, седален на Неракотворниот Образ, *слава..., и нињe...: Лик божествених...* По шестата песна: кондак и икос од минејот, и се кажува: *Месјаца тогожде в шестнадесјатии ден Еже от Едеса пренесение нерукотвореного образа*

Господа нашего Исуса Христа, рекше свјатаго Убруса, в Константин града, и свјатаго мученика Диомида и преподобнаго отца нашего Јоакима Осоговскаго; тех молитвами Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју... Честнеишују...* ***Светилни.*** според минејот. На ***хавлите:*** стихирите на Неракотворниот образ, на 4. *Слава...:* на Нерактворниот образ: *Да каплјут облаци... И ниње...* на попразненството: *Подобаше самовидец...* Големо славословие. Тропар на Нерактворниот образ: *Пречистому Твоему образу...*

На св. литургија. Делнични антифони. Тропари по входот: *Пречистому Твоему образу..., В рождестве девство...,* на преподобен Јоаким и на храмовиот светител. Кондак: *В молитвах неусипајуштују...* Апостол и евангелие: на денот. Причастен: *Хвалите Господа с небес. Видјехом свет истиннии...*

КОГА 16 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на Нерактворниот образ: и 3 на празникот (на малата вечерна). *Слава...: Приидите всемирное успение...* (од малата вечерна на празникот). *И ниње...:* првиот богородичен според гласот. Воскресни стиховни стихири. *Слава..., и ниње...: Јаже небес вишшаја сушти...* (од литијата на празникот). Тропари: воскресен, *Слава...:* на Неракотврниот образ, *и ниње...* на празникот: *В рождестве девство...*

Воскресна полноќница со тропар на Нерактворниот образ: *Пречистому Твоему образу...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седални воскресни, *Слава..., и ниње...:* од минејот. Исто и на второто стихословие. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на Нерактворниот образ, со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* По третата песна: седален на Нерактворниот образ. *Едескии цар... Слава..., и ниње...: Лик божествених...* По шестата песна: воскресен кондак и икос, и се кажува: *Месјаца тогожде в шестнадесјатии*

ден Еже от Едеса пренесение нерукотвореназо образа, Господа нашего Исуса Христа, рекше свјатаго Убруса, в Константин града, и свјатаго мученика Диомида и преподобнаго отца нашего Јоакима Осоговскаго; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, на Нерактворниот образ и на празникот. На ***хвалите:*** воскресни стихири: 4, и на празникот; 4, со следните припеви на последните две стихири: 1. *Воскресни, Господи, в покој Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Клјатсја Господ Давиду истиноју и не отвержетсја еја. Слава...:* евангелска стихира, *и ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на Неракотврниот образ, *В рождестве девство...* и на храмовиот светител. Кондак: *В молитвах неусипајуштују...* Апостол и евангелие: на неделата. На *Изрјадно.., Достоино ест...* Причастен: *Хвалите Господа с небес. Видјехом свет истиннии...*

САБОТА ПО ПРАЗНИКОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Во саботата по празникот (освен кога ќе се случи на 16 и 18 август, кои се празнични денови), редоследот е според минејот, со таа разлика што **на утрената,** откако ќе се испее двапати ***Светилниот*** на празникот, ***хвалитните*** стихири се земаат од малата вечерна на Успение на Пресвета Богородица, на ***стиховните.***

На св. литургија, по входот тропарите се пеат вака: на празникот, на храмовиот светител и кондак: *В молитвах неусипајуштују.*

ВО НЕДЕЛА ПО ПРАЗНИКОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА (освен на деновите 16 и 18 август) редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на празникот. *Слава...: Јаже небес вишшаја сушти...* (втората литијна стихира на празникот). *И ни-*

ње...: првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...*, прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Воспоите лјудие...* (исто така од литијата на празникот). Тропарите: воскресен, *Слава..., и нињe...: В рождестве девство...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нињe...: В рождестве девство...* Канони: воскресен и вториот на празникот: *Деви отроковици...* По третата песна: седален на празникот: *В руце нас ради...* (напишан на 16 август – на вторите седални). По шестата песна: воскресен кондак и икос. *Месјаца тогожде...* (според денот). Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и на празникот. На ***хвалите:*** се пеат 4 воскресни стихири и 4 на празникот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Воскресни, Господи, в покој Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Клјатсја Господ Давиду истиноју и не отвержетсја еја. Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на празникот, и на храмовиот светител. Кондак: *В молитвах неусипајуштују...* Апостол и евангелие: на неделата.

18 АВГУСТ

МАЧЕНИЦИ ФЛОР И ЛАВР
УПОКОЕНИЕ НА СВ. ЈОВАН РИЛСКИ

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на попразненството и 3 на преподобниот. *Слава...:* на преподобниот, *и нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...*, прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии на преподобниот. На стиховни: воскресните стихири. *Слава...:* на преподобниот, *и нињe...:* на попразненството: *Давидскују песн днес...* Отпустителни тропари:

воскресен, *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* на празникот: *В рождестве девство...*

Воскресна полноќница со литијните стихири на преподобниот, *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* на празникот: *Егда изшла еси...* (види вечерната на Успение на пресвета Богородица). *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: воскресниот (двапати). *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* на празникот. По второто стихословие, два воскресни седални. *Слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* на попразненството. Исто така и на второто стихословие. Полиелеј и величание на преподобниот. Веднаш се пее: *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен, на празникот: првиот во минејот (од 18 август) и на преподобниот. По третата песна: воскресен кондак. *Слава...:* седален на преподобниот, *и нинье...:* на попразненството. По шестата песна: кондак и икос на преподобниот. *Месјаца тогожде во осемнадесјатии ден памјат празднуем свјатих мученик Флора и Лавра и преставление преподобнаго отца нашего Јоана пустиножителја Рилскаго чудотворца; тех молитвами Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју...* Чинот на утреното воскресно евангелие. ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* на преподобниот, *и нинье...:* на празникот: *Апостоли от конец...* На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири и 3 на преподобниот. *Слава...:* евангелска стихира. *И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. Тропари по входот: воскресен, *В рождестве девство...,* на преподобниот и на храмовиот светител. Кондак: *В молитвах неусипајуштују...* Апостол: на преподобниот, евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

23 АВГУСТ

ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Службата е на самиот празник, со особеностите за одданијата.

На вечерната, на *Господи возвах...* се пеат трите подобни стихири на 6. *Слава..., и нињe...: Богоначалним мановением... Свете тихии...* и прокимен на денот. ***Стиховни:*** од минејот. *Слава..., и нињe...: Егда изшла еси...* Тропарот на празникот (трипати).

На утрената, на *Бог Господ...* тропарот на празникот (трипати). Двата седални на празникот. Веднаш се чита 50 псалм (без полиелеј и величание и без утрено евангелие). Се читаат двата канона. По третата песна; ипакој од минејот. По шестата песна: кондак и икос на празникот. Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју...* – двојни. Наместо: *Честнеишују,* се пее деветтата песна од двата канона. ***Светилниот,*** (трипати). ***Хвалитните*** стихири: на 4. *Слава..., и нињe...: На безсмертное твое успение...* Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Антифоните на празникот. По входот, тропар и кондак на празникот. Апостол и евангелие Ѣ на празникот. На *Изрјадно: Роди вси... Побеждајутсја естества устави...* Причастен: *Чашу спасенија. Видјехом свет истиннии* и отпуст.

КОГА ОДДАНИЕТО НА ПРАЗНИКОТ (23 АВГУСТ), ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири и 6 на празникот. *Слава..., и нињe...: Богоначалним мановением...* Вход, *Свете тихии* и прокимен: *Господ воцарисја...* На ***Стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Егда изшла еси...* Тропарите: воскресен и двапати на празникот.

На полноќницата по троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресните седални. *Ангелскии собор,* ипакој, степени и прокимен: воскресни. Два канона: воскресен и првиот на празникот. По третата песна: воскресниот кондак и седалниот на празникот: *Возопии Давиде...* (седалниот по полиелејот). *Слава..., и нињe...: Всечестнии лик...* (сите од празникот: – првиот седален). По шестата песна: кондак и икос на празникот. *Месјаца тогожде в двадесјат и третии ден отдаетсја праздник Успенија пресвјатија матере нашеја Богородици; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Преукрашенаја божественоју славоју...* – двојни. Утрено воскресно евангелие. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од двата канона. ***Светилни:*** воскресен и двапати на празникот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на празникот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Воскресни, Господи, в покој Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Клјатсја Господ Давиду истиноју и не отвержетсја еја. Слава...* на празникот: *На безсмертное твое успение.... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифоните на празникот. На вториот антифон *...воскресии из мертвих...* По входот, тропари: воскресен и на празникот. Кондак на празникот: *В молитвах неусипајуштују...* Апостол и евангелие: на неделата. Наместо: *Достојно ест...: Роди вси... Побеждајутсја естества устави...* Причастен: *Чашу спасенија... Видјехом свет истиннии...* и отпуст.

29 АВГУСТ

ОТСЕКУВАЊЕ ГЛАВАТА НА СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА И КРСТИТЕЛ

Редоследот е изложен во минејот.

На вечерната. По првата статија од првата катизма, на *Господи возвах...* се пеат самогласните стихири: на 6. *Слава...: Рождеству сотворјаему... И нињe...: Кто тебе не ублажит...*

Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. ***Стихови:*** според редоследот од минејот. *Слава...: Предтече Спасов.... И нињe...: Безневестнаја Дево...* Отпустителен тропар: *Памјат праведнаго... Слава..., и нињe...: Всја паче смисла...*

Празнична полноќница со литиини стихири на празникот. *Слава...: Беззаконаго дејанија... И нињe...: Воспоите лјудие...* Тропар на св. Јован Крстител.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на св. Јован. Крстител (двапати). *Слава..., и нињe...: Всја паче смисла...* Седалните од минејот. Полиелеј и величание. Седалниот по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Честна пред Господем смерт преподобних Его.* Утрено евангелие на Крстителот. Се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами Предтечи Твоего, Милостиве... И нињe...: Молитвами Богородици.* Стих: *Помилуи мја Боже...* и самогласната стихира: *Плјаса ученица...* Канони: *Воду прошед...* (богородичниот од часословот) и првиот од минејот (пак со ирмос: *Воду прошед...): От утроби неплодниja...* По третата песна: седален на Крстителот и богородичен. По шестата песна: кондак и икос, истотака, од минејот. *Месјаца тогожде в двадесјат и девјатии ден усекновение честниja глави честнаго славнаго пророка и предтечи и крестителја Јоана; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав Мојсеј... Честнеишујy...* ***Светилни*** од минејот. На ***хвалите:*** стихирите на 4. *Слава...: Паки Ирода беситсја... И нињe...: Богородице Ти еси лоза истинаја... молисја Владичице со Предтечеју...* Големо славословие. Тропар на св. Јован Крстител.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на Крстителот и на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна поношенија безчадства...* Причастен: *В памјат вечнујy...*

ЗАБЕЛЕШКА. Во тој ден е строг пост. Ако се случи во сабота или во недела, се разрешува масло и вино.

КОГА 29 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на Крстителот. *Слава...: Рождеству сотворјаему... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Предтече Спасов... И нињe...: Безневестнаја Дево...* Тропари: воскресен, *слава...:* на Крстителот, *и нињe...: Всја паче смисла...*

На полноќницата по троичниот канон: литиите на Крстителот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на Крстителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, откако воскресниот се пее (двапати). Воскресни седални. *Слава...:* на Крстителот, *и нињe...:* богородичен. На второто стихословием исто така. Полиелеј и величание на Крстителот. Седален по полиелејот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и првиот на Крстителот: *От утроби неплодниja...* По третата песна: воскресниот кондак и седалниот на Крстителот со богородичниот. По шестата песна: кондак и икос на Крстителот. *Месјаца тогожде в двадесјат и девјатии ден памјат празднуем усекновениja честниja глави честнаго и славнаго пророка и предтечи и крестителја Јоана; того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав...* Утрено воскресно евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, и на Крстителот: *Во пророцех...,* со богородичен. На ***хвалите:*** воскресни стихири: на 4, и на Крстителот на 4, со следните припеви на последните две стихири: *1. Честна пред Господем смерт преподобних Его; 2. В памјат вечнују будет праведник. Слава...: Паки Иродиа беситсја. И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на Крстителот, на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна...* Апостол и евангелие: на Крстителот. Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истинии...*

30 АВГУСТ

СВ. АЛЕКСАНДАР, ЈОВАН И ПАВЛЕ ПАТРИЈАРСИ ЦАРИГРАДСКИ. СВ. АЛЕКСАНДАР НЕВСКИ

Службата на св. Александар Невски е празнична и се извршува според чинот изложен **во минејот, од втората служба,** како што следува.

На вечерната, по прочитувањето на првата статија од првата катизма, на *Господи возвах...* се пеат: 3 на Крстителот и 3 на св. Александар Невски: *По имени твоему тако... Слава...: Веселисја Ижерскаја земле... И ниње...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот и паримии. Стиховни стихири од минејот: *Исповедавшаго имја Исусово... Слава...: Предтече Спасов, и ниње...: Безневестнаја Дево...* Отпустителни тропари: на Крстителот. *Слава...:* на св. Александар Невски: *Благочестием украшен..., и ниње...: Еже от века утаенное...*

Празнична полноќница со литиини стихири на светителот: *Да веселитсја днес...* и другите 3. *Слава...: Возвеселитесја днес. И ниње...: Се исполнисја Исаино проречение...* Тропар на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на светителот (двапати). *Слава..., и ниње...: Еже от века утаенное...* Седални: *Да веселитсја днес..* и богородичниот. На второто стихословие: *Благодарно зовем...* Следува полиелеј и величание (од минејот): *Величаем тја, благоверниии књаже Александре...* и стиховите од минејот. Ектенија и седален по полиелејот: *Дух свјатии тја... От јуности моеја...* Прокимен: *Вознесох избранаго от људеи моих.* Утрено евангелие. *Слава...: Молитвами благовернаго књаза, Милостиве... И ниње...: Молитвами Богородици... Помилуи мја Боже...* и стихирата: *Приидите вси људие...* Канони: богородичниот: *Воду прошед...* и вториот од минејот (на св. Александар Невски): *Достоинними похвалами...* По третата песна, седален: *Јако звезда многосветлаја...* По шестата песна: кондак и икос на светителот (напишани по третата песна на тој канон): *Јакоже сродники твои...* и *Иже древле наветами... Месјаца тогожде в тридесјатии ден пренесение мо-*

штеи свјатаго благовернаго и великаго кнјаза Александра Невскаго из Владимира в царствујуштии град свјатаго Петра; в тоиже ден памјат празднуем иже во свјатих отец наших патриархов Константина града Александра, Јоана и Павла новаго; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Крест начертав... Честнеишују...* ***Светилни*** од минејот: *Слишана бист...* На ***хвалите:*** стихирите од минејот на 4. *Слава...: Подвигом добрим... И нињe...: Владичице приими...* Големо славословие. Тропар на св. Александар Невски.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: на св. Александар Невски и на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна...* Апостол; на светителот. Евангелие: исто на светителот. Причастен: *В памјат вечнују...*

КОГА 30 АВГУСТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на св. Јован Крстител и 3 на св. Александар Невски. *Слава...* на св. Александар: *Веселисја Ижерскаја земле... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. Воскресни стиховни стихири. *Слава...: Рождение неподобно...* (на св. Јован Крстител). *И нињe...: Призри на моленија...* Отпустителни тропари: воскресен, на Крстителот. *Слава...:* на св. Александар Невски: *Благочестием украшен..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На утрената, на *Бог Господ...* тропари: воскресниот (двапати). *Слава...:* на св. Александар Невски, *и нињe...: Еже от века утаенное...* Седални воскресни. Полиелеј и величание на св. Александар Невски (во минејот има посебно величание). *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и вториот од минејот, на св. Александар. По третата песна: кондак и седален на светителот. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в тридесјатии ден пренесение моштеи свјатаго благовернаго и великаго кнјаза Александра Невскаго из Владимира в царствујуштии град свјатаго Петра; в тоиже ден памјат празднуем иже во свјатих отец*

наших патриархов Константина града Александра, Јоанна и Павла новаго; тех молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин. Катавасија: *Крест начертав...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...* на св. Александар: *Слишана бист... И нињe...:* богородичен воскресен. На ***хвалите:*** воскресни 4 стихири и 4 на св. Александар, со следните припеви на последните две стихири: *1. Честна пред Господем смерт преподобних Его; 2. Блажен муж бојаисја Господа, в заповедех Его восхоштет зело. Слава...:* евангелска стихира. *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на св. Александар и на храмовиот светител. Кондак: *Јоаким и Анна...* Апостол: на св. Александар. Евангелие: на неделата. Причастен: *Хвалите Господа с небес...*

31 АВГУСТ

ПОЛОЖУВАЊЕ ПОЈАСОТ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Редоследот се отслужува само според минејот.

КОГА ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО НЕДЕЛА, редоследот е следен.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. Богородица. *Слава...: Јако венцем пресветлим... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја.* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Смисл очистивше...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава..., и нињe...:* на св. Богородица.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната, со повторување на првиот. Седални – воскресни, *Слава..., и нињe...* од минејот: *Красотоју девства...* Вторите седални – на истиот начин. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и вториот од минејот. По тре-

тата песна: се чита сето напишано по неа. По шестата песна: кондак и икос воскресни. *Месјаца тогожде в тридесјат и первии ден положение честнаго појаса Пресвјатија Богородици; тоја молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Крест начертав.* Утрено воскресно евангелие. Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава..., и нињe...:* на св. Богородица. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на св. Богородица со следните припеви на последните две стихири: 1. *Воскресни, Господи, в покој Твој, Ти и кивот свјатини Твоеја; 2. Лицу твоему помолјатсја богатии лјудстии. Днес спасение миру бист.*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. Богородица, на храмовиот светител. Кондак: *Благопријатное твое чрево Богородице...* (кондакот по третата песна од канонот). Апостол: на св. Богородица, а евангелие: на неделата.

ТРЕТ ДЕЛ

ТРИОД

1. ПОСЕН ТРИОД

Редоследите за големопосното богослужение се содржат во богослужбената книга „**ПОСЕН ТРИОД**“. Тој опфаќа три периоди: **1.Подготвителни денови, 2. Св. Четириесетница и 3. Страсна седмица.**

1. ПОДГОТВИТЕЛНИ ДЕНОВИ:

а) Недела на митарот и фарисејот;
б) Недела на блудниот син;
в) Месопусна сабота;
г) Месопусна недела;
д) Сирна седмица;
е) Сиропусна недела.

Претходни белешки

Редоследот како за вечерното така и за утреното богослужение во подготвителните недели се зема само од октоихот и од триодот. Службата на светителот на денот се изоставува.

ЗАБЕЛЕШКА. Меѓутоа, ако во изброените неделни денови се случат следните празници: Св. Григориј Богослов: 25 јануари; Пренос на моштите на св. Јован Златоуст: 27 јануари; Св. три светители: 30 јануари; Претпразненство на Сретение Господово: 1 февруари; Сретение Господово: 2 февруари; Св. Хараламиј: 10 февруари; Успение на св. Кирил Словенски: 14 февруари; Прво и второ наоѓање главата на св. Јован Крстител: 24 февруари; и Св. 40 маченици: 9 март, тогаш службата се извршува од трите богослужбени книги: октоих, триод и минеј. За пример на таква служба може да се земе онаа на 25 јануари: св. Григориј Богослов.

Кога во тие денови има светител кој се празнува, синаксарите да се читаат на скратениот начин, како што се дадени на соодветните места во овој типик, а одделно, како проповед, да се прочитаат целите од зборникот со синаксарите.

а) НЕДЕЛА ВО КОЈА СЕ ЧИТА ПРИКАЗНАТА ЗА МИТАРОТ И ФАРИСЕЈОТ ОД СВ. ЕВАНГЕЛИЕ

На вечерната. Во сабота навечер, откако ќе се прочита целата прва катизма, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од триодот (во триодот има само две стихири и тие се повторуваат). *Слава...* од триодот: *Вседержителју Господи... И нинье...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири (во триодот стиховни нема). *Слава...* од триодот: *Отјагченнима очима моима... И нинье...: Храм и двер еси...* Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и нинье...:* богородичен воскресен според гласот на тропарот (во триодот тропари нема).

Воскресна полноќница. По *Достоино ест јако воистину славити Тја...,* се пеат трите умилителни тропари: *Помилуи нас Господи...*

Ако оваа недела се случи од 3 до 9 февруари, наместо тие умилителни тропари, се пее тропарот на Сретение: *Радуисја благодатнаја...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нинье...:* богородичен воскресен. Воскресни седални. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и од триодот. По третата песна: се чита воскресниот кондак, потоа седалниот и богородичниот од триодот. По шестата песна: се чита вториот кондак и икос од триодот. Веднаш се чита синаксарот. Ако се скратува, да се чита вака: *Зиждителју горних и долних, Трисвјатују убо песн от ангелов: трипеснец же и от человеков приими; фарисеиски кто живет, церкви далече бивает, Христос бо внутр, о смиреннии,*

приемлемии. В настојаштии же ден с Богом и триод начинаем: јуже убо мнози от свјатих и богоносних красотодетел наших отец, добре и јако достојаше, от свјатаго движими Духа, сложивше песноделаша. Свјатих всех песноделателеи Твоих молитвами Христе Боже наш, помилуи нас, Амин. Катавасија: *Јако по᾽суху пешествовав Израил...* Ако празникот ***Сретение Господово*** не е оддаден, се пее катавасијата на тој празник: *Сушу глубородителнују землју...* По осмата песна: утрено воскресно евангелие. Се чита *Воскресение Христово...* и се пее: 50 псалм. *Слава...: Покајанија отверзи ми двери... И ниње...: На спасенија стези...* Стих: *Помилуи мја Боже...* и стихирата: *Множества содејанних мнојy љутих...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* од триодот; *и ниње...:* богородичен, исто така од триодот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 од триодот (има упатства во триодот кои стихири се пеат). *Слава...* од триодот: *От дел похваленми... И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на храмовиот светител. Кондак од триодот: *Фарисеева убежим високоглаголанија...* Ако празникот ***Сретение Господово*** не е оддаден, се пее кондакот на тој празник: *Утробу девичу освјативии...* Апостол и евангелие: од неделата од триодот.

ЗАБЕЛЕШКА. Во текот на седмицата од таа недела до Неделата на блудниот син во среда и во петок не се пости.

б) НЕДЕЛА ВО КОЈА ЧИТА ПРИКАЗНАТА ЗА БЛУДНИОТ СИН ОД СВ. ЕВАНГЕЛИЕ

На вечерната, (во сабота навечер), по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од триодот (со повторување на двете). *Слава...: От коликих благ окајаннии... И ниње...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...* од триодот: *Отеческаго дара... И*

ниње...: Творец и избавител мој... Тропари: воскресен, *слава..., и ниње...:* богородичен воскресен.

Воскресна полноќница. По троичниот канон И по *Достоино ест јако воистину славити Тја Бога...,* се пеат трите умилителни тропари: *Помилуи нас Господи...* Ако не е оддаден празникот ***Сретение Господово***, тогаш наместо тие умилителни тропари, се пее тропарот на празникот: *Радуисја благодатнаја...*

На утрената. Воскресниот тропар двапати, *Слава..., и ниње...:* богородичен воскресен. Воскресни седални. Полиелеј: *На реках Вавилонских... Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и од триодот. По третата песна: воскресен кондак, седалниот и богородичниот од триодот. По шестата песна: кондак и икос од триодот. Од синаксарот се прочитува (ако се скратува, вака): *В сии ден блуднаго сина воззвание празднуем. Блудник аште кто ест јако аз, дерзаи, грјади: Божиих бо штедрот всем отверзесја двер. Неизреченним человеколјубием Твоим Христе Боже наш помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Мојсеискују песн.* Ако не е оддаден празникот ***Сретение Господово***, се пее: *Сушу глубородителнују землју...* Утрено воскресно евангелие. Се чита: *Воскресение Христово...* и се пее: *Помилуи мја Боже... Слава...: Покајанија отверзи ми двери..., и ниње...: На спасенија стези...* Стих *Помилуи мја Боже... Множества содејанних мнојy лјутих... Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* од триодот, *и ниње...:* исто. На ***хвалите:*** 5 воскресни стихири и 3 од триодот. *Слава...* од триодот: *Отче благии. И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен и на храмовиот светител. Кондак: *Отеческија слави твоеја.* Апостол и евангелие на Неделата на блудниот син.

в) САБОТА ОД МЕСОПУСНАТА СЕДМИЦА (ЗАДУШНИЦА)

На вечерната, во петокот вечерта, по 103–иот псалм, на *Господи возвах...* се пеат 3 маченички стихири од октоихот и 3 од триодот. *Слава...: Плачу и ридају... И ниње...:* првиот богородичен според гласот што владее. *Свете тихии...* Наместо прокимен на денот, се пее: ***Алилуија...*** *Сподоби Господи...* На ***стиховни*** маченичкиот според гласот што владее и два мртвени (од октоихот). *Слава...* од триодот: *Начаток ми и состав... И ниње...: Молитвами рождшија Тја... Ниње отпуштаеши.* Тропар: *Глубиноју мудрости... Слава..., и ниње...: Тебе и стену...* Отпуст.

По вечерната, се отслужува панихида за починатите.

На утрената, во сабота наутро, наместо: *Бог Господ...,* се пее ***Алилуија...*** и тропарите како на вечерната. Седални од октоихот. *Благословен еси Господи...* и мртвените тропари од триодот: *Свјатих лик обрете...* Мала ектенија. Седален: *Покој Спасе наш...* Канони само од триодот. Потоа се пее: ирмосот на осмата песна од канонот со припев: *Хвалим благословим...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни*** и ***хвалитни*** од триодот. *Слава...: Јако цвет увјадает... И ниње...: Радуисја Марие Богородице... Тебе слава подобает...* ***Стиховни*** од октоихот. *Слава...: Болезни Адаму бист... И ниње...: Ти еси Бог наш... Благо ест...* Тропар: *Глубиноју мудрости...*

На св. литургија. Секојдневни антифони. По входот, тропарите: *Глубиноју мудрости...,* на храмовиот светител. Кондак: *Со свјатими упокој...* Апостол и евангелие: на задушница. Причастен: *Блажени јаже избрал.., Видјехом свет истиннии...*

По *Буди имја Господне,* се пее: *Со духи праведних скончавшихсја...* и се споменуваат имињата на починатите наши браќа, отци и др.

г) МЕСОПУСНА НЕДЕЛА

Службата е според упатствата во триодот.

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од триодот. *Слава...: Егда поставјатсја престоли... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Воскресни стиховни стихири. *Слава...* од триодот: *Уви мне мрачнаја душе... И нињe...: Безневестнаја Дево...* Тропар воскресен, *слава..., и нињe...:* богородичен воскресен.

На полноќницата. По троичниот канон, се пее литијната *Слава...* од триодот: *Господи разумевше заповеди... И нињe...: Под кров твој Владичице... Достоино ест јако воистину славити Тја.* Умилителните тропари: *Помилуи нас Господи...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *слава..., и нињe...:* богородичен воскресен. Седалните од октоихот. Полиелеј: *На реках Вавилонских... Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и од триодот. По третата песна: се чита воскресниот кондак, а потоа седалниот и богородичниот од триодот. По шестата песна: се чита кондак и икос од триодот. Синаксарот, ако се скратува, да се чита вака: *В сии ден втораго и неумитнаго пришествија Христова памјат творим. Егда судјаи земли судие всех сјадеши. Приидите, онаго гласа, достојна и мене усуди. Неизреченим человеколјубием Твоим, Христе Боже, желателнаго Твоего гласа нас сподоби и суштим одеснују Тебе сопричти и помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Помоштник и покровител.* Воскресно утрено евангелие. По 50 псалм, *Слава...: Покајанија... Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, од триодот и богородичниот исто така. На ***хвалите:*** се пеат 5 воскресни стихири и 3 од триодот. *Слава...* од триодот: *Предочистим себе братие... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропарите: воскресниот и на храмовиот светител. Кондак: *Егда приидеши Боже...*

Во недела навечер на месопусната недела, на *Господи возвах...* се пеат само стихирите од минејот, на 6, со *слава..., и нињe...:* богородичен. *Свете тихии...,* прокимен на денот. Од

овој ден ***стиховните*** се пеат од триодот како што е укажано таму. За таа недела самогласната стихира во стих е: *Ласкосердствовавше первујју...* (двапати) и маченичниот, *слава..., и нињe...: Небеснаја појут тја...* Тропар од минејот, *Слава..., и нињe...:* богородичен.

ЗАБЕЛЕШКА. Во сиропусната седмица месо веќе не се јаде, а во сите денови се разрешува риба, сирење, јајца и масло.

д) СИРНА СЕДМИЦА

Од понеделникот – на утрената и во деновите што следуваат, има седални од триодот. На *Бог Господ...* се пее тропар од минејот, а потоа се пеат седалните од октоихот „по првото стихословие". На „второто стихословие" седалните се од триодот. Каноните се читаат од октоихот и од минејот. Но, бидејќи **од овој ден има и трипеснеци** од триодот, тогаш за песните, за кои има во триодот, не се читаат соодветните песни од октоихот, а само од минејот и од триодот. Ирмосите се пеат: за трета песна: од минејот (освен среда, кога има трета песна: во трипеснецот од триодот и се пее тој ирмос); за шеста песна се пее секогаш од минејот, а за осма и деветта песна, секогаш од триодот. По третата песна, се чита седален и богородичен (или крстобогородичен) од минејот. Кондак и икос по шестата песна, исто така, од минејот (ако има такви).

Светилни: од октоихот, со *слава..., и нињe...:* богородичен. Меѓутоа, ако има ***светилни*** и во минејот, прво се пее светилниот од октоихот. *Слава...:* светилен од минејот, *И нињe...:* богородичен од октоихот. ***Стиховните*** се од триодот. Понатаму утрената следува како во вообичаени денови.

ВО ВТОРНИК ВЕЧЕРТА И ВО СРЕДА НАУТРО, во Сирната седмица, како и во ЧЕТВРТОК ВЕЧЕРТА И ВО ПЕТОК НАУТРО – службата е ГОЛЕМОПОСНА.

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат стихирите од минејот, со *слава..., и нињe...:* крстобогородичен. Прокимен на денот. ***Стиховните*** се од триодот. По *Ниње отпуштаеши...* и *Трисвјатое,* наместо тропарот од минејот, се пеат тропарите: *Богородице Дево..., Крестителју Христов... Слава...: Молите за ни..., и ниње...: Под Твое благоутробие...* При пеењето на првите три, сите присутни на богослужбата прават поклони, а на последниот тропар, не се прави поклон. Понатаму редоследот е според часословот: *Господи помилуи (*40 пати) итн., како што е за големопосните денови и завршува со молитвата на св. Ефрем Сирин (со поклони).

На утрената. Наместо: *Бог Господ...,* се пее: *Аллиуиа...* и троичните тропари според гласот што владее, како во големиот пост. По ова, не се кажува ектенија, ниту пак меѓу седалните се кажува ектенија, туку само: *Слава..., и ниње...: Аллиуиа, аллиуиа, аллилуиа, Слава Тебе Боже* (трипати), *Господи помилуи* (трипати) *Слава... и ниње...*

Првите седални се пеат од октоихот (ги има и на крајот на триодот), вторите седални се од триодот. Се чита 50 псалм и веднаш каноното од минејот и трипеснецот од триодот. По третата песна: седален и *слава..., и ниње...:* богородичен од минејот; по шестата песна: кондак на светителот. Ако светителот нема кондак, го читаме маченичниот на гласот, напишан на крајот од триодот при седалните.

Светилните се големопосни (ги има и во часословот) според гласот што владее. На ***стиховни*** се пее самогласниот на денот (двапати) и маченичниот (еднаш). *Слава..., и ниње...:* крстобогородичен, пак од триодот. *Благо ест..., Трисвјатое* и следува: *В храме стојаште...* и натаму според часословот.

По молитвата на св. Ефрем Сирин, започнуваат ***големопосните*** часови со ***изобразителната,*** според редоследот изложен во часословот. На шестиот час се чита и паримија (види го редоследот на часовите во општите упатства).

Според заведената практика, во **среда и во петок од таа (сирна) седмица не се служи св. литургија.**

Меѓутоа, ако во тие денови се случи празнување на светител (на пр., св. Харалампиј, св. 40 маченици и др.), тогаш службата е само според минејот. Вечерната и утрената се без поклони, по вообичаениот редослед за светителски празници. Се пее катавасија: *Отверзу уста моја...* Се отслужува св. Златоустова литургија. По входот на св. литургија, се пее кондак: *Предстателство христијан...,* или ако храмот е богородичен: кондакот на храмот.

Така се постапува во сите денови (освен сабота) од сирната седмица. Кога ќе се случи празнуван светител, октоихот и триодот се изоставуваат и службата е целосно од минејот.

САБОТА ОД СИРОПУСНАТА СЕДМИЦА

На **вечерната** во петок, како и на **утрената** во сабота, се извршува редоследот на „Преподобните отци", кои се прославиле со подвизи. Редоследот е според триодот. На *Бог Господ...* тропарот: *Боже отец наших...*(двапати) и *слава..., и нињe...* богородичен: *Еже от века утаенное...* Канон само од триодот.

ѓ) СИРОПУСНА НЕДЕЛА

Службата е според редоследот изложен во триодот.

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од триодот. *Слава...: Седе Адам... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...* од триодот: *Изгнан бист Адам... И нињe...: Творец и избавител мој...* Воскресниот тропар, *слава..., и нињe...:* богородичен воскресен.

На полноќницата, по троичниот канон, се пее литијната *Слава...: Солнце лучи скри... И нињe...: Таинственно воспеваем*

Тја... Достоино ест јако воистину славити Тја. Умилителните тропари: *Помилуи нас Господи...*

На утрената. На *Бог Господ...* се пее воскресниот тропар (двапати). *Слава..., и нињe...:* богородичен воскресен. Седални воскресни. Полиелеј: *На реках Вавилонских...* По полиелејот, веднаш се пее: *Ангелски собор...* Мала ектенија. Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и од триодот. По третата песна: воскресен кондак, по што се чита седален од триодот со *слава..., и нињe...:* богородичен. По шестата песна: кондак и икос од триодот. Следува: *В сии ден воспоминание творим от раискија пишти испаденија первозданнаго Адама, еже божественнии свјатии отци наши прежде свјатија Четиридесјатници вчиниша. Мир с родоначалники горко да восплачет. Снедију сладкоју падшии с падшими. Неизреченним твоим благоутробием, Христе Боже наш, пишти раискија нас сподоби и помилуи, јако един человеколјубец, Амин.* Катавасија: *Јако по суху пешествовав Израил...* Воскресно утрено евангелие. *Воскресение Христово..* се чита, а 50 псалм се пее. *Слава...: Покајанија отверзи ми двери...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...:* од триодот, *и нињe...:* богородичен. На ***хвалите:*** 5 воскресни стихири и 3 од триодот. *Слава...: Приспе времја... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен и на храмовиот светител. Кондак: *Нине времја добродетелеи јависја...*

Истата недела (сиропусна) вечерта, на *Господи возвах...* се пеат 4 стихири умилителни од октоихот (по гласот), 3 од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и нињe...:* богородичен (од минејот). Се пее бавно за да има време свештеникот да прекади на входот. Ако има: *Слава...* во минејот, се пее таа *Слава...*, а *и нињe...:* богородичен, од крајот на минејот. Се прави вход со кадилница. *Свете тихии...* и голем прокимен: *Не отврати лица Твоего...* со неговите припеви. (Прво од олтарот, по еднаш од десната и од левата певница, а последниот пат, пак од олтарот – до половината, а втората половина ја пејат пејачите од певницата).

ЗАБЕЛЕШКА. Од таа недела навечер почнуваат да се редат двата големи прокимена: 1. *Не отврати лица Твоего...* и 2. *Дал еси достојание...* до петтата недела на св. Четириесетница.

По големиот прокимен, се кажува скратена сугуба ектенија според упатството во служебникот. *Сподоби Господи...* Прозбена ектенија. На ***стиховни*** се пее самогласниот: *Возсија благодат Твоја, Господи...* (двапати) и маченичниот. *Слава..., и нињe...:* богородичен (сите од триодот). Се чита: *Нињe отпуштаеши...* Тропарите: *Богородице Дево...* и останатите, се пеат, со три поклони на првите три, а на последниот тропар – нема поклон.

Господи помилуи 40 пати и понатаму според часословот. По молитвата на св. Ефрем Сирин и поклоните, се пее: *Всем предстателствуеши благаја...* и се бакнуваат светите икони.

Овој редослед е ист и за вечерните богослужби во неделите што следуваат.

Таа недела навечер, по отпустот на вечерната, **се прави заедничко опростување.**

2. СВ. ЧЕТИРИЕСЕТНИЦА

Редоследот на службите во св. Четириесетница е следен.

Утрено богослужение:

а) во понеделник, вторник и четврток наутро се извршува: полноќница, утрена, часовите: 1, 3, 6 и 9, изобразителна и вечерна за следниот ден;

б) во среда и во петок, гореспоменатите служби се соединуваат со Предосветена св. литургија;

в) во сабота, во сите големопосни седмици утреното богослужение се состои од: полноќница, утрена и од св. Златоустова литургија;

г) во недела: полноќница, утрена и св. Василева литургија (со исклучок на Цветници, кога се отслужува св. Златоустова литургија).

Вечерно богослужение:

а) спроти недела и спроти понеделник се извршува вечерна.

б) спроти: вторник, среда, четврток и петок, **големо повечерие;**

в) спроти сабота (и спроти четврток од V седмица) – **мало повечерие.**

ЗАБЕЛЕШКА. Предосветена св. литругија се извршува (освен во среда и во петок) уште и во: понеделник, во вторник и во четврток во св. Четириесетница кога во тие денови ќе се случи празнуван светител (I и I Наоѓање на главата на св. Јован Крстител, св. 40 маченици или, пак, ако е храмов празник).

ПОНЕДЕЛНИК ОД ПРВАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

ЗАБЕЛЕШКА. Во понеделникот од првата седмица на св. Четириесетница не се чита полноќница.

Службата започнува **веднаш со утрена** по следниот редослед.

Свештеникот со кадилница од олтарот возгласува: *Благословен Бог наш.* Пејачот чита: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Слава свјатјеи...* и веднаш се чита шестопсалмието. Наместо: *Бог Господ...,* се пее: *Аллиуиа, аллилуиа, аллилуиа* (четири пати), и се пеат троичните песни од крајот на триодот. Седалните, исто така, се земаат од триодот (од крајот). Каноните се земаат од минејот (на дневниот светител) и од триодот, а од октоихот не се читаат канони преку целата св. Четириесетница. Ирмосите на осма и деветта песна секогаш се пеат од триодот, и тоа од вториот канон. ***Светилните***, исто така, се наоѓаат на крајот од триодот, кај троичните песни. ***Стиховните*** се пеат од триодот. *Благо ест... Трисвјатое* и веднаш се чита (наместо

тропар): *В храме стојаште слави твоеја...* (од часословот) и утрената завршува со молитвата на св. Ефрем Сирин.

Часовите се извршуваат според редоследот во часословот. Паримијата на шестиот час се наоѓа во триодот.

Изобразителната и вечерната, исто така, се извршуваат според редоследот изложен во часословот и во триодот. На вечерната, исто така, има две паримии. На *Господи возвах...* се пеат 3 стихири од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и нињe...:* богородичен од минејот. ***Стиховните,*** од триодот. Се завршува со тропарите: *Богородице Дево...*

Постојат посебни упатства во „Општите упатства" на овој Типик за време на Великиот пост, за следните делнични денови:

ВО ПОНЕДЕЛНИК ВЕЧЕРТА СЕ ЧИТА ГОЛЕМО ПОВЕЧЕРИЕ

Редоследот му е изложен во часословот.

По прочитувањето на *славословието*, започнува: **Големиот канон** на св. Андреј Критски – првата четвртина. Се наоѓа во четврток од петтата седмица на постот: во триодот.

Останатите три дела од канонот се пеат на големото повечерие во: вторник, среда и четврток од првата седмица, а целиот канон се пее во среда вечерта од петтата седмица на големиот пост.

На крајот од големото повечерие во првите четири дена од големиот пост се **чита и евангелие:** веднаш откако ќе се испее: *Упование мое Отец...* **Евангелие се чита, исто така, и на малото повечерие во петок од првата седмица,** по акатистот, пак по: *Упование мое Отец...*

Во понеделник: Ев. од Лука, зачало 105, гл. 21, 8 – 36 ;

Во вторник: Ев. од Матеј, зачало 16, гл. 6, 1–13;

Во среда: Ев. од Марко, зач. 51, гл. 11, 23–25 и Мт. гл. 7,6-8;

Во четврток: Ев. од Матеј, зач. 20, гл. 7, 7–11, и

Во петок на првиот акатист: Ев. од Јован, зач. 50, гл. 15, 1–7.

На крајот на големото повечерие се пее: *Всем предстателствуеши...* (во понеделник и во среда навечер) или: *Заколение Твое...* (во вторник и во четврток).

ВО СРЕДА ОД ПРВАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

Наутро, откако ќе се прочита полноќницата, утрената, часовите и Изобразителната, **вечерната се соединува со Предосветена св. литургија на следниот начин.**

Свештеникот кажува: *Блдгословено царство...* и веднаш читачот: *Приидите поклонимсја...* и се чита 103–от псалм. По големата ектенија, се чита 18 катизма, откако после секоја статија се кажува мала ектенија (види и други подробни упатства во почетокот во одделот за големопосното богослужение). Откако ќе се прочитаат псалмите од првата статија, читачот кажува: *Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу, и нинье и присно и во веки веков, Амин; Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа, слава Тебе Боже...* (трипати), *Господи помилуи* (трипати), *слава Отцу и Сину и Свјатому Духу,* (и запира). Свештеникот кажува мала ектенија. Читачот продолжува: *и нинье и присно и во веки веков, Амин,* и ги чита понатаму псалмите од следната статија. Истото се кажува и по втората статија. Откако ќе се прочита и третата статија, читачот кажува: *Слава..., и нинье..., Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа, Слава Тебе Боже* (трипати), *упование наше, Господи, Слава Тебе.*

Господи возвах... се пее според гласот на самогласната стихира во триодот за тој ден. Таа самогласна стихира се пее двапати, следниот маченичен, (еднаш) и останатите три стихири од триодот, како и 4 стихири од минејот – вкупно 10. *Слава... и нинье...:* богородичен од минејот, кој се пее бавно, за да има свештеникот време да покади на входот.

Се прави вход со кадилница. *Свете тихии...*, се читаат двете **паримии.** Во почетокот на втората паримија, откако ќе се каже: *Прокимен...,* читачот велегласно кажува: **Повелите,** за кое време сите богомолци коленичат, а свештеникот со двете раце го зема светилникот заедно со кадилницата, го издига нагоре и откако ќе се заврти на исток, кажува: *Премудрост, про-*

сти, по што се завртува околу својата лева страна кон богомолците и кажува: *Свет Христов просвештает всех.*

Верниците стануваат и читачот ја дочитува втората паримија: *Из притчи Соломонови чтение.* Потоа се пее: *Да исправитсја молитва моја...* (6 пати), прво свештеникот, после само пејачот ги пее следните 4, меѓу кои свештеникот ги кажува соодветните припеви. Последното: *Да исправитсја...* го пее свештеникот до половината, а втората половина... *воздејание руку моејў жертва вечернјаја,* ја пее пејачот. На последното *Да исправитсја...* сите клечат.

Кога се пее: *Нињe сили небесниja...,* откако ќе се испее *Се бо входит Цар слави...,* свештеникот ги пренесува св. дарови од жртвеникот на св. престол. При излегувањето од северната врата на св. олтар, се дава знак со звончето и сите клекнуваат. Откако свештеникот ќе ги внесе во св. олтар и ќе ги постави св. дарови на св. престол, повторно се дава знак со звончето и богомолците стануваат. Пејачите го довршуваат: *Се жертва таинаја...* (или од *Верођу и лјубовиjу приступим...*) до крајот.

Следува ектенија. Пејачот: *Отче наш...* Причастен: *Вкусите и видите, јако благ Господ, аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа.*

Откако свештеникот ќе возгласи: *Со страхом Божиим...,* пејачот пее: *Благословлjу Господа на всjакое времја, хвала Его во устех моих.* Откако свештеникот ќе каже: *Спаси Боже лјуди Твоја и благослови достојание Твое,* пејачот продолжува: *Хлеб небеснии и чашу жизни вкусите и видите, јако благ Господ, аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа.*

Откако свештеникот ќе каже: *Всегда нињe и присно и во веки веков,* пејачот пее: *Амин, Да исполнјатсја уста наша...*

По задамвоната молитва, пејачите пеат: *Буди имја Господне...* (трипати) и веднаш се чита 33. псалм: *Благословлjу Господа на всjакое времја...* Во тоа време свештеникот раздава нафора и по прочитувањето на псалмот прави отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога празнуван светител (на пр.: I и I наоѓање главата на св. Јован Крстител – 24 февруари, 9 март – св. 40 маченици, или др.) **ќе се случи во некој од седмичните денови** на постот (освен во сабота), тогаш наутро по полноќницата се чита **празнична утрена** според чинот во минејот. Се читаат обични часови („прости“) така како што се читаат кога не е голем пост, со тропарот на светителот и со кондакот на светите-

лот, по: *Трисвјатое.* Се чита и изобразителната, но по големопосниот редослед, откако ќе се почне од блажените, кои се пеат, се прават поклони, се чита молитвата на св. Ефрем Сирин. Потоа се продолжува според редоследот:

Предосветена св. литургија. По *Благословено царство...* и по прочитувањето на 103–от псалм, се чита 18. катизма. На *Господи возвах...* се пеат 6 стихири од триодот: самогласниот на денот од ***стиховните*** (двапати) и маченичниот, како и следните три стихири, – и од минејот – четири стихири на светителот од вечерната (на празнуваниот светија). *Слава...:* на светијата од минејот. *И нињe...:* првиот богородичен според гласот на *Славата.* Вход со евангелие. *Свете тихии...,* паримии од триодот. Следува: *Да исправитсја молитва моја...* (според погоре изложениот редослед). Апостол и евангелие на светителот и понатаму продолжува редоследот на Предосветената света литургија.

ПЕТОК ОД ПРВАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

Наутро во петок откако ќе се прочитаат полноќницата, утрената, часовите и изобразителната, **започнува вечерната со Предосветена св. литургија** според редоследот изложен во триодот. Од **минејот не се зема ништо.** Во триодот има песнопенија за **св. Теодор.**

На вечерната. На *Господи возвах...* се пеат: самогласната стихира: *Приидите вернии...* од триодот (двапати); и стихирите на св. Теодор што следуваат: од триодот. *Слава...: Сосуда употребив... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...* и паримии. Понатаму следува службата според триодот.

Вечерта во петок се чита **мало повечерие,** според редоследот во часословот. По *Достоино ест...* се пее каноното: *Отверзу уста моја...* (се наоѓа во триодот во V седмица од постот, во сабота на утрената). Меѓу песните не се кажува ектенија. Од 6, 7, 8 и 9 песна понатаму вториот и третиот канон се изостават. По деветтата песна, се почнува со пеење на *Возбраннои во-*

еводе... и свештеникот започнува да ја чита пред иконата на св. Богородица **првата статија на Богородичниот акатист,** (распеано). По секој икос, се пее: *Радуисја, невесто неневестнаја,* а по секој кондак: *Аллилуиа.* По акатистот, пак се пее: *Возбраннои воеводе...* (кратко) и продолжува повечерието според часословот. По: *Трисвјатое* во првата седмица од постот не се читаат тропарите од часословот (*Боже отец наших...* и оние што следуваат), туку кондакот на св. Теодор: *Веру Христову јако штит...* На крајот, по *Нескверпаја, неблазпаја...* се чита евангелие. Ектенија и отпуст.

САБОТА ОД ПРВАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ СВ. ТЕОДОР ТИРОН

Редоследот е изложен во триодот.

На утрената, по шестопсалмието, на *Бог Господ...* се пее тропарот: *Велија вери исправление...* (двапати). *Слава..., и ниње...: Всја паче смисла...* Седалните на св. Теодор. Се чита 50 псалм. Канони: двата од триодот. По третата песна: седалните, по шестата песна: кондак и икос, на св. Теодор и се кажува: *В сии ден, в суботу первују постов, еже коливами преславное чудо свјатаго и славнаго великомученика Теодора Тирона празднуем. Пиштеју колив питает Тирон град: Пишту оскверненују учинив непотребну. Того молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Утрено евангелие нема. ***Светилни:*** и ***хвалитни*** стихири, според триодот. *Слава...: Свјаштенија дар... И ниње...: Богородице Ти еси лоза истиннаја...* Големо славословие. Тропар на светителот.

Се отслужува **св. Златоустова литургија.** Делнични антифони. По входот, тропари: на св. Теодор, на храмовиот светител. Кондак: *Предстателство христијан...* Апостол на св. Теодор, евангелие: исто така. *Достоино ест...* Причастен: *В памјат вечнују...*

ПРВА НЕДЕЛА ОД ГОЛЕМИОТ ПОСТ
НЕДЕЛА НА ПРАВОСЛАВИЕТО

На вечерната, во сабота, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од триодот. *Слава...: Благодат возсија истини... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен. По воскресните стиховни стихири, се пее: *Слава..., и нињe...: Из нечестија во благочестие пришедше...* Отпустителни тропари: воскресен, *слава...: Пречистому образу Твоему..., и нињe...: Всја паче смисла...* По ова, се пее: *Со духи праведних скончавшихсја...* и се споменуваат поранопочинати јерарси и заслужните за светото православие и за помесната црква починати христијани. Отпуст.

На полноќницата, по троичниот канон, *слава...* од триодот: *Радуитесја пророци честнии... И нињe...: Все упование мое... Достоино ест јако воистину славити Тја Бога Слова.* Тропар: *Пречистому образу Твоему...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Воскресни седални. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен, воскресни. Канони: воскресен и од триодот. По третата песна: се чита воскресниот кондак. По шестата песна: кондак и икос од триодот. *В сии ден, в неделју првују свјатих постов православија, сиреч возставление свјатих и честних икон, Церков Христова праздновати пријат. Нелепотно изметаеми икони: Радујусја лепотно покланјаеми видја. Неизменнии Образе Отчии, молитвами свјатих твоих исповедников, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Морја чермнују пучину...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен и од триодот. На ***хвалите:*** воскресни стихири: 4 и од триодот – 4. *Слава...:* исто така, од триодот: *Мојсеј во времја воздержанија... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот: *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих...* Третиот: *Пречистому образу Твоему...* По входот, тропари:

воскресен, *Пречистому образу Твоему...,* на храмовиот светител. Кондак: *Возбраннои воеводе...* Апостол и евангелие: од неделата (на Православието). Следува св. Василиева литургија. Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истиннии...*

Истиот ден вечерта. На вечерната, по 103–от псалм, на *Господи возвах...* се пеат 4 умилителни стихири од октоихот, 3 од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и нињe...:* богородичен од минејот. Вход со кадилница. *Свете тихии...,* голем прокимен: *Дал еси достојание...* Стиховни од триодот: *Приидите очистим себе...* (двапати) и маченичниот. *Слава..., и нињe...: Небеснаја појут Тја... Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* Отпустителни тропари: *Богородице Дево...*

Во среда и во петок од втората седмица од постот, наутро на Предосветената св. литургија, на *Господи возвах...* се пеат: 6 стихири од триодот и 4 од минејот. Во среда: *Слава..., и нињe...:* богородичен од минејот. Во петок: *Слава...:* мртвен (според гласот што владее), *и нињe...:* првиот богородичен според гласот. Вход, *Свете тихии...* и паримии... *Да исправитсја молитва моја...* и понатаму следува Предосветена св. литургија.

Во петок вечерта се чита мало повечерие со втората статија од Акатистот на пресвета Богородица, според редоследот изложен во претходната седмица. По: *Трисвјатое,* се чита кондак: *Јако начатки естества...* Овој кондак се чита и во следните два петоци.

САБОТА ОД ВТОРАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

На утрената, на *Бог Господ...* се пеат тропарите: *Апостоли, мученици и пророци... Слава...: Помјани Господи..., и нињe...: Мати свјатаја...* Седални од октоихот: само првите. *Благословен еси Господи..., Свјатих лик обрете...* Заупокоена ектенија. Седални од триодот: *Покои Спасе наш...* Се чита 50 псалм. Канони: од минејот и четирипеснеците од триодот. По третата песна: се пее ирмосот на третата песна од минејот. Мала ектенија. Се чита: седалниот и богородичниот од минејот.

По шестата песна: се пее ирмосот на шестата песна од триодот, на вториот четирипеснец. Мала ектенија. Кондак и икос од триодот. *Месјаца тогожде...* (за светителот од минејот). *Хвалим благословим...* и ирмосот на осмата песна пак од триодот. Исто и по: *Честнеишују...* ирмосот на деветтата песна од триодот. ***Светилните*** се пеат од триодот. ***Хвалитните*** и ***стиховните*** стихири: од октоихот. По *Трисвјатое,* тропарот: *Апостоли, мученици и пророци...*

Златоустова св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропарите: *Апостоли, мученици и пророци...,* на храмовиот светител. Кондак: *Јако начатки естества...* Причастен: *Блажени јаже избрал и пријал еси, Господи... Видјехом свет истинниии...*

На овој начин се отслужува редоследот и во следните две саботи од големиот пост.

ВТОРА НЕДЕЛА ОД ГОЛЕМИОТ ПОСТ – НА СВ. ГРИГОРИЈ ПАЛАМА

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. Григориј Палама: од триодот. *Слава...: Преподобне треблаженне... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...* и прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...:* на светителот: *Бодрии јазик твој... И нињe...: Безневестнаја Дево...* Тропари: воскресен, *слава...* на светителот: *Православија наставниче... И нињe...: Иже нас ради рождеисја...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на светителот.

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати). *Слава...:* на светијата, *и нињe...: Иже нас ради...* Воскресни седални. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и двата од триодот. По третата песна: седален на светителот од триодот и богородичен. По ше-

стата песна: кондак и икос воскресни. *В неделју вторују свјатих постов памјат празднуем иже во свјатих отца нашего Григориа, архиепископа Тесалонитскаго чудотворца, Палами. Сеи божественнаго и невечернјаго света син, истиннии воистину божии человек и чуднии божественних слуга и служител. Света светлаго проповедника ниње воистину велија, Источник света, к незаходимому водит свету. Того убо молитвами, Боже, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** според упатствата во триодот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 од триодот (откако првата ќе се повтори) со припеви на последните две стихири: *1. Уста моја возглаголјут премудрост и поучение сердца моего разум; 2. Уста праведнаго поучатсја премудрости и јазик его возглаголет суд. Слава...: Во тме согрешении... И ниње...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на св. Григориј Палама, на храмовиот светија. Кондак: *Возбраннои воеводе...* Апостол и евангелие: на неделата од триодот. **Следува св. Василиева литургија.** Причастен: *Хвалите Господа с небес... Видјехом свет истиннии...*

Вечерта во таа недела, на вечерната, на *Господи возвах...* се пеат 4 стихири умилителни од октоихот, 3 од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и ниње...:* богородичен од минејот. Вход, *Свете тихии...* и голем прокимен: *Не отврати лица Твоего...* На ***стиховни:*** самогласниот од триодот (двапати) и маченичниот. *Слава..., и ниње...: Небеснаја појут тја... Ниње отпуштаеши..., Трисвјатое* и тропарите: *Богородице Дево...*

Во среда и во петок сé според редоследот што е изложен во триодот и според упатствата дадени во почетокот на типикот за делничните служби во времето кога владее триодот.

Во петок вечерта на малото повечерие се чита **третата** статија од Акатистот на пресвета Богородица.

ТРЕТА НЕДЕЛА ОД ГОЛЕМИОТ ПОСТ – КРСТОПОКЛОНА

Пред да ја почне вечерната, свештеникот го зема чесниот крст од местото каде што се чува преку годината, го поставува на подготвен дискос врз босилок и цвеќе и го поставува врз жртвеникот.

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. крст. *Слава...: Христе Боже наш... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...* и прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава..., и нињe...: Пособивии Господи...* (од триодот). Отпустителни тропари: воскресен, *Слава..., и нињe...: Спаси Господи...*

ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СВ. КРСТ

По отпустот на вечерната, свештеникот го пренесува св. крст од жртвеникот на престолот според следниот редослед: *Благословен Бог наш..., Трисвјатое; Јако Твое ест царство...* Пејачите пеат: *Спаси Господи...,* свештеникот го покадува подготвениот на дискосот св. крст, го бакнува и кога пејачите ќе запеат пак: *Спаси Господи...,* го зема дискосот над својата глава, пред него оди свеќоносец со кадилница, го пренесува на св. престол и го поставува на местото на св. евангелие, кое пак се поставува малку погоре. Потоа прави мал отпуст.

Цела ноќ на св. престол гори кандило или светилник.

Воскресна полноќница. По троичниот канон, се пее: *Слава..., и нињe...:* литијната стихира од триодот: *Зрјашти Тја твар всја...* На крајот од полноќницата, тропарот: *Спаси Господи...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати). *Слава...: Спаси Господи..., и нињe...: Гавриилу вештавшу...* По седалните од октоихот, се пее: полиелеј и величанијата за Крстовден. По ектенијата, седални од триодот: *В раи убо прежде... (Благословен еси Господи...* **не се пее)**. Ипакој, степени и прокимен: според гласот. Канон само од триодот, со при-

пев на првиот тропар: *Слава Господи свјатому воскресенију Твоему,* а на следните: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе;* на претпоследниот тропар: *Слава...:* и на последниот, *и нинье...* По третата песна: седалните како што се во триодот. По шестата песна: кондак и икос од триодот. *В тоиже ден, в неделју третију постов, поклонение празднуем честнаго и животворјаштаго Креста. Кресту всја земља да покланјаетсја: Имже позната Тебе покланјатисја, Слава Того силоју, Христе Боже, и нас сохрани от лукаваго искушении: и божественним Твоим страстем и живоносному воскресенију поклонитисја сподоби, четиридесјатодневное благосветле прешедшим поприште и помилуи нас, јако един благ и человеколјубец, Амин.* Катавасија: *Божественнеишии прообрази...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...* на крстот: *Крест Христов..., и нинье...* богородичен: *Древу на немже...* На ***хвалите:*** (ако служи архијерej, кога зема време, не ги бакнува светите икони) – 4 воскресни и 4 од триодот, со повторување на првата, со припевите како што се напишани во триодот. *Слава...* од триодот: *Високомудраго разума... И нинье...: Преблагословена еси...* Големо славословие. Последното: *Свјатии Боже...* од славословието се пее бавно и тогаш се извршува:

Изнесување на св. крст. Дежурниот свештеник (ако има сослужение, постариот свештеник) го покадува св. крст, прави три поклони и го бакнува. Потоа го зема дискосот со св. крст над својата глава, пред него оди ѓакон или свештеник или црковнослужител кој кади со кадилница, го обиколува св. престол и низ северната врата излегува од олтарот. Пред него одат свеќоносец и пејачите, кои бавно пеат: *Свјатии Боже...* (на четврти глас). Свештеникот, откако ќе дојде на средината на храмот каде што има подготвен од порано аналој, го обиколува аналојот (трипати) и застанува пред него. Пејачите во тоа време завршуваат со пеењето на: *Свјатии Боже...* и свештеникот пред аналојот возгласува: *Премудрост, прости!* и го поставува дискосот со чесниот крст врз аналојот.

По ова, свештеникот го пее: *Спаси Господи...* (еднаш) и пејачите, (двапати). Во тоа време свештеникот обиколува трипати околу аналојот и кади. Потоа, прави три поклони доземја, го зема чесниот крст в раце заедно со босилковите гранчиња, го подига, застанат пред аналојот, и пее: *Кресту Твоему покла-*

њаемсја Владико..., поклонувајќи се ниско доземја. Истото го пеат и пејачите уште двапати, а свештеникот, исто така, се поклонува ниско доземја и го бакнува св. крст. Пејачите ја пеат самогласната стихира: *Приидите вернии...,* а народот пристапува и го бакнува св. крст. По стихирата, се пее тропарот: *Спаси Господи...* и веднаш започнува **св. Василиева литургија.**

ЗАБЕЛЕШКА. Откако народот ќе го целива св. крст, аналојот со св. крст се поставува до малиот иконостас, каде што е храмовата и празнична икона и тука стои до петокот наутро од четвртата седмица, кога се внесува во св. олтар (според редоследот изложен подолу).

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...* Вториот: *Спаси ни, Сине Божии воскресии из мертвих...* Третиот антифон: *Спаси Господи људи Твоја...* По малиот вход, тропари: воскресниот, *Спаси Господи...* и на храмовиот светител. Кондак: *Возбраннои воеводе...* Наместо: *Свјатии Боже...,* се пее: *Кресту Твоему покланјаемсја Владико...* Апостол. Причастен: *Знаменасја на нас свет лица Твоего Господи...* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Спаси Господи људи Твоја...*

Вечерта од третата недела, на вечерната. На *Господи возвах...* се пеат: 4 умилителни стихири според гласот од октоихот, 3 од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и нињe...:* богородичен. Вход, *Свете тихии...,* голем прокимен: *Дал еси достојание...* На ***стиховни:*** *Воззрети очима на небо...* (двапати) и маченичниот. *Слава..., и нињe...: Небеснаја појут Тја... Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* Отпустителни тропари: *Богородице Дево...*

ВО СРЕДА ОД ЧЕТВРТАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

На првиот час, наместо: *Стопи моја направи...,* се пее: *Кресту Твоему...* (трипати). Истото се прави и во петок во таа седмица.

На Предосветената св. литургија, по стихирите на *Господи возвах...,* се пее: *Слава..., и нињe...: Днес неприкосновеннии суштеством...*

ЗАБЕЛЕШКА. Оваа *Слава...* се пее и кога во тој ден ќе се падне празникот на св. 40 маченици, (на 9 март) или друг празнуван светија, а не *Славата* на светителите од денот.

Од овој ден, па натаму, свештеникот ги кажува и вторите ектении за огласените – за оние кои се подготвуваат кон светото просветување (крштение).

Во петок утреното богослужение се извршува според редоследот изложен во триодот. По отпустот на вечерната (ако не се отслужува Предосветена св. литургија или пред *Благословено царство...* – ако се служи таква литургија) се извршува

ВНЕСУВАЊЕТО НА СВ. КРСТ според следниот редослед.

Свештеникот, како што е во одежди, го кади св. крст, го зема со дискосот над својата глава, пред него оди црковнослужител со светилник и кадилница. Со пеење на: *Спаси Господи...* (од пејачите), влегува во олтарот низ царските двери и го остава дискосот на св. престол. Го покадува св. крст, го бакнува и го поставува на местото каде што стои преку годината.

Вечерта во петок, на малото повечерие се чита четвртата статија од Акатистот на пресвета Богородица.

ЧЕТВРТА НЕДЕЛА ОД ГОЛЕМИОТ ПОСТ – ПРЕПОДОБЕН ЈОВАН ЛЕСТВИЧНИК

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 од минејот. *Сла-*

ва...: Преподобне отче... И нињe...: првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии* и прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...* на преподобен Јован Лествичник: *На земли ангел... И нињe...: О чудесе новаго...* Тропари: воскресен, *слава...* на светијата: *Пустиннии жител..., и нињe...: Гавриилу вештавшу...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон: *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобниот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната со пеење на воскресниот (двапати). Воскресни седални. *Ангелскии собор...,* ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и двата од триодот; на првиот од триодот припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* По третата песна: седален на преподобниот од триодот и богородичен. По шестата песна: воскресен кондак и икос. Следува: *В сии ден, неделју четвертују свјатих постов, памјат совершаем иже во свјатих отца нашего Јоанна Лествичника. Иже плотију живии, мертв сии Јоан, вечно живет, и мертва јавлсја бездиханнии, списание оставл лествицу восхождениja, показует своего пут восхождениja. Егоже молитвами, Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Утрено евангелие, од неделата. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, *слава...* на преподобниот и богородичен. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на преподобниот: *Отче Јоанне преподобне...* (пишувани на вечерната). Припеви на последните две стихири: 1. *Блажен муж бојаисја Господа, в заповедех Его восхоштет зело; 2. Честна пред Господем смерт преподобних Его. Слава...* од триодот: *Приидите делаим... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на преподобниот и на храмовиот светител. Кондак: *Возбраннои воеводе...*[1]. Следува: Василиева св. литургија.

---

[1] Ако е поминат празникот Благовештение, по малиот вход, се пее кондакот: ***Предстателство христијан...***

Во недела вечерта, на вечерната. На *Господи возвах...* се пеат: 4 умилителни воскресни стихири и 3 од триодот. *Слава..., и нињe...:* богородичен од минејот. Вход, *Свете тихии...,* голем прокимен: *Не отврати лица Твоего...* ***Стиховни:*** од триодот. *Слава..., и нињe...: Архангелски воспоим... Нињe отпуштаеши... Трисвјатое* и тропарите: *Богородице Дево...*

СРЕДА ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

Утрото, на Предосветената св. литургија, на *Господи возвах...* се предвидени да се пеат многу стихири (вкупно 27), откако ќе се почне со припев: *Падут во мрежу своју грешници... Слава...: О неизреченнаго Твоего... И нињe...: О неизреченнаго снисхожденија...* Вход, *Свете тихии...,* и паримии. Следува Предосветена св. литургија.

Ако поради некоја благословена причина не се отслужува Предосветена св. литургија, тогаш првата стихира: *Моими помишлении...* и маченичниот по неа се оставаат за стиховни.

Истата среда на вечер се чита мало повечерие и, по *Достоино ест...,* се чита или се пее: **целиот канон на св. Андреј Критски.**

Во четврток наутро, на утрената, по троичните тропари, се пеат првите седални од октоихот (ги има и во триодот на крајот); вторите седални од триодот (пишувани по третата песна на канонот). Се чита 50 псалм. Следува: *Спаси Боже људи Твоја...* Канонот се чита вака: прва и трета песна: од минејот и се пее ирмосот на третата песна од минејот. По малата ектенија – седален и богородичен од минејот. Четврта песна од трипеснеците на триодот: *Услишах Господи смотренија Твоего таинство...;* петта и шеста песна од минејот и се пее ирмосот на шестата песна од минејот. По малата ектенија, кондак: *Душе моја... В сии ден, по древному преданију, поем и великаго канона последование. Умиленија, Христе мој, образи дажд, појуштим нињe канон Тебе великии. Молитвами отца нашего Андреја Критскаго, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Потоа се пеат блажените, пишувани во триодот по синаксарот, пред

седмата песна со соодветните припеви. Се читаат трипеснеците на осма и девета песна од триодот. Се пее: *Честнеишују...* и потоа ирмосот на деветтата песна: *Безсеменнаго зачатија... Достоино ест...* Редовните големопосни ***светилни.***

Понатаму следува сé според редоследот до крајот на утрената. Се читаат часовите, изобразителната и се возгласува: *Благословено царство...* – за Предосветена св. литургија.

ВО ПЕТОК ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

Наутро, по утрената, по часовите и по изобразителната, се отслужува Предосветена св. литургија. На *Господи возвах...* се пеат стихирите само од триодот на 6: самогласната се повторува, маченичниот, па следната: *Совет превечнии...* исто се повторува и шестата стихира: *Јавлјаеши ми сја јако человек... Слава..., и нињe...: Еже от века таинство...* Вход, *Свете тихии...,* паримии. Следува: *Да исправитсја молитва моја...* и редоследот на Предосветената св. литургија.

Во петок вечерта се извршува **мало повечерие со ЦЕЛИОТ КАНОН НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА** и **ЦЕЛИОТ АКАТИСТ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА.** (Се наоѓаат во сабота од петтата седмица на утрената во триодот).

По: *Достоино ест...,* се пее: *Повеленное таино...* (двапати бавно, а третиот – побрзо). Потоа **РАСПЕАНО** се чита: **првата статија** од Акатистот на пресвета Богородица. Веднаш потоа, почнуваме да го пееме Богородичниот канон: *Отверзу уста моја...* По третата песна, се пее: *Возбраннои воеводе...* (бавно). Понатаму се чита: **втората статија** од Акатистот. Потоа, продолжуваме да го пееме канонот – четврта, петта и шеста песна. По шестата песна, пак пееме: *Возбраннои воеводе...* Се чита: **третата статија** од Акатистот. Го завршуваме пеењето на канонот: седма, осма и девета песна (на деветтата песна свештеникот го кади храмот). Пак пееме: *Возбраннои воеводе...* и се чита: **четвртата статија** од акатистот, откако трипати ќе го прочитаме последниот кондак: *О всепетаја Мати...* По ова, се повторува првиот икос: *Ангел предстател...* (од почетокот на акатистот), а по него се пее кратко: *Возбраннои воеводе...* Следу-

ва: *Трисвјатое,* се чита: *Возбранои воеводе..., Господи помилуи* (40 пати), *Иже на всјакое времја... Нескверната, неблазната... И дажд нам Владико..., Преславната Приснодево..., Все упование... Слава Тебе Боже.* Ектенија и отпуст.

ВО САБОТА ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА НА ГОЛЕМИОТ ПОСТ

Вообичаена утрена. На *Бог Господ...* тропарот *Повеленное таино...* (двапати), без *Слава..., и нињe...* Седални: *Великии воин..., слава..., и нињe...:* истиот (напишан по 10. кондак, пред четвртата песна). Се чита 50 псалм. Следува каноно̀т на Пресвета Богородица (без трипеснеците). По третата песна, веднаш се чита седалниот: *Великии воин...* По шестата песна, кондак: *Возбраннои воеводе...* Икос: *Ангел предстател...,* и се кажува: *Песнми неусипними благодарствено град во бранех бодрују поет предстателницу. В сеи ден неседалнују песн празднуем пресвјатија Владичици нашеја Богородици; Твоеја матере молитвами, Христе Боже, от облежаштих напастеи и нас избави и помилуи нас, јако един Человеколјубец.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилен*** од триодот (двапати). На ***хвалите:*** 4 стихири од триодот, откако првата се повторува. *Слава..., и нињe...: Јазика егоже не ведјаше...* Големо славословие. Тропар: *Повеленное таино...*

На св. литургија. Делничните антифони. По малиот вход, тропарот: *Повеленное таино...* и кондакот: *Возбраннои воеводе...* Се отслужува св. Златоустова литургија. Наместо *Достојно...: Всјак земнороднии...* Причастен: *Чашу спасенија...*

ПЕТТА НЕДЕЛА ОД ГОЛЕМИОТ ПОСТ – ПРЕПОДОБНА МАРИЈА ЕГИПЕТСКА

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на преподобната Марија Египетска. *Слава...: Очудотвори Христе... И нињe...:* првиот богородичен според гласот што владее. Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Душевнаја ловленија... И нињe...: О чудесе новаго...* Отпусти-

телни тропари: воскресен, *Слава...* на преподобната и богородичен воскресен.

На полноќницата, по троичниот канон, *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на преподобната.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како и на вечерната, со повторување на воскресниот. Седални воскресни. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и двата од триодот со припев на првиот: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе;* на вториот: *Преподобнаја мати Марие, моли Бога о нас.* По третата песна: седален и богородичен од триодот. По шестата песна: воскресен кондак и икос. *В тоиже ден, в неделју пјатују свјатих постов, памјат совершаем преподобнија матере нашеја Марии Египтјанини. Отиде дух, плод разпадесја прежде. Зосимо, в земли соскутоваи мертвеца Марију. Тоја свјатими молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Чинот на утреното евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** според упатствата во триодот. На ***хвалите:*** воскресните стихири. *Слава...: Нест царство Божие пишта и питие...* (од триодот). *И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот, тропари: воскресен, на преподобната, на храмовиот светител. Кондак: *Возбраннои воеводе...* Следува св. Василиева литургија.

ЗАБЕЛЕШКА. Ако е поминат празникот Благовештение, по малиот вход, се пее кондакот: *Предстателство христијан...*

На вечерната во петтата недела. На *Господи возвах...* се пеат: 4 умилителни стихири од октоихот, 3 од триодот и 3 од минејот. *Слава..., и нињe...:* богородичен од минејот. Вход, *Свете тихии...* и голем прокимен: *Дал еси достојание...* ***Стиховни:*** како што се во триодот. *Нињe отпуштаеши...*, *Трисвјатое* и тропарите: *Богородице Дево...*

ВО СРЕДА ОД ШЕСТАТА СЕДМИЦА – ЦВЕТНАТА

Утрото на Предосветената св. литургија, на *Господи возвах...* се пеат стихирите од триодот како што се дадени: на 6 и од минејот, на 4. *Слава..., и нињe...:* од минејот. Вход, *Свете тихии...*, паримии и понатаму следува Предосветена св. литургија.

ВО ПЕТОК ОД ШЕСТАТА СЕДМИЦА – ЦВЕТНАТА

Утрото, по утрената, часовите, изобразителната, на Предосветената св. литургија, на *Господи возвах...* се пеат: самогласниот на денот (двапати), маченичниот и следуваат 5 стихири на св. Лазар. *Слава...: Представ гробу Лазареву..., и нињe...: Душеполезнуjу совершивше...* Вход, *Свете тихии...,* паримии и следува: *Да исправитсја молитва моја...*

ЗАБЕЛЕШКА. **Оттука, па понатаму до Томина недела заклучно, сите служби се само според триодот.** Исклучок се прави само ако се случи некој голем празник, како Ѓурѓовден, (23 април) и др., за кои се дадени упатства на самите празници, што ќе се земат од минејот.

ВО ПЕТОК ВЕЧЕРТА ОД ШЕСТАТА СЕДМИЦА – ЦВЕТНАТА

Се чита: **мало повечерие.** По: *Достоино ест...,* се пее канонот од триодот: *Песн победнуjу поим вси Богу...,* со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* По крајот на деветтата песна, повторно го пееме ирмосот: *Сотвори державу мишцеjу своеjу...* По: *Трисвјатое,* кондак: *Всех радост Христос...* (пишуван на Лазарева сабота, по шестата песна од канонот). Понатаму следува **малото повечерие** како што е дадено во часословот.

ЛАЗАРЕВА САБОТА

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот *Обштее воскресение...* (трипати). Седалните од триодот. *Благословен еси Господи..., Ангелски собор...* Следува мала ектенија и вториот седален. **Евангелие не се чита.** *Воскресение Христово...* и веднаш 50 псалм. Канони: двата од триодот со припев: *Слава Тебе Бо-*

же наш, Слава Тебе. По третата и по шестата песна: како што се во триодот. *В тоиже ден востание празднуем свјатаго и праведнаго друга Христова Лазарја четвородневнаго. Ридаеши Исусе, сие смертнаго суштества: Оживљаеши друга Твоего, сие Божественнија крепости. Молитвами друга Твоего Лазарја, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Воду прошед...* Наместо: *Честнеишују...,* се пее: деветтата песна од канонот. По ектенијата: *Свјат Господ Бог наш* (трипати), *Возносите Господа Бога нашего...* ***Светилни*** од триодот. На ***хвалите:*** стихирите од триодот: на 8. *Слава...: Велие и преславное чудо... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По входот: *Приидите поклонимсја... воскресии из мертвих...* Тропар: *Обштее воскресение...* и кондакот: *Всех радост Христос...* Наместо: *Свјатии Боже...,* се пее: *Елици во Христа крестистесја...* Понатаму следува св. Златоустова литургија. Наместо: *Достојно ест...: Чистују славно почтим...* (од канонот на деветтата песна). Причастен: *Из уст младенец и суштих совершил еси хвалу, алилуиа.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее тропарот: *Обштее воскресение...*

ЗАБЕЛЕШКА. Од Лазарева сабота, заклучно до Томина недела, не се прават помени за починатите.

ВРБИЦА – ЦВЕТНА НЕДЕЛА (ЦВЕТНИЦИ)

На вечерната. По 103–от псалм, се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат самогласните стихири од триодот, на 6. *Слава..., и нињe...: Днес благодат Свјатаго Духа...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* Паримии. ***Стиховните***, како и *Слава..., и нињe...:* од триодот. Тропари: *Обштее воскресение. Слава..., и нињe...: Спогребшесја тебе крештением...*

Празнична полноќница со литија од триодот. Тропар: *Спогребшесја тебе крештением.*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите: *Обштее воскресение...* (двапати), *слава..., и нињe...: Спогребшесја тебе крештением...* Седалните од триодот. Полиелеј за празникот и седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Из уст младенец и суштих совершил еси хвалу.* Утрено евангелие. Се чита 50 псалм. *Слава...: Днес Христос входит во град Витанију..., и нињe...:* истото. Стих: *Помилуи мја Боже...* и стихирата: *Днес благодат Свјатаго Духа...* Канонот од триодот без припеви. По третата песна: ипакој, по шеста песна: кондак и икос. *В сии ден, славнии и пресветлии праздник Ваиа празднуем. На жребја всед словом прострии небо. Человеки взискујаи, разрешити безсловесија. Јасное же и живоносное воскресение видети сподоби, и помилуи нас, нињe и присно и во веки веков, Амин.* Катавасија: *Јавишасја источници бездни...* Наместо: *Честнеишују...,* се пее: деветтата песна од канонот. По малата ектенија, **не се пеат светилни,** а само трипати: *Свјат Господ Бог наш.*

Свештеникот возгласува: *Господу помолимсја...* и се чита молитвата над врбовите гранки (или зеленикатa), откако претходно ќе се покадат.

На ***хвалите:*** се пеат четирите стихири од триодот. *Слава..., и нињe...: Прежде шести днеи Пасхи...* Големо славословие. Тропар: *Спогребшесја тебе крештением...*

На св. литургија. Празнични антифони. Првиот: *Молитвами Богородици...;* вториот: *Спаси ни, Сине Божии, возседии на жребја, појуштија Ти алилуиа.* Третиот антифон: *Обштее воскресение...* Входно: *Благословен грјадии во имја Господне, благословихом ви из дому Господњa, Бог Господ и јависја нам, Спаси ни, Сине Божии, возседии на жребја, појуштија Ти алилуиа.* По входот, тропари: *Обштее воскресение..., Спогребшесја тебе...* Кондак: *На престоле на небеси...* Следува **св. Златоустова литургија.** Наместо: *Достојно ест: Бог Господ и јависја нам, составите праздник.* Причастен: *Благословен грјадии во имја Господне, Бог Господ и јависја нам.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* тропар *Обштее воскресение...*

Вечерта на вечерната. На *Господи возвах...* се пеат стихирите од триодот. *Слава...: Радуисја и веселисја... И нињe...: На херувимех носимии...* Вход, *Свете тихии* и прокимен, на денот:

Се нињe блaгословите... ***Стиховните*** според триодот. По: *Нињe отпуштаеши...,* веднаш се пее трипеснец: *Сокрушившему брани...* со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе,* без седалниот. По деветтата песна се пее ирмосот на деветтата песна: *Чужде матерем девство...* По: *Трисвјатое,* се пеат тропарите: *Богородице Дево... Господи помилуи* (40 пати) и понатаму според редоследот на големиот пост. При целивањето на иконите, се пее: *Заколение Твое...* Свештеникот прави отпуст: *Грјадии Господ на волнујy страст...*

3. СТРАСНА СЕДМИЦА

РЕДОСЛЕДОТ НА ЖЕНИКОТ. Се извршува во деновите: **во неделата – на Цветници, на Велики Понеделник, на Велики Вторник – вечерта,** по залезот на сонцето, според следниот редослед.

Благословен Бог наш..., Трисвјатое; читачот кажува *Господи помилуи* (12 пати), *Слава... и нињe...: Приидите поклонимсја...* (трипати) и ги чита псалмите 19. и 20: *Услишит тја Господ в ден печали...,* (**бавно**) за да има време свештеникот, со рачна кадилница, да го прекади целиот храм. По шестопсалмието и по големата ектенија, се пее: *Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа (*бавно): 4 пати. Тропарот: *Се жених грјадет...* (двапати, бавно), откако на крајот, (во недела вечерта) се пее: *Предстателстви безплотних Твоих помилуи нас,* и, (третиот пат, побрзо), а на крајот: *Богородицејy помилуи нас.*

ЗАБЕЛЕШКА. Во понеделник вечерта тропарот: *Се жених грјадет...* и на крајот се пее: *Молитвами Предтечи Твоего помилуи нас.* **Во вторник** вечерта се пее: *...Силојy креста Твоего сохрани нас, Господи.* Меѓутоа, на третото пеење секогаш се пее: *Богородицејy помилуи нас.*

Мала ектенија. Седалниот: *Страданија честнаја..., Слава..., и нињe...: Невидимии судие...* Мала ектенија. Седалниот: *Страстеи Господних начатки... Слава..., и нињe...:* истиот. Веднаш: *И о сподобитисја...* и се чита определеното евангелие. Се чита 50 псалм. *Спаси Боже лјуди Твоја* и *Милостијy и штедротами...* Потоа, се пее трипеснецот од триодот со припев:

Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе. По секоја песна, се пее ирмосот, (побавно). Откако ќе се испее ирмосот, се кажува мала ектенија. Се чита: кондак и икос од триодот. Се кажува: *Во свјатии и великии понеделник памјат творим блаженаго Јосифа прекраснаго и изсохшија смоковници. Собориште смоковницу Христос евреиское. Плодов чуждују духовних вообразујаи. Клјатвоју усушает: ејаже бежим страсти. Прекраснаго Јосифа молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Се пее осмата песна, по која: *Хвалим, благословим...* и ирмосот на осма песна. Се кажува: *Богородицу и матер света...* Деветтата песна се пее побавно за да има време свештеникот да го прекади храмот и на крајот се завршува со ирмосот на деветтата песна. По малата ектенија, се пее: ***светилниот:*** *Чертог Твој вижду, Спасе мој...* (трипати).

ЗАБЕЛЕШКА. Во недела навечер, откако ќе се запее светилниот, свештеникот ја изнесува на средината на храмот иконата на Христовите страдања, ја поставува на определеното место, се поклонува и ја целива. Потоа, и верниците, исто така, ја целиваат иконата.

На ***хвалите:*** стихирите според триодот. *Тебе слава подобает...* ***Стиховните,*** исто како што се подредени во триодот. *Благо ест... Трисвјатое.* Се чита кондакот: *Јаков ридаше... Господи помилуи* (12 пати), *Небеснии царју...* и молитвата на св. Ефрем Сирин со метании и отпустот: *Грјадии Господ на волнују страст...*

ВЕЛИКИ ПОНЕДЕЛНИК

Наутро, свештеникот започнува: *Благословен Бог наш...* Читачот ги чита **часовите.** Се читаат **обични („прости")** часови со тропар: *Се жених грјадет...* и по *Трисвјатое,* кондак: *Јаков ридаше...* На **изобразителната,** по: *Отче наш...* се чита само кондакот: *Јаков ридаше...* По *Благословено царство...,* започнува **вечерната** со Предосветена св. литургија. На *Господи возвах...* се пеат посочените стихири од триодот. *Слава..., и ниње...: Вторују Еву...* Вход со евангелие. *Свете тихии...,* паримии. Сле-

дува: *Да исправитсја молитва моја...* по што се чита св. евангелие и понатаму следува св. литургија според редоследот.

ВО ПОНЕДЕЛНИК ПОПЛАДНЕ, во времето кога следува да има **вечерна**, некаде се извршува **големо повечерие.** По *Слава в вишних Богу...* се пее трипесенецот од триодот: *Вонми небо...* без седалниот, и вториот: *Видите, видите...* По деветтата песна, пак се пее ирмосот: *Појавленное на горе...* При целивање на иконите, се пее: *Заколение Твое...*

ВЕЧЕРТА СЕ ПЕЕ РЕДОСЛЕДОТ НА ЖЕНИКОТ како на претходната вечер.

ВЕЛИКИ ВТОРНИК

Наутро се извршуваат истите редоследи како во понеделник наутро и на крајот: Предосветена св. литургија.

ВЕЧЕРТА – РЕДОСЛЕДОТ НА ЖЕНИКОТ

ВЕЛИКА СРЕДА

Наутро се извршуваат истите редоследи како на Велики Понеделник и на Велики Вторник и се завршува со Предосветена св. литургија.

Попладне се чита МАЛО ПОВЕЧЕРИЕ. По: *Достоино ест...,* се пее: трипеснецот од триодот. По: *Трисвјатое,* се чита кондакот: *Хлеб прием в руце предател...* (напишан во канонот по шестата песна на велики четврток).

ВЕЛИКИ ЧЕТВРТОК – НАУТРО

На утрената. По шестопсалмието, наместо: *Бог Господ...,* се пее: *Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа* (4 пати) и тропарот: *Егда славнии ученици...* (трипати – тропарски). Следува евангелие. Се чита 50 псалм и канонот од триодот. Катавасија: *Сеченое сечетсја...* Наместо: *Честнеишују..,* се пее:

деветта песна од канонот. ***Светилниот:*** *Чертог Твој вижду...* (трипати) и ***хвалитните*** стихири како што се во триодот. *Тебе слава подобает...* ***Стиховните*** исто како што се во триодот. *Благо ест... Трисвјатое* и тропарот: *Заушеннии за род...* Следува паримија со прокимен, сугуба ектенија и отпуст.

Според обичајот, **ПО УТРЕНАТА, НА ТОЈ ДЕН СЕ ИЗВРШУВА ОПШТ МАСЛОСВЕТ.**

Веднаш потоа започнува св. Василиева литургија.

Свештеникот возгласува: *Благословено царство...* Читачот: *Приидите поклонимсја...* 103 псалм. На *Господи возвах...* се пеат самогласните стихири на 6. *Слава..., и нињe...: Рождение ехиднов...* Вход со евангелие. *Свете тихии...* и паримии. Мала ектенија и се пее: *Свјатии Боже...* Се чита апостол и евангелие. Наместо херувимска песна, се пее: *Вечери Твоеја таинија...* Истото се пее и како причастен и наместо: *Видјехом свет истиннии...*

Задамвоната молитва: *Благословлјаи благословјаштија Тја, Господи...*

Потоа, се извршува миење на нозете, според посебен чин.

На крајот, свештеникот кажува посебен отпуст: *Иже за превозходјаштују благост...*

ВЕЧЕРТА – РЕДОСЛЕДОТ НА СВЕТИТЕ И СПАСИТЕЛНИ СТРАДАНИЈА НА ГОСПОД НАШ ИСУС ХРИСТОС – ЧИТАЊЕ НА 12-те ЕВАНГЕЛИЈА

(Започнува по залезот на сонцето – околу 19 часот)

Благословен Бог наш..., Трисвјатое, Спаси Господи..., скратена сугуба ектенија. Шестопсалмието. Голема ектенија. Се пее: *Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа* (4 пати) и тропарот *Егда славнии ученици...* (двапати, бавно) и третиот пат – побрзо. *И о сподобитисја нам...* и се чита: **Првото евангелие.** Пред тоа

пееме: *Слава страстем Твоим Господи,* а откако ќе се прочита: *Слава долготерпенију Твоему, Господи.* Ова се пее при читањето на секое евангелие.

Антифоните од триодот се пеат по еднаш: *Слава..., и нињe...:* богородичен. Седалните се пеат, исто така, по еднаш. По седалниот на седми глас: *На вечери ученики питаја...,* се чита: **Второто евангелие.**

Следуваат пак антифони и, по седалниот: *Кии тја образ Јудо...* се чита: **Третото евангелие.** По седалниот: *О како Јуда иногда Твој ученик...:* **Четвртото евангелие.** По седалниот на осми глас: *Егда предстал еси Кајафе...,* се чита: **Петтото евангелие.**

По богородичниот, на осми глас (по 14-ти антифон): *Радуисја ангелом радост мира приемшаја...,* **пред 15-ти антифон,** се извршува **ИЗНЕСУВАЊЕ НА КРСТОТ (РАСПЕТИЕТО ХРИСТОВО) ОД СВ. ОЛТАР** на средината од храмот според редоследот изложен во служебникот. Пејачот, исто така, зема учество, откако застанува пред северните врати на олтарот и откако ќе тргне бавно пред свештеникот, „распеано" го пее 15–от антифон: *Днес висит на древе...* додека да се постави Распетието Христово на подножјето. Потоа, пејачот го пее истиот антифон на 5. глас.

По седалниот на 5. глас: *Искупил ни еси от клјатви законнија...,* се чита **Шестото евангелие.** Потоа се пеат Блажените, како што се изложени во триодот, со стихирите. По прокименот: *Разделиша ризи Моја себе...,* се чита: **Седмото евангелие.** Следува 50 псалм и веднаш се чита: **Осмото евангелие.** Започнува пеењето на трипеснецот, откако по петтата песна се пее ирмосот: *К Тебе утреннјују...* и се кажува мала ектенија; се чита кондакот и икосот, и синаксар: *Во свјатии и великии пјаток свјатија и спасителнија, и страшнија страсти совершаем Господа и Бога Спаса нашего Исуса Христа. Живии еси, Боже, Ти и умерштвленнии на древе: О мертвече нагии и Бога живаго Слове. Заключеннаја отверзе едемскаја врата. Вложив разбојник клјуч, еже помјани мја. Преестественним и еже о нас неисчетним Твоим благоутробием, Христе Боже, помилуи нас, Амин.* По осмата песна, *Хвалим благословим...* и ирмосот на осма песна: *Столп злоби богопротивнија... Богородицу и матер света...* Се пее деветтата песна и на крајот, бавно, ирмосот: *Честнеишују херувим...* Мала ектенија. Следува ***светилниот:***

Разбојника благоразумнаго... (трипати). Се чита: **Деветтото евангелие.** ***Хвалитните*** стихири се пеат на 4. *Слава...: Совлекоша с Мене ризи Моја... И нињe...: Плешти Моја дах иа рани...* и се чита: **Десеттото евангелие.** *Тебе слава подобает...* Прозбена ектенија и по возгласот, се чита: **Единаесеттото евангелие.** По ***стиховните***, како што се напишани во триодот, се чита: **Дванаесеттото евангелие.** *Трисвјатое,* тропарот: *Искупил ни еси от клјатви законнија...* (трипати). Скратена сугуба ектенија и посебниот отпуст: *Иже оплеванија и биенија...*

ВЕЛИКИ ПЕТОК – НАУТРО

Се читаат ЦАРСКИТЕ ЧАСОВИ според следниот редослед.

Свештеникот, облечен во епитрафил и фелон, го изнесува светото евангелие и го поставува на аналојот на средината на храмот и возгласува: *Благословен Бог наш...* Читачот: *Амин.* Свештеникот: *Царју небеснии...* Читачот: *Трисвјатое.* Свештеникот: *Јако Твое ест царство...* Читачот: *Господи помилуи,* (12 пати), *Слава..., и нињe...: Приидите, поклонимсја...* (трипати) и трите посебни псалми од **Првиот час.** *Слава..., и нињe...: Аллилуиа, аллилуиа, аллилуиа, Слава...: Тебе Боже...* (трипати), *Господи помилуи* (трипати), *Слава...* тропарот: *Разпеншусја Тебе Христе..., и нињe...* богородичен: *Что тја наречем...* Потоа ги пееме стихирите, без да ги повторуваме: *Днес церковнаја завеса...* Стих: *Вскују шаташасја јазици...* и стихирата: *Јако овча на заколение... Слава..., и нињe...: Емшим Тја беззаконним...* Паримија, апостол и евангелие. Се чита: *Стопи моја направи...* По: *Трисвјатое,* кондакот: *Нас ради распјатаго...,* и понатаму според часословот.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога пејачите ќе почнат да ги пеат стихирите, свештеникот го кади св. олтар и целиот храм. Тоа го прави и на третиот, шестиот и деветтиот час.

На истиот начин се читаат и **третиот,** и **шестиот** час (како што е во **триодот**).

На **деветтиот час,** откако ќе се испеат првата и втората стихира, десната певница пее: *Слава...,* левата певница: *и нињe...* Тогаш десниот пејач на средината од храмот „распеано" чита: *Днес висит на древе...* Откако ќе ја прочита целата таа стихира, таа се пее од клирот. Следува паримија, апостол, евангелие... Откако ќе се прочита св. евангелие за **деветтиот час**, се внесува во св. олтар. На крајот од деветтиот час се прави краток отпуст. Веднаш потоа започнува:

Вечерната. *Благословен Бог наш, Приидите поклонимсја...,* 103–от псалм и понатаму сé според редоследот изложен во триодот. По стихирите на *Господи возвах..., Слава...: О како беззаконное сонмиште... И нињe...: Страшное и преславное...* Вход со евангелие. *Свете тихии...* и паримии. Апостол. Евангелието се чита од амвонот. Ектенија. При започнувањето на ***стиховните*** стихири се извршува:

ИЗНЕСУВАЊЕ НА ПЛАШТАНИЦАТА според редоследот изложен во служебникот. Пејачот застанува пред северната врата на св. олтар и започнува да ја пее бавно првата стихира: *Егда от древа...,* а по него врви свештеникот и други црковнослужители, кои ја носат св. плаштаница, обиколуваат трипати околу распетието и подготвената маса (кувуклија) и ја поставуваат плаштаницата на масата. Свештеникот, а по него и верниците, го бакнуваат св. крст, св. евангелие и самата плаштаница. Пејачот ги завршува ***стиховните*** стихири. *Слава..., и нињe...: Тебе одејуштагосја... Нињe отпуштаеши... Трисвјатое.* Тропарите: *Благообразнии Јосиф...* и *Мироносицам женам...* (скратени), како што се напишани во триодот. Посебен отпуст: *Иже нас ради человек...*

ВЕЛИКИ ПЕТОК ВЕЧЕРТА – ОПЕЛО ХРИСТОВО
Започнува по залезот на сонцето

Благословен Бог наш..., Царју небеснии..., Трисвјатое, Спаси Господи... Шестопсалмието. Се пее: *Бог Господ...* на втори глас и тропарите: *Благообразнии Јосиф...* (како утрото на вечерната), *Слава...: Егда снизшел еси к смерти...* (целиот), *И нињe...: Мироносицам женам...* (како на вечерната). Мала екте-

нија. Седален: *Плаштаницеју чистоју..., Слава..., и нињe...: Ужасошасја лици...* (напишани пред канонот). Во тоа време свештеникот се облекува во полно светло одејание. Се чита 50 псалм. По ова, пејачите го пеат канонот: *Волноју морскоју...* (во триодот е даден по Опелото), откако на секоја песна се пее ирмосот. По ирмосот на третата песна: мала ектенија. Се пее седалниот: *Гроб Твој Спасе...* без да се повторува. По шестата песна: кондак и икос. Се чита синаксар: *Во свјатују и великоју суботу, боготелесное погребение Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа. Всуе храниши гроб кустодие. Не бо содержит рака саможивотија. Неизреченим снисхождением Твоим, Христе Боже наш, помилуи нас, Амин.* Следува пеењето на седма и осма песна, по кои: *Хвалим благословим...* и се пее ирмосот на осма песна. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од канонот.

Откако ќе се испее деветтата песна, свештенослужителите излегуваат од олтарот низ царските двери, одат до плаштаницата и **ЗАПОЧНУВА ОПЕЛОТО ХРИСТОВО** со пеење на трите статии. По статиите и по третата мала ектенија, се пее: *Благословен еси Господи... Ангелски собор...* Додека се пеат овие тропари, свештеникот го кади целиот храм и верниците. Потоа, пак мала ектенија и возглас: *Јако Тја хвалјат всја сили небеснија...* Веднаш се пее (наместо светилен): *Свјат Господ Бог наш (*трипати). *Всјакое дихание...* и ***хвалитните*** стихири. Во тоа време клирот и народот ја целиваат св. плаштаница. *Слава...: Днешнии ден таино... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. На крајот на славословието, при последното: *Свјатии Боже...,* се извршува **ЛИТИЈА ОКОЛУ ХРАМОТ** (за ова има упатства во служебникот). Пејачите врват напред и пеат, бавно, погребално: *Свјатии Боже...* На три места при обиколувањето на храмот се кажуваат определените ектении. Процесијата пак влегува низ западните врати, народот минува под плаштаницата и свештеникот споменува имиња за здравје. Откако ќе влезат сите богомолци во храмот, свештеникот влегува во св. олтар и возгласува: *Вонмем, Мир всем, Премудрост* и обиколувајќи околу св. престол со св. плаштаница, ги пее тропарите: *Егда снизшел еси...* (целиот), *Мироносицам женам...* и *Благообразнии Јосиф...* (како што се напишани на вечерната на Велики петок). Следува паримијата, апостол и евангелие; ектенија, според редследот во триодот. По возгласот на прози-

бената ектенија, се кажува посебниот отпуст, што е истиот како на вечерната, утрото.

ВЕЛИКА САБОТА

Наутро се отслужува ВЕЧЕРНА СО СВ. ВАСИЛИЕВА ЛИТУРГИЈА.

Откако свештеникот **претходно ќе изврши проскомидија,** започнува со *Благословено царство...* Се чита 103–от псалм. Голема ектенија. *Господи возвах...* се пее на први глас и четирите стихири на гласот, како и следните самогласни, на 4. *Слава...: Днешнии ден таино... И ниње...: Всемирнују славу...* Вход со евангелие. *Свете тихии...* и веднаш паримии од првата книга Мојсеева – првата, од пророштвата на Јона, –втората и, последната – од пророк Даниил, откако од обележеното место пејачот пее: *Господа поите и превозносите Его во всја веки* на први глас, а читачот ги чита стиховите од песната за трите момчиња. Мала ектенија со возглас: *Јако свјат еси Боже наш... и Тебе славу возсилаем...* Наместо: *Свјатии Боже...,* се пее: *Елици во Христа...*

По апостолот, не се пее *Аллилуиа,* туку се пее голем прокимен: *Воскресни, Боже, суди земли, јако Ти наследиши во всех јазицех,* според редоследот како што се пеат големи прокимени. Додека се пее прокименот првиот пат, свештеникот излегува низ царските двери од св. олтар и расфрлува цвеќиња низ храмот. Се чита евангелие и продолжува **св. литургија на св. Василиј Велики.** Наместо херувимска песна, се пее: *Да молчит всјака плот человека...* (напишан во триодот); Причастен: *Воста јако спја Господ и воскресе, спасаја нас, Аллилуиа.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Помјани, Благоутробне, и нас, јакоже помјанул еси разбојника во царствии небеснем.*

ЦВЕТЕН ТРИОД

(ПЕНТИКОСТАР)

БОГОСЛУЖЕНИЕТО НА ПАСХА (ВЕЛИГДЕН)

Во 11 часот преку ноќта бијат камбаните и потоа започнува:

Полноќница: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе, Царју небеснии..., Трисвјатое, Господи помилуи,* (12 пати); *Слава..., и ниње...: Приидите поклонимсја...* и 50 псалм. Потоа започнува пеењето на канонот: *Волнoју морскоју...,* без седалниот. По секоја песна, се пее одделно и ирмосот. По деветтата песна: *Трисвјатое,* тропар: *Егда снизшел еси к смерти...,* скратена сугуба ектенија и отпуст.

Кога ќе **наближи 12 часот**, свештеникот излегува на царските двери со запалена свеќа и возгласува: ***Приидите, приимите свет от невечернјаго Света, и прославите Христа, воскресшаго из мертвих.*** Истото го пеат и пејачите (на петти глас), додека верниците си ги запалуваат свеќите.

Потоа се извршува **литија**: свештеникот излегува од св. олтар и ја пее стихирата: *Воскресение Твое, Христе Спасе, ангели пojут на небесех, и нас на земли сподоби чистим сердцем Тебе славити.* Истото го пеат и пејачите и сите излегуваат од св. храм на определеното место, каде што вели свештеникот: *И о сподобитисја нам...* и се чита светото евангелие.

УТРЕНА НА ВОСКРЕСЕНИЕ – ПАСХАЛНА

Веднаш по прочитувањето на св. евангелие, свештеникот возгласува: *Слава свјатеи, единосуштнеи...* и започнува да го пее: *Христос воскресе...,* откако ќе го пресмета времето, тоа да се случи точно во 12 часот на полноќ, според востановениот обичај. Свештеникот го пее: *Христос воскресе...,* (трипати), от-

како првиот и вториот пат пејачите завршуваат: *...и суштим во гробех живот даровав,* а третиот пат свештеникот го пее до крај. Потоа свештеникот ги кажува стиховите, а пејачите на секој стих пеат: *Христос воскресе...,* 6 пати. Најпосле, свештеникот пак го пее побавно: *Христос воскресе...* до половината, а пејачите завршуваат, бавно: *...и суштим во гробех живот даровав,* – додека свештеникот го покади народот.

Следува голема ектенија. По ектенијата, свештеникот и народот тргнуваат кон храмот и во тоа време пејачите пеат *Христос воскресе...*

По литијата, при влегување во храмот, вратите се затворени и никој не останува во храмот, освен едно лице (вообичаено псалт), кој ќе одговора на свештеникот. Свештеникот вели: *Возмите, врата, кнјази ваша и возмитесја, врата вечнаја, и внидет Цар слави.* Пејачот одвнатре одговора: *Кто ест сеи Цар слави?* Свештеникот одговора: *Господ крепок и силен, Господ силен в брани.* Ова се повторува двапати. Третиот пат свештеникот вели: *Возмите, врата, кнјази ваша...,* пејачот: *Кто ест сеи Цар слави?* Свештеникот одговора: *Господ сил, Тои ест Цар слави,* ја отвора вратата и прво влегува тој, а по него пејачите и народот во св. храм, каде што започнува пеењето на каноното, откако на секоја песна на крајот се повторува ирмосот, се пее (трипати): *Христос воскресе...* и еднаш: *Воскрес Исус от гроба...* (ова важи и за осма и за деветта песна). По секоја песна, од каноното, се кажува мала ектенија со определените возгласи за свештеникот. Се кажува и по: *Хвалим благословим: Сеи нареченнии и свјатии ден...* (зашто и тука по ова се пее *Христос воскресе...* – трипати, и *Воскрес Исус от гроба...*) и, по возгласот на малата ектенија, свештеникот возгласува *Богородицу и матер света...* По третата песна се чита: ипакој, а по шестата песна: кондак и икос. Следува синаксар: *Во свјатујју и великујју неделју Пасхи самое живоносное воскресение празднуем Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа, еже убо и Пасху именуем. Христос сшед в борбе адове един. Многија взем победи користи, взиде. И славу Ему во веки веков, Амин.* Се чита *Воскресение Христово...* (трипати), *Воскрес Исус от гроба...* (трипати) и веднаш продолжува пеењето на каноното. По: *Богородицу и матер света...,* се пее: деветтата песна со припевите, а на крајот: *Ангел вопијаше благодатнеи...,*

Светисја, светисја...; Христос воскресе... (трипати) и *Воскрес Исус от гроба...* (еднаш). Следува мала ектенија. Егзапостиларот: *Плотију уснув...* (трипати – без *Слава..., и ниње...).* На ***хвалите:*** се пеат 4 воскресни стихири на први глас: *Поем Твоју Христе спасителнују страст...* и следните 3, по припевот: *Да воскреснет Бог... Пасха свјаштеннаја...* и следните 3 стихири.

(За тоа време свѐштеникот излегува през царските двери, држејќи го крстот и евангелието, а црковнослужителот ја носи иконата на Воскресението и ја поставува на аналој на средината од храмот до архијерејскиот трон. Верниците пристапуваат да целиваат).

Пејачот продолжува: *Слава..., и ниње...: Воскресенија ден...* и потоа: *Христос воскресе...* (трипати).

На св. литургија. По *Благословено царство...,* се пее *Христос воскресе...* како во почетокот на утрената. Празнични антифони: првиот *Молитвами Богородици, Спасе, спаси нас* (3 пати). Вториот: *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих, појуштија Ти аллилуиа...* Третиот: *Христос воскресе из мертвих, смертију смерт поправ, и суштим во гробех живот даровав.* Входно: *В церквах благословите Бога Господа от источник Израилевих, спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих...*

(Ова входно се пее до оддание на Пасха).

По входот, се пее тропарот: *Христос воскресе...* ипакој: *Предварившија утро...* и кондакот: *Аште и во гроб снизшел еси...* Наместо: *Свјатии Боже,* се пее: *Елици во Христа крестистесја...* (ова се пее преку целата Светла седмица – до сабота, заклучно). Апостол и евангелие, и следува редоследот на **св. Златоустова литургија.** Наместо: *Достојно ест...: Ангел вопијаше... Светисја, светисја.* Причастен: *Тело Христово приимите, источника безсмертнаго вкусите, аллилуиа.* По: *Со страхом Божиим...,* наместо: *Благословен грјадии...* се пее *Христос воскресе...* (еднаш). Исто и по: *Спаси Боже људи Твоја...,* и по: *Всегда нинье и присно...: Христос воскресе...* (по еднаш; така се пее во целата Светла седмица). По задамвоната молитва, наместо: *Буди имја Господне...,* се пее: *Христос воскресе...* (трипати, преку целата Светла седмица).

На првиот ден, по последното: *Христос воскресе...,* се прочитува пасхалното слово на св. Јован Златоуст: ***Кој е благочестив...***

Се прави посебен отпуст: свештеникот наместо: *Слава...: Тебе Христе...,* пее: *Христос воскресе,* а пејачите довршуваат: *и суштим во гробех живот даровав.* По отпустот, *(Христос воскресии из мертвих, смертију смерт поправии и суштим во гробех живот даровавии, истинии Бог наш...),* свештеникот осенува со крстот и вели: *Христос воскресе,* (трипати) а народот одговара: *Воистину воскресе!* Наместо: *Молитвами свјатих отец наших...,* свештеникот вели: *Христос воскресе из мертвих, смертију смерт поправ, и суштим во гробех живот даровав,* а пејачите велат: *И нам дарова живот вечнии, покланјаемсја Его тридневному воскресенију.* (И ова се кажува само во Светлата седмица).

На овој начин се извршува утрена и св. литургија во текот на целата Светла седмица (утрената има литија само на првиот ден на Пасха).

ЗАБЕЛЕШКА. Синаксар и словото на св. Јован Златоуст се чита само на првиот ден.

ПАСХАЛНИ ЧАСОВИ, ПОВЕЧЕРИЕ И ПОЛНОЌНИЦА

Од Светол понеделник до Светла сабота, заклучно, **наместо сите тие служби, се чита следниот РЕДОСЛЕД.**

Благословен Бог наш, се чита: *Христос воскресе...* (трипати), *Воскресение Христово..* (трипати), ипакој: *Предварившија утро...,* кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Тропарите: *Во гробе плотски... Слава...: Јако живоносец... И нињe...: Вишњаго освештение...* (напишани во пентикостарот), *Господи помилуи,* (40 пати), *Слава..., и нињe...: Честнеишују херувим..., Именем Господним благослови отче.* Свештеникот: *Молитвами свјатих отец...* Читачот: *Амин, Христос воскресе...* (трипати), *Слава..., и нињe...: Господи помилуи* (трипати), *благосло-*

ви! Свештеникот прави краток отпуст: *Воскресии из мертвих...* Наместо: *Молитвами свјатих отец наших...,* на крајот: *Христос воскресе...*

ЗА ЧИНОТ НА ВОДОСВЕТ И ПОГРЕБЕНИЕ во СВЕТЛА СЕДМИЦА гледај во ТРЕБНИКОТ.

ВЕЧЕРНА ВО ПРВИОТ ДЕН НА ПАСХА, преку денот:

Свештеникот во полно одејание со крст и запалена свеќа в рака почнува: *Слава свјатеи...* Се пее: *Христос воскресе...* (10 пати), како што е кажано во почетокот на пасхалната утрена. Веднаш следува голема ектенија. *Господи возвах...* на втори глас и се пеат 6 стихири од пентикостарот. (За тоа време свештеникот кади насекаде.) *Слава... Спасителнују песн појуште..., и нињe...: Преиде сен законнаја...* Вход со евангелие. Се пее: *Свете тихии...* и големиот прокимен: *Кто Бог велии, јако Бог наш; Ти еси Бог, творјаи чудеса.* Првиот пат се пее целосно од олтарот, од страна на свештеникот. Понатаму, истото се пее од двете певници (по еднаш), и на крајот, пак од св. олтар до половина, а втората половина, од пејачите.

Потоа се чита св. евангелие на разни јазици. Ако служат повеќе свештеници, евангелието се распределува за читање од свештениците. По евангелието, се кажува сугуба ектенија: *Рцем вси...* Се чита: *Сподоби Господи...* Прозбена ектенија: *Исполним вечернјују молитву нашу...* Се пее една воскресна стихира: *Воскресение Твое Христе Спасе, всју просвети вселеннују...* и пасхалните стихири: *Пасха свјаштеннаја...* со припевите (кога свештеникот излегува со св. крст и со евангелието што народот ги целива). *Слава..., и нињe...: Воскресенија ден..., Христос воскресе..* (трипати) и отпуст, како на крајот од св. литургија.

Според овој редослед се извршува вечерна преку целата Светла седмица, меѓутоа во останатите денови (освен на првиот ден) **не се чита евангелие. Вход** не се прави со евангелие, туку со кадилница.

На вечерните, во деновите на Светлата седмица, заклучно до петок, има **посебни големи прокимени.**

ВО ПЕТОК ВО СВЕТЛАТА СЕДМИЦА – ИСТОЧЕН ПЕТОК – БАЛАКЛИЈА

На вечерната, во четврток вечерта, се извршува пасхална вечерна. На *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на св. Богородица: *Страннаја и преславнаја...; Слава...: Кто возглаголет сили Твоја...* (5 глас). *И нинье...: Кто тебе не ублажит...* Стиховни стихири: воскресната: *Воскресение Твое, Христе Спасе...* и три стихири на св. Богородица од пентикостарот со припевите. *Слава...: Вострубим празднолјубци... И нинье...: Воскресенија ден...* и понатаму според редоследот на пасхалната вечерна.

На утрената, во петок наутро, се служи пасхална утрена, со почеток како на утрената на Пасха. Канони: пасхалниот и на св. Богородица со припев: *Пресвјатаја Богородице, спаси нас,* откако после секоја песна се пее ирмосот на пасхалниот канон, *Христос воскресе...* и се кажува мала ектенија како во другите денови. По третата песна, се чита кондак на Пасха: *Аште и во гроб...* и седалниот: *Приснотекуштии источник...* По шестата песна, кондак: *От неистоштимија...,* икос и синаксар од триодот: *В пјаток светлија седмици празднуем обновление храма Пресвјатија и Госпожи нашеја Богородици, именуемаго Живоноснаго источника. Твоеја Матере молитвами, Христе Боже наш, помилуи нас, помилуи нас, Амин. Воскресение Христово...* (трипати), *Воскрес Исус от гроба...* (трипати) и продолжува пеењето на канонот. Кога се пее деветтата песна, од пасхалниот канон се оставаат двата последни припеви и се пее Богородичниот канон со припев: *Пресвјатаја Богородице, спаси нас...,* а потоа се пее: *Слава...: Величаи душе моја триипостаснаго... И нинье...: Радуисја, Дево, радуисја...* (припеви од пасхалниот канон), со последните тропари од Богородичниот канон: 1. *Возвисисја источника твоего вода...* и 2. *Веселиши Дево...* Потоа се пее ирмосот на деветтата песна со припевот: *Ангел вопијаше..., Светисја, светисја... Христос воскресе...* (трипати). По малата ектенија: ***светилните:*** *Плотију уснув... Слава..., и*

нињe...: Источник еси воистину... На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири, 4 на св. Богородица од пентикостарот (откако на последните две пееме припеви: 1. *Исповедјат небеса чудеса Твоја, Господи, 2. Слиши, дшти, и вижд, и приклони ухо твое,* и пасхалните стихири: *Пасха свјаштеннаја...,* со припевите. *Слава..., и нињe...: Воскресенија ден...*).

На св. литургија. Пасхалните антифони. По малиот вход, *Христос воскресе...,* ипакој: *Предварившија утро...,* кондакот: *От неистоштимија ти источниче...* и кондакот на Пасха: *Аште и во гроб... Елици во Христа крестистесја...* Апостол и евангелие: на денот.

ТОМИНА НЕДЕЛА
(НЕДЕЛА АНТИПАСХА)

Во сабота вечерта се чита: **Пасхален деветти час.**

На вечерната. *Благословен Бог наш...* и се пее еднаш од олтарот *Христос воскресе...* Истото се пее (двапати) и од пејачите. Веднаш потоа се чита 103–от псалм (без *Приидите поклонимсја...).* Се чита целата прва катизма. На *Господи возвах...* се пеат стихирите (6) од пентикостарот[1], *Слава..., и нињe...: Дверем заклјученим....* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* ***Стиховните*** стихири од пентикостарот. Отпустителниот тропар: *Запечатану гробу...* (трипати), без *Слава... и нињe...*

Воскресна полноќница со троичниот канон на први глас. Следува литија од пентикостарот, *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар: *Запечатану гробу...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот: *Запечатану гробу...* (трипати) како на вечерната. Седалните од пентикостарот. По малата ектенија, третите седални. *От јуности моеја...* Прокимен глас четврти: *Похвали Јерусалиме, Господа, хвали Бога твоего, Сионе.* Канон од пентикостарот, без припеви, са-

---

[1] Штом ќе се почне со пеење на првата стихира: ***Дверем заклјученим...,*** царските двери се затвораат.

мо на претпоследниот тропар се кажува *Слава...,* и на последниот: *и ниње...* По третата песна: ипакој. По шестата песна: кондак и икос. *В сии ден, в неделју вторују по Пасце, обновление празднуем Христова воскресенија и свјатаго апостола Томи осјазание. Аште ада или из гроба кључ не возбранјает; Твое, Спасе, стремление кључ двереи како возбранит. Твоего апостола Томи молитвами, Христе Боже наш, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Воскресенија ден...* Воскресно утрено евангелие со целиот чин како во вообичаена недела. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветта песна од пентикостарот и катавасијата: *Ангел вопијаше..., Светисја, светисја...* Мала ектенија. *Свјат Господ Бог наш,* (трипати). Ексапостиларот: *Моих удов...* (двапати). *Слава..., и ниње...:* вториот светилен. На ***хвалите:*** 4 стихири од пентикостарот. *Слава... и ниње...: По днех осмих...* Големо славословие. Тропар: *Запечатану гробу...*

На св. литургија. Антифоните на Пасха. Исто така и входното. По малиот вход: *Запечатану гробу...,* кондак: *Аште и во гроб снизшел еси...* Се пее: *Свјатии Боже.* Наместо: *Достојно ест...*: *Тебе светлују свешту...* (од деветта песна). Причастен: *Похвали, Јерусалиме, Господа, хвали Бога твоего, Сионе.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Христос воскресе...*

ЗАБЕЛЕШКА: Од овој ден вечерта, **започнува употребата и на минејот** во службите.

ВО САБОТА ОД ВТОРАТА СЕДМИЦА Е ОДДАНИЕ НА ТОМИНА НЕДЕЛА

Во петок вечерта редоследот е според упатствата во пентикостарот.

На утрената во саботата, на *Бог Господ...* тропарот: *Запечатану гробу...* (трипати). Седалните, од пентикостарот. *Воскресение Христово...,* 50 псалм и канонот на празникот – Томина недела, како на самата недела, но без синаксар. Катавасија: *Воскресенија ден...* Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветта песна од канонот на Томина недела и на крајот катавасијата: *Ангел вопијаше... Светисја, светисја...* ***Светилните*** се пеат по

еднаш (на празникот). На ***хвалите,*** се пеат трите воскресни стихири: *Поем Твоју, Христе, спасителнују страст...* и следните две, како и три стихири на празникот: *По еже из гроба...* (пишувани на ***стиховни*** за истиот ден); *Слава..., и нињe...: По днех осмих...* Големо славословие. Тропар: *Запечатану гробу...*

На св. литургија. Антифоните на Пасха. Исто така и входното. По малиот вход, тропари: *Запечатану гробу...,* кондак: *Љубопитноју десницеју...* Наместо: *Достојно ест..., Тебе светлују свешту...* Причастен: *Похвали, Јерусалиме, Господа, хвали Бога твоего, Сионе.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Христос воскресе...*

ТРЕТА НЕДЕЛА – НА СВЕТИТЕ ЖЕНИ МИРОНОСИЦИ И НА БЛАЖЕНИТЕ УЧЕНИЦИ НА СПАСИТЕЛОТ ЈОСИФ И НИКОДИМ

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 7 воскресни стихири и 3 на жените мироносици. *Слава...: Мироносици жени... И нињe...: Преиде сен законнаја...* Вход, *Свете тихии...* и прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховните,*** само првата стихира: *Воскресение Твое Христе Спасе...* и *Пасха свјаштеннаја... Слава..., и нињe...: Тебе одејуштагосја...* Отпустителни тропари, воскресен: *Егда снизшел еси... Слава...: Благообразнии Јосиф..., и нињe...: Мироносицам женам...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон се пее литијата од пентикостарот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар: *Мироносицам женам...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните се од пентикостарот. *Ангелски собор...* Ипакој, исто од пентикостарот. Степените и прокименот се дадени на местото. Се чита каноното на Пасха и после секоја песна се читаат и богородичните, пишувани во пентикостарот под наслов: *Инии канон богородичен,* со припев на првиот тропар: *Слава...* На вториот: *и нињe...* По третата песна: седалните. По шестата песна: кондак и икос на мироносиците, пишувани на своето место. *В сии ден, неделју третију по Пасце, свјатих жен*

мироносиц праздник празднуем. Христу носјат ученици мира. Аз же сим песн, јако мира ношу. Еште же и памјат творим иже от Ариматеја Јосифу. К сим же и ноштнаго ученика Никодима, иже от кнјазеи ко Христу приступи. Тех и свјатих мироносиц молитвами, Боже, помилуи нас, Амин. Катавасија: *Воскресенија ден...* Воскресно утрено евангелие. Наместо: *Честнеишују...*, се пее деветтата песна од пасхалниот канон со богородичните; на крајот катавасијата: *Ангел вопијаше... Светисја, светисја...* По малата ектенија: *Свјат Господ Бог наш* (трипати). ***Светилни:*** *Плотију уснув..., Слава..., и нињe...: Жени услишите...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и *Пасха свјаштеная...* со припевите. *Слава...* евангелска стихира: *С мири пришедшим...* (што е на мироносиците). *И нињe...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по входот: *Егда снизшел еси..., Мироносицам женам..., Благообразнии Јосиф...,* и на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси... Свјатии Боже...,* апостол и евангелие според редоследот (на празникот). *Ангел вопијаше..., Светисја, светисја...* Наместо: *Видјехом свет истиннии..., Христос воскресе...* и отпуст.

ВО САБОТА ОД ТРЕТАТА СЕДМИЦА – ОДДАНИЕ НА НЕДЕЛА НА МИРОНОСИЦИТЕ

На вечерната, во петок вечерта, сé според упатствата во пентикостарот. Отпустителни тропари: *Егда снизшел еси..., Слава...: Благообразнии Јосиф..., и нињe...: Мироносицам женам...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните од пентикостарот. Ипакој, степени и прокимен: воскресни (ги има на нивното место во пентикостарот). Се чита канонот на мироносиците: *Мојсејскују песн... Разпјалсја еси плотију...* (пишуван во Недела на мироносиците) со означените седални по третата песна и кондак и икос по шестата песна, без синаксар. Катавасија: *Воскресенија ден...* Наместо:

Честнеишшују..., се пее деветтата песна од пасхалниот канон со припевите и богородичните.

Пасхалниот екзапостилар: *Плотију уснув... Слава..., и ниње...: Жени услишите...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири (дадени се во пентикостарот) и *Пасха свјаштеннаја... Слава...: С мири пришедшим... И ниње...: Воскресенија ден...* Големо славословие. Тропар: *Мироносицам женам...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по малиот вход: *Егда снизшел еси, Мироносицам женам, Благообразнии Јосиф,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси.*

ЧЕТВРТА НЕДЕЛА – НА РАСЛАБЕНИОТ

На вечерната. По катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 7 воскресни стихири и 3 на раслабениот, откако првата се повторува. *Слава...: Взиде Исус во Јерусалим... И ниње...: Како не дивимсја...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни*** првата стихира воскресна: *Страстију Твоеју Христе...,* и *Пасха свјаштеннаја... Слава...: В притворе Соломонове... И ниње...: Воскресенија ден...* Отпустителни тропари: *Да веселјатсја небеснаја... Слава..., и ниње...: Тја ходатаиствовавшују...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пее литијната *Слава...* од пентикостарот: *При овчеи купели... И ниње...: Храм и двер еси... Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар: *Да веселјатсја...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите исто како на вечерната, откако првиот се повторува. Седалните според редоследот од пентикостарот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни (од пентикостарот). Канон: пасхалниот, со богородичните, пишувани во Неделата на мироносиците. По третата песна: седалниот и богородичниот – од пентикостарот. По шестата песна: кондак и икос, напишани во пентикостарот. *В тоиже ден, в неделју четвретују по Пасце, разслабленаго памјат творим. Глагол Христов стјагнение разслабленому. Си-*

це исцеление сеи глагол и токмо. Неизреченују Твоеју милостију, Христе Боже наш, помилуи нас, Амин. Катавасија: *Воскресенија ден...* Утрено евангелие. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од пасхалниот канон со богородичните. ***Светилни:*** *Плотију уснув..., слава..., и нинье...: Предста человеколјубец...* На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и *Пасха свјаштенаја...* со припевите. *Слава...: Господи разслабленаго не купел изцели... И нинье...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифоните на Пасха. Входното, исто. По входот, тропари: *Да веселјатсја небеснаја...,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб... Ангел вопијаше...* Причастен: *Хвалите Господа с небес.*

ВТОРНИК ПО ЧЕТВРТА НЕДЕЛА – ОДДАНИЕ НА НЕДЕЛА НА РАСЛАБЕНИОТ

На вечерната, во понеделник вечерта, на *Господи возвах...* се пеат двете стихири од пентикостарот (со повторување на првата) и 3 од минејот, вкупно 6. *Слава...:* од минејот, *и нинье...:* богородичен. Ако нема *Слава...* во минејот, тогаш се пее: *Слава..., и нинье...: Взиде Исус во Јерусалиме... Свете тихии...,* прокимен на денот. ***Стиховните*** од пентикостарот. Тропарите: *Да веселјатсја небеснаја... Слава..., и нинье...: Тја ходатаиствовавшују...*

На утрената, во вторник наутро, на *Бог Господ...* тропарите се пеат како на вечерната. Седалните од пентикостарот. Се чита канонот на раслабениот: *Дивно славно творјаи...* (од самата недела) со седалните по третата песна и кондак и икос по шестата песна, без синаксарот. Катавасија: *Воскресенија ден...* ***Светилен*** од неделата: *Предста Человеколјубец...* (еднаш). *Всјакое дихание...* На ***хвалите*** се пеат: 4 воскресни стихири од пентикостарот и 4 за раслабениот, напишани на ***стиховните*** во вторник, заедно со *Славата: При овчеи купели... Слава..., и нинье...: Господи разслабленнаго не купел изцели...* Големо славословие. Тропар: *Да веселјатсја...*

На св. литургија. Антифони и входно: на Пасха. Тропари по малиот вход: *Да веселјатсја небеснаја...,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб....*

ВО СРЕДА ОД ЧЕТВРТАТА СЕДМИЦА ПО ПАСХА ПРАЗНИК ПРЕПОЛОВЕНИЕ

На вечерната, во вторник вечерта, по *Христос воскресе...,* 103–от псалм. На *Господи возвах...* се пеат стихирите од пентикостарот: на 4. *Слава..., и нињe...: Празднику преполовившусја...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: на денот и паримии. ***Стиховните***, како и *Слава..., и нињe...:* според пентикостарот. Отпустителниот тропар: *Преполовившусја празднику...* (трипати, без *Слава..., и нињe...).*

На полноќницата тропар на празникот.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот на празникот, (трипати). Се пеат седалните на празникот, се чита *Воскресение Христово...,* 50 псалм. Канони: двата на празникот. По третата песна: седалните, по шестата песна: кондак и икос. *В среду разслабленнаго, праздник Преполовенија пјатдесјатници празднуем, почести ради великоју двоју днју празднику Пасхи, глаголју и Пјатдесјатници. Став научает, посреде праздника, Христос Мессиа среде учителеи. Неизчетноју милостију Твоеју Христе Боже наш, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Море огустил еси...* Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна. ***Светилниот*** се пее двапати. На ***хвалите:*** се пеат трите стихири, на 4. *Слава..., и нињe...: Просветившесја братие...* Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Антифони и входно: на Пасха. По входот, тропарот на празникот, кондак: *Празднику законному...* Наместо: *Достојно ест..., Чужде матерем девство...* Причастен: *Јадии Моју плот и пијаи Моју кров во Мне пребивает и Аз в нем, рече Господ, аллилуиа.* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее: *Христос воскресе...*

ПЕТТА НЕДЕЛА – НА САМАРЈАНКАТА

На вечерната, во сабота вечерта, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 4 воскресни стихири, 3 на Преполовение (од вторник вечерта) и 3 на самарјанката. *Слава...: При студенце Јаковли... И нињe...: Иже тебе ради богоотец...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресната стихира и *Пасха свјаштеннаја... Слава...* на самарјанката: *Егда јавилсја еси во плоти... И нињe...: Воскресенија ден...* Тропар: *Светлују воскресенија проповед..., Слава..., и нињe...: Преполовившусја празднику...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пее *Слава..., и нињe...* литиината стихира: *Да радуетсја днес... Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар: *Преполовившусја празднику...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нињe...: Преполовившусја празднику...* Седалните според пентикостарот. *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни (од пентикостарот). Се чита пасхалниот канон со богородичните, пишувани во Недела на мироносиците. По третата песна, седалните, пишувани по редот. По шестата песна: кондак и икос. *В тоиже ден, в неделју пјатују по Пасце, самарјанини праздник празднуем. Воду пријати пришедши тленнују жено: Живују почерпаеши, ејуже скверни душевнија омиваеши. Твоеја мученици Фотинии молитвами, Христе Боже, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Воскресенија ден...* Воскресно утрено евангелие. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од пасхалниот канон со припевите и со двата богородични тропари. ***Светилни:*** двата од пентикостарот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и *Пасха свјаштеннаја...* со припевите. *Слава...: Источник живоначалија.... И нињe...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифони и входно: на Пасха. Тропари по малиот вход: *Светлују воскресенија..., Преполовившусја празднику...,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб...* Причастен: *Тело Христово приимите...*

ЗАБЕЛЕШКА. Во понеделник и во вторник од петтата седмица е попразненство на Преполовение, а во среда е оддание на празникот Преполовение. Во четврток, во петок и во сабота е попразништво на празникот Недела на самарјанката, откако во сабота е одданието на таа недела.

ВО СРЕДА ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА – ОДДАНИЕ НА ПРЕПОЛОВЕНИЕ

На вечерната во вторник и на утрената во среда сé се извршува согласно упатствата во пентикостарот. На крајот од утрената, по Големото славословие, се пее тропарот на Преполовение. На св. литургија сé како што било на празникот Преполовение.

ВО САБОТА ОД ПЕТТАТА СЕДМИЦА – ОДДАНИЕ НА НЕДЕЛА НА САМАРЈАНКАТА

На вечерната, во петок вечерта, како што е нагласено во пентикостарот: на *Господи возвах...* се пеат 3 стихири на самарјанката и 3 од минејот. *Слава...:* на самарјанката, *и нињe...: Иже тебе ради...* ***Стиховните***, како и *Слава..., и нињe...:* сé од пентикостарот. Тропари: *Светлују воскресенија проповед..., Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На утрената, во сабота наутро, на *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати). *Слава..., и нињe...: Еже от века утаенное...* Седалните, *Воскресение Христово...,* 50 псалм. Канон: на празникот од неделата, третиот, без синаксар. ***Светилен***, исто така на празникот: *В Самарију пришел еси...* (еднаш). На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и 4 на самарјанката: *Источника присноте куштаго...* и следните со припевите, откако како стихира се пее и онаа од *Славата* (пишувани на ***стиховните*** во сабота). *Слава..., и нињe...: Источник живоначалија...* Големо славословие. Тропар: *Светлују воскресенија проповед....*

На св. литургија. Антифони на Пасха. По малиот вход, тропари: *Светлују воскресенија...,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб...*

ШЕСТТА НЕДЕЛА – НА СЛЕПИОТ

На вечерната, во сабота навечер, по катизмата, на *Господи возвах...* се пеат 7 воскресни стихири и двете на слепиот, со повторување на првата. *Слава...: Господи мимоходја путем..., и нињe...: Вчермнем мори...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* На ***стиховни:*** воскресните стихири и *Пасха свјаштеннаја... Слава...: Правди солнце мисленное..., и нињe...: Воскресенија ден...* Тропар: *Собезначалное Слово... Слава..., и нињe...: Радуисја двере Господња...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пее литијната *Слава...: Все житие слепии... И нињe...: Призри на моленија... Достоино ест...* На крајот, тропарот: *Собезначалное Слово...*

На утрената. На *Бог Господ...* воскресниот тропар (двапати), *Слава..., и нињe...: Радуисја двере Господња...* Седалните според пентикостарот, *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: од пентикостарот. Канонот на Пасха и два богородични тропари, пишувани во Неделата на мироносиците. По третата песна, седалните пишувани на своето место во канонот. По шестата песна: кондак, икос и синаксар: *В тоиже ден, в неделју шестују по Пасце, иже от рожденија слепаго празднуем Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа чудо, Света подател, от света сии свет, от рожденија воочаеши слепаго слове. Неизчетноју милостију Твоеју, светодавче Христе Боже наш, помилуи и спаси нас, Амин.* Катавасија: *Спасителју Богу...* Чинот на утреното евангелие. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од пасхалниот канон со припевите и со двата богородични. Потоа се пее катавасијата: *Тја паче ума...* ***Светилните***, според пентикостарот. На ***хвалите:*** 4 воскресни стихири и *Пасха свјаштеннаја...* со припевите. *Слава...: Кто возглаголет сили Твоја, Христе... И нињe...: Воскресенија ден...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Антифони и входно на Пасха. Тропари по малиот вход: *Собезначалное Слово,* на храмовиот светител. Кондак: *Аште и во гроб снизшел еси.* За Достојно ест: *Ангел вопијаше... Светисја, светисја.*

ВО ВТОРНИК ОД ШЕСТАТА СЕДМИЦА – ОДДАНИЕ НА НЕДЕЛА НА СЛЕПИОТ

На вечерната, во понеделник вечерта, на *Господи возвах...* се пеат 6 стихири: *Слепии родивиисја..., Мимоходја Исус...* (пишувани на *Господи возвах...* спроти Недела на слепиот), *Все житие слепии...* (првата литијна стихира), *Господи мимоходја путем... (Славата* на *Господи возвах...), Правди солнце... (Славата* на ***стиховните***) и *За милосердие милости...* (пишувана на крајот на ***хвалитните*** стихири во неделата). *Слава...: Кто возглаголет сили Твоја, Христе...* (*Славата* на ***хвалитните*** во недела), *и нињe...: В чермнем мори... Свете тихии...,* прокимен на денот: *Господ услишит мја...* Воскресните стиховни стихири: *Тебе воплоштеннаго Спаса Христа...* и следните со припевите: *Господ воцарисја... Слава..., и нињe...: Правди солнце...* (пишувана на ***стиховните*** на вечерната, во сабота). Отпустителни тропари: *Собезначалное Слово..., Слава..., и нињe...: Радуисја, двере Господња...*

На утрената, во вторник, на *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните: *Крест Господен похвалим...* и следните, пишувани на **утрената** во Неделата на слепиот. *Воскресение Христово...,* 50 псалм. Канони: првиот од Неделата на слепиот: *Землју на њуже не возсија...* и вториот: *Горе ко Оцу Христос...* (пишуван во среда на утрената). По третата песна, седалниот: *Воочил еси Христе..., Слава..., и нињe...: Родилсја еси...* (пишувани во среда, по третата песна на канонот). По шестата песна: кондак и икос на Неделата на слепиот (без синаксар). Катавасија: *Спасителју Богу...* Се пее: *Честнеишују...* ***Светилни:*** *Умнија мои очи..., Слава..., и нињe...: Мимоидии Спас наш...* (од неделата). На ***хвалите:*** 3 воскресни стихири: *Господи вереи вечнија...* и следните две, пишувани во неделата на ***хвалите,*** и 3 на слепиот: *Слепии родивиисја...* и следните две пишувани во вторник вечерта на вечерната. *Слава..., и нињe...: Кто возглаголет...* (пак таму). Големо славословие. Тропар: *Собезначалное Слово...*

На св. литургија. Антифони и входно: на Пасха. Тропари: *Собезначалное Слово...* и на храмовиот светител. Кондак: *Душевнима очима ослеплен...* (во Неделата на слепиот). Наме-

сто: *Достојно ест..., Ангел вопијаше..., Светисја, светисја...* Причастен: *В памјат вечнују...*

ВО СРЕДА ОД ШЕСТАТА СЕДМИЦА ПО ПАСХА – ОДДАНИЕ НА ПАСХА

ВО ВТОРНИК ВЕЧЕРТА

Деветтиот час – обичен, со тропарот *Собезначалное Слово...* и кондакот: *Душевнима очима ослеплен...*

На вечерната. Редоследот е како во Светлата седмица. Свештеникот започнува: *Слава свјатеи...* Се пее 10 пати *Христос воскресе...* со стиховите. По големата ектенија, на *Господи возвах...* се пеат 6 воскресни стихири на први глас: *Вечерниja наша молитви...* и оние кои следуваат. *Слава..., и нињe...: Всемирнују славу...* **Вход не се прави.** *Свете тихии...,* прокимен на денот: *Милост Твоја Господи...* На ***стиховните:*** една воскресна стиховна стихира на први глас: *Страстију Твоеју Христе...* и *Пасха свјаштенаја...,* со стиховите. *Слава..., и нињe...: Воскресенија ден... Христос воскресе...* (трипати) и пасхален отпуст.

Пасхална полноќница (воскресна).

На утрената. Свештеникот возгласува: *Слава свјатеи...* Се пее: *Христос воскресе...* (10 пати), со стиховите. Голема ектенија и се пее пасхалниот канон, откако, по секоја песна се пее ирмосот, *Христос воскресе* (трипати) и *Воскрес Исус от гроба...* (еднаш). По третата песна: ипакој. По шестата песна: кондак и икос. *Воскресение Христово...,* седма и осма песна. По возгласот: *Богородицу и матер света...,* се пее деветтата песна од канонот со припевите. ***Светилен:*** *Плотију уснув...* (трипати). На ***хвалите,*** воскресните стихири: *Поем Твоју, Христе, спасителнују страст...* и *Пасха свјаштенаја... Слава..., и нињe...: Воскресенија ден..., Христос воскресе...* (трипати), и веднаш започнува св. литургија.

На св. литургија. По *Благословено царство...* се пее *Христос воскресе...* (10 пати). По големата ектенија, пасхалните антифони и входното. По входот, се пее: *Христоо воскресе...,*

инакој: *Предварившија утро...* и кондак: *Аште и во гроб... Елици во Христа крестистесја....* Апостол и евангелие: на денот. Наместо: *Достојно ест..., Ангел вопијаше... Светисја, светисја...* Причастен: *Тело Христово...* Понатаму како на Пасха, со посебен пасхален отпуст. Наместо: *Буди имја Господне...,* се пее: *Христос воскресе...* (трипати) и отпуст.

ВОЗНЕСЕНИЕ ГОСПОДОВО (СПАСОВДЕН)

Во среда вечерта, пред вечерната, се чита Пасхален деветти час.

На вечерната. *Благословен Бог наш. Приидите поклонимсја...* (трипати) и 103–от псалм. Катизма не се чита. На *Господи возвах...* се пеат стихирите на 6. *Слава..., и нињe...: Недр отеческих не разлучсја...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен и паримии. Понатаму сé според пентикостарот. Отпустителниот тропар: *Вознеслсја еси во славе...* (трипати), без *Слава..., и нињe...*

Празнична полноќница со литија на празникот. На крајот тропарот: *Вознеслсја еси во славе...*

На утрената. На *Бог Господ...* тропарот како на вечерната. Двата седални од пентикостарот, полиелеј и величание, седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Взиде Бог в воскликновении, Господ во гласе трубне.* Чинот на утреното евангелие. Се чита: *Воскресение Христово...* Има и самогласна стихира. Канони: двата од пентикостарот со припев: *Слава Тебе Боже наш, Слава Тебе.* По третата песна: седалниот се чита, (еднаш). По шестата песна: кондак и икос. *В тоиже ден, в четверток шестија недели по Пасце, Вознесенија празднуем Господа Бога и Спаса нашего Исуса Христа. Одеснују сел еси Отца Слове: Веру учеником известившују показавии. Вознесиисја во славе, Христе Боже, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Божественим покровен...* Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна од канонот со дадените припеви и на крајот ирмосот: *Радуисја царице матеродевственаја славо...* ***Светилниот:*** (трипати). На ***хвалите:*** стихирите на 4, *Слава..., и нињe...: Родилсја еси јако сам...* Големо славословие. Тропар: *Вознеслсја еси во славе...*

На св. литургија. Празнични антифони, првиот: *Молитвами Богородици...* Вториот: *Спаси ни, Сине Божии, вознесиисја во славе, појуштија Ти алилуиа.* Третиот: *Вознеслсја еси во славе...* Входно: *Взиде Бог в воскликновении Господ во гласе трубне, спаси ни, Сине Божии, воснесиисја во славе, појуштија Ти алилуиа.* По малиот вход, тропарот и кондакот на празникот. Наместо, *Достојно ест...: Тја паче ума...* Причастен: *Взиде Бог в воскликновении...* Наместо: *Видјехом свет истинии...* тропарот: *Вознеслсја еси во славе...*

ЗАБЕЛЕШКА. Овој тропар, наместо: *Видјехом свет истинии...,* се пее до оддание на празникот (до петокот од седмата седмица). До тогаш, на *Изрјадно...* се пее: *Достоино ест...* Меѓутоа, на самото оддание, се пее задостојникот: *Тја паче ума...*

ИСТИОТ ДЕН ВЕЧЕРТА СЕ ИЗВРШУВА ГОЛЕМА ВЕЧЕРНА според редоследот во пентикостарот, со вход и со голем прокимен: *Бог наш на небеси и на земли, всја елика восхоте сотвори.*

СЕДМА НЕДЕЛА – НА СВ. ОТЦИ ОД ПРВИОТ ВСЕЛЕНСКИ СОБОР

На вечерната, по ќатизмата, на *Господи возвах...* се пеат 3 воскресни стихири, 3 на празникот Вознесение и 4 на св. отци; *Слава...: Таинија днес духа труби... И ниње...: Кто тебе не ублажит...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховни:*** воскресните стихири. *Слава...: Молебнују памјат днес... И ниње...: Господи таинство еже от веков...* Отпустителни тропари: *Ангелскија сили... Слава...: Препрославлен еси... И ниње...: Вознеслсја еси...*

Воскресна полноќница. По троичниот канон: литијата од пентикостарот, *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропар на св. отци.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите се пеат како на вечерната, откако воскресниот се пее, (двапати). Воскресните седални, *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: од пентикостарот. Канони: воскресен, првиот: *Јако по суху пешеше-*

ствовав Израил..., и (вториот) на св. отци: *Свјатих отец восхваљаја всесвјатии собор.* По третата песна: седалниот на св. отци: *Светилници пресветлии... Слава..., и нињe...: Возшед на небеса со славојy...* По шестата песна: кондак, икос и синаксар според пентикостарот: *В тоиже ден, в неделjу седмуjу по Пасце, иже в Никеи первии собор празднуем триста и осминадесjати богоносних отец. Светил собрание избранное. Лучевидни просветите мне мисли. Странна Сина Отча суштества, глаголја: Арии сице, Божија слави странен. Свјатих трех сот осминадесjати богоносних отец молитвами, Христе Боже наш, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Божественним покровен...* Воскресно утрено евангелие. Се пее: *Честнеишуjу...* ***Светилни:*** воскресен, *Слава...:* на св. отци, *и нињe...:* на празникот. ***Хвалитните*** стихири: како што се во пентикостарот со следните припеви на последните две стихири: 1. *Благословен еси, Господи, Боже отец наших, и хвално и прославлено имја Твое во веки; 2. Соберите Ему преподобнија Его, завештајуштија завет Его о жертвах. Слава...: Свјатих отцев лик..., и нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Првиот антифон: *Молитвами Богородици...;* вториот: *Спаси ни, Сине Божии, воскресии из мертвих, појуштија Ти алилуиа.* Третиот: *Вознеслсја еси во славе.* Входно: *Приидите поклонимсја..., ...воскресии из мертвих...* Тропари: *Ангелскија сили..., Вознеслсја еси..., Препрославлен еси...,* на храмовиот светител. Кондак на Вознесение: *Еже о нас исполнив смотрение...* На *Изрjадно: Достоино ест...* Причастен: *Хвалите Господа с небес...* Наместо: *Видjехом свет истиннии... – Вознеслсја еси во славе...*

ОДДАНИЕ НА ПРАЗНИКОТ ВОЗНЕСЕНИЕ

Се извршува **во четврток вечерта и во петок наутро** од седмата седмица.

Редоследот е ист како на самиот празник, на вечерната не се прави вход и не се читаат паримии, а на утрената нема полиелеј, величание и утрено евангелие. Веднаш по седалните, се чита 50 псалм и следуваат каноните. На св. литургија апостолот и евангелието се на денот, а не на празникот.

ВО ПЕТОК ВЕЧЕРТА (како и **ВО САБОТА НАУТРО**) се прави **ПАНИХИДА** за починатите и **ЗАДУШНИЦА** според редоследот како за месопусна сабота.

На вечерната, на *Господи возвах...* се пеат 3 маченични и 3 мртвени стихири како што се дадени во пентикостарот. По *Свете тихии...,* наместо прокимен, се пее трипати: *Алилуиа, алилуиа, алилуиа,* на осми глас. Се чита: *Сподоби Господи...* ***Стиховните*** и тропарите: според пентикостарот. И веднаш по вечерната се извршува **панихида за починатите.**

Во сабота наутро службата е според пентикостарот.

На утрената. Наместо: *Бог Господ...,* се пее: *Алилуиа* како на вечерната, а по тропарите: како што е во пентикостарот. Седалните исто од пентикостарот и следува: *Благословен еси Господи...* и мртвените тропари: *Свјатих лик...* и понатаму заупокоена ектенија. Седалниот: *Покои Спасе наш...* Канон само од пентикостарот. Пред ирмосот на осма песна се кажува: *Хвалим благословим...* и се пее ирмосот: *На горе свјатеи прославлшесја... Честнеишују...* Светилните и ***хвалитните:*** од пентикостарот. *Тебе слава подобает...* ***Стиховните,*** и до крајот, како што е во пентикостарот.

На св. литургија. Делнични антифони. По входот, тропари: *Глубиноју мудрости...,* на храмовиот светител, кондак: *Со свјатими упокои...* Причастен: *Блажени јаже избрал...* Наместо: *Видјехом свет истиннии...,* се пее тропарот: *Глубиноју мудрости....*

По: *Буди имја Господне...* се пее: *Со духи праведних скончавшихсја...* и пак се споменуваат имињата на починатите отци, браќа и др.

ПЕДЕСЕТНИЦА
(Осма недела по Пасха)

Во сабота вечер, на вечерната, по 103–от псалм (катизма не се чита), на *Господи возвах...* стихирите се пеат како што се во пентикостарот. *Слава..., и нињe...: Приидите људие...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. На ***стиховните:*** трите самогласни стихири. *Слава..., и нињe...: Јазици иногда размесишасја... Нињe отпуштаеши..., Трисвјатое.* Тропарот: *Благословен еси Христе Боже наш...,* (трипати), без *Слава..., и нињe...*

Празнична полноќница. *Благословен Бог наш..., Трисвјатое, Јако Твое ест царство..., Господи помилуи,* (12 пати). *Слава..., и нињe...: Приидите поклонимсја...,* 50 псалм, се пее литијата на празникот. *Трисвјатое,* тропар: *Благословен еси Христе Боже наш...* Отпуст и ектенијата: *Помолимсја...*

На утрената. На *Бог Господ...* како на вечерната. Седалните од пентикостарот. Полиелеј и величание: на празникот и седален по полиелејот. *От јуности моеја...* Прокимен: *Дух Твои благии наставит мја на земљу праву.* Утрено евангелие. Не се чита: *Воскресение Христово..., туку* веднаш се чита 50 псалм. *Слава...: Молитвами апостолов..., и нињe...: Молитвами Богородици...;* стих: *Помилуи мја Боже...* и самогласната стихира: *Царју небеснии...* Каноните (двата) се читаат без припеви. По третата песна: седалниот се чита еднаш. По шестата песна: кондак и икос, и се кажува: *В сии ден, в неделју осмују по Пасце, свјатују Пјатдесјатницу празднуем. Диханием нужним, јазикоогнено подает Христос божественаго Духа апостолом. Излијасја в великом дни дух рибарем. Свјатих апостол молитвами, Христе, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Понтом покри фараона...* и *Божественним покровен...* (двојни). Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна на двата канона (исто така, без припеви). ***Светилни:*** според пентикостарот. На ***хвалите:*** стихирите на 4. *Слава..., и нињe...: Царју небеснии...* Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Антифони на празникот: првиот *Молитвами Богородици...;* вториот: *Спаси ни, Утешителју благии,*

појуштија Ти алилуиа; третиот: *Благословен еси Христе Боже наш...* Входно: *Вознесисја Господи силоју Твоеју, воспоем и поем сили Твоја, спаси ни, Утешителју благии, појуштија Ти алилуиа.* По малиот вход, тропарот: *Благословен еси...* и кондакот: *Егда снизшед јазики слија...* Наместо: *Свјатии Боже...,* се пее: *Елици во Христа...* Наместо: *Достојно ест...: Нетленија искушением рождшаја...* Причастен: *Дух Твои благии наставит мја на земљу праву, алилуиа* (трипати). Наместо: *Видјехом свет истиннии..., Благословен еси Христе Боже наш...* Отпуст: *Иже в видении огнених јазик...*

ВЕДНАШ ПО ОТПУСТОТ ЗАПОЧНУВА ВЕЧЕРНАТА

Свештеникот кажува: *Благословен Бог наш... Царју небеснии...* и читачот: *Приидите поклонимсја...* и 103. псалм. Се кажува голема ектенија со посебни дополнителни прозби за празникот. На *Господи возвах...* се пеат стихирите: *Преславнаја днес...* (пишувани на ***хвалите),*** на 4. *Слава..., и нињe...: Царју небеснии...* Вход со кадилница. *Свете тихии...* Се пее: **голем прокимен:** *Кто Бог велии, јако Бог наш, Ти еси Бог, творјаи чудеса.*

Свештеникот возгласува: *Паки и паки преклонше...* и се читаат **првите молитви на преклонението.** Свештеникот продолжува: *Заступи, спаси, помилуи... Твое бо ест еже миловати...,* сугуба ектенија и по возгласот: *Паки и паки преклонше...,* па се читаат **вторите молитви на преклонението.** Ектенија, се чита: *Сподоби Господи...* и по третиот возглас: *Паки и паки преклонше...,* се читаат: **третите молитви на преклонението.** Се довршува ектенијата и се кажува прозбена ектенија. Потоа се пеат ***стиховните*** стихири од пентикостарот. *Нињe отпуштаеши...,* ***Трисвјатое,*** отпустителниот тропар, (трипати, без *Слава..., и нињe...)* и отпуст: *Иже от Отчих и Божественних недр...*

ПОНЕДЕЛНИК – СВ. ДУХ

УТРОТО: Скратена празнична полноќница: *Благословен Бог наш...,* ***Царју небеснии...,*** ***Трисвјатое,*** *Јако Твое ест царство... Господи помилуи,* 12 (пати), *Слава..., и нињe...: Приидите*

поклонимсја... 50 псалм, се пее тропарот на празникот и се прави отпуст.

На утрената. На *Бог Господ*... тропарот, (трипати). Седалните од пентикостарот, 50 псалм и каноните се читаат како на Педесетница. По шестата песна: кондак и икос и, се кажува: *В сии ден, в понеделник Пјатдесјатници, того всесвјатаго и животворјаштаго, и всесилнаго Духа празднуем, единаго от Троици Бога, единочестна и единосуштна и единославна Отцу и Сину. Всјакое дихание прослави Духа Господња. Имже лукавих духов всуе дерзости. Молитвами свјатих апостол, Христе Боже наш, помилуи нас, Амин.* Катавасија: *Божественним покровен*... Наместо: *Честнеишују*..., се пее деветтата песна од вториот канон. ***Светилните*** и ***хвалитните:*** од пентикостарот. Исто така и *Слава..., и ниње...: Јазици иногда размесишасја*... Големо славословие. Тропар на празникот.

На св. литургија. Антифоните на празникот. Входното, исто така. Тропар по входот: *Благословен еси Христе Боже наш*... и кондакот: *Егда снизшед јазики слија*... Се пее: *Елици во Христа крестистесја*... Наместо: *Достојно ест...: Радуисја царице матеродевственаја славо*... Причастен: *Дух Твои благии наставит мја на землју праву. Видјехом свет истиннии.* Отпуст: *Иже в видении огнених јазик*...

***

1. **ЗАБЕЛЕШКА.** Од овој ден започнува да се кажува и молитвата: *Царју небеснии...,* затоа што од Пасха до Педесетница таа не се чита.

2. **ЗАБЕЛЕШКА.** На св. литургија од овој ден по: *Спаси Боже људи Твоја*... започнува да се пее: *Видјехом свет истиннии*...

3. **ЗАБЕЛЕШКА.** Во таа седмица, од Педесетница до Недела на сите светии (поклади) не се пости.

ВО САБОТА ПО ПРАЗНИКОТ – ОДДАНИЕ НА ПЕДЕСЕТНИЦА

На вечерната, во петок вечерта, на *Господи возвах...* се пеат стихирите на празникот, на 8, *Слава..., и нињe...: Приидите људие...* Вход не се прави, паримии не се читаат. Прокимен: *Боже заступник мој еси Ти и милост Твоја предварит мја.* ***Стиховните:*** како на празникот. Тропар: *Благословен еси Христе Боже наш...,* (трипати).

На утрената, во сабота наутро, сé како во понеделникот на Св. Дух, до канонот. Се читаат два канона, без синаксар. Се пеат двојни катавасији. Наместо: *Честнеишују...,* се пее деветтата песна на двата канона. ***Светилните*** и ***хвалитните*** (4) – како на празникот. *Слава..., и нињe...: Царју небеснии...* Големо славословие. Тропарот.

На св. литургија. Антифони, входно, тропар и кондак по малиот вход: како на самиот празник. Наместо: *Свјатии Боже...,* се пее: *Елици во Христа крестистесја...* Апостол и евангелие: на денот, а не на празникот. Наместо: *Достојно ест...: Радуисја царице матеродевственаја славо...* Причастен: *Дух Твој благии... Видјехом свет истиннии...* Отпуст.

ЗАБЕЛЕШКА. Од следниот ден, па понатаму започнува катавасијата: *Отверзу уста моја...* и кондакот: *Предстателство христијан...*

НЕДЕЛА НА СИТЕ СВЕТИИ

На вечерната, во сабота, навечер, се прочитува целата катизма, на *Господи возвах...,* се пеат 6 воскресни стихири и 4 на светиите (од пентикостарот). *Слава...: Мучеников Божественнии лик..., и нињe...: Цар небеснии...* Вход, *Свете тихии...,* прокимен: *Господ воцарисја...* и паримии. ***Стиховните:*** како што се во пентикостарот. Отпустителни тропари: воскресен: *С висоти снизшел еси... Слава...* тропарот на сите светии: *Иже во всем мире..., и нињe...: Еже от века утаенное...*

На полноќницата, по троичниот канон, се пее литијата од пентикостарот. *Достоино ест јако воистину славити Тја.* Тропарот на сите светии.

На утрената. На *Бог Господ...* тропарите како на вечерната. Седалните од пентикостарот, *Ангелски собор...* Ипакој, степени и прокимен: воскресни. Канони: воскресен и на светиите. По третата песна се чита воскресниот кондак, потоа седалниот: *Праотец, отец, патриарх... Слава..., и нињe...* богородичен: *Небеснују двер и кивот...* По шестата песна: кондак и икос на сите светии и синаксар: *В тоиже ден, в неделју по Пјатдесјатнице, иже повсјуду вселеннија, во Асии, Ливии и Европии, севере же и јузе, свјатих всех праздник празднуем. Господа моего всја поју други. Аште же кто хотја ко всем да идет. Всех от века свјатих твоих помилуи и спаси нас, јако един благ и человеколјубец, Амин.* Катавасија: *Отверзу уста моја...* Воскресно утрено евангелие. *Честнеишују...* ***Светилни:*** воскресен, и на светиите. На ***хвалите*** се пеат: 4 воскресни стихири и 4 на сите светии со нивните припеви. *Слава...* евангелска стихира: *На гору учеником... И нињe...: Преблагословена еси...* Големо славословие. *Днес спасение миру бист...*

На св. литургија. Изобразителни, блажени. По малиот вход, тропари: воскресен, на сите светии и на храмовиот светител. Кондак: *Јако начатки естества... Достоино ест...* Причастен: *Радуитесја праведнии о Господе, правим подобает похвала, Аллилуиа* (трипати). *Видјехом свет истиннии...*

ПРИЛОЗИ

1. УПАТСТВО ЗА ЧИТАЊЕ НА НЕДЕЛНИТЕ ЕВАНГЕЛСКИ И АПОСТОЛСКИ ЧЕТИВА ПОСЛЕ НЕДЕЛАТА ПО БОГОЈАВЛЕНИЕ ДО НЕДЕЛАТА НА МИТАРОТ И ФАРИСЕЈОТ

Неделата на митарот и фарисејот најрано може да се случи на 24 јануари и најдоцна на 27 февруари.

Во зависност од ова, меѓу Неделата по Богојавление и Неделата на митарот и фарисејот можат да се случат од еден до шест неделни дена.

1. Ако меѓу Неделата по Богојавление и Неделата на митарот и фарисејот **има само една недела** (кога Пасхата се ќе случи меѓу 4 и 7 април, заклучно), во тој неделен ден се чита **евангелието за Закхеј** (Лука, зач. 94) и апостолот на **32 недела** по Педесетница.

2. **Ако има два неделни дена** (кога Пасхата е меѓу 8 и 14 април заклучно), се читаат:

а) во првата недела: **евангелието за десетте губави** (Лука, зач. 85) и апостолот на **29 недела** по Педесетница;

б) во втората недела: **евангелието за Закхеј** и апостолот на **32 недела** по Педесетница.

3. Ако има три неделни дена (кога Пасхата е меѓу 15 и 21 април, заклучно), се читаат:

а) во првата недела: **евангелието за губавите** и апостолот на **29 недела** по Педесетница;

б) во втората недела: **евангелието за Ерихонскиот слепороден** (Лука, зач. 93) и апостолот за **31 недела** по Педесетница;

в) во третата недела: **евангелието за Закхеј** и апостолот на **32 недела** по Педесетница.

4. Ако има четири неделни дена (кога Пасхата е меѓу 22 и 28 април, заклучно), се читаат:

а) во првата недела: **евангелието за губавите** и апостолот на **29 недела** по Педесетница 50;

б) во втората недела: **евангелието за Ерихонскиот слепороден** и апостолот на **31 недела** по Педесетница;

в) во третата недела: **евангелието за Закхеј** и апостолот на **32 недела** по Педесетница;

г) во четвртата недела: **евангелието за хананејката** и апостолот на **17 недела** по Педесетница.

5. Ако има пет неделни дена (кога Пасхата е меѓу 29 април и 4 мај заклучно), се читаат:

а) во првата недела: **евангелието за губавите** и апостолот на **29 недела** по Педесетница;

б) во втората недела: **евангелието за Ерихонскиот слепороден** и апостолот на **31 недела** по Педесетница;

в) во третата недела: **евангелието за Закхеј** и апостолот на **32 недела** по Педесетница;

г) во четвртата недела: **евангелието за талантите** (Матеј, зач. 105) и апостолот за **16 недела** по Педесетница;

д) во петтата недела: **евангелието за хананејката** и апостолот на **17 недела** по Педесетница.

6. Ако има шест неделни дена (кога Пасхата е меѓу 5 и 8 мај, заклучно), се читаат:

а) во првата недела: **евангелието за губавите** и апостолот на **29 недела** по Педесетница;

б) во втората недела: **евангелието за Ерихонскиот слепороден** и апостолот на **31 недела** по Педесетница;

в) во третата недела: **евангелието за Закхеј** и апостолот на **32 недела** по Педесетница;

г) во четвртата недела: **евангелието за законикот** (Матеј, зач. 92) и апостолот на **15 недела** по Педесетница;

д) во петтата недела: **евангелието за талантите** и апостолот на **16 недела** по Педесетница и

е) во шестата недела: **евангелието за хананејката** и апостолот на **17 недела** по Педесетница.

ЗАБЕЛЕШКА. Кога во некои од тие неделни денови ќе се случи празникот Сретение Господово (2 февруари), тогаш во тој неделен ден се чита евангелието и апостолот на празникот

Сретение, а евангелието според редоследот од таа таблица се одложува за следната недела. Меѓутоа, апостолот за тој неделен ден се смета за прочитан и за следната недела се чита апостолот според редоследот по оваа таблица.

Евангелските и апостолските четива за делничните денови за време на овој период го следат редоследот на седмиците, без оглед на неделните четива.

2. КАТАВАСИИ НА ГОСПОДОВИ, БОГОРОДИЧНИ, НЕДЕЛНИ И СВЕТИТЕЛСКИ ПРАЗНИЦИ

А. КАТАВАСИИ ПРЕКУ ГОДИНАТА

1. ***Отверзу уста моја...*** **општа катасија** и се пее:

а) од 22 септември до 20 ноември заклучно;
б) од 10 февруари (по одданието на Сретение Господне) до почетокот на големиот пост;
в) на втората, четвртата и петтата недела од Великиот пост;
г) кога ќе се случи празнуван светија во седмичните денови на големиот пост;
д) од Недела на сите светии до 31 јули заклучно;

1а. *Отверзу уста моја...* – за Воведение на Пресвета Богородица се пее: од 8 до 20 ноември заклучно;
1б. *Отверзу уста моја* – за Благовештение;
1в. *Отверзу уста моја* – за Успение на Пресвета Богородица (од вториот канон на празникот). Се пее: на 14 август – на Претпразненството на Успение на Пресвета Богородица.
На самиот празник (15 август) и на неговото оддание (23 август) оваа катавасија се пее заедно со катавасијата ***Преукрашенаја Божественоју славоју...*** – двојни.

2. ***Крест начертав...,*** се пее: на 1, 6 и 13 август и од 24 август до 21 септември, заклучно.
Се пее и во Неделата по Преображение.

